# *НА ПАТОТ КОН НЕВРАТОТ*

**ПЕТРЕ НАКОВСКИ**

petre.nakovski@gmail.com

# *НА ПАТОТ КОН НЕВРАТОТ*

Published by:

Risto Stefov Publications

rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2020 by Petre Nakovski

petre.nakovski@gmail.com

e-book edition –Written

Skopje – Dolno Dupeni – Skopje

March 2017 – October 2020

Published October 24, 2020

**ПЕТРЕ НАКОВСКИ**

# *НА ПАТОТ КОН НЕВРАТОТ*

***На мајка ми,***

***ФИМКА,***

***која до крајот на својот живот***

***во срцето и душата го носеше крвавиот крст на маченииштвото, искоренувањето и разделбите и на сите мајки, кои останаа со празни скутови и прегратки***

***Имаше мајка Фимка***

***Големи и мали чеда***
***Големите и ги собраа***
***И ги испратија во бој***
***И малите и ги собраа***
***И ги испратија во  незнајни земји***
***Остана мајка Фимка***
***Со празни прегратки и скут***
***И чекаше мајка Фимка***
***Големите да и се вратат од бој***
***И малите од незнајните земји***
***Чекаше мајка Фимка***
***Прегратките и скутот да и се наполнат***
***Со големите и малите чеда...***
***Чекаше, чекаше... и чекајќи***
***Во болката, воздивите и тагата***
***Согоре мајка Фимка...***

***Оф, лелееее, мајко...***

*Петре  Наковски*

# ПРВ ДЕЛ

# 1

Илјада деветстотини четириесет и деветта година, март. Течеше третата година од граѓанската војна...

Кој ја стокми? Каде? Зошто?

Двете страни се готвеа за решителниот бој...

Место – реонот на Вичо.

Двете завојувани страни ги вршеа последните чекори од подготовките за крвавата пресметка. Тука, во овој регион, каде одбранбената фронтовска линија имаше облик на потковица, беа собрани главните сили на ДАГ кои противникот веќе ги стави на нишан за нивно целосно уништување. И така едните ги завршија работите околу одбраната, другите околу нападот.

Се чекаше само денот на почетокот.

На селаните од селата кои беа во близина на фронтот, па дури и на тие кои беа подалеку, на собири им беше речено дека пред да почне бојот, заради нивна безбедност, со се што имаат најпотребно и најдраго и заедно со стоката, да се преселат отаде планините, зад фронтовската линија. Таму ќе бидат безбедни.

Митре мислеше и мачно  му паѓаше на ум дали да стави катанец на порта и да се витоса заедно со сите селани или да остане и да чека? Сите ги имаше стегнато стравот што веќе со време беше посејуван меѓу

селаните, кои не можеа да забораваат како рано-рано, катадневно, над селата кои беа контролирани од ДАГ[1], долетуваше авион и селските дворови и сокаци, бавчите, градините и нивите, ги полнеше со летоци и весници. На тој начин и од небото се истураше стравот.

И така во секој двор, на нива и во бавча, кај секого и едните и другите го фрлаа змиското јајце, јајцето на омразата, одмаздата, стравот. Никој никогаш и никаде да не е сигурен. А ретки беа куќите од кои немаше некој, кој не беше во планина, во редовите на ДАГ. За некои заканите беа по име и презиме. Ама и тие, од другата страна, преку своите активисти и агитатори од НОФ и АФЖ[2], кои најчесто ноќе, на селските собири не штедеа збор и глас за да не сеат страв и омраза кон спротивната страна. Тоа им беше исто како и повикот до сите да се кренат на оружје и се да дадат за победата со чие доаѓање, во секој двор и сокаче и во секоја селска куќа ќе завладее духот на редот, мирот и слободата.

На двете страни се истураа големи зборови на закана и ветувањата беа уште поголеми...

Во вриежот на војната која веќе трета година беснееше наоколу и едните и другите, со неодмерена умисла сееја страв кој во жилите ја смрзнуваше крвта, страв кој катадневно до коска вжилуваше уплав и од лицата и очите на селаните не се одвејуваше неговата сенка која и во душата и мислата им стана ноќна и дневна мора.

Костурските и леринските весници и тие од по на југ безумно ги прифаќаа клеветите и со пцости и закани ден по ден на насловните страници со големи букви навестуваа и извикуваа одмазда. Катадневно и секаде го сееја змискиот отров на злобата, омразата и стравот со единствена цел длабоко да се вгнезди во свеста на секој, кој не е од нивен род и кој се уште оди по земјата што допрва ќе гори...

---

[1] Демократска Армија на Грција

[2] НОФ и АФЖ – Народно Ослободителен Фронт и Антифашистички Фронт на Жените

*Никој* – пишуваа – *во чии жили не тече наша крв нема да се спаси од стрелање, колење, бесење, тепање, затвори и горење на куќите и ако сакаат да останат живи, тогаш за нив има само еден пат – да се витосаат што подалеку од нашите земји и штом не се од наш род, не се вредни да го носат и големото свето име... Да бегаат, само во бегството им е спасот или да ги преселиме на сувите и карпестите острови... Таму, на овие змии, им личи да живеат, хранејќи се со змии...*

Стравот ги избезуми луѓето. Тоа беше барано, тоа беше потребно, тоа беше цел – избезумување со страв и ништо повеќе од тоа. Токму тоа да води кон душевно насилство – таа неизлечива болест на умот, душата и телото, а другото, можеби и најважното – искоренувањето – лесно ќе тече...

Така во целото тоа време ужасен и понижувачки страв се ширеше и беше посеан и вовлечен во срцата, душите, мозокот и во коските на селаните кој не само што ги стегаше за грло и грклан, за гради и срце, туку не им даваше зборот без страв да го речат, мислата без страв да ја кажат и што ќе посакаат да прават само со страв да го прават. Стравот и омразата што ги ширеа двете страни беше усвитена мисла во уништувањето на духот.

Веќе беше навика кога до селата наближуваше владината војска, тогаш стравот секогаш ги тераше селаните да напуштаат куќи и спас да бараат во густите шуми и во планинските карпести пештери. Во долгите векови на робувањето така правеа и нивните предци, кои бегајќи од злото, по цели денови и ноќи остануваа во пештерите и шумските земјанки, чекајќи да помине лошото. Се враќаа во родното огниште и украденото и опљачканото го обновуваа, надоместувајќи го со домаќинска рака и пот, со маката на телото и душата и со вроденото трпение, изгорените и урнисаните куќи одново ги градеа од темел под кој не забораваа да копаат длабоки јами во кои го криеја стекнатиот имот. Од нив ги наследија патеките кои водеа до шумските земјанки и влажните пештери и дувла. Тогаш, во минатото, таму наоѓаа спас, ама сега...

А дали беа толку страшливци како што тоа го посакуваа други? Во таа тригодишна бура издржаа се – и страв и понижувања, но и храброст, истрајност и упорност и претрпеа многу болка кога им стигнуваа вестите за загинатите, опожарените куќи, разнебитеното стопанство, опљачканото домаќинство, големата сиромаштија и потта при носењето на ранети, копањето ровови, носењето на рамо дебели и долги трупци за градење бункери.

Сега, кога наближуваше пресметката меѓу двете завојувани  страни и секој миг се очекуваше да тргне бојот, им беше останат само голиот живот окован во стравот.

На селаните постојано им се кажуваше дека тогаш, кога владината војска ќе се доближува до селото, сите треба да бегаат, да се кријат, зашто војската ќе ги прибере во градовите, таму ќе ги затвори во логори и секој ден ќе бараат да пишуваат писма до своите чеда кои се борат од редовите на ДАГ, да ги фрлат пушките, да се предадат и така ќе се спасат себе си и своите родители. Така ветуваше владината страна. А спротивната страна, за тие родители, чии чеда и се предаваа на владината војска, целото село Дреново, расположено на брегот на малото преспанско езеро, го имаа претворено во затвор и логор и целокупниот имот, куќи и стока им го земаа и по цели денови присилно работеа ропска работа, копајќи тунели во кои ДАГ го држеше оружјето.

Не беше тоа поединечен, туку сеопшт страв, уплав, чие менгеме и едните и другите го стегаа со умисла...

Наближуваше август и во нивите, под жешкото августовско сонце, се печеше јадрото пченично зрно. Зрееше во него лебот. Жетварите не жнееја, туку на ридовите копаа ровови и градеа бункери. Сеопшта мобилизција во духот на паролата *На Вичо неријателот нема да помине.*

# 2

Подучени гласници, пеш и на коњ, се растрчаа по селата, се растурија по сокаците, затропаа на сите авлиски порти и  со извици и повици - ја почнаа жетвата посеана од големиот страв на одмазда и ги кренаа луѓето, покажувајќи им го патот што водеше отаде планините, близу границата со Албанија.

Во целото село и околните села селаните во вреќи и дисаги го собираа најпотребното.

Колку можат да приберат од целиот имот што во времињата што изминаа се собираше од колено на колено? Што попрво да земат од се што со мака и труд беше внесено во куќата, беше највредно? Со растреперени раце одбираа и прибираа. Само најпотребното што на брзина успеваа да го одберат - покривачи, веленца, чинии, кадра на мртви и на војници во туѓи војски и војни, на осакатени по затвори и логори, писма и адреси на печалбари во костими и паларии, со златни прстени на рацете и безгрижни насмевки на лицата... Се врзано во бовчи, торби, вреќи и дисаги. Толку фрлија на грб и на рамо од целиот имот што самите го сработија и од тоа што им го оставија претходните колена.

-Митре, ти отворај ја јамата, а јас ќе носам се што ќе можеме од домаќинството да скриеме. Не чекај – настојуваше Мара и собираше и носеше веленца, перници, покривачи, пљачки, черги, легени, алат и многу други работи од домаќинството. Не ја заборави и веќе остарената лулка што ја чуваше за нови рожби од своите рожби. Големиот ѓум и котленцето ги стави на страна, до полните торби, вреќите и дисагите во кои беше собрано највредното и најпотребното.

Што најпрво да земат од тоа што во времињата се собираше во долапите, во камарите, во келарите, во големите сандаци, во амбарите, kаците и бочките? Многу ќе остане иако многу е скриено во јамата... А што ќе прават со тие десетина овци што останаа од големото стадо, со двата волови и кравата – молзница?

Јамата беше стара. Од прадедо беше копана длабоко под темелите и во неа криеја имот од Турци и од качаци Арнаути, од Грци андарти[3] и грчки војници во Балканските војни, од Французи и Англичани во Првата голема војна и од маџирите[4] кои по Втората голема војна ги пљачкосуваа македонските села.

-А овој – Митре покажа на големиот ѓум – си го заборавила? Нема да го скриеме?

- Не, Митре, не сум го заборавила. Ќе го носиме со нас. Ќе ни треба. Каде и да одиме, ќе ни треба. Добро ли ја покри јамата? Провери...

Со душата на рамо и таа, како и другите, на порта стави катанец и појде... Наеднаш застана, се сврти, погледна зад себе и се стрча на кај дома. Отклучи порта, здишана влезе во гостинската одаја, од ќошот ја зеде иконата, го сврти клучот во катанецот и трчаница се вмеша во толпата селани и стока која веќе дигаше прашина надвор од селото и се губеше во густата прашина.

Осамна 10 август 1949 година, пет часот утрото.

И почна!

Од зора до примрак авионите не го напуштаа небото. Топовските грмежи не престануваа. Под нив планините и ридовите во оган и пламен.

---

[3] Андарти – грчки вооружени банди,таканаречени македоноборци (македономахи) ги напаѓаа македонските села, вршеа колежи и пљачкање.

[4] Маџири - Грци-бегалци од Турција, кои по поразот на Грција во војната со Турција (1918-1922 година), околу 600.000 беа населени во Егејскиот дел на Македонија.

А горе, под зачаденото небо, гореа ридовите и врвовите. Планините во чад и пламен и над нив без престан грмеа грмежите ... Ровји трештеа, грмежи во секој миг врзуваа рид со рид и врв со врв, во пламенот и жарта земјата се тресеше и губеше издишка...

Непријателот, за кого цела година се грмеше дека нема да помине на Вичо, во зорите ги пеплосуваше бункерите, во мракот ги прегазуваше рововите и траповите, крваво се искачуваше на ридовите, газејќи врз труповите на своите жртви, а борците на ДАГ окрвавени и осакатени ги бранеа планините...

На Лисец, каде на самоти врв, во големиот бункер се наоѓаше штабот на XI дивизија, чиј командант беше Пандо Војна, ноќта на 11 август падна наредба - повлекување.

Непријателот помина на Вичо...

Фронтот скрши..

И тогаш на селаните од Костурско, Леринско и Преспа им рекоа бегајте - на таа страна е спасот - им рекоа, покажувајќи им ги шумите, траповите и ридиштата зад кои е границата со Албанија. Таму им наредија да бегаат и нивните чеда кои бојот не го довршија и во панично бегање на врат на нос го фатија патот кон границата.

Црневина од луѓе и стока. Над нив викотници и облаци сива прашина. Надојдуваа и надотекуваа толпите, се згустуваа, бучеа, баботеа, се претураа и роеја, ги исполнуваа сите патеки и беспаќа, се пробиваа низ шумските густежи каде дотекуваа нови бранови жени и мажи натоварени со бовчи во кои го носеа тоа што им беше најпотребно и најдраго.

Тераат пред себе стока. Безредна, непрегледна и гневна е толпата, се турка, се превалува, расте, се збира и зад себе влече други, се дроби, бранува, се згрчува и згустува, се згушува и рика, та колни. Се згрвалија и

луѓе и добиток, лошото ги подбра и ги тера пред себе, ги тутка се поблизу до границата. Некој на сет глас викна и со викот ја затера толпата, која уште побрзо се затрча кон угорницата – разврескана, расплакана. Навалицата гази, толчи, се затркалува и никој не може да ја заузди. Врисок и плач на жени и дечиња кои грчевито се држат за мајкините поли. Заѕвиска коњ и откинат од узда – разглавен и разуздан високо затрептува и заврфлува нозе, удира и гази. Разрикани стада говеда, разбреани стада овци и зарипнат крик:

-Бегајте ! – само тој збор се слушаше на патот од Желево до Смрдеш...

А Преспани со се стока се втурнаа и го загазија патот што води кон Маркова Нога, кон границата со Југославија. Од најблиските ритчиња над нивните глави загрмија митралески рафали, а потоа и силни грлести гласови:

-Назад! Назад, враќајте се и фатете го патот кон Кулата и мостот и натаму кон Винени и од таму трчаница на кај Албанија. Назад! Тука е забрането! – викаа тие грозни гласови и се заканувaa со митралезите и автоматите.

Жени во години, во толпа тргнаа на кај вперените цевки и молежливо замолија:

-Пуштете не да поминеме... Таму – покажуваа со испружени раце - во Долно Дупени, во Љубојно, во Брајчино си имаме наши роднини... Ќе ни отворат порти, ќе не приберат и кога ќе заврши лошото, ќе си се вратиме дома во нашите куќи... Тргнете се да поминеме...

-Не, не може кај Тито! – се подаде напред командирот на одредот.

Жена со бебе во пазувите клекна пред комнадирот и со плачлив глас замоли:

-Пушти ме синко. Во Дупени имам ќерка. Таму е мажена. Детулето ми е од помалата ќерка. Таа сега е со ранетите...

-Не може, луѓе, таква е нардебата. Не можете кај Тито...

- Ами јас – рече  жената -  јас кај ќерка ми ќе одам во Дупени, а не кај Тито. Ај, тргни ми се од патот, кај ќерка ми ќе одам...

Рафал во кој се губеше гласот на жената и на толпата, која стануваше се поголема и по развикана.

-Тргнете  се, кај нашите во Дупени, Љубојно и Брајчино ќе одиме. Таму си имаме наши. Ќе не приберат и кога ќе заврши лошото, ќе си се вратиме дома...

Не се тргнаа. Со силата на автоматските и митралеските рафали ги натераа Преспани да се вратат на патот што води кон Винени и додека го претрчуваа тој правлив пат над нив долетаа авионите и пукаа и фрлаа некакви страшни бомби кои се гореа. Страшни беа тие бомби...

Бегаа...

-Бегајте! - викаше еден глас, па го преземаа други и стравот преминуваше во уплав.

-Бегајте! – довикуваше и некој друг.

Бегаа.

Толпа зад толпа.

Врвулица од луѓе и стока...

Довикувања, врисоци и плач...

Црнотија...

Над нив загрми и црниот облак што го развеваа топовите и авионите кои фрлаа некакви страшни бомби од кои камењата, дрвјата, карпите и земјата се топеа и пеплосуваа и од нив гореше се што беше допрено, гореа и луѓето и водата во езерото испаруваше. Високо пламен и чад, долу остануваше само пепел.

Страшни беа тие бомби...

Грмежи, ровји, секавици. Пламен висок и над него повисоко се издигаше црн чад и лелек. Небото над Преспа беше ниско за да го прими пламенот и чадот.

Со крвава преврска на главата и левата рака, на десното рамо обесен валкан автомат, накривувајќи, зад толпата се влече маж. Повремено застанува - стои исправен и онемен; со крвјосани очи замаглен поглед спушта врз огромната црневина и чуствува дека го фаќа замрачување. Закатенета му е устата и сал му се присторува ли дека во него се клокоти, дека дури сега од него се откорнуваат долго загоренетите пароли кои ја гласеа и утврдуваа вербата во некое подобро утре со кое тој растеше. Му велеа дека нему и на сите околу него и подалеку, животот ќе му биде замеден, а тој замелушен сал слушаше и замласкуваше со празна уста. Па можеби затоа безизлезно влета во виорот без да размислува за последиците. Послушноста, вербата и довербата во водачот и партијата – му беа патоказ. Од горе па надолу го учеа – само еден е умен и само тој еден е за да мисли, а тој само да извршува. Се досега пред себе ја гледаше само онаа замислена прекрасна иднина која длабоко му ја беа вкорениле недоучени партиски секретари и ете, сега, со очај во очите го гледа безизлезот. Збунет е и се чини дека допрва прогледа и согледа. И каде ли сега отиде таа беспрекорна и безусловна, непоколеблива, слепа, тврда, огромна и нескршлива верба? Замаглено гледа на развиканата и расплакана бегалска толпа што како огромно црно платно налегна и ја покри целата ширина. И пак и одново му се присторува дека некој таинствен глас на разумот, совеста и осудата, допира до него некаде од срцевината на дебелите и многувековни дабје што растат на оброчиштето од спротива и го прашува: ЗОШТО? ЧИЈ ГЛАС СИ СЛУШАЛ И ПОСЛУШАЛ?

Разгоден, разголен, распарталeн и разјадосен е. Се чувствува испразнет, загубен и измамен. Сега во што да верува и во што да има надеж? Погреши ли? Ја погреши страната? Го погреши патот? Сега од неговата свест не се одлепуваат овие прашања; ги чувствува како отворена рана, како удар зад удар, а болката, маката и чемерот се пластат и напластуваат.

Боли изгубената надеж. Зачмаен е, збогоросан, збобрен, се му згорчи, се му се зборави. Сега веќе не се плаши од докарок, туку само од закорок. Стои на ритчето обезличен, разголен и обескуражен. И разбра дека од злото што е веќе сторено - нема избав...

Пред себе гледаше запустеници, а зад себе запустување!

Се е изгорено, пепел сторено.

Занемен стои пред видикот што раздвижен и разовкан црнее во сончевата заодба.

# 3

Тој ден над Преспа ниско летаа авионите. Во нивната бучава и во грмежите на топовите и напалмот се губеше плачот, лелекот, врисоците и клетвите. Денот истураше оган, а ноќта дишеше со отворените крвјосани рани.

Нечистите сили на пеколот ги отворија патиштата на стравот, страдањата, несреќите и неисцелените болештини.

Тој ден беше денот на Голема Богородица.

Не биеја камбаните и наместо верниците да бидат собрани во дворовите на црквите и на големите панаѓури, без здив ги претрчуваа тесните шумски патеки и планинскиот крш биени од топовските ѓулиња и авионските митралески рафали...

-Бегајте!!! - викаа тие кои до вчера громогласно ветуваа и проповедаа слобода и први ја пречекорија границата.

- Бегајте! - викаа тие кои за борбата земаа данок во животи, имот и стока.

- Бегајте! - викаа тие кои најпрвин им ги собраа големите чеда. Потоа им ги собра и малите. Големите во планина, на бој, малите отаде граница и никој досега не им кажа каде се и како се. Само им велеа дека наскоро

непријателот ќе го протераме и децата ќе ви ги вратиме. И стоката едно по едно бравче, им ја собираа со ветување за враќање.

- Бегајте! - фронтот скрши – бегајте!!!..

-Бегајте! – викаа гласниците.

-Бегајте! – се пренесуваше гласот на стравот.

Силен, моќен беше тој ист глас кој на селските собири ветуваше.

Што остана од ветувањата?

Веруваа. И каде ли сега отиде таа беспрекорна и безусловна, непоколеблива, слепа, тврда, огромна и нескршлива верба? А тие, кои сега ги водеа замаглено гледаа на развиканата и расплаканата бегалска толпа. И пак и одново им се присторуваше дека некој таинствен глас на разумот, совеста и осудата допира до нив некаде од срцевината на дебелите и многувековни дабје исправени над оброчиштето од спротивната страна и им се чинеше дека прашуваат: КАДЕ? ЗОШТО? Чиј глас слушаа и послушаа што сега овој народ, разгоден, разголен, распартален и разјадосен го тераат пред себе? Се чувствуваа празни, загубени и измамени. Во што да веруваат и во што да имаат надеж? Се изрони таа верба и чувствуваа пустош. Погрешија ли? Ја погрешија страната? Го погрешија патот? Сега од нивната свест не се одлепуваат овие тешки прашања, ги чувствуваа како отворена рана, како удар зад удар, а болката, маката, чемерот се пластеше и напластуваше во барањето одговор. Зачмаени, збогоросани, здробени, се им се згорчи и зборави.

Бегаа...

Бегаа обезличени, разголени, обескуражени и разбраа дека веќе нема избав. Пред нив запустеници, а зад нив запустување. Занемени чекорат пред видикот кој оптоварен со неизвесноста, развикан и разврескан црнее во сончевата заодба.

До вчера тој глас им ги украсуваше животите со големи ветувања што дури и не успеваа да ги избројат и запаметат, а го слушаа и во него веруваа. На секој собир ги крепеа, им внушуваа верба во ветувањата стокмени на партиски пленуми и советувања.

Во таа бура од викања најпрепознатлив беше гласот на Вера.

Тој глас многу често го слушаа на селските собири на кои таа им кажуваше за среќните денови кога ќе стигнат заедно со победата за која треба, велеше, да не ги жалат животите на своите мажи, синови и ќерки, кои херојски се жртвуваа за победата и по неколкупати потсетуваше, дека за неа, за победата, се треба да се даде - од луѓе, покуќнина до бериќет и стока. И животи! И со паролата *Смрт на фашизмот – слобода на народот* – и *да живее најсаканиот водач*, заминуваше и истиот говор го држеше во некое друго село. Често ја гледаа опашана со војнички појас, кожана чанта на рамо со нанижани моливи и валкани цокули. Ја запаметија и по тоа што на селските собири таа најревносно ги убедуваше родителите да ги дадат децата да заминат во државите, а само година потоа ги посетуваше домовите во тие држави каде беа сместени и со гласот во кој имаше само победи, ги убедуваше петнаесет и шеснаесетгодишните момчиња и девојќи дека уште тие се потребни во борбите за конечната победа.

-Готови сме, води не! – се дереа веќе убедени дека без нив нема да има победа.

Така – се за победата и младо и старо, и машко и женско... Сите на оружје, не смее, викаше на конгресите на АФЖ и НОФ ниту еден Македонец и Македонка да остане без пушка... само, ете, од голема презафатеност меѓу народот, на нејзиното рамо не натежна пушка. И сега е таква меѓу нив и го слушаат тој нејзин зарипнат

глас, до пред некој ден моќен, одлучен, глас кој повикуваше, возбудуваше, охрабруваше и ветуваше... Таква неа и другите околу неа, пред да скрши фронтот, ги запаметија Костурчани, Леринчани и Преспани. Ги гоштеваа, им постелуваа топла постела кога доаѓаа на конак. Ноќе доаѓаа, в зори си одеа. Торбите им ги полнеа со тоа што им останувааше по повиците на селските собири – *Се за борбата – се за победата...* Даваа од се што имаа и ги испраќаа со надеж дека тоа за што им зборуваа и повикуваа на селските собири брзо ќе дојде и веруваа. На сите устите им беа полни со зборови за доброто што ќе го донесе победата, ама ако сите се кренат за бој. Ами кој не го сака доброто? Си велеа и шепотеа селаните - убаво ни зборуваат, да се живи и здрави, кутрите, Господ да им даде здравје и да ги поживи. Така до пред некој ден посакуваа, а сега?

Сега ги колнеа.

До само пред некој ден тој глас беше глас на надеж, сега беше глас кој сееше уплав, беше глас на очај. Запаметен глас, кој на собири сред село не сееше само верба, туку и омраза и страв што преминуваше во уплав. Не поединечно, ами се општо. Со широки мавтања на рацете и со злоба на лицето, со долги говори го замрачуваше умот со омраза кон душманот, ја внесуваше несигурноста на денот и ноќта.

И ветуваше многу.

А сега дали тој глас беше глас на спасот или беше глас на очајот?!

И тие распалени очи, од кои се чинеше дека избувнуваат светкавици и ровји, тие широки мавтања со рацете кои се заканувaa со разгром на душманот, спласнаа, како да беа скршени суварки и само покажуваа каде да се бега. А меѓу нив, таа, која пред некој ден градеше столбови на надежта, сега личеше на сенка на исплашена лисица...

Бегајте!

Толпа пред себе толпа тераше.

Мажите пцуеја, жените колнеа. Од нивните пцости и колнења се излеваше целата насобрана жолч, гневот и изгубената надеж сега потоната во големите измами и ветувања...

Бегаа избезумени, исплашени, изгубени и со гласови на плач, лелек и со уплав на лицата и очите, се довикуваа, се бараа...

-Бегајте! – силно викаше гласот на очајот.

Бегаа наврапито, што побрзо до границата, трчаница по стрмната угорнина, да стигнат што побрзо до горе, а потоа отаде, прудолу, зашто таму им велеа, ќе се спасат од стравот, од одмаздата, од злото... Брзо надолу, по удолништето, таму ќе останат живи... Трчаница превалија угорнина. Фатија удолница. Стрмна, тврда, каменлива, грудлива, правлива, трнлива. Бегаа и во таа удолница никаде потаму не гледаа светилник кој би им го покажал и би им го осветлил патот кон повратот.

Во тоа очајничко бегство дали имаше миг за да размислат каде ќе ги одведе патот и каде ќе им заврши сетнината?

Каков ли им е тој чекор во бегство?

Каде ги носи?

Како и каде ќе завршат?

Каде ќе приберат здив?

Тоа убавото, тоа долго ветеното време, сега им стана отворена крвава рана и време на очај, време на барање спас во бегството...

Светилникот на големата надеж, со кој ветуваа одушевена светлина која ќе го растури мракот на маченииштвото и во најмрачните ќошеви на страдалничкото битие ќе внесе нови зрачења, згасна.

Со големи ветувања, измислувани на партиски пленуми и советувања, ги крепеа, им внушуваа верба – зарем тој клет душман ќе ги здроби тие, на изглед, големи и страшни дрвени и камени бункери нанижани на планинските и ридските врвови? Зарем душманот ќе успее да ја скрши народната волја вкопана во планините? Од горе, од партискиот врв, па надолу се истураа ветувањата испишани на летоци, на карпи и голи камења, на ѕидовите на селските куќи и цркви. Големи беа ветувањата во кои до занесеност се нижеа надежите, кои за жал, се покажа, дека со валкан прст беа пишувани на матна вода.

Пред нив не гледаа пат на спасот, туку само непознат простор што треба да го прегазат, да претрчаат низ него и да се втурнат во небидницата што некој им ја стокми.

-Бегајте! – се истураше тревожен глас и викаше и довикуваше.

Бегаа и зад нив остануваше одземената светлина и спокојот на душата.

-Бегајте! – не замолкнуваше гласот кој до вчера  ветуваше светлина и сонце...

Бегаа по непознатите патишта на своето искоренување, кое некој со однапред добро обмислена намера умислено им го удри трајниот печат на искоренувањето и изгнанството...

Ќе има ли некој, кој ќе и даде име на таа лоша судбина која ги влече по незнајните патишта на невратот?

Каде и кај кого ќе најдат потпир, под кое небо ќе најдат малку место за да се изнаплачат, да се избројат, да најдат мирување, почивка и издив од патилата?

На тие, кои со пизма и неограничена упорност со години си го присакуваа нивното искоренување најголема желба им беше за нив никогаш повратен пат да нема, а тие кои ветуваа, на погрешни патишта и порано и сега ги упатија.

А бегалците и за едните и за другите, сега, на патот кон непознатото, имаа само збор на презир и многу клетви...

Дали таа река од бегалци некогаш ќе го обнови својот извор?

Свирепоста на бегството носеше многу болка...

# 4

Шумите, ледините, патеките, премините меѓу распуканите карпи ги зарои голема, не бројна, развлечена толпа. Мажи, жени, расплакани деца, вудвосани старци и старици се збираа во купишта, се стискаа, се туркаа, се гмечеа и се газеа во налудничавата навалица што како бурно надојдена река, заедно со стоката, куп ги туркаше пред себе. Ваму се збираа во куп, таму и онаму се растураа, се довикуваа, во толпите се бараа жените со мажите, децата со мајките, роднините, пријателите, соседите, соселаните. Се распрашуваа за живи, за изгубени и за мртви. Викотници, плач, молитви и клетви. Крај нив, меѓу нив и пред нив - стока. Измешана. Разблеана. Разрикана. Растурена на сите страни.

Таму, по настрана, во широката ледина - тие, исфрлените од рововите и бункерите, кои многу сакаа да го одбранат Вичо, а не го одбранија не по своја грешка, немоќ и страв; некои со завои на главите и рацете, под команда се постројуваа, нарамуваа оружје и со брз чекор тргнаа по некои други патишта, на нова задача за натамошно жртвување.

На беспатици и раздруми се слеваа долгите редици и толпи. Исплашени, натажени, нажалени, исполнети со клетви и презир, вудвосани од тежината на тоа што од куќата успеаја во вреќи, дисаги и бовчи да приберат и да фрлат на грб и рамена, одеа горени од душманите и од големата жега на жедта за да спасат гол живот, носејќи ја на врат и длабоко во душата неискажливо големата болка на бегството.

Одеа...

На небото што пред квечерина гори во пурпур, стрвниците не престануваат да кружат. Отаде планината го снема црвениот диск на сонцето. На лединката, отаде границата, под ведрото и ѕвездено небо, врволиката тивко потплачува, колне, пцуе, лелека, мачно изречува збор за помен. Од зад ридот огреа полна месечина. Крстовица виде парче незафатено место и се упати таму. Го одрами веленцето, до себе ја спушти торбата и дисагите. Со плеќите се потпре на каменот од кој с¢ уште зрачи топлина. Облак засени месечина и настана мрак. Покрај неа, во темницата, во која таа е небаре ништо и како да не постои, поминуваат непознати, натоварени, папсани, молчеливи, неми. Врват луѓето, врват, пред себе тераат добиток, се довикуваат, доенчиња заплачуваат, залипуваат старци. Жена се разбреа на сет глас, растура колнежи во црната темница и се дави во грчот на липањето...

Крстовица пред себе испружи раце, ги допре стапалата, а потоа земјата. Сега и е полесно да дише. Зема здив, ја брише потта од челото, потоа од лицето и одново се забрадува со црната шамија. Се загледува горе. Високо, таму во недостижното, мижуркаат ѕвезди. Повремено настанува кратка тишина и тогаш се слушаат глуви татнежи и одвај забележливи треперења на воздухот. Таа се навали на веленцето што го стави како возглавница и и се пристори дека е дома во глуво доба, крај своето огниште во кое сигурно с¢ уште тлеат жарчињата што ги покри со спуза; и се пристори дека е во шарената гостинска одаја во која го распосла излитеното веленце и мисли на своите рожби и на челадта од рожбите свои кои израснаа на ова веленце. А сега, каде ли се сега? За најстариот знае дека лежи под една карпа на Иван Планина. За вториот син знае дека работи во некој рудник во Канада, за Коца, дека е испратена на заточение на некој од сувите остови во Егејското Море, затоа што момчето и заминало со Егејската бригада. За двата внука знае дека лани парчосани останаа на Грамос, а за внука си слушна дека нешто жешко ја каснало за плеќи кога се повлекувала од Негуш и останала да лежи во окрвавениот снег. Така и рекоа и таа с¢ уште верува, дека внуката успеа да се исправи и дека с¢ уште го држи патот што води кон Вичо. И со мислата пак се враќа на почетокот, се пронижува низ с¢ што помина, а најмногу ја болат болките непреболени, болките недолечливи од кои срцето и е раскинато кога научи за

Павле кој останал на Иван Планина. Тогаш и пратиле писмо со печат и царски знак дека синот јуначки загинал во албанските планини, јуначки бранејќи ја грчката патрида против Италијанците. Ама Крстовица не се осмели да го праша човекот кој и го читал писмото што носело царски знак зошто триесет и шестата година него, сега јунакот од Иван Планина, заради едно „добро утро” изречено и честопати повторувано на тој забрабет македонски говор, шест месеци прележа на еден од камените и суви острови во Егејско Море? И зошто ли тогаш му дале рицинус и го посрамотиле? И кога пак на грчки и го читале писмото за двајцата внуци кои лани останале меѓу карпите на Клефтис во Грамос, дека и тие јуначки отстоиле за славата на Грција, тогаш нејзиното срце не дознало гордост, не почувствувало достоинство, туку се згрчило во непреболот и во навредата затоа што тие, имајќи своја земја, свои корени натопени со крвта на толку други јунаци, во писмата и пишувале оти загинале како Грци за Грција, а неа затоа што не го знае грчкиот јазик и в црква не го разбира попот на грчки и не знае на грчки да му се моли на Бога, ја презираа. И кога Крсто не и се вратил од војната во Мала Азија, и тогаш и читале дека тој, Ставрос, славно паднал во Али Веран за величието, за славата и честа на големата мајка Грција. А кога пред тоа му ја облекле униформата, го нарекле *незнамитис*, затоа што на секое прашање поставено на грчки, не знаејќи го грчкиот, одговарал - не знам. Загинал ”незнамитисот” во туѓа земја, а нејзе и испратиле писмо со печат и царски знак. И така мајкините и бабините најсакани гинеле за славата на Грција и вределе за Грција само тогаш кога знаеле да пукаат, да убиваат други, да отстојуваат, со својата крв да ја величаат Грција. Секогаш така со нив, со *незнамитите* кои биле сакани и величени само тогаш кога гласно свирела воената труба и најгромко удирале воените барабани. И тогаш им го земале зборот. А тоа било време кога им било забрането на својот јазик да ја искажуваат болката и жалта кон умрените и на умрените на крст да им го пишуваат нивното родовско презиме. И Господ, по силата на законот, не признавал други молитви освен оние изречени на грчки. А Господ единствен семоќен преку устата на сегрчкиот патријарх на едни им велел да се радуваат, а на други да страдаат во молчење и да се хранат не со добрината и љубовта Божја, ами со горчината на пониженоста. Така во тие времиња се славел еден христијански Бог, но на сите не им било дозволено на свој јазик да испраќаат молитви кон Него и да го величаат името Негово. А таму каде секоја недела и секој празник гласно биеле црковните камбани - молитвите биле неми, зборувале само очите, се молеле челата, образите, метаниите ниски, ниски до самоти земја допирана со чело, одвај забележливите движења на усните. Знаеле гласно да речат – Амин, а тивко, нечујно “Христос воскресе“ и за

„многу години“. И кога од боиштата добивале писменца со лоши вести, тогаш престанувале да се плашат од рицинусот, од камшикот, од сувиот остров на Егејот; пуштале писоци и лелеци на свој јазик зашто само така најдлабоко, најболно, најпотресно, за олеснување на болката и за долг спомен на покојниот, ја искажувале својата болка. Така трипати Крстовица одјареми страв и многупати, и на празник, и во делник, и на веселба, и на закоп, и на разбуд редеше гласно. Пред бојот со Италијанците во оние вечерни училишта, со мака успеале да и ги научат на грчки првите редови на „Оче наш“ ама набрзо потоа стигнала лошата вест и ете и таа молитва не и помогнала иако попот и учителот ја убедувале оти Господ Бог сака само молитви шепотени на грчки. Во нејзиното паметење нема место за заборав, ниту за доброто, ниту за лошото.

Седи Крстовица потпрена врз студениот камен и низ солзи се мачи да продре во далечината во која низ замаглината на солзите се појавува нејзината куќа. Во неа веќе ги снема вечната топлина и светлината, добрината и тажниот поглед на Богородица пред која секој ден и ноќ без престан гореше масленичe. Сега угасна и тоа. Умре вечната и тивка убавина што се гледаше од високиот чардак. Вплетена во него се исуши лозата. Висат од жегата исушените гроздови. Во дворот изгоре старата јаболкница. Од под нејзините стреа засекогаш одлетаа ластовиците и ветерот, презаситен со чад, далеку го однесе мирисот на џунџулето и босилокот што толку многу ги имаше во дворот. Пусто... Запустено... Подига таа раце и со дланките си ги допира образите. И брише, та брише солзи... Во еден миг почувствува дека заслабнува и дека во неа нешто почна да се крши. Заплака... тивко, без треперење, без гласно липање, ама од сесрце. Откако се изнаплака, почувствува дека во неа влегува некакво олеснување, небаре долго очекувано смирување. Се обидува да стане ама и покрај целиот напор останува да клечи. Гледа наоколу и се обидува да ги долови ноќните шумови. И се чини дека до неа, покрај неа, нема никого. На чекор или два, во тревата се одгласи штурче, најпрвин тивко, испрекинато, срамежливо. Престана, небаре наслушнува; засвири одново, кратко и изгледа исплашено од светулката што неколкупати болсна со мешето крај патот - прекина. Се ѕвва чекор подалеку - продорно, довикливо, го наполни мракот со себе. Таа сврте глава и тогаш почувствува како трепери ноќниот воздух од далечните подмолни татнежи. Наслушнува. Шумат дрвјата во огромната пустелија што се шири околу неа. Во жешката августовска ноќ тивко поддувнува ветер. Колку нежно и ги допира образите. Во неа нешто како да живнува и се пробудува, нешто што е

затрупано со урнатините на животот. - Господе, зарем умирам или полудувам? - смирено и без уплав се прашува и дури сега почувствува дека ја болат колената од клечење. - Клечам? Пред кого? Зошто? - се прашува и полека стана.

Под превезот на мрачнотијата луѓето заедно со стоката се редат во колони. И кога и шумата, и ридовите се слеаја во едно, громовит глас ги поведе зад себе и сите тргнаа во мракот. Над нив, на огромното небо, во непроникнатата ноќна длабочина, небаре се размрдаа ѕвездите и полека, чекор по чекор тргнаа над колоните...

Се разденува. Намуртена, бледорозова развиделина се спушта од кај Бела Вода и мрзеливо се постелува отаде Преспанското Езеро. Крстовица го поправи веленцето, го префрли преку рамо, преку врат јаобеси торбата и дисагите, се наведна како да оди наспроти силни ветришта и појде по пустото правливо џаде. Оди право пред себе газејќи по трагите на тие кои појдоа пред неа. Сега не свртува опул зад себе. Во ноќта што ја помина на лединката скраја од правливото џаде, смртта, чиниш, помина покрај неа, се загледа во нејзините солзи и се врати таму, зад ридовите, кај езерото, во трските, во ширното поле на Мала Преспа.

Снеможени застануваа скраја од патот, толку, колку за да приберат издишка, од матна бара со дланка да црпнат малку вода за да навлажнат испечени усни, да згаснат оган во стапалата, малку да преместат тежина од грбот што гореше и болеше и од рамената што печеа.

Митре, подзастануваше за да префрли тежина од рамо на рамо. Ситен му беше чекорот и израмнет со бавниот чекор на Мара, жена му. И таа на рамена носеше дисаги. На левото рамо и тежеше веленце и покривач, на десното бовча со пљачки, чинии, лажици, виљушки, чаши, котленце, на десното - ѓум, голем и до половина наполнет со вода. Влечеше Мара ситен и разнишан чекор и болно го чувствуваше силното печење во рамената и честопати молеше да подзастануваат за да премести тежина. Никој не намалуваше чекор.

-Ти велев, бре Маре – ја кореше Митре кога гледаше дека се повеќе се свиткуваше од тежината. – Чуму ти е ѓумот што го зеде, а ти настојуваше - ѓумот, па ѓумот...

-Ќе ни затреба, Митре... ќе ни притреба и не барај, нема да го фрлам... - не попушташе Мара и откако одново го почнуваше чекорењето покрај него, го потсетуваше. - А паметиш ли што велеше дедо ти, Бог да го прости, за овој ѓум? Слушај за да ти кажам. Велеше, кутриот, дека ѓумот бил постар од него и постар од неговиот дедо. Да. Велеше дека кога ја граделе куќата, тој како дете со овој ѓум им носел вода на мајсторите. Си заборавил дека така велеше?

Митре не одрече. Застана и замоли:

-Дај, Маре, застани и наведни се да турам малку вода. Ми се исуши, ми се испече грлото од жед... Наведни се, пониско, така ...

Мара се наведна напред, во грлото на ѓумот заклокоти водата и се наполни шепата на Митре. Тој отпи малку и со остатокот го овлажи лицето, челото и засушените усни и со остатокот ги навлажи краевите од шамијата на Мара и со лесни и нежни движења ја избриша потта и прашината од нејзиното лице.

Одеа...

Жени, мажи, деца, цицалчиња во пазувите и во лулките носени под мишка, старци и старици, болни и сакати влечеа чекор гладни и жедни и желни за малку сенка за да се скријат од жешкото сонце, кое им го сушеше телото, пиејќи им ја потта и солзите на маченииштвото. Заемно се потпираа, заемно си додаваа сила, заемно го делеа парчето леб и капките вода.

-Ајде, уште малку – викаа предводниците – уште малку до таму - и не им велеа дали од таму ќе одат потаму и натаму.

Зад големата редица луѓе и стока, сите не стигнуваа да го држат одот. Некои папсани, истоштени заостануваа зад големата црновина. Заостануваше и Ристана. Натечени и беа босите стапала. Боса го врвеше тешкиот пат, како што целиот живот го помина боса. Од сиромашна во посиромашна куќа ја дадоа. Мажот десетина години постар, прв на играње карти во селската меана. Прв таму влегуваше, последен излегуваше. Добиваше, ама и губеше. Последната загуба беше единствената нива. Ја изгуби на карти и потоа упорно играше и се повеќе се задолжуваше. Некои му ги простуваа долговите, а некои за возврат бараа Ристана да

работи кај нив. Аргатка. Најчесто кај тие чии куќи беа без мажи. Печалбарските. Не еднаш, Ристана, расплакана лежејќи до мажот, без да ги жали се уште своите млади години, во мракот, со горки солзи влажнејќи ја перницата наполнета со слама го молеше и преколнуваше - оди, бре, мажу и ти на печалба, како што отидоа толку други... Печали таму како другите. Види ги Пандови. Сиромаси беа, а сега јас аргатувам кај нив...

Ристана прва стануваше заедно со бледата зора, последна легнуваше. Од како се запамети – аргатка во селото. Од утро па до вечер на туѓ имот. Аргатуваше за шепа-две грав, леќа, парче сирење и малку урда, ока-две брашно. Со тоа ги прехрануваше секогаш парталавите синчиња кои честопати легнуваа гладни. На едното рамо торбуле со едно или две парчиња леб, малку сирење или само леб и сол. На другото рамо - мотиката. Со неа ги прехрануваше двете деца и мажот. Не жалеше многу кога ги даде заедно со другите деца од селото. На ум и легна помислата дека таму каде што ќе ги однесат, сигурно ќе имаат доволно храна и можеби и нешто од облеката и дека нема да одат боси... Ристана од тој ден остана сама. Мажот го подбраа и како на стотици други му го дадоа ѓемот од коњот натоварен со сандаци полни со патрони и рачни гранати. Таму некаде на патот до местото каде што беше одредено да го однесат товарот, в зори авион ја нападна колоната. Од тој пат Ристановиот маж не се врати и така Ристана остана угул сама.

До неа, по прашливиот пат заостануваше и баба Илина. Ситна женичка на дедо Тоде. Зад неа чекореше и баба Дочка. Цел живот осамена. На млади години милиот замина на печалба и таму го снема. Во времето што течеше таа често го сонуваше и го чекаше. Лебот што го јадеше и беше од чистењето на црквата каде гласно се караше со ластовичките кои постојано го валкаа подот. Имаше голема куќа во која беше само таа и сиромаштијата. Не се премажи. Животот си го тераше сама. Овој пат не беше осамена. Беше малечок дел од големата толпа зад која се влечеше нејзината сенка. Сите кои заостануваа, напред маченички ги туркаше новиот бран бегалци кој ги измеша, ги прибра пред себе и ги понесе со себе...

Влечливо одеше баба Илина и во големата толпа се оддели од дедо Тоде, небаре потона во реката од папсани непознати луѓе.

Одеа....

Одот разлулан, влечкав и тежок. На лицата видлива длабока болка не толку од маченичкото одење, колку од горкото и страшно разочарување и вриежот на гнев, бес и озлобеност.

Одеа и со секој исчекорен чекор одот им го отежнуваше големиот безнадежен, горчлив и ужасен сомнеж дали тие се само жртва на некаква голема измама и смислен чекор за нивно искоренување?

Одеа и молкома - само така се прашуваа и долго како да немаше крај, во себе си велеа и повторуваа – кој и зошто ова ни го стори?

Се знаеше крвникот, се знаеше и жртвата, ама никој гласно не сакаше името да му го изговори.

Одеа...

Тесните и правливи патеки не ја собираа големата толпа - луѓе и стока заедно се туркаа, се газеа, паѓаа, стануваа и врвеа по стрмните угорнини и удолници.

-Продолжете! Не застанувајте! – продорно ечеше машки глас. - По мене! - викаше и со рацете покажуваше на патот што се шреше пред него.

Држеа пат и не знаеја каде ги води. Никој не им кажуваше каде ги водат. Луѓето занемени го слушаа зарипнатиот глас и по него чекор в чекор, влечливо врвеа. Купишта луѓе, говеда, овци, кози – се заедно по прашливиот пат. Ја газеа од сонцето испржената и правлива земја и одеа без запир за издишка, молеа само малку да седнат, горчина да исплукаат, со капка вода црпната од трапчето или некоја матна локва испечени усни да навлажнат и уште само некој миг да приседнат за да приберат сила, од оболените рамена, плеќи и

папсана душа, тежок товар да растоварат, да се најдат, да се видат, да се распрашаат за свои, за видени и невидени, за здрави и болни, за живи и мртви да слушнат, збор два да разменат, издив да издивнат за да им олесни живото страдање и болка во душата да смират.

Обезумени и папсани, наведнати под тежината на бовчите, дисагите, вреќите и торбите, во кои го носеа најпотребното, терајќи пред себе жива стока, со разлулан и тежок чекор го прегазија стрмниот превал и без задршка се спуштија прудолу и се разлеаја во ширната рамница.

Жега. Печеше сонцето. Време на жетва. Во нивите низ кои поминуваа, албанските селани жнееја. Во големи снопови го собираа зрното набабрено во класот.

Дедо Тоде и од него некоја година помладиот Борис, триејќи си ги колената и стапалата и, плукајќи ја насобраната горчина, се загледаа во нивата и врзаа тивок разговор.

-Гледај - рече дедо Тоде - си жнеат, си вршат луѓето, си го прибираат лебот во амбарите... А дома, кај нас – кој ќе ги ожнее нивите? Таму на страк – веќе се рони зрното од класот. Кој ќе ја прибере пченицата? А? Кој? Што велиш, а?

Борис не рече кој ќе ги ожнее нивите и кој ќе ја прибере пченицата. Некоја друга болка го мачеше, па рече:

- А кај нас, кога дојдоа тие од раководството за да ни речат дека по нашето село ќе помине бојот, та затоа да сиземеме, рекоа, што ни е најпотребно, другото да го скриеме, а се што е на нива, пред да се мавнеме отаде планината, да не го оставиме да остане простум. На се, рекоа, оган да им секлади, се нека се стори пепел и ништо да не остане за непријателот. Тука тој нека најде само пепел, нека најде изгорена земја... Така ни рекоа и ние, послушниците, да не речам будалите, со наша рака ставивме оган на класот. Оган кладовме на нашата

пот и ништо, ни од нива, ни од бавча и градина, ништо не остана простум... Токму тоа му требаше на непријателот...

-Ами нам, мислиш - дедо Тоде му го прекина зборот - ни остана ли нешто што пред нашето бегање беше простум и не беше изгорено? Плодни ни беа нивите со пченица, пченката - на, до над глава висока, кочан долг, рамен со лактот - дедо Тоде крена рака над главата и пушти длабок издив. - И ние на нивите сами им го пуштивме огнот... гледавме како горат и плачевме... Да ти кажам, кога ќе ми текне за ова, не знам дали некогаш душата ќе ми најде олеснување и проштевање за таквиот грев. Лош, голем грев е со свои раце да пуштиш оган во нивата, наместо да го собереш берикетот. Со плач гледавме како гори лебот. Така ни рекоа - оган, само пепел за врагот... А пченицата, ти велам, висока, класот, ти кажувам, долг како плетенка и во него зрното јадро. Жив леб, ти велам, со своите раце горевме... Голем и лош грев сторивме...

- А, ти, сам ли си тргнал? – праша Борис.

- Со домаќинката, Борисе, ама некаде ми се изгуби. Ја барав, ама во оваа бркотница, ми се изгуби и сигурно оди по некои други патишта. Белки некаде ќе се прибереме и таму ќе се најдеме. Само да ми е жива и здрава...

-Станувај! Одиме!!! – одекна силен и зарипнат глас.

Се пресече разговорот. На усните на дедо Тоде се залепи и згасна зборот. Во ширната рамница останаа толку, колку што успеаја да приберат здив, пот и прав од чела да избришат, грб да исправат, нозе да протријат.

- Станувај! Одиме! – повикуваше гласот.

Станаа. Се довикуваа. Се береа. Нарамија бовчи, торби, дисаги, се собраа и тргнаа, одејќи на кај таму, каде заоѓаше сонцето, кое уште некој миг светеше и само по неколку издишки, ја снема светлината. Високиот

рид над нив фрли дебела сенка. Мракот бездушно ја помрачуваше ширната рамница и булуците луѓе и стока. Само таму високо над ридовите се уште дишеше и полека замираше денот, а небото гореше во пурпурен пламен.

-Одмор!!! До утре тука! - викна предводникот.

Одрамија тежина од рамена и грб. Издишаа мачнина и чемери од душата, исплукаа горчина. Во мракот наоѓаа малку смирување и блага почивка во тоа кратко време што им беше одредено за да отпочинат толку, колку за да соберат здив, да исплукаат чемер, да приберат кувет, од кратката почивка да откинат и малку време за да им се врати мислата, да им се смири болката, да се средат, да се најдат, да се видат, да се избројат, да се изнаплачат и во плачот да најдат малку смирување и олеснување.

Дедо Тоде легна на крајчето од сенката под која веќе лежеа други, дојдени пред него. Лежеше под разредчената сенка и со широко отворена уста едно подруго длабоко во себе ја вдишуваше сликата на тоа што засекогаш остана зад него, без престан му беше пред очите – сокачето што водеше од дома до црквата, патот до нивите, лозјето и бавчите, до чешмата и изврочето близу црквата Свети Атанас, кое од незнајни времиња течеше од под корените на старите дебели и високо разгранети дабје. Пред неговите очи стои тоа што беше живо кадро и во него беше целата негова душа заедно со големата болка. Жар го жареше, кога го фати патот зад другите по кој со секој направен чекор ги влечеше и своите спомени. Последното што го виде пред заминување беше црниот облак што го засени сонцето. Зад него и во него остана урнатина. Големата болка за изгубеното не беше само болка, тука тежок удар со остар нож право во срцето, таму каде најмногу боли и најбрзо се умира. Сега ја носи во себе таа болка и остриот удар. Беше и тој од многуте кој поверува. Сега ја плука горчината од многу ветуваната добрина и големото зло. Влечкум чекореше на патот на големата загроза. А зад толпата со расплетена коса, со ширум подадени раце неутешливо и очајно викаше и молеше Грозда:

-Луѓе, децата, децата ми ги нема... каде ми се децата!!!

Кога лани ги собираа децата, таа не ги даде. Ги сокри. Сега во неразмерното бегство трча, ги бара, вика, моли.

Големата толпа ги голтна и како надојдена река ги влечеше со себе.  Таму ги најде...

Врз бегалците падна ноќта, покривајќи ги со црната черга на мракот. Прва долга, кобна и немирна ноќ во туѓа земја, која не донесе олеснување ниту за телата ниту за душите. Многу од нив будни ги најде задушливата и маглива зора.

Ноќта им ја снема стоката. Нечувана се растури по бавчите, ливадите и стрништата и се пушти збор дека си ја прибраа албанските селани. Не тргнаа да ја  бараат.

Тие, кои ги водеа не застанаа за да видат што се стори со стоката, туку заповедаа одење.

Црнината продолжи да го гази правливиот пат...

Одеа.

На една од кратките почивки со раскашлан и придушен глас, подучуваше баба Петра:

- Изгубена среќа на туѓо не се бара... Јабана не тераат во празно... – толку и беше зборот, чиниш и секна во грлото. Долго молчеше. А ја паметеа во селото како најзборлеста и секогаш весела жена. На млади години прва на оро и песна. Сега е смаглена, ретко прозборува. Ја запаметија и по нејзината голема вчудовиденост и неискажливото неверување во настан за кој одамна се зборуваше и се чекаше со нетрпение.

А тоа беше вака:

Пред скоро две години, кога почнаа есенските дождови и планинските врвови легнаа под снегот, во селото дојде непозната девојка облечена во стара војничка униформа. Побара да се види со претседателот на селскиот народен одбор на кој му рече дека е учителка и е пратена да отвори училиште. Од рамо го одрами тешкиот ранец, го одврза и еден по еден ги вадеше наводенетите букварии и ги редеше покрај печката за да се исушат. Покажувајќи со прстот, рече:

-Не се грчки, туку македонски. Македонски се букварите и од нив децата македонски ќе учат.

Во една напуштена печалбарска куќа, од која лани во Канада се исели долги години осамената домаќинка без пород, во големата одаја ги ставија училишните клупи што одвај селаните ги извлекоа од училиштето на кое партизаните му го кладоа огнот за да нема каде да спијат владините војници и од тој ден се до почетокот на март 1948 година, во вечерните часови, во полумракот, во кој одблеснуваше малендавото светло на гасните ламби, децата од шест до петнаесет години, постари немаше, гласно ги изговараа кирилските букви кои ги сложуваа во зборови и реченици. Ноќе, првпат се учеше македонскиот збор во мракот, зашто при дневна светлина на небото кружеа авиони. Ноќе во еден глас една по една ечеа кириловите букви. А потоа, по часовите, децата трчајќи за дома, во мрачните селски сокачиња повеќе викаа и врескаа отколку што пееја:

*Напред, напред Македонци*

*За слобода и за живот - сите напред...*

Така ноќе во селските училишта влезе букварот, а во селските куќи стигнаа и првите ластовички на македонскиот печат - „Нова Македонка’’ и „Билтен’’ и безбројните летоци и паролите испишувани на ѕидовите на куќите, училиштата, црквите и карпите. Се - и напишаното и изустеното на селските собири и конгреси, се повикуваше на бој... Во селата, планините, шумите, во партизанските земјанки и колиби, на

борбените позиции и јуриши, громко ечеше мајчиниот слободарски збор. По долгите години на мракот во македонските куќи за првпат влезе пишаниот збор на светлината.

Многу не веруваа дека, иако од поодамна се ширеше глас дека ќе дошла учителка и ќе го отворела училиштето.

Најнедоверлива беше баба Петра.

-Уф, мори жени, зарем ви се верува дека таа даскалица ќе им зборува на дечките така, како што сега си зборуваме ние? Да видам и да слушнам и пак нема да ми се верува. Така, да знаете...

Знаеја селаните и паметеа како сред село баба Петра беше избиена затоа што зборуваше на тој забранет јазик, а по неколку денови беше повикана во Костур да плати петстотини драхми простимо[5]. Плати илјада за да не губи време да оди пак до Костур и продолжи да си го зборува јазикот дома и секаде надвор од дома.

Баба Петра за да се увери дека даскалицата не зборува грчки, дека не држи прачка в рака, како тие, поранешните даскали и даскалици кои со броени удари по дланките на децата, со влечење за коса и уши и со шлаканици им го учеа грчкиот збор на тие селски хондрокефали.[6]

Тивко, незабележана, баба Петра клекнуваше пред отворената врата на училницата и со раката на левото уво, на десното не дослушуваше, слушаше, се чудеше и се крстеше, а потоа на жените им велеше:

-Море вистина е... даскалицата на децата им зборува така, како што си зборуваме ние... Има Господ, жени...

[5] Простимо - казна
[6] Хондрокефали -( грчки) - дебелоглавци

А Стефо, кој во селската меана, во вечерните часови на селаните им ги читше грчките весници, од кои дознаваа што се случува во земјата и во светот, откако од учителката ја доби македонската азбука со која ја замени αλφαβητα[7], ги фрли на буниште грчките весници и ревносно, секој ден на малку бројните постари селани, некогашни турски поданици, кои не го знзеја грчиот јазик, им ги читаше вестите од македонските весници и летоци.

Прогрми 1947-та и наредната година во најубавото време на годината, кога цутеа ливадските цвеќиња, кога над селото во долг клуч на север прелетуваа јата бели гуски и штркови, под стреите ластовичките лепеа гнезда, се слушна глас што стигна од далеку – спасувајте ги нашите деца. Далеку од тука, во Белград, така повикаа балканските младинци собрани на конгрес, а не беше речено кој и каде тоа го стокми.

Во купови и во развлечени колони, деца од две до четиринаесет години, заедно со мајките пат фатија кон албанската и југословенската граница. На зајдисонце, при крајот на денот – испраќани со болка, плач и липање заврши ова патување и почнуваше ново и долго кое водеше кон незнајни земји.

Зад нив загледани во правливиот пат, останаа мајките со празни скутови и прегратки.

Се испразнија и се опустошија селата од младинската и детската радост. Од се што имаа им остана само големата болка и како подарок за тоа големите надежи сеени од страна на комунистите. Во селата веќе камбаните не повикуваа на богослужби, на венчавки и крштевки. Црквите затворени и празници верски не се славеа. И песни од душа и за душа не се пееја. Се пееја други песни со кои се славеше борбата која секој ден се губеше.

Потоа?

---

[7] Αλφαβητα - азбука

Потоа 72 денови и ноќи грмеше и гореше Грамос. Карпите и камењата трештеа, гореа шумите и луѓето заедно со нив...

Потоа?

Потоа се што таму остана живо, исправено и сакато, премина во реонот на Вичо. И почнаа тука подготовки за нови битки...

Најпрвин, а тоа беше на 15 септември, удрија на Мали Мади, ја разбија владината војска и стигнаа до пред Костур. Не го заседоа.

А потоа?

Во најлошото годишно време, во големите снегови и студ, крваво завршија битките за Негуш, Воден и Саботско.

Потоа?

Потоа во најлошото зимско време, го нападнаа Лерин и голем плач, лелек, жал и колнења како поплава од црн облак се спуштија над селата.

Лерин легна во крв...

Потоа?

Потоа во пештерата над преспанското село Винени се донесе решение со кое извикаа: *Непријателот на Вичо нема да помине.*

И сите, мажи и жени, и криви и прави, способни да држат казма, лопата, секира и пила, повикани да копаат ровови и да градат бункери. Со ровови врзаа рид со рид, на секоја височинка – бункер до бункер од дебели букови и дабови, трупци, камења и земја влечени од впрегнати волови или носени на рамо...

А американскиот генерал Ван Флит на армиското советување во Кожани, просторот што го држеше ДАГ и каде на непријателот му беше навестено дека нема да помине, на воената карта го заокружи со црвениот молив. Теренскиот простор, заедно со сите планини ридови, рудини, карпи и трапови на воената карта беше голем колку неговата дланка.

За ова и за многу други настани и случувања што беа доживеани во изминатите седум осум години и за многу други случувања и сторенија од недамнешното изминато немирно и грозно време, баба Петра потсетуваше и колнеше...

Се менуваа предводниците. Доаѓаа некои нови и погромко од претходните, викаа:

- Луѓе, народе, одиме!

Становаа, истресуваа од себе насобрана прав, ја исплукуваа насобраната горчина, прибираа бовчи, нагрбуваа вреќи и дисаги и тргнуваа по гласот кој сега веќе не викаше бегајте, туку - одиме.

А над нив како од распалена фурна пржеше огнена, тешка и задушувачка жега.

Одеа...

Ваму толпа, таму редици, онаму по некој заостанат во преполнетите патишта. Далеку, над високите планини црни облаци се збираа, го засенуваа сонцето. Гледаа и молеа да заврне.

-Ќе има дожд – рече некој загледан во намуртената далнина.

Подувна ветер. Малку ги олади испотените лица.

А редиците и толпите не се намалуваа. Зад нив доодуваа други. Имаа лице покриено со бела прашина, усните им беа напукнати и изгорени од жедта и жегата, здивоп прекинуван, чекорот разлулан. Се слушаше и

плач на деца цицалчиња носени под мишка во лулки, во бовчи префрлени преку рамо и на грб. Редовите и толпите не се намалуваа. Беа многу и никој не ги броеше.

Одеа и тоа одење траеше до смрачувањето, кога сонцето се сокри зад планината. Мракот го голтна денот и ја посла ноќта. На гола земја, топла, зовриената од дневната жега, на трева испржена од дневната гореа, легнуваа папсани. Бришеа чела и рамена во кои беа врежани јажињата, триеја натечени и крвјоссани стапала.

Грмна. Еден, два грмежи и светкавица врза рид со рид, расече црно небо, бледа светлина ги осветлуваше луѓето собрани во купови и во тие де кратки, де долги светкавици можеа да се видат во разретчениот мрак. Под поројниот дожд со починок не ја преспијат ноќта. Наводенети до коска го дочекаа денот. И такви го продолжија патот.

Предводнците напред, зад нив црневицата во толпа, која со развлечениот од преминуваше во долга редица.

Одеа и никој не им кажуваше каде. Само пред себе - до таму и кога стигнуваа таму, таму седнуваа, одрамуваа бовчи, дисаги, торби, бришеа пот од образите, исплукуваа чемер и колнеа, небаре во колнењата со кои ги колнеа колнатиците наоѓаа олеснување. Со клетвите на усните станувaa и одеа. Зад нив остануваше прашината на стравот. Одеа и таму некаде на некое друго место застануваа за да приберат нова издишка, а потоа одново чекор в чекор до уште едно друго место за кратка почивка и потоа до таму и од таму до таму и одново натаму и натаму и потаму...

До каде ќе ги носи патот?

Колку долг е тој непознат пат? Има ли крај? Зад нив, на тој пат се влечеше и големата болка за изгубеното која неотстапно корнеше, која како загар ја душкаше нивната трага и со лаеж на бесен чакал разлеваше очај...

Кој ден е денес?

Кој месец?

Која година?

Кое време?

Какво време?
Од која во која земја ќе ги пречека сончевата заодба?
Одеа...
Ваму во купови, таму во долги редици, некои осамени. Од рамо на рамо ја префрлуваа тежината и маката.
Одеа...

Одеа по правливите патишта на кои сал за миг застануваа, колку за да преместат тежина од рамо на рамо и да приберат издишка.

Одеа по тие незнајни патишта на кои едни се губеа, други се наоѓаа...

Одеа и пред нив чекореа истите тие, кои до вчера со зборови накитени со големи ветувања им го покажуваа патот кон победата и светлата иднина, и сега, пак тие ги водеа, ама сега тукуречи се неми, во грлата и усните им секнаа излитените и лигави ветувања. Пак истите, пред нив беа на чело по тие тесни беспатици, на таа голема прашина, на таа суша, жега и горештина, ама не им кажуваа каде одат и до кога ќе одат...

Одеа...

Само за миг пристануваа за да видат дали тие и најблиските го чекорат одот, дали на некој му се прекина здивот или... не дај  Боже да не останаа и не станаа... Истресуваа од себе насобрана прав, ја исплукуваа насобраната горчина, прибираа бовчи, нагрбуваа вреќи и дисаги и тргнуваа по гласот кој сега веќе не викаше бегајте, туку - одиме.

Одеа и во себе го носеа товарот на големото загрозување, болката на налудничавата змиска измама, горчината на изневерувањето, крвавата рана на поразот и траеја на патот кон невиделицата и непознатото...

Одеа...

Црната редица од бегалци молчаливо ја прегази калдрмата на патот што водеше по средината на Поградец и дојдоа до широк угар обраснат со шипови и трње.

А тие кои ги водеа, рекоа – тука почивка.

Живна угарот и се преполни со довикувања и викања, со лелеци и врисоци. Се бараа и се најдоа изгубените во долгите беспаќа и мрачните ноќи, се збираа, се распрашуваа, се броеја и ги броеја живите и мртвите, роднините и познајниците. Барањата и повиците на многу не им донесоа олеснување. За нив таа крајезерска рамница се претвори во смртна постела на која долго одекнуваа гласните, пискливите, жалосните и плачливите лелеци на плачот и очајот. На нивната голема болка не и се гледаше крајот...

А отаде крајбрежниот пат, на кој беа построени дваесетина камиони, голема вода. Езерска, бистра вода, мали бранови еден врз друг се прескокнуваа, кротко удираа и се кршеа на камениот брег. Откако одрамија тежина од грб, во неа налудничаво се втурнаа толпи од мажи, жени и деца. Гаснеа жед, ја миеја потта на уморот и стравот и од себе ја переа прашината насобрана на долгото патување во непознатото. На брегот излегуваа олеснети, свежината од водата ги живна, од долго непраните алишта ја цедеа водата и, стоејќи, облеката ја сушеа на се уште топлото сонце.

А неколку чекори понатака од луѓето, во крај-брежната трска прошуми ниско придушено слабо, јачливо стенкање и кратко потоа се слушна болежлив писклив и вресклив женски глас. Некој се сврти, рашири трски, од вчудовиденост занеме за миг и откако се созеде, викна:

-Луѓе! Луѓе! Тука жена се пораѓа!...

Гласот и  повикот брзо се растури по должината на езерскиот брег и во рамницата. Од толпата се оддели Мара, со трчање стаса до трските. Некои љубопитни кои се збираа на брегот, ги растера и клекна пред родилката, ја разголи до папокот и со галежлив глас ја смируваше и советуваше. Кога се појави само дел од главата на роденчето, тогаш Мара, гласно викна:

- Митре!!! Наполни го ѓумот и донеси вода...

Мара, која клечеше пред родилката и полека, нежно држејќи ја главата на роденчето во своите дланки, тивко ја молеше родилката уште еднаш и уште еднаш да напне, од себе да ја исцеди и последната издишка на сила и крик на болка што носи живот.

- Напни, напни, ќерко, уште, уште еднаш, така, еве  излегува, напани душо, уште, ајде мила.. Готово...

- Митре!!! – пак викна Мара, нежно влечејќи го роденчето.

Митре, целиот растревожен и уплашен дотрча, мислејќи дека нешто лошо и се случи на Мара. Се вџаши кога ја виде глетката, а Мара без да го погледне, му подвикна:

- Митре донеси го ѓумот, наполни го со вода и под него запали оган. Бргу! Не чакај... Трчај!...

Митре, откако трчаница го донесе ѓумот, откорна два камења, ги стави спроти себе и меѓу нив нафрли сува трева, накрши суварки, го распали огнот над кој го стави полниот ѓум. И додека се топлеше водата, во широко отворените дланки на Мара се превиткуваше крвавото тело на роденчето и во трските одекнуваше неговото плачење.

Мара се сврти кон Митре и со топол глас му рече:

- Турвај, Митре, да го измиеме...

- Водата се уште не е топла – исплашено пропелтечи Митре.

- Турвај, ти реков. Нека е и студена. На студено дојде, студено ќе истрпи. Турвај... уште... А сега распарај го плетениот појас и од него скини дебел конец за да ја врземе папочната врвца. Најде? Тука врзувај. Така. Уште еднаш. Добро. А сега со сојката сечи тука. Сечи, не се плаши, сечи. Така... Чупче е. Да е живо и здраво...

Мара го крена малечкото кое живо се расплака во нејзините раце, го растресе за да вдиши повеќе воздух и откако ги блаженствува него и мајката со многу молитви за долг живот и крепко здравје, го стави врзградите на родилката, со сојката го исече долниот дел од нејзината кошула, исече дел и од својата и во нив го пови девојчето.

- А сега – на галено и рече на родилката – дај му јаградата, гушни го детето, диши му в лице и топли го во прегратката со целата милина...

Пред зајдисонце, во мигот кога над врвот на високата планина згаснуваше последниот зрак на сонцето, леунката и новороденчето на кебе ги пренесоа во расплаканата ледина каде во болното лелекање, се слушна уште едно плачење - детско и тивко како шумолењето на крајбрежните трски... Во широко отворените црни очки на бебето тонеше полната месечина и сите ѕвезди околу неа...

На патот кон непознатото, на свет дојдоа и на бегалската толпа и се придружија уште неколку малечки души. Сите прво легнуваа во дланките на Мара и дури потоа во пазувите и скутовите на мајките...

Мара не само во нејзиното, туку и во околните села од помош им се имаше најдено на многу родилки. Од баба и имаше научено како да им помага на родилките, кои се пораѓаа таму каде што ги фаќаа породилните болки – најчесто надвор од дома, па дури и на жнеење меѓу снопјата, на гроздобер меѓу зрелото грозје, па и во замрачените јасли, близу топлиот здив на стоката.

## 47

Над толпите полека се спушташе ноќта. На стемнување се  прибираа, се довикуваа, се распрашуваа и дури потоа од себе растоваруваа бовчи, вреќи, торби, дисаги и легнуваа. Топлата земја на починок ги примаше папсаните тела.

Спиеја толпите, совладани од крепкиот, живнувачки сон. Тишина, која само понаретко беше прекинувана од тивкото, бебешко плачење. Мајките, леункиите им подаваа града и лесно лулејќи ги, со сонот во очите тажно им потпевнуваа приспивни песни.

# 5

Од самоти утро дедо Тоде, накривувајќи на десната нога, чевелот му ја имаше разјадено петицата до гола коска, по должина и ширина ја пребара целата ледина. Прашуваше и се распрашуваше дали некој ја видел неговата Илина, ниска, слабичка женичка, облечена во црно, со црна шамија на глава и на рамо со шарена торба од платно ткаено на разбој.

Илина ја немаше меѓу луѓето во големата ледина. На дедо Тоде му остана верувањето дека сигурно сега неговата Илина е во некоја друга ледина во која и таа, кутрата, таму него го бара...

Привршуваше денот и толпите се раздвижија. Мракот полека налегнуваше на крајезерската рамница. Во доцните вечерни часови камионските фарови го осветлија просторот и патот и маж со голема инка свиткана од дебел картон пушти силен глас со кој повикуваше насобраните да се качуваат во камионите.

- Редно, без туркање – викаше – прво старите и децата, а потоа сите други со се бовчи, торби, вреќи и дисаги.  Реков, луѓе, полека и без брзање. Во камионите за сите ќе има место. Никој нема да остане...

Дедо Тоде откако ги нарами дисагите и торбата, се сврти кон Борис и со сомничав глас тивко го праша:

- Борисе, бре, дал ќе не носат дома ил ќе не однесат подалеку од дома? А? Што велиш ти, о Борисе, а? Гукни, бре, глас да ти слушнам... Сосема си ми онемел, бре, Борисе жален...

Борис се сврти кон Тоде и со потулен глас, рече:

- Прашај  го него – Борис покажа со рака на човекот кој не ја одлепуваше инката од уста. - Ќе не носат, Тоде, таму каде што им е речено. Молчи и мижи... Одиме...

Се редеа толпи пред камионите, се качуваа со мака заедно со товарот што го носеа на грб и се довикуваа за да бидат заедно, да не се изгубат, како што досега многу пати се губеа по патиштата и во мракот. Откако во камионите се качи и последниот, човекот со инката нареди – напред!

Камионите тргнаа и без прекин возеа цела ноќ.

Ноќта се уште траеше кога првите камиони стигнаа и застанаа на патот пред влезот во паланката Пегин. Човекот што ги водеше, качен на шофер-шајбната, држејќи ја големата инка стегната до усните, повикуваше:

-Соберете си ги работите и слегувајте од камионите. Сите слезете под патот и таму чекајте за да ви кажеме што натаму ќе правиме.

Пеѓин или Пеџин - така се вика гратчето во чија близина, во благо распослана удолница лежеше големо стрниште. Таму на бегалците им одредија прибежиште. Големо, широко, пространо беше стрништето, ама мало за да ги собере сите. Папсани, исплашени, расплакани, исполнети со сомнеж, жедни, гладни, валкани, тука се бараа, се довикуваа.

На лицата видлив немир, во очите страв и занемени прашања - што понатака? Каде сме? Ќе има ли враќање или ќе талкаме по незнајни патишта?

Во раздвижен мравјалник се претвори стрништето. Едни легнуваа на голата и тврда земја, да здивнат, да приберат душа, а други, се растрчаа за да се најдат, да се видат и да се избројат, да се распрашаат за живи и мртви, за осакатени и изгубени. Гласови на очај, на молба, на клетва, гласови раскинати од болка... Тука, на голото стрниште се бараа, се викаа, се довикуваа, силно и молчаливо се гушкаа и се радуваа за тоа дека се живи, дека се гледаат, се држеа за раце од страв пак да не се разделат, се допираа и потпираа еден до друг за да се сигурни дека се живи и одново заедно. Други занемено ги жалеа изгубените.

Се разени и почна денот. Од високо над стрништето паѓаше сончевата goreа. Изгор денот. На тврдата, од сонцето испечената земја седнуваа, легнуваа, здивнуваа, приберуваа кувет и вдишуваа некаков чуден воздух кој имаше вкус на млака солена вода што од запад ветерот го носеше и го растураше мешајќи го со тешката запурнина. Лежеа под отвореното небо, кое приквечерината го покрија облаци со боја на олово.

Дента донесоа големи и мали шатори. Војнички. Издупчени. Мувлосани. Засмрдени. Војници, Албанци, ги местеа. Во нив, тие непознати и валкани дојденци да се кријат од дождот и од жештината. Откако ги поставија, внесоа внатре душеци наполнети со сено и слама и со мирис на засушена пот и крв. Беа меки и под нив се чувствуваше тврдата земја.

-Лесен ќе ви биде сонот и почивката мирна... – рекоа и заминаа.

Така им велеа и тие од раководството, кои одеа од шатор до шатор, одредуваа колку да се вгнездат во нив, ама и не им рекоа колку долго под нив ќе ги јадат вошките и ќе гнијат заедно со молците... Им рекоа да имаат трпение и да веруваат, ама не им рекоа до кога да трпат и во што од сега па натаму да веруваат.

Молчаливо и папсани до последната издишка легнуваа на мувлосаните душеци. Тежок, задушлив, мувлосан, гнил воздух вдишуваа. Немаше место за сите.

Тој ден и деновите по тој ден  и секој ден доаѓаа некои и со инката свиткана од дебела хартија притегната до усните, викаа и убедуваа:

- Луѓе имајте верба и трпение, сега одморете се, отпочинете, приберете се, само уште некој ден, а можеби само часови ќе останеме тука... На Грамос нашите храбри борци го толчат душманот и брзо ќе стигне веста дека е столчен во таа последна битка, па потоа ќе си тргнеме за дома по истиот пат по кој стигнавме тука... Така де, треба да се почека, стрпливо и со вера и доверба, па кога се ќе биде готово, тогаш ќе грмне гласот, сигурно по грмежливо и посигурно од тука ќе викнеме - луѓе, подгответе се, станувајте, собирајте работи, душманот е скршен, се враќаме...

Некои ги слушнаа само последните зборови – собирајте работи, душманот е скршен, се враќаме ... - се растрчаа по стрништето и викаа, довикуваа:

-Брзајте, луѓе, се враќаме!...

-Народе, народе бре! Чуј, се враќаме!...

Самоизмамата и големата желба ги совлада и зароби.

Никој од тие, кои ги водеа, така не викна.

Чекаа и се надеваа дека некој така ќе викне. Но, никој не викна иако скоро секој ден меѓу нив се вртеа некои нови – се зборуваше дека се од раководството - и им велеа - само денес ќе преноќиме тука, а никој не им велеше каде утре...

А гласот, кој повикуваше со бегање да се спасуваат од злото, го немаше. Немаше и глас за да им влее во душите малку утеха, малку да ги охрабри, да се смират и да им каже што понатаму, никој не им велеше каде одат и кога ќе се вратат и никој не праша дали сите се тука, дали остана некој на пат? Папсани чекаа да го

слушнат тој ист глас за да им рече гласно, така гласно, како што беше гласен кога пред денови викаше – бегајте – и да им каже дека сега има кој да мисли и да се рижи за нив...

Таму, во стрништето, скраја од Пегин, ноќите не носеа ведра зора. Таму зората замаглена зазоруваше и гаснеше без надеж.

Забрането беше да се движат надвор од стрништето и влегување во гратчето. Не смееја да го напуштаат ширното стрниште и да влегуваат во бавчите на кои гниеја тикви, домати, пиперки, лубеници и дињи.

Големо јато гаврани секој ден утрото долетуваше, грачеше и вртеше кругови над стрништето, постелувајќи подвижна црна сенка, која над бегалците легнуваше како претчувство на лоша коба. Црнееше стрништето во кое најмногу црнееја црните шамии на мајките и вдовиците...

Така со лоши и болни претчувства се влечеа деновите и ноќите во кои се до последната издишка на ноќта се слушаа само лелеци, клетви и пцости. Со стегнато срце и душа во себе намнисуваа скаменети од болка...

На заод на сонцето, над ридовите налегнаа црни облаци. Светкавица болсна, расече мрак. Некој рече – таму сила се сече. И потоа грмна. Во воздухот се чувствуваше мирис на бура, која надоаѓаше и, бучејќи, налудничаво се истури над стрништето. Река матна и каллива вода се разлеа и до доцна во ноќта од северот не престана да лудува силниот ветер. Јадри, тешки капки, удираа на шаторите, чиј одглас се мешаше со тешките воздишки, тивкото и очајно липање го раскинуваше молкот во кој беа собрани сите болештини и лелеци. Будни ја истрајаа долгата и мачна ноќ. А да беше само таа.

-Трпение... трпение и ова зло ќе протече – пророкуваа некои...

Трпеа и чекаа стуткани под воденото шаторско платно врз кое глуво и маченички тапо удираа и безжалосно тропаа големи капки дожд одронети од лисјето. Стуткани една до друга, жените ги одмотуваа клопчињата на својата мака. Тешките воздишки ги голташе мракот.

Времето ги научи длабоко во душите да се безгласни, навидум на лице тивки и кротки, со лелекот залепен на испуканите и крвјосани усни, од кои не еднаш се откинуваа и најлоши клетви. Во маката и несреќата беа цврсти. Иако откорнати од родното огниште, не беа како откинати лисја одвеани од гранките во доцна есен. Собрани во круг си велеа за утеха, та шепотеа:

-И ова ќе помине...

Имаше ли некој да ги праша колку голема им е отворената рана на срцето и душата што не зацелува, колку голема им е болката и зошто воздишката им е толку многу тешка и зошто очите им се потопени во солзи?

Никој!

Дење и ноќе ги гнетеше и толчеше неизмерната тага, болката, пустошот во душата и неизвесноста за тоа што ќе донесе утрешниот ден....

И многу, многу прашања:

-Каде ли ќе ни биде сетнината???

# 6

Мара накрши суварки, ги прибра меѓу два камења и над нив го стави ѓумот. Пламенчето од шкорче кибрит, малендаво и разлулано, ја потфати сувата трева, порасна и ги залижа суварките. Растеше, часкум се смалуваше и поддувнато од ветерот, растеше и го лижеше ѓумот. Мара дофрли подебели суварки, кои набргу зажарија и водата почна да врие. Од торбето извади китка планински чај, ја испокрши во дланките и ја фрли во грлото на ѓумот. Подувна лесен ветер и на околу го разнесе чадот што печеше очи  и сладуњавиот мирис на чајот.

Врieше водата и во душите и срцата на жените кои седеа околу огнот, вриеше болката. Ѓумот се повеќе поцрнуваше, ама не беше поцрн од шамиите на мајките и вдовиците загледани во огнот. Гледаа во огнот и оган, жив оган се жареше во нив, ги гореше, ги спопелуваше... Остриот црн чад печеше очи.

-Од овој ѓум – тивко прозбори Мара - жед гаснеле во старо време нашите стари, па турски башибозуци, арнаутски качаци, илинденски комити, грчки андарти, нашинци впрегнати во српски, бугарски и грчки војски, француски и англиски солдиер и во нив Индијци и  Црнци од азиските и африканските колонии и сите зад себе, кои на нашето парче земја, оставале урнатини, пепелишта и многу вдовици и сираци. И свои коски...

За миг прекина Мара, го засили оганот и продолжи:

-Со водата од Мраморчето го гаснеа огнот на челата и телата. Усните ги навлажнуваа кога ги гореа болештини... Така во селото го викаа изворот чија вода извираше од цепнатината на големата мермерна карпа.

Зиме - топла, лете – студена. Се веруваше дека водата од Мраморчето носи здравје и со неа на болните им ги ладеа челата и очите им ги миеја и им ги плакнеа грлата и устите.

-Пиеле вода од Мраморчето и од ѓумот – тивко зборуваше и повторуваше Мара - и качаци Арнаути, и Турци зулумќари и аскери, и комити, и грчки андарти, и француски и англиски војници од големата војна, и кодоши и џандари кои дење и ноќе, шетајќи по селските сокаци и ноќе клекнати под прозорците прислушуваа на кој јазик се зборува околу софрата, на кој јазик мајката го гали и му пее приспивни песни на чедото, и комунисти пиеја вода од Мраморчето и сите зад себе оставаа зло и многу вдовици и сираци...

Си одеа лошотилаците и само ѓумот остануваше секогаш полн со животодавната вода што извираше од Мраморчето која не гаснеше само жед, туку даваше и здравје...

Се зборуваше и зборот се ширеше и далеку се слушаше, дека некоја голема ламја го чуваше Мраморчето и можеби затоа дури и најголемите лошотилаци што врвеа покрај него никогаш не ја поматија водата што течеше од цепнатината на големата мраморна карпа.

Дали ламјата што го чуваше Мраморчето е жива?

Зовре водата во ѓумот. Тргна Мара и од шатор до шатор делеше планински чај, а кога планинскиот довршуваше, тогаш вареше чај од најразлични тревки и најмногу од коприва, жежок и со боја на варакосано злато... А чајот Мара најпрвин им го делеше на болните и старите, а потоа и на децата.

Една од жените се сврти кон Мара и тивко и рече:

-Маре, поцрна ѓумот... црн е, црнила го покрија...

- Ако – прошепоти Мара. Црното од ѓумот со песок и вода ќе се измие, ама црнилата од нас... – не ја искажа гласно мислата. Ја џвакаше горчината на мислата што и се залепи како лишај. Длабоко во неа, живнаа чемерни спомени и непрестајно и се вртеше во главата прашањето:

- Кој ќе ги испере црнилата од нашите црни шамии?

Мара се потсети на старите селани, кои седнати под сенката на стреата, раскажуваа како крваво протече востанието. Во пепел куќите и сите надежи. Под нив само ѓумот не изгоре. Беше поцрн од црните ѕидови, беше црн како црните шамии на мајките и востаничките вдовици.

Поцрни од ѓумот беа само црните шамии на мајките и вдовиците. Така беше во сите лоши времиња и сега.

Мара знаеше дека постар беше ѓумот од свекрвата на нејзината свекрва. Па дури и од неа постар.

Некаков ред беше сите, кога се враќаа од чешма, стомните и ѓумовите да ги носат на глава. Но најлично и прилегаше на Мара. Таа висока, ем тенка, одејќи по главниот сокак на селото, исправена, извишена, со долгата плетенка што заедно со одот се префрлуваше од колк на колк, зад себе ги влечеше очите на мажите.

Со тој ѓум Мара и многу, многу други пред неа, носеле вода и на орање, на косење, на жнеење, на вршење, на гроздобер, на свадби и венчавки и крштевки, на се што в село носеше радоста. Надживеа ѓумот цели колена. Се раѓаа и умираа, а ѓумот остана. Некогаш поцрнат, некогаш калаисан. Се зборуваше дека мајсторите од јановенските села кога пред двесте и нешто години ја граделе селската црква, од тој ѓум гаснеле жед, ладеле образи и чела... Црн – беше ѓумот под пепелиштата, ама не беше поцрн од црните шамии на мајките...

Доцна Мара се враќаше на починот. Низ полуотвореното крило на шаторот, внатре влегуваше месечината и со бледата светлина го лижеше нејзиното насолзено лице. Во таа мижурлива светлина болснуваа јадри солзи кои течеа по лицето на Мара и тивко се излеваше долг воздив, како здушен глас на болката, чемерот и пониженоста...

Голем број од бегалците со себе имаа деца. Имаше доенчиња и мали од една до две и постари од три до пет години. Повеќето од доенчињата беа родени на бегалските патишта, во денските и ноќните времиња под голо небо, под дожд, на изгор земја или влага.

Тогаш, кога пролетта минатата година, ги собраа децата и ги одведоа по државите, поголемките, оние над две години, некои од мајките си ги сокрија. И Лина ги сокри, не ги даде децата – десетгодишната ќерка и осумгодишното синче. И таа, како и другите, кои не ги дадоа децата, дење ги криеја во мрачните керали, некои во плевните под слама, други надвор од селото во земјанки ископани во шумскиот густеж или во дувла

доископани меѓу карпите. Таму длабоко, до болка, до загушување го вдишуваа гнилиот и влажен воздух и молчеа. Од таму, како исплашени врапчиња, гледаа како над планините, ридовите, нивите и селата кружеа авиони и, тресејќи се од страв, ги слушаа грмежите. Ноќе, мајките или бабите скришум ги прибираа и молчаливо ги пуштаа во дворовите бранети од високите авлии и залостените порти ковани од дебели штици. Пред да им го дадат парчето леб и стомнето со вода, ги молеа и ги караа да не им слушнат глас и смеа соседите, да не слушнат и тие од селските одбори. Во дворовите и дома за нив немаше детски игри, туку само страв и молчење. Ноќе се прибираа во замрачените одаи и молкома го јадеа топлото парче леб штотуку извадено од фурна. Седнати на прагот што водеше до балкончето, од таму, од високо, ги гледаа патиштата по кои заминаа постарите братчиња и сестрички. Заедно со длабоката воздишка ја издишуваа желбата и со сонот во очите, во замрачениот двор или во мракот на одајата ги прашуваа мајките и бабите:

– Мамо, кога ќе си дојдат батето и дада?

Прашуваа...

Чекаа...

Се надеваа...

Лина во скутот и на едното колено ги држеше своите деца и околу неа се собираа мајки кои останаа без деца. Гледаа со ненаситено око и грутка во грлото им го замолкнуваше лелекот. Се собираа мајките и, гледајќи ги децата на Лина, пред очи ги имаа своите за кои не знаеја под чиј покрив ги поминуваат деновите и ноќите; дали таму има некој, кој - си мислеа, а честопати се прашуваа – ќе им погали глава, ќе ги гушне, ќе им бакне образи. Околу Лина, се собираа мајките, на децата нежно им ги галеа рацете, нозете, главите и образите и ненаситени од галежот едни седеа покрај Лина со рацете скрстени во празните скутови, други стоеја со рацете подадени за прегратка.

Тие денови и деновите што доаѓаа и одминуваа многу воздишки, солзи, чекања и големи желби искапеа во празните скутови и прегратки на мајките. Во очите ликовите на чедата, во молкот вриеја спомените.

Донка, која шаторот и постелата од папрат ги делеше со Лина, тивко издишувајќи ја чемерната мака, го прекинуваше молкот и велеше:

-Чупата ми ја зедоа лани, а синот половина година пред тоа.[8] Влегоа двајца и рекоа да оди со нив за да носи храна за ранетите. Висока, стројна, витка, со плетенка дебела како вожица и долга до колковите, ми беше чедото. Кога ги собираа децата за да ги однесат по државите, отидов да ја запишам за да оди и таа со другите од селото. Жената која децата ди запишуваше во тефтерот, ја погледна од долу до горе, мрдна со глава, намршти веѓи и рече:

- Голема си ти за да одиш со децата. Оди си дома...

Не ја запиша. А кога ги собраа девојките и им рекоа дека наближува зима, а на партизаните ќе им требаат топли фанели, чорапи, нараквици, капи, па затоа треба да одат таму во едно село каде е собрана многу волна, на мојата не и рекоа дека е мала. Ајде, и рекоа, оди заедно со другите таму да влачиш, да предеш и да плетеш. Не и рекоа за таму дека е мала, не и рекоа оди си кај мајка ти... да пораснеш. Ја зедоа и таа и тие за кои мислеа дека се пораснати и од таму каде ги однесоа да влачат, да предат и да плетат, никоја дома не се врати, а тој ден чедото ми наполни шеснаесет години...

Донка скрсти раце на градите, чиниш ќерката ја гушка. Во стисокот на прекрстените раце молчаливо ја стегаше болката и стравот... И молчеше...

---

[8] Насилната мобилизација на девојките со измама беше извршена кон крајот на август 1947 година со одлука на Главниот штаб на ДАГ. Наредните бранови на мобилизација се вршеа со одлука донесена на 2 февруари 1948 од привремената влада, која беше формирана на 22 декември 1947 во преспанското село Асамати .

Молк. И таа и жените околу неа чиниш во молкот го имаа собрано целото трпение, чекањето и надежта. Повремено одврзуваа црни шамии, бришеа лица и во нив ги сушеа солзите. А кој сега, денес, вечерва или утре ќе ја искаже големата болка од крво отворената рана? На распаќе мајките ги губеа децата, ги снемуваше во голема толпа. Викаа и одговор немаше. На патиштата и распаќата многу глави се изгубија во мрачнините на ноќта. Се слушаа гласови, се слушаа пискотници и здушен лелек се слушаше и клетви и горчлив збор на презир се слушаше...

Трагите од болката не се бришат лесно...

Во големата мака најпрво што да прежалиш и што да преболиш?...

# 7

Дедо Тоде пак тргна Илина да ја бара. Од шатор до шатор, од земјанка до земјанка, од мажи до жени, од толпа до толпа одеше и прашуваше:

-Луѓе, о луѓе, да не ја виде некој Илина? Жена ми, велам, Илина се вика.

Мрдаа луѓето со главите, дигаа и спуштаа рамена што значеше дека никој не видел жена која се вика Илина. И не само дедо Тоде одеше и прашуваше. И други, како него, одеа и прашуваа за свои, за роднини, пријатели, соселани.

Молежливиот глас на дедо Тоде го растураше силниот ветер што дуваше од запад, го префрлуваше од едната до другата страна на големото стрниште, го растураше меѓу шаторите и од никаде не стигнуваше одговор за тоа каде е Илина.

Мара, слушајќи го молежливиот и жалосен глас на дедо Тоде, му се доближи и полека, умилно, тивко и кротко, му прошепоти:

- Не лелекај толку. Илина сигурно е во некое друго собиралиште. Не сме само ние... Кој знае на колку други места по овие пустелии не имаат растурено. Смири се, почекај, белки еден ден сите ќе се собереме на едно место и таму ќе ја најдеш твојата Илина... Прибери се...

Толку од Мара за утеха.

А дедо Тоде продолжи да се пробива од една до друга толпа во која ја бараше својата Илина.

-Илино! - молежливо викаше Тоде и сите, како Мара ја боледуваа мачно и болно болката, и непресушната голема молба на дедо Тоде. Ден по ден, Тоде ја бараше Илина и секого што сретнуваше го прашуваше дали видел една ниска женичка облечена во црна малина, Илина се вика, дали си ја видел? Молк. И продолжуваше дедо Тоде да ја бара Илина, а Илина меѓу луѓето, во шаторите и во земјанката ја немаше...

-Илино! Илино! Илино! - довикуваше Тоде – Илино, бре, зошто ли ме остави сам...

Во шаторот се прибираше тажен и жалосно воздивнувајќи, легнуваше на плеќи врз вреќите наполнети со папрат и со прстите сплетени под главата си ја спомнуваше патеката по која одеа заедно и местото каде седнуваа на кратка почивка. Пред нив врвеа плипот луѓе и тој врвеж како подивеан виор ги повлече и ги вовлече и во него од пред очи му ја снема Илина. Му се изгуби во долгата и црна река на бегалците... Ја бараше и цело време си мислеше дека ќе ја најде на некое друго место за почивка. Сигурно е со некои други луѓе кои и таа ги моли да и кажат дали го виделе нејзиниот Тоде. И таа – тој не престануваше да зборува со себе – ме бара, кутрата... - и таквата мисла му го полнеше срцето со надеж која полека во неговите изморени очи внесуваше блажена дремка, ама мачно го фаќаше сон во кој цело време ја сонуваше својата Илина... Во тешките ноќи на бессоница, кога му се случуваше малку да задреми, тогаш го споплатуваа соништа. Лоши соништа сонуваше дедо Тоде. Гледаше како му гори куќата, слушаше како во шталата облеана во пламен рикаше на цел глас волот Гајто, кој со години му ја ораше нивата и му го носеше снопот на гумно, слушаше како цвилеше куциот коњ, кој честопати заедно со Гајто ги ораше нивите и ги браносуваше рамно како што беше рамна неговата дланка, за зиме од шумата ги носеше на грб цепениците, ама за негова ли среќа, не го прибраа партизаните. Командантот не го сакаше да го јава од срам, дека ете, самиот не токму човек, јава на куц коњ и борци води во бој. Му беше срам... кутриот. Гледаше дедо Тоде како луѓето бегаа избезумени, трчаа на врат на нос кон шумата и кон дебелите и високи карпи во планините. Таму наоѓаа спас и само малку го смируваа стравот. Сонуваше дедо Тоде како земјата во купишта се дигаше на горе, како ја поганеа со некои страшни бомби и како многу куќи изгореа од тие страшно запалливи бомби што не ги гаснеше ниту вода ниту земја...

Страшните соништа го будеа и дедо Тоде стануваше заедно со сонот во очите, излегуваше од шаторот и со растреперените прсти се мачеше да го врзи учкурот од панталоните. Во долгите ноќи плачењата на бебињата и појот на штурците му го одземаа сонот на дедо Тоде. Седнуваше пред шаторот, чекаше на

отворено под голо небо и го гризеше нескротената мисла која сосема го имаше заробено, се обидуваше да задреми, ама сон не го фаќаше.

Станувaше дедо Тоде и со ситен чекор, тргнуваше на кај џадето за да види и да провери дали таму стигнаа камионите. Зад него, до нога, одеше неразделното кученце Шарко, единствениот и најблизок другар и пријател, кој го придружуваше на тие незнајни патишта и знаеше тажно во очи да го гледа, образ да му лизне како благодарност за сувата корка леб што секогаш дедо Тоде ја чуваше во џебот за да не му биде Шарко гладен, иако честопати самиот гладуваше.

Колената му се потсечуваа кога пак во неговите очи празно беше џадето. Стоеше таму улуглав и чекаше. Камионите за него секој ден и секоја ноќ само доцнеа. Беа некаде на пат. И оваа ноќ доцнеа.

Разочаран се враќаше дедо Тоде и одеше меѓу шаторите и слушаше тешки воздишки, липања, болни лелеци, плачење на доенчиња. Целиот немир на луѓето што дремеа или немирно спиеја, го носеше во своето срце, таа тешка болка му тежеше, го измачуваше, ама немаше мелем за да ја смири. Кругот околу шаторите го вртеше неколкупати и веќе сосема расонет се враќаше во шаторот и легнуваше на својата сламарница. До разденуваше сон немаше. И пак станувaше и полецка, тивко, за да не вознемири некого, излегуваше на патот. Таму, седнуваше под старото стебло на сливата и чекаше. Чекаше се додека не изгреваше сонцето. Полека станувaше и болно, безгласно мрмореше:

- Пак доцнат, пустелиите..

Празен друмот. Дедо Тоде се враќаше во својата сламена постела и се додека не го фаќаше сон, во себе ги пцуеше тие кои уште не наредиле да тргнат камионите и се караше со штурците кои пееја та пееја и распеани таму во високите тревишта, му ја матеа дремката. Во себе се караше и со соседот, кој по цели денови не станувaше и не излегуваше надвор од шаторот, туку само долго и непрекинато кашлаше. Пред да згасне

зората, дедо Тоде не слушна кашлање во соседниот шатор. Таму веќе во најдолгиот дел од ноќта завладеа тишината. Некоја голема болештина ја замолкна кашлицата, а надвор, во сувите треви штурците, пееја та пееја до пресна зора.

А Тоде не престануваше да се откаже од мислата дека камионите, каде и да се, сигурно ќе дојдат.

- Ако не дојдат денес, тогаш сигурно ќе дојдат утре. А најсигурно е дека ќе дојдат задутре. Така некако ми шепоти умот – си велеше дедо Тоде. – Ќе дојдат тие камиони, сигурно ќе дојдат – повторуваше и секој ден во таа несигурност му се губеше гласот. И дење излегуваше на патот, цели часови чекаше седнат под сенката на сливата-дивјачка. Денот го поминуваше крај патот. Таму чекаше и постојано си повторуваше – море ќе дојдат, мора да дојдат еден ден... Зарем така ќе не остават тука? Ќе дојдат и ќе не вратат, ќе не однесат дома...

А мислата, дека камионите сигурно се веќе на пат, не го напушташе. Таа мушичка на нескротената надеж како лишај беше залепена во неговата глава. Не го напушташе ниту за миг. Секој ден и миг беа дел од него, му беа врежани не само во умот, туку и во душата. Така веруваше и таа верба силно го држеше во својата прегратка, му дишеше в лице, секогаш беше само дел од него. И постојано го тераше да мисли и да верува дека камионите тукушто не тргнаа и каде и да се, ќе стигнат. Таа мисла му стана неоткинлива надеж, како вера, како делничен леб и вода...

Заносно одекнуваше во утринската запурнина неговиот шепот кој преминуваше во нескротена надеж.

По првите зракови на сонцето логорот живнуваше. Дедо Тоде загледан во бледото шаренило на утринското сонце, гледаше како небото го шареа првите јата гаврани, па му се чинеше дека личат на авионите кои му ја изгореа куќата со запалливите бомби кои не ги гаснеше ниту вода ниту земја.

Од честите повторувања на таа нескротена желба и надеж, луѓето почнаа да му се потсмеваат. Кога го гледаа како се враќа, му довикуваа:

- И што дедо Тоде, стигнаа ли камионите? Да не поминаа, па не си ги видел? Сигурно поминаа, а ти таму си дремел, та не си ги видел... Ех, море, дедо Тоде, Господ да ти ги умножи годините за да ги дочекаш тие пусти камиони...

- Ќе дојдат, сигурно ќе дојдат - им ветуваше на сите и со растресен чекор пак се враќаше на патот. Таму чекаше.

Дента, кога наближуваше пладнето, се појавија некои мажи со обесени чанти на рамо. Се расчу глас и се рече дека тоа се луѓето од раководството.

Дојдените од камионот растоварија штици и повикаа мажи да исковаат бина и до неа мала куќарка во која ставија маса и четири столови. Рекоа дека во неа ќе биде сместена управата. Секој ден, напладне, еден од нив се качуваше на дрвената бина, од која истресуваше вести за големите победи што ги трпи непријателот. Говорот го завршуваше со громко извикани пароли за кои никој од собраните не отвораше уста. По извиканите ветувања и заканите упатени кон непријателите, тие, луѓето од раководството, од чантите извлекуваа тефтери и моливи.

Се расчу дека ќе прават списоци по име и презиме и по села за да се знае кои се, колку се и од каде се. Еден од нив, качен на бината, со инката залепена на усните, повикуваше на собир. Се празнеа шаторите и се повеќе растеше толпата од која се погласно се истураа прашања до кога ќе останат под ова голо небо и кога ќе се вратат во своите села.

Глас врз глас во купишта се пластеа прашања:

-Што ќе биде? Каде ќе одиме? До кога тука ќе чекаме? Кога ќе се вратиме дома?

Нетрпеливо чекаа одговор, а тие од бината за таквите прашања трпеливо молчеа.

-Мирувајте – им велеа. - Се ќе биде добро. Сега - велеа - чекаме добри вести. Нашите удрија на Грамос и само прашање на еден или два дена е да го столчат непријателот и тогаш ќе се вратиме сите дома. Држете се заедно, не се делете... Немојте да се плашите. За се знае и се грижи партијата. Нас тука не испрати партијата за да бидеме со вас. И молиме полека, смирено и кротко, без викање, пцуење и колнење, да приоѓате еден по еден за да запишеме, како што беше речено, кои сме, колку сме и од каде сме и колку има болни, здрави и нездрави...

-Е, сеа ни олесни – извика некој и праша: - А каде бевте до сега?

- Во други собиралишта. Па не сте само вие. Има и други собиралишта и сите таму се живи и здрави... Се надеваме дека наскоро ...

Не дорекоа што наскоро ги чека овие распадени луѓе...

Другарите од бината сега многу се разликуваа и по глас и по држење за разлика од тие, кои беа пред некој месец. Тогаш самоуверени, сега скиснати. Гласот згаснат, жалослив... Во него ја немаше до пред некој ден гордата решителност, гневот, бурата, повикот, непокорот, нескршливоста. Сега нивниот глас слабо одекнуваше, ниско летаа и паѓаа зборовите на ветувањата.

А толпата на големите зборови на ветувања враќаше со зборови на презир. Сега никому веќе не веруваа.

Партиските луѓе одеа од група до група, се врткаа меѓу луѓето, ветуваа, смируваа и во тефтерите ги запишуваа луѓето со име, презиме и со името на селото и повторуваа:

-Списоците ги правиме – им велеа - за да знаеме колку сме, кои сме и од каде сме и за да знаеме по кој ред ќе се враќаме дома. Сега само мирувајте, имајте трпение и чекајте да ви пренесеме добри вести. А денес првата и најважна вест е дека нашите храбри борци кои непоразени се повлекоа од Вичо на јуриш тукуречи го заседоа половината дел од реонот на Грамос и таму го толчат душманот.

***

А таму, на Грамос, каде рекоа дека го толчат непријателот, секое ритче, секоја карпа и премин и над нив и сите планини и ридови - беа на нишан на владината војска, која чекаше наредба да отвори оган...

Тој ден, во пет часот утрото, борците на ДАГ во јуриш тргнаа во бој. Генералот Цакалотос токму тоа го чекаше и нареди војската јуришот да го запред со оган. Стоилјадна војска, со 120 топови, многу тенкови и 90 борбени авиони, без прекини ги биеја борците на ДАГ кои во јуриш тргнаа против таа сила...

Грамос во пламен и чад. Јуришот слабееше и бројот на јуришниците стануваше се помал. Беа на нишан стокмен пред некој ден. Не беше доволна карпата и оние два тритру камења зад кои можеа да скријат глава. Беа биени и од земја и од небо.

Во свечено и празнично расположение од врвот на планината Амуда, во придружба на американскиот генерал Ван Флит и штабот на офанзивата, кралот Павлос, со артилериски двоглед го следеше развојот и текот на борбите. Честите и брзи вести кои пристигнуваа ја потврдуваа неочекуваната и цврста одбрана и јуришот на единиците на ДАГ кои навлегуваа од Албанија. Од сите делови на боиштето без престан пристигнуваа некодирани вести за борбените успеси на владината војска.

И тогаш, *кога по радиоврска стигна веста дека падна стратешката планина Чарно, генералот Цакалотос, видливо радосен и среќен, со чаша полна со вино му наздрави на генералот Кецеас, началникот на армискиот штаб, извикувајќи ”Да живее нацијата” и потоа се сврти кон кралот и со победоносен тон рапортира:*

*- Величество борбата е решена. Всуштност Грамос падна*[9]*...*

Тој ден и наредните два дена реонот наречен Грамос гореше. Врвот Грамос во пламен и се бранеше до девет часот претпладне на 28 август. На самоти врв и врз мртвите тела на бранителите, двајца војници на владината војска го развеаја грчкото знаме.

Тој ден, ноќта и наредниот ден и ноќ, под силните удари на владината војска паѓаа и другите планински ридови и врвови.

Гореше земјата, карпите гореа и осакатените дрвја, гореа ридовите, небото гореше и луѓето гореа.

---

[9] Од тука и до крајот на книгата сите делови означени со курзив се цитати од сочувани документи.

Изгоре и послената надеж...

Утрото, на 30 август падна Голио Каменик, последното упориште на осакатените единици на ДАГ. Истиот ден падна и Порта Осман единствениот пат за бегство во Албанија на последните живи припадници на ДАГ.

На планинските врвови на Грамос и долж целата гранична линија гореа огромни огнови. Владината војска ја славеше победата.

Победниците со наситено срце и поглед исполнет со радоста на победата, гледаа како гори Грамос и ликуваа. Денот заврши без истрели, а целата ноќ на сите врвови гореа големи огнови. Звак на владината победа.

По три години веќе не се слушаа истрели, не летаа авиони и на граничната линија завладеа тишина.

Три години во планините на Грција и на Македонија, во полициските затворски казамати, Грците Грци и наши измачуваа, осакатуваа, живи задушуваа во жешките песоци и на каменоломите на сувите острови; три години Грците Грци убиваа во Пелопонез, Румели, Тесалија, Епир и најмногу во Македонија. Грците Грци убиваа на големите градски тротоари на Солун и Атина, и тесните сокачиња на ритско-планинските села. Од двете завојувани страни Грците Грци убиваа, села опожаруваа, куќи опљачкуваа, жени силуваа. По трите крвави години Грците убиените, осакатени, измачените, откорнатите Грци и нашите ќе почнат да ги пребројуваат. Грците ќе измерат колку грчка и наша крв пролеале; Грците ќе прават списоци на Грците колку живи останаа и ќе им ги остават списоците на своите идни поколенија за да знаат колку големо зло може Гркот на Гркот да му направи и да не заборават дека во тие три години секаде каде што имаше Грци Грците убиваа Грци и наши... Три години Грците од двете завојувани страни ја уништуваа Грција... Никогаш порано Грците не убија, не измачија, не осакатија толку Грци и не нанесоса толку големо зло, колку што направија во

текот на тие три гогини; никогаш Грците не убиле толку многу Грци со невидена омраза и злоба... Гркот на Гркот и на тие кои не беа од нивниот род во тие три години секогаш му нишанеше в чело и меѓу очи... И никој од надвор не ги опомена, не им рече – Грци не убивајте Грци...

***

Осакатени во телата и душите, поразените борци на ДАГ спасот го бараа во Албанија. А таму, недалеку од границата, затскриени зад ридовите, офицерите на албанската војска ги разоружуваа. Пушки, митралези, пиштоли, автомати – во куп. Со празни раце и скршен дух во купови се прибираа и еден зад друг, безутешни, разочарани и очајни се качуваа во поставените камиони. И се прашуваа: која беше целта и потребата остатоците од Вичо, лошо вооружени, недохранети, истоштени од долгиот марш, душевно оптоварени од поразот на Вичо, добија наредба преку албанската земја да преминат на Грамос каде подготвена ги чекаше владината војска?

На триесетти август 1949 година, во утринските часови згасна злото на грозната и крвава тригодишна бура...

Партиските луѓе кои ги правеа списоците оваа вест на бегалците собрани во стрништето скраја од гратчето Пегин, не им ја соопштија...

Како секогаш, лошите вести ги премолчуваа или ги претставуваа како победа...

* * *

Со здробени нозе од митралески рафал кон границата се влечеше Софка. Повремено застануваше колку за да прибере малку од силата што и остана. Во очите преполнети со страв и болка - отсјај на пламењето и големите огнови што гореа на сите планиниски врвови.

Поразената војска, обезоружана, камиони ја носеа далеку од границата.

На далечниот север на Албанија.

# 9

Цела ноќ по џадето во Пегин поминуваа камиони. Не застануваа. Беа полни со војници без оружје. Немирни им беа лицата. Беа тие, кои право од едно боиште влегоа во друго боиште и од таму излегоа столчени, поразени. Молчаливи, со изгубен поглед гледаа на толпата луѓе што се собираше покрај џадето. Фрлаа

свиткани хартии на кои беше напишано името и презимето на примачот. Не беа писма. Ливчиња од хартија и во нив напишани само неколку зборови. Пишуваа дека се живи и здрави, а носеа и лоши вести... Трчаа жените, мажите, децата, некои во лет ги фаќаа ливчињата, други ги собираа во бурјанот крај патот, набрзина ги отвораа, ги бараа тие за кои беа фрлени од камионите, тие чии имиња беа напишани. Едни се радуваа, други кршеа прсти, се губеа во болката и со здробени души и срца се враќаа во шаторите и земјанките. Скршени од болка, таму собрани во куп ги оплакуваа најмилите и себе. Лелекот немаше крај и крајот никој не му го гледаше. Таа ноќ кога поминуваа камионите со поразената војска, и целиот нареден ден џадето и тревиштата и бурјанот околу него – беше преплавено од луѓе. Цел ден ги пребаруваа празнините меѓу камењата и ендеците покрај патот и ги собираа ливчињата во кои имаше и радост и болка. И тие кои се радуваа не можеа да ја избегнат болката на тие кои добиваа лоши вести.

Така во стрништето, во плач, липање, офкање, крик, воздив на не утешените души, клетви и пцости течеше времето... На минувачите им се чинеше дека плачеше целото стрниште, дека болеше целото небо и земјата и дека плачеа шаторите, земјанките и ветерот плачливо завеваше меѓу нив...

Донка кога слушна бучење на камиони, заедно со многу други жени – трчаница на џадето. Патот го заградуваа, камионите смалуваа брзина. Викања и крикови од камионите, викања и крикови од џадето. Имиња се извикуваа. Се мешаа. Се довикуваа. Од камионите излетуваа книжулчиња, летаа над толпата, летаа, паѓаа, се растураа во тревите, шипјето и бурјанот и меѓу луѓето, се губеа во ендеците. Едни носеа радост, други носеа голема болка. Кажуваа кратко, само со неколку зборови – тој и тој, таа и таа од тоа и тоа село....

Чие срце издржуваше?

Донка се откина од толпата, подигна раце и бавно одејќи наспроти камионот, даваше знак за да застане. Прашуваше, молеше да и кажат дали го знаат нејзиниот син, Крсте се вика, велеше, со кадрава црна коса и високо чело... Немаше одговор, а таа одеше покрај камионот, се сопнуваше, паѓаше на колена и продолжуваше да моли.

Џадето вриеше од развикани и молежливи гласови. Дента, од изгрев до заод мажи, жени и деца го пребаруваа џадето, чепкаа во исушената трева, трњето, копривите и шипјето. Во свитканите книжулчиња едни наоѓаа радост, други кобни вести. Една од жените во исушената трева најде свиткано книжуле. Го одвитка и гласно прочита:

,, За Донка од село... ,, - одекна глас.

-Јас сум! - викна Донка и се стрча на кај жената. - Јас сум... Јас сум... Дај го...

Рацете и треперea, трепереше и ливчето. Седна, на скут рашири престилка и во неа го отвори книжулето. Во него беше нешто напишано, ама не знаеше да чита. Мажот, кој најблиску до неа чепкаше во бурјанот, Донка го замоли, а тој и прочита:

- ,,Мајко жив сум и здрав. Син ти Ристо”

Само толу беше напишано.

За настраданото срце и недоисплаканата болка на душата тие неколку зборови за Донка беа најголема среќа...

10

На големата огласна табла, сместена до големиот војнички шатор, во чија близина беше и главната кујна со четирите казани под кои никогаш не гаснеше огнот, Јани, кој по партиска линија беше поставен да управува со сите кои беа во логорот, со парче јаглен го довршуваше пишувањето на соопштението:

**Се бараат педесет доброволци**

**Веднаш да се јават во Управата.**

Толпа мажи се собираа, стоеја пред таблата, еден преку друг се прашуваа што е напишано и што може да значи. Писмените им го читаа напишаното на неписмените и сите заедно, вчудовидени и замолкнати, само со погледот се прашуваа, недоверчиво мрдаа со рамениците и исполнети со сомнеж, полека фаќаа пат кон своите легла во шаторите и земјанките.

Знаеја што значи зборот доброволец. Не оти зборот не им е непознат. Познат им беше зашто и тој збор, како многу други, им го разора животот и под нив и земјата им се помести...

Времињата, иако далеку од дома, иако војната беше завршена, се уште не беа сигурни и мирни, се уште се зборуваше, а некои дури и тврдеа дека нешто скришно се готви, а некои дури беа готови пак да ги фатат шумите, планините и ридиштата.

- Ова не ќе е за добро – му шепна Лазо на соседот.

- Доброволци? Белки не сакаат некого да пратат назад во планините, а? Што велиш ти? Како ти сечи умот?

- Господ да чува и да брани од лошото... скраја да е ... – исплашено прошепоти Борис и, крстејќи се, плукна настрана и забрза чекор кон своето легло.

Јани, тој, кој беше одговорен во управата, до пладнето не дочека некој да влезе кај него во шаторот и да му кажи дека се јавува како доброволец. Излегуваше, гледаше во групата мажи кои лежеа под сенката на високата топола. Се гледаше дека тие таму живо се расправаа. Виде како еден стана и размавта раце. Јани сфати дека нешто им објаснуваше и во тој миг си мислеше дека ги убедуваше да се јават или да не се јават како доброволци.

Наредниот ден пред управата истата табла со вчерашното пишување кое повикуваше да се јават доброволци. Поминуваа мажи, погледнуваа на таблата и забрзуваа чекор; да бидат што подалеку од повикот со тие три букви и подалеку од очите на Јани.

Вечерта, кога пред казанот се зголемуваше редицата, Јани повика настрана неколку мажи и со шепотлив глас им рече:

-На пристаништето во Драч стигна голем брод од Русија и донесе многу пченица. За нас. Нема кој да ја растовари. Се бараат доброволци. Дали некој од вас сака да оди?

-Пченица? Донесоа пченица!!! – им се отворија устите на мажите. – Пченица, велиш? За нас? Еј, луѓе, што чекаме... Ајде, не чекајте, да одиме! Колку се потребни?

- Засега едно педесетина... – задоволно рече Јани и го отвори тефтерот.

Бргу се растури и прочу веста за рускиот брод што донесе руска пченица. Во тефтерот на Јани веќе се запишаа педесет доброволци и можеби уште толку или повеќе чекаа ред.

Ноќе, построени, молчаливо излегоа од логорот. На патот два камиони.

-Качувајте се! – нареди Јани и над нив ја посла валканата церада. Стиснати еден до друг, целото време на возењето ги измачуваше прашањето дали е вистина дека ќе растовараат руска пченица или така лесно измамени нема да ги однесат на некое ново боиште?

Тешкиот, длабок и кобен молк кај секого будеше сомневање кое немилосрдно ги гризеше.

Над камионот едно подруго блеснуваа уличните светла се до широката железна порта, која го заградуваше влезот во пристаништето. Вооружен маж излезе од стражарницата, со батериската светилка ја провери пропусницата на возачот, праша кој е одговорниот, се врати во стражарницата каде по телефон зборуваше со некого и дури потоа даде знак да се подигне рампата од која на стотина метри црнееше голема грамата над која непрекидно од два оџаци високо се извишуваше дебела китка црн чад и се губеше во мракот. Тука застанаа двата камиони.

-Слегувајте! – нареди Јани и објасни: - Ова што го гледате е бродот полн со пченица. Без страв качувајте се по овие скали што висат, а внатре ќе ви објаснат што треба да правите.

Работеа само ноќе. Наполнетите вреќи ги редеа во голема мрежа, потоа даваа знак и дигалката ја креваше и вреќите ги спушташе во камионите. Во кратките прекини, додека дигалката ја враќаше мрежата во бродскиот амбар, доброволците од пченицата што ја држеа во шепите ја издувуваа прашината и чекласот и јадеа; со шепите грабеа пченица и џебовите, ракавите од палтата и кошулите, пазувите, гаќите, пачавиците ги врзуваа и ги полнеа со пченица.

Уморни, ама сити, по два дена ги вратија во логорот пред да се расонат бегалците. Дента, пред земјанките и шаторите, во целиот логор, ваму - таму, меѓу два камења зачадија мали огнови. Над нив во тенџериња, во ѓумчиња, котленца, па и во кутии од празни конзерви - вареше пченица. Жените, клечејќи, дуваа за да го засилат огнот. Црниот и густ чад, како рој, во купчиња се вртеше, се преливаше, се претураше, растеше, се смалуваше и им гризеше очи. Со валканите дланки ги бришеа солзите и со се посилни дувања го засилуваа огнот за што побрзо да се извари пченицата. Некои не ги држеше трпението и недоварена ненаситно ја јадеа. Наситени, остатокот го прибираа и го чуваа под перници и во торби за да има и за утре... Многу жени по неколку грстови одделуваа од пченицата и пред ден недела, верски празник или ден за помин, ја converting вареа и изварена собрана во бели пешкири, и без да е така, како дома– зашеќерена во сапетка, украсена со фелчиња од јаболка, шарени бонбончиња, со јатки од ореви, бадеми, печен наут, лешници и грозје сушено и чувано на гранка - одеа од земјанка до земјанка, од шатор до шатор и раздаваа.

-Земете луѓе,  каснете за душата на... – многу души беа останати на селските гробишта, по планините и ридовите и таму на островите и на патиштата што ги доведоа до тука во ова стрниште широко распослано под запрашениот друм...

– Земете луѓе, земете, каснете луѓе за душата на...

Дедо Тоде со прстите од левата рака подземаше од пченицата и прекрстувајќи се ревносно се молеше за покој на мртвите и живите души. Секој негов збор беше болка, очаеност, страдање и немир, а гласот – глас на горката и чемерна тага...

-Боже покој и светлина за мртвите и умир и утешение дај за живите души и за...  – трипати се прекрстуваше дедо Тоде и се повлекуваше во шаторот, носејќи ја со себе недовршената молитва залепена на усните и вкована  во очите.

Во таквите денови секоја земјанка и секој шатор станувaa место на покорна молитва и луѓето со болно молчење ја поднесуваа неизмерната болка.

Така пред земјанките и шаторите многу души беа нахранети со таа руска пченица изварена над оган развален меѓу два камења...

-Бог  нека ја чува Русија – се молеа наситените. – Бог нека ја благослови Русија, да е благословена руската земја за да раѓа многу, многу пченица да раѓа и Русите нека ги благослови Бог и да им даде здравје и кувет за да ораат,  да жнеат, да вршат и со поголем брод пак да пратат пченица...

Со молитвата во умот и со многу прашања за тоа што се стори пченицата што мажите цели недели ја растоваруваа од рускиот брод, секој ден напладне во долг ред наредени чекаа за да го добијат сувото парче пченкарник што во десетици тепсии го носеа два товарни камиони.

По недела дена истите камиони стигнаа во логорот и пред управата, во кошеви растоварија леб месен и печен во градската фурна. Не беа лебови, туку лепчиња големи колку две стегнати младешки тупаници.

Повеќе ‘ржен, отколку пченичен. Вкусни,  само да имаа повеќе сол.  Едно лепче, со повеќе ‘ржено брашно, на двајца. Вкусно беше лепчето макано во сол и вода и со сладост џвакано со кромид. За едни беше малку, за други – доволно. Некои тоа што им остануваше го чуваа за утре, за задутре. Нека има во парчиња, па дури и во трошки, длабоко скриени во дисагите, во торбите, завиткани во веќе долго неис-праните кошули... Да има за утре.  Ништо не се знае. Можеби ќе снема. Дел од тоа ‘ржано, несолено и суво лепче да се чува. Нека се суши, нека се стори камен тврдо, ама да го има за утре, за задутре. Не се знае, може ќе снема, можеби ќе доцни, можеби пак нема да доплови тој голем руски брод во чии амбари беше товарена таа руска пченица.

Мара кога го земаше лепчето раката и трепереше, не го гледаше со отворени очи, не го притискаше до градите како дома, кога пешникот со фурнаџиската лопата го ваѓаше од фурната и, држејќи го со двете раце, силно ја издуваше прашината од пепелта, потоа го притискаше до градите за да ја почувствува целата топлина. Не го заборави мирисот и вкусот на тој леб... Сега, држејќи го лепчето на дланка, не чувствуваше никаква топлина, како што ја чувствуваше топлината на пешникот и на погачата дебели и миризливи, подебели од една педа. Држејќи го тврдото `ржено лепче в рака си замислуваше  дека држи кравајче, ама не месено од чисто бело брашно и печено под сач и личеше на шумка, печена од трици што му ја даваше на овчарот за кучето.

Седнати пред шаторот, Митре и Мара ја јадеа само едната половинка. Кршеа парче од лепчето, го макаа во солта и молчаливо, потонати во мислите, џвакаа полека, подолго го држеа под непцето и многу полека го голтаа заедно со солзите и болката на душата. Другата половинка Мара заедно со трошките што и беа изронети во скутот, грижливо и внимателно, одмерено, кротко, небаре завиткуваше пеленаче, во белото пешкирче ја завиткуваше половинката и ја ставаше под сламената перница, до дисагите и ѓумот... За подоцна, за утре, нека остане таму, тоа половинче од лепчето на горчливото и чемерно изгнанство...

Лазо, кој на ридот береше трнинки, се стрча и разгласи:

- Бродови, големи бродови...

Многу луѓе се собраа на ритчето и од таму ги гледаа големите бродови од чии оџаци црн чад се извишуваше и се разлеваше над морето.

При крајот на месецот во пристаништето на Драч закотвија два големи бродови. Ден потоа закотви уште еден, бел и поголем. Од тука, од височинката, се гледаше како стојат и како им чадат големите оџаци. Кој знае - се прашуваа луѓето – какви ли не добрини донесоа, сигурно многу леб, и со лебот можеби и млеко за дечињата, можеби топли алишта, постели и покривачи?

-Боже, чувај ја Русија – се молеа старите и чекаа загледани во облаците чад што чадеше од оџаците на тие големи бродови...

Баба Петра од сите други најмногу се молеше. Крстејќи се и удирајќи метании, со блажина во гласот излеваше зборови на благодарност и блаженство:

-Господ да му дај многу здравје и долг живот на рускиот цар...

-Не вели така, бабо – ја прекинуваше дедо Тоде... Во Русија нема цар...

-Молчи, бре. Ти многу знаеш дали во Русија има или нема цар. Има, сигурно дека има. И тоа голем. Не може Русија да е Русија без цар. Така да знаеш – поучуваше баба Петра, се крстеше и гласно блазосуваше... - Господ да го поживи рускиот цар... Сполај ти, руски царе за лебот и затоа што не не заборави. – повторуваше баба Петра и со гневен глас го прекоруваше дедо Тоде: - Види го ти него, цар вели, немало... Има, Русија не може да е Русија без цар. Така да знаеш...

Два дена потоа откако бегалците му се израдуваа на пристигнувањето на големите бродови, Јани, од таблата го избриша претходното соопштение и со црно јагленче напиша:

**Се бараат сто и повеќе доброволци**

Толпа мажи се собираа пред таблата. Писмените им читаа на неписмените. Немаше вчудовиденост, немаше сомневање, немаше тивко и скришно прашање дали одењето во доброволци е за добро или е за лошо. Штом сега пак бараат доброволци, сигурно е за растоварување пченица и кој знае што друго има во тие бродови што веќе со денови стојат врзани во пристанишниот кеј, велеа и се убедуваа, дека барањето да се јават доброволци сигурно не е за лошо. За добро ќе да е – мрмореа едни, а други, во чии глави никогаш не се истопи сомнежот, свртуваа грб кон таблата и со разнишан чекор фаќаа пат кон своите легла. А тие, кои се запишаа, се мачеа во исчекувањето и нетрпеливоста за тоа кога ќе им биде речено да појдат...

Љубопитноста беше голема и очекувањата уште поголеми. Некои велеа дека бродовите се полни со топли алишта, чевли, капи, палта, леб, сирење, кашкавал. Тоа им лежеше во главата. Тоа им требаше, тоа некои и го сонуваа, а други одеа горе, на ритчето, за да се уверат дека навитина стојат тие големи бродови ...

-Одете, не чекајте, побрзајте - им велеа жените на тие, кои се запишаа како доброволци. - Растоварете ја руската стока и се друго што таму има...

Два дена по оваа вест стотина и неколку доброволци ноќе ги растоварија на кејот пред бродовите.

Во пристанишниот двор купишта штици, на три-четири метри долги греди соголени од лушпата. Сандаци полни со шајки, со тесли и со пили.

Доброволците ги распоредија по групи и им поделија пили, тесли и шајки. Во бродовите влегоа по разнишаните скали.

Во амбарите на бродовите немаше пченица. Зееја празни и страшни во мракот. Во нив префрлуваа штици, греди, сандаци со шајки и цела ноќ коваа потпирачи, редеа штица до штица, коваа душемиња.

Работеа само ноќе. И тие кои се враќаа во стрништето во џебовите и во ракавите веќе не носеа пченица. Дланките им беа стврднати. Уморни беа и на околу ширеа машка пот. За што ли во тие големи

бродови ќе требаат толку исковани душемиња? Па нели требаше да донесат пченица, топли алишта, ќебиња? Каде е пченицата, се прашуваа. Никој не им кажуваше. Зошто толку многу штици – пак молчење. И тие, кои знаеја зошто се префрлуваат толку многу штици и се коваат душемиња, велеа дека не знаат. И само на непознат јазик едни им велеа – *szybciej*, други - бы*стро*, трети - *mai repede* и не разбираа што им значат тие непознати зборови, ама не прекинуваа, пренесуваа штици, ги редеа, ги ковеа. Тврдо да е душемето им велеа на тие непознати јазици и го816 мереа со чекори ... Готово... Пак штици и шајки. Над долното душеме ковеа уште едно душеме. Не се мереше со метар, туку со чекори. И ова душеме да е широко - им велеа, како тоа под него.

-Szybciej ![10] – шиштеше над нив непознатиот збор...

- Быстро![11]

-Mai repede![12]

И кога по некој ден и тоа душеме беше исковано и проверено дали доволно е цврсто и може тежина да крепи, почнуваше ковењето на третото душеме и потоа четвртото...

Кога зора зазоруваше, престануваше ковењето и како чукање на штица, беше речено:

-Gotowe![13]

-Готовый[14]!

-Gata![15]

-Етоιμо![16] –

---

[10] Szybciej (pol) - побрзо
[11]Быстро(рус) – побрзо
[12] Mai repede( rom) - побрзо
[13] Gotowe(pol) готово
[14] Готовый (рус) - готово
[15] Gata (rom.) готово
[16] Етоιμо (грчки) - готово

Последниот збор и тие пред него ги разбраа - сфатија дека завршија со ковењето. Готово е – нема повеќе ковење... Доста е! Нема повеќе место за нови душемиња. Човекот кој го изрече зборот етимо, со чекори напред и попреку ги измери душемињата и во тефтерот запиша бројки. Етимо - повтори и го снема. Во ушите и во главите им се закова тој збор. Го слушаа на митинзи што се одржуваа сретсело. Го слушаа кога заедно со него се прогласуваа и големи и мали победи на сите боишта, не кажуваа дали имаше изгубени битки, го слушаа кога ги повикуваа да даваат се за победата и тој збор го слушнаа и сега, откако ги исковаа душемињата...

И некои само во себе, се чудеа и се прашуваа – за што е етимо ова душеме и душемето под него и тоа третото и тоа најдолното душеме? Кои се тие луѓе, кои за нив на непознат јазик им зборуваа и проверуваа дали добро ги ковеа штиците и дали доволно е цврсто душемето? И тие имиња на бродовите испишани со големи букви, а не знаеја да ги прочитаат. Некои од буквите личеа на грчките што ги имаа учено во основното селско училиште, ама поголемиот број не им беше познат. Некој рече дека само Митре, кој долго време бил во Америка, сигурно знае да ги прочита.

Митре ковеше во најдолното душеме и од таму го повикаа да дојди горе за да ги прочита буквите испишани на бродовите. Се загледа Митре во буквите и наместо да чита, рече дека со тие букви сигурно е напишано името на бродовите, ама никако не му одеше да го прочита името „*Kościuszko*'', „*Karolina*" и „*Мичурин*''. Се сврти кон луѓето, па рече:

- Многу се измешани, проклетите. Има по некоја буква од грчкото алфавито[17], а другите не ги знам, изгледаат како да се некои странски... Толку од мене. Побарајте некој поучен – рече Митре.

Митре беше шетан, ама не и учен човек. Четири години остави во Америка каде заедно со Срби, Чеси, Полјаци, Грци, Бугари, Руси, Украинци, Кинези и какви ли уште други муцки и јазици, кршеше камен и носејќи го на дрвена количка го истураше таму каде други редеа прагови и врз нив ставаа шини. Таму истопи повеќе пот и сила отколку за целите свои триесет години што остави во нивите, бавчите, лозјето, ливадите и

[17] Алфавито – од грчкиот збор Алфавитарио – буквар.

чувањето и множењето на стоката. Таму научи и туѓи зборови и при седенки во селската меана или муабетите пред црквата, како мониста ги везеше во селскиот говор, а тие, кои не биле подалеку од селскиот синор не можеа да се изначудат на Митревото умно зборување од кое малку и разбирале, а им се чинеше дека од таму, од Америка, тој се врати и многу умен. Митре од Америка не донесе само пари, туку и костими во кои се облекуваше кога одеше в црква, на посети кај роднини и пријатели и на пазар во Костур или Рупишта. Донесе и многу туѓи зборови и кој знае дали за потсмев, за инает или за потценување, дофрлуваше и по некој од тие зборови, кои англиските, француските, германските и други сопственици на фирмите и управниците на градежните делови ги истураа врз работниците, а тие зборови најчесто беа најпогрдно пцуење.

Осум денови траеше ковењето на душемињата во бродските амбари на товарните бродови “Kościuszko” и “Мичурин”. Само во големиот бел брод “Transilvania”, убавиот брод на романскиот крал, не ковеа. Не беше товарен...

Кога завршија со ковењето и во мракот слегоа од бродовите, пред да ги качат во камионите, пред нив застана непознат маж и со тивок, ама строг тон на гласот, им рече:

-Јазикот зад заби – со таква предупреда на усните им ставија сув печат. Рабраа дека не смеат да отворат уста за да кажат што правеа во тие бродови. Ноќе доброволците ги вратија во стрништето.

Ноќ. Темна, маглива, намуртена, кобна. Ноќ на несигурност... Ноќ на не смирени бурни мисли, слични на надојдена матна река, ноќ на фрлање анатеми врз тие кои времето го бележеа со зборови на надеж, но го исполнија и го испоганија со измами и големи ветувања...

Ноќ на пцости...

Ноќ на болка...

Ноќ на клетви..

Ноќ на безнадеж...

Некаде зад планината се сечеше сила. Болсна крива врвца светлина, по неа уште една и стигна силен грмеж. Не еден. Многу грмежи и многу ровји го расечуваа небото кое се отвори и разлеа дожд. Стоеја на отворено. Ја гнетеа калта. Водата се впиваше во веќе валканата земја и од неа испаруваше гнилеж.

Никој никому не велеше збор на утеха.

Утрото дојдоа истите тие кои вчера запишуваа и на собирот ја почнаа приказната на ветувањата. Ги пречекаа закашлани, хркливи, зарипнати, заканувачки, немирни и гневни гласови кои прераснаа во безредна врева која го голтна гласот на говорникот. Се гледаа само мавтањата на неговите раце, а гласот не му се слушаше. Се губеше во таа нестивната врева, во џагорот во кој никој не молчеше и во кој секој ја извикуваше и ја тераше својата болка и мака. Толпата растеше, се собираа и прибираа мажи и жени, се засилуваше, бучеше бурата од гласови, преминуваше во гнев. Гневливо грмеа гласовите, избувливо истураа гнев, бучеа како надојдена матна бура, лудуваа, трештеа, се ширеа пцуења, се закануваа, се ширеше гневот над стрништето, извиците се превиткуваа како што сношти, цела ноќ се превиткуваа крвавите и пламените секавици на црното небо. Гневот, како нескротен пожар ги зафати сите, пламнаа луѓето, избувна и се разлеа зовриениот молк, бучеа гласовите на срцата и душите. Бурата не стивнуваше, толпата растеше и заедно со неа растеше нескротената лутина на измамените и понижените бегалци.

# 11

Дедо Тоде не губеше надеж. И својата надеж сакаше да им ја влее на сите околу него. Им велеше – не очајувајте. Камионите што поминаа не беа за нас. Нашите допрва ќе стигнат. Не си одеше од патот. Стоеше скраја, кратко седнуваше под сенката на сливата, стануваше колку за да исправи нозе и до доцна во ноќта, чекаше. Им велеше на луѓето: - Не очајувајте. Тие камиони што се за нас, отидоа на некое друго место. Таму ќе

ја завршат работата и сигурно ќе дојдат за да не земат нас. Чекаше дедо Тоде и дочека. На стемнување, долга редица од камиони се построи покрај патот. Дедо Тоде, колку што му држеше силата и чекорот се стрча на кај логорот и на сет глас викаше:

-Луѓе, о луѓе, камионите стасаа. Станувајте, собирајте што имате за собирање и дојдете. Луѓе, дојдоа камионите, си одиме, собирајте се, си одиме дома. Дома, луѓе, си одиме, брзајте, побрзајте, таму веќе чекаат камионите!!!

Толпа луѓе се стрча на кај џадето каде со полу згаснати светла и исклучени мотори дремеа камионите. Се повеќе луѓе се собираа совладани од мислата и надежната радост дека дојде долгото и мачно очекувано време за враќање.

-Доста беше! – со глас на прекор велеа старите и упорно ги тераа луѓето да си ги собираат работите.

-Берете партали! – викаше дедо Тоде. Се враќаме. Побрзо, камионите чекаат. Бргу, бргу, луѓе.... Луѓе – викаше - станете, гответе се, дома, дома ќе си одиме. Глејте, таму горе веќе не чекаат камионите, нема да си одиме пешки, туку камиони ќе не однесат дома! Ете, најпосле помислија тие за нас, клетите, тие кои не донесоа до тука. Побрзајте со берењето на работите...

Довикувања, трчаница, живна големото стрниште.

- Назад! Назад! Чекајте! Стојте! – викаше еден висок маж. Беше од раководството.

- Кој да чека? – довикуваше толпата.

-Па нели за нас стигнаа камионите?

-Зошто да чекаме? Зарем малку чекавме?

-Луѓе, одиме, за нас дојдоа камионите...

-Ај бре, луѓе полека, не се туркајте. За сите ќе има место. Никој нема да остане. За сите ќе има место, само полека, без туркање, полека.

- Пази бре, чупето ми го турна. Што туку се пикаш и се пикаш. Нели е речено дека сите ќе не земат, дека никого нема да остават?

-Господе, сполај ти за тоа што ги ислуша моите молитви. Нека ти е слава таму во високото оти од таму не виде нас и нашите маки... – се крстеше баба Петра. – И продолжи, Господе Боже од таму да не гледаш и да не чуваш и не давај повеќе пак да сме вака... Сполај ти Боже Господе и чувај не...– дробеше баба Петра, собирајќи ги валканите партали...

-Луѓе! Луѓе! – викаше некој од задните купови – направете место за да поминам. Болна жена имам, сторете пат, сторете пат...

-Што се туркаш бре ти, зарем очи немаш та не гледаш дека сите сакаат да се качат... Тфу, ама не разбран народ!...

-Еј ти, си ја заборави чергата!- довикна некој.

-Ако, дома имам подобра. Нека остане. На некој сиромав ќе му затреба...

-И капата бре си ја заборавил...

-Нека остане и таа... дома имам четири, ако некој не влегол, па ги здиплил. Одиме, одиме и без черги и без капи..

-Брзај, бре, што туку се влечеш, па само гледаш зад себе?

-А бе гледам да не сум заборавил нешто...

-Нели ви велев јас цело време дека раководството нема да не заборави – пофално и гласно рече Лазо – нели ви велев, дека тој, водачот, не си го заборава народот и ќе продолжи сигурно да не води кон светлата иднина како што постојано ни велеше...

-Како да не, цели денови и ноќи тука киснеме и не само лице, туку дури и грб не му видовме...

-Кон светлата иднина, реков, кон комунизмот ќе не води. Запамети, слепчо низаеден. – Настојуваше Лазо.

-Ти, Лазо, само комунизмот и комунизмот во уста, а не можеш да видиш дека парталави панталони носиш и газот ти е гол. Зарем се уште барем малку не ти сработи умот?

-Нема потреба јас да мислам, има кој да мисли и за мене и за тебе... разбра?

Човекот од раководството ја отвори чантата и од неа извлече голем тефтер. Го отвори, се загледа во толпата и гласно викна:

- Луѓе! О луѓе! Слушајте ме сега. Соберете се по села. Во камионите ќе се качувате откако ќе си го слушнете името на селото... Нема време да прозивам по име и презиме... Ќе ве прозивам по села... и потоа ќе добиете број и ќе се качувате во камионот на кој ќе го видете својот број. Ме чувте и ме разбравте? Тишина и слушајте....

-Како рече? – начули уво и праша дедо Тоде.

-Рече дека како што сме од селото така да се качуваме во камионите...

- Е, нели ви реков?! – не престануваше да зборува дедо Тоде. - Ете, ќе не носат право во селото... дома... нема пеш, туку со камиони...

Кога веќе сите соселани беа собрани во куп, им даваа број со упатство да се качат во камионите на кои беше напишан истиот број. Така луѓето, селата и камионите станаа број.

## 12

Човекот од раководството од чантата го извлече тефтерот и почна да прозива:

-Тие од тоа и тоа село да си ги соберат работите и да се постројат пред камионите.

-Тука се сите?

Прашуваше, броеше и пребројуваше.

– Качувајте се!

Се испразни сртништето.

Камионите возеа ноќе и сите мислеа дека токму така треба. Зошто да гледаат мештаните? Можеби меѓу нив има некој од кого ќе дознаат душманите дека се враќаат? Се радуваа, се поздравуваа, си пожелуваа добрини, се гушкаа. Така е кога се оди дома по долго отсуство. Најпосле, си велеа, помина лошото, се враќаме. Крај на чекањето, крај на маката, на спиење под дожд, во влага и ветришта, во жега, во студенило, валкани, не испрани, крај на долгото чекање... Возењето им влеа надеж, од нивните лица радоста ја избриша сенката на безнадежноста.

Само тој, кој ги прозва и ги водеше и возачот знаеја каде ќе бидат однесени.

Улиците на големиот град по кои полека возеа камионите, тонеа во светлина. Ретки минувачи брзаа некаде. Камионите ја преминаа главната улица, се спуштија по малата удолница и откако намалија брзина, застанаа пред големата железна порта. Двајца во воена облека ги отворија крилата и камионите еден зад друг влегоа во големиот двор. Полека возеа еден зад друг.

-Така е добро - рече дедо Тоде. - Дајте, направете малку место се туркаше во густежот и со двете тупаници удираше на покривот од шоферската кабина и викаше: - А бре што се влечеш?! Забрзај малку. Нагази таму каде што треба за да оди камионот побрзо. Ту, бре, мајката, ако така вози, подобро е да слезам, побрзо пеш ќе стигнам дома.

Киро, со грбот навален до рамото на дедо Тоде, молчи и мисли. Главата му е полна со мисли за дома. Што ќе најде и како ќе најде во оставената куќа? Ако е изгорена одново ќе ја градам, а ако ѕидовите се напукнати, ќе ги зајакнам. Само да се здрави темелите. Како дедо ми ќе сторам. По илинденското востание куќата ја најде изгорена и урната, ама темелите здрави. Врз нив изгради нова и поубава. И јас така ќе сторам...

И продолжи да снови мисли за куќата, стоката, нивите, бавчата, лозјето... и како во дворот одново ќе слуша како ќе блеат јагнињa, како петел ќе најавува време, како... како... сигурно многу работи нема да ги најде, ама ќе ги обнови. Само - го стегнуваше болка – кога си спомнуваше дека веќе многу ги нема... Колку останавме живи? Дали сите ќе се приберeме? – болно се врзуваа мислите, се лепеа прашања до прашања, од стегнатото грло не истечуваше збор, на згрчените образи залепена солза. Реди и нижи најдобри желби во мислите...

-Нагази бре... нагази реков! – одново викна дедо Тоде и ја скина мислата и желбата на Киро. - Па нели ти реков да не се влечеш и не ме терај да слезам и пеш да си одам дома... ме слушна ли или си глув, а?

Киро одново се обидуваше да ги врзи мислите за тоа што ќе прави кога ќе се врати дома...

Згасна радоста и надежта смрзна кога низ широко отворената железна врата камионот влезе во голем двор и застана пред голема грдосија.

Смрзна надежта што им ја имаше исполнето душата со качувањето во камионите дека веќе го фаќаат патот за дома, се одвеа кога го видоа бродот. Ги снема радосните извици – се враќаме дома.

Тие, кои до вчера ветуваа дека ќе стигнат камиони кои ќе ги однесат дома, побрзо од сите други сфатија дека бродот нема да плови по водите што водат за дома. За дома повратниот пат им беа истите тешко проодните патеки, ридови, угорнини и удолници.

Од лево вода. Некој рече: море. Во големата матна и разбуричкана вода се давеше полната месечина. Брановите ја превртуваа и ја искривуваа.

-Слегувајте! – викна истиот глас кој таму во Пегин им рече – качувајте се...– Слегувајте! Стигнавме! -Постројте се... застанете еден до друг – се сети дека пред себе нема војници. - Сега полека еден по еден по овие скали качувајте.

Се редеа пред скалите.

Во бродот здравите се качуваа по стрмните железни скали, држејќи се за страничните дебели ортоми. Изнемоштените, болните и мајките со мали деца и старите - горе со дигалки ги пренесуваа во кошници и мрежи. Висеа над водата додека дигалката ги носеше горе. Со стравот во очите и молкот на усните влегуваа во бродот и зад нив се губеше месечината. Во големиот амбар бледа светлина. Удолу стрмни скали. Цврсто држејќи се за дебелите ортоми во лесното нишање на бродот, кое влеваше страв и несигурност, го губеа чекорот. Жени во бели мантили ги запрашуваа со некаков бел прашок. Некој рече дека тоа е за вошките.

Одот им беше несигурен и стравот голем кога влегуваа во полу замрачената голема одаја. Подот покриен со ќебиња. Во средината долга маса. Од двете страни дрвени клупи. Млади жени, облечени во бели мантили, носеа кошеви и од нив на масата во кошнички редеа леб, па чинии, чаши, бокали полни со некаква кафеава течност, варени компири, месо.

Првпат по бегството од дома гледаа толку многу леб. Во него заковани очите.

Најадени до наситка, фаќа место за почивка и спиење. Дедо Тоде заедно со Киро го фатија крајниот ќош, подалеку од влезот. По долго молчење, тивко, срамежливо прозбори дедо Тоде:

-Знаеш, Киро, кога ме кладоа во тој кош и кога го дигнаа нагоре, та кога се разниша над водата, за малку што... срамота е да кажам, ама јас издржав... некои не издржаа и од страв, знаеш се... тфу, срамота е да речам... А ти, ти, те прашувам, како помина, а?

Киро молчеше, изгубен некаде во длабочината на своите мисли.

Бродските светилки згаснаа. Мрак. Молкот испрекинуван со тешки воздишки. Сомнежот гризе. Каде се? Зошто на брод? Каде ќе ги носат? Да не ги однесат длабоко во морето и таму ќе ги растоварат? Секој се прашуваше во себе се прашуваше и мислеше  на најлошото, а немаше некој да им каже, да им објасни каде ќе ги однесат.

Сонот не им доаѓаше, ама доаѓаа купишта сомнежи. И страв. Во бродскиот полумак беше страшно, а непознатото стануваше уште пострашно. Под себе, во мрачниот амбар, го чувствуваа лесното лулање, некакво тапо тропање под нив и тоа предизвикуваше немир. Тоа лулање и несигурноста им влеваше страв во коските. Легнати еден до друг, се држеа  за раце, плашејќи се да не се претурат на другата страна. Совладани од немирот и несигурноста, гледаа во железниот таван на бродот, каде матно светеа мали светла. Жените тивко, безгласно се молеа. Некаде во средината на амбарот заплачи дете. Некој машки глас гласно застенка, длабоко и болно воздивна, женски сподавен лелек се истури во мракот...

Долг, моќен и тажен рик на бродската сирена. Небаре се збогуваше со пристаништето. Бродот лесно се помрдна, ги разбуричка околу себе матните води и полека се оддели од молот и се нурна во големата морска шир, носејќи ги во својата утроба бегалците кои невидливи од небото и отсечени од земјата, еден до друг стуткани на леглата во мрачните амбари, исплашени и молчаливи, ги поведе на некој ново зготвен и неознат пат...

Се подалеку беше бродот од албанското пристаниште во Драч, носејќи ги во себе неразвиените едра на изгубената верба и надеж. Во бучавата на бродските машини се губеше лелекот и липањето и колнењето на жените, плачот на бебињата и пцостите на мажите. Гласно се слушаа само зборовите на клетвите, гневот и презирот.

Од стрништето во Пегин не ја понесоа надежната мисла дека се враќаат дома.

Сфатија дека по вода нема да ги однесат дома. Беа од ридски и планински села, та затоа нивното чудење беше неизмерно – кога дента, гледајќи ја водата се прашуваа – Господе – од каде ли се собра толку многу вода? Дали ќе не однесат некаде поблиску до дома или среде море ќе не растоварат? Оваа страшна мисла им го поматуваше умот и ги тераше сите заедно да се држат во куп. Во главите им се залепи стравот и во грлата им се сушеше здивот.

По разбуричканите морски води се подалеку ги носеше бродот. Брод и море, иако порано не ги имаа видено, ама во нивното паметење како зборови беа незаборавни и долго остануваа тажните денови кога некои од селото на печалба испраќаа мажи и синови. Се велеше – заминаа со пампур-брод по големи води. Тогаш, по тажното збогување што поминуваше во плач и лелек, враќајќи се во веќе полупразните куќи и занемените одаи ја колнеа печалбата и туѓината, па дури и со песна. Сега ги колнат тие, кои ги однесоа од дома и ги пикнаа во овие темни бродски амбари. Тие, кои им беа на печалба не им ја имаа одземено надежта дека еден ден ќе се вратат. За нив секогаш вратите беа отворени. Беа чекани. Беа сонувани.

Стуткани во амбарите на бродот, мислеа дали таму, дома, ќе има ли некој, кој ќе ги чека, кој ќе ги сонува и кој ќе го проколнува овој брод што ги носи во непознато? Сега кој нив ќе ги чека? Ќе има ли некој да им каже дека брзо ќе се вратат и дека некој дома ги чека?...

Бродот ја сечеше водата и се подалеку ги носеше од брегот. На патот кон непознатото од тесните прозорчиња покриени со дебела церада одвај-одвај се цедеше бледа светлина од која изброија дванаесет зајдисонца кои потонуваа во големите води и зад густите студени морски магли. Така во темните амбари на бродот го мереа времето што им поминуваше во несоница и неспокојство, во клетви, колнења, солзи, пцости, гнев и злоба...

А таму, на стрништето, скраја од Пегин, оставени рогозини, черги, скршени чинии, искинати пелени, заборавени ѓумчиња, лажици и виљушки и многу, многу клетви и солзи. Се испразни, запусти стрништето. Во најблиските куќи во Пегин не се слушаше плачење на бебињата кои некои албански мајки ги прибраа на топло и дохрана. Си ги зедоа мајките.

Ветерот ги вееше, ги растураше и ги расфрлуваше по стрништето заборавените партали. Ноќта и денот здивнаа од големата болештина на бегалците. Молк. Немаше викања, довикувања. Завладеа тишина по големата врева, плачот, лелекот, колнежот, пцостите. Од стрништето ноќе ги снема бегалците, кои веќе на долгиот пат во непознатото ги придружуваше само големата и не смирена болештина за изгубеното и нескротената желба за поврат дома...

А мештаните на Пегин се чудеа и се прашуваа: каде се луѓето? Што се сторија?

Молк...

Тие кои знаеја, ставаа прст на усни.

-Сут!!!

-Не е време за прашување.

- Сут!!!...

-Прстот на усните и умот во главата.

-Така е подобро – очи не видоа, уши не слушнаа, усти не прозборија - велеа во Пегин оние поумните и си ја тераа делничната работа...

Малку по настрана, поблизу до шумичката, во најдолниот дел на стрништето засекогаш останаа умрените, кои ги закопуваа ноќе, во ниедно време. Некои умираа од истоштеност, од старост, од болест. И цицалчиња, родени по правливите патишта на бегството, од границата до Пегин и во сувото и честопати влажно стрниште, лежеа измешани со старите. Завиткани во стари, излитени черги, а најмногу во мувлосани ќебиња останати од грчко-италијанската војна, ги закопуваа во плитко ископаните гробови. Жителите на Пегин не даваа туѓоземци и тоа каури да лежат близу правоверните. Крстовите - две врзани прачки. Силните ветришта што дуваа од кај морето ги корнеа и ги растураа по удолништата.

На заминување никој од важните луѓе не изброја колку имаше мали и големи купчиња свежа земја. Во тефтерите на тие важни луѓе не остана запис кој за секогаш остана во шумичката скраја од веќе запустеното стрниште. Никој во тефтер не им запиша име и презиме. Останаа таму без белег освен едно мало купче на кое силниот ветер го нишаше малиот крст врзан од две суви прачки. Само тој крст над малото купче свежа земја.

Таму, во разретчената шумичка мали беа гробиштата, ама голема и неизмерна беше болката на тие, кои таму за севезден оставија дел од своето срце и страдалната душа... Остана таму и малечката душичка што цело време под мишката на мајката беше носена во лулката. Остана и лулката до неа. Празна. Живнува кога подувнува посилен ветер и се чини дека во мракот одзвучува молежлив глас:

-Ај, лули, лули, лули, лули... нани ми, нани, голем јунак да станеш... Ај лули, лули, нани ми, нани, голем јунак да станеш...

А утрото кога во далечната сива замагленост изгреваше сонцето, над стрништето долетаа јата гаврани. Долго кружеа црните кругови и кога слетаа од никого не вознемирувани, до квечерина, до првиот мрак, го колваа чемерот на витосаните...

Пожолтените лисја се ронеа над празните шатори и земјанки. Утрата и ноќите студени. Влажно и тажно.... Од кај морето дуваше ветер со мирис на сол. Јата гаврани, со силно грачење прелетуваа над стрништето.

А горе, на ритчето, седнат на свитканиот опаш, до бела зора болно и тажно виеше и завиваше заборавениот Шарко...

Пловеше бродот и за сите во него дење немаше сонце, ноќе немаше месечина и ѕвезди, а тие кои успеваа да погледнат низ тесното прозорче или за миг да излезат на палубата, гледаа само облаци, дебели, тешки, црни кои и дење над морето постелуваа мрак.

Пловеше бродот...

На кој и на чиј брег ќе ги растовари?

# ВТ0Р ДЕЛ

## 1

Доцна ноќе бродот со мала брзина се врза за брегот на пристаништето.  Големи светла го осветлуваа бреот и околните згради. Во внатрешноста на бродот, наситеместа се светнаа големи сијалици. Светлина –

голем и јасна. Патниците ги будат и одново на глава, под кошула, панталони – белиот прашак. По истите скали еден зад друг со бовчите, вреќите, дисагите и торбите на грб и под мишка. Старите и жените со деца, во истите мрежи ги спуштаат на земја. Не стојат, не чекаат. На само неколку чекори чекаат веќе поставените железнички долги вагони. Во нив ги тераат да влезат и кога сите таму се прибраа и се раседнаа по клупите во купеата, жени во бели мантили, во кошеви разнесуваат леб со путер и џем, топло млеко и чај. Појадок, што дпсега го нмаа.

Свиреж. Под нив седиштата или земјата мрдна? Тресок,  згрчен удар на вагоните, долг свиреж на локомотивата и возотргна. Прво тивко отчукуваа тркалата на спојнците на шините, а потоа се посилни и побрзи. Ниту  отчукувњата, ниту свирежот на локомотивата на возбудените и изненаени патници не им кажуваше каде  ги води.

Мара навалена до рамото на Митре дреме, ама сон не ја совладува. Под неа непрестајно чукање. Повремено отвора очи и гледа само рамница, недогледна и лево и десно шума, понекогаш се отвора просторот и до негодлед се простира рамница и тоа непрекинато чукање : еднаш так, двапати так-так и така цело време, понекогаш побрзо, понемогаш полека, пополека, свиреж и одново низ шумите и рамницата брзо  пред прозорците поминуваат столбови,  ниски куќи. Чука под неа и е прашува во духот дли ќе има ли крај на тоа чукање, на тие шуми, на тие големи зелени рамници? Ниту рид, ниту тумба, само рамница и шума и зеленило и тоа непрестано чукање.

Далеку пребледе  небото. Полека го снемуваше мракот. Бледата светлина стануваше се појасна. Меѓу ретките шумски празнини болснуваше сонцето. Светлината ииспрекинато и удираше право во очите.  Ден, прв ден на земјата што се губи под неа  и тоа чукање тук-тук, туку-тук... и долг свитеж.

Бегалците, истоштени од дванаесет дневното пловење, претрпениот страв од големите морски бранови, а најмногу измачувани од ројот прашања за тоа каде ги носат и по целото ноќното патување со воз, ги сместија

во големата банска зграда, во гратчето Мјенѕигуже, во Долна Шлезија, Југо-Западна Полска. Гратчето, во кое порано живееле со години Германци, беше познато банско и климатско лекувалиште и еден од многубројните летни и зимски туристички центри. За време на војната не настрада. По тука не помина бранот на Црвената Армија. Германците, во духот на договорот во Јалта, до еден беа иселени. Куќите, пансионатите, хотелите, многубројните меани, пивници и кафеани – празни.

Сместени во испразнетите куќи и хотели, се чудеа што водата течеше од цевки, од една студена од другата топла, се чудеа што и со притиснување на едно копче на таванот се запалуваше стаклена топка, која најчесто им личеше на крушка, па старите велеа, угасни ја крушката и ја гаснеа плашејќи се од копчето. Се што ги опкружуваше беше за нив досега невидено, се чудеа на големите и широки кревети послани со бела постелнина, и на печките ѕидани од плочки во кои гореше јаглен, а не дрва и на чудните железни ребра од кои зрачеше пријатна топлина. Се беше чудно...

Се гледаа во големите огледала и се прашуваа дали се тие. Тука седум дена ги мачкаа и ги премачкуваа со разни масти и кремови, ги хранеа петпаи на ден и ги тераа да пијат кисела вода од шишиња што во дрвени сандачиња беа поставени на секој агол. Седум дена траеше тоа чудење и вчудовидување. Седум дена лежење, јадење, пиење и неработење. Седум дена исполнети со мислите дека наскоро ќе се вратат и никој не им кажуваше како и кога.

Осмиот ден ги тргнаа од сламените легла и од валканите покривачи. Мажите на бричење и стрижење, а жените и децата во големи кади – на бањање. После нив и мажите. Срамежливо ја соблекуваа валканата облека. Од нивните тела, до црвенило триени со четки и сапун, тешко се растопуваше веќе со месеци засушената нечистотија. Измиени и исчистени ја облекуваа својата селска облека што цели денови и вечери во големи каци беше чистена од вошки и гниди. Наредниот ден - лекарски преглед.

-Boli głowa?- прашуваше лекарот.

-Не боли глава...

-Boli gardło?

-Не боли грло...

-Boli ząb?

-Боли заб...

-Bolą uszy?

-Не болат уши...

И така од прашање до прашање се разбираа и се чудеа што јазиците им беа многу блиски.

И нахранети, исчистени, истрижени и избричени, во тие рано - есенски денови што течеа ден врнежливи, магливи, и влажни, а ден топли – се уште траеше циганското лето – исполнети со мислите дека наскоро ќе се вратат, чекаа да дојди некој и да им каже кога ќе тргнат на повратен пат.

Дедо Наќе се оддели од купот мажи и повика еден од помладите.

- Дојди, синко, да те прашам. Кажи ми далеку ли сме од дома?

-Далеку, дедо... многу далеку... така велат...

-Аха, значи пеш, не се оди... Штета, голема штета, синко, што е толку далеку... А колку далеку е, знаеш ли?

Не одговори. И кај него траеше недолетаниот лет на мечтата...

По карантинот ги распоредија по околните куќи со подрум, приземје и кат, со многу празни одаи, со вода и струја, ширни дворови во кои растеа разновидни овошки, многу зеленило, цвеќе и од страна - тремови за стоката. Наоколу расфрлени разни машини што првпат ги гледаа и се чудеа... Исчистени од вошките и нечистотијата, нахранети до наситка, првпат легнуваа во кревети послани со бели чаршави и чисти ќебиња кои не мирисаа на мувла и гнилотија. Имаа мирис на сапун во кој се чувствуваше миризбата на трендафил и багрем… Првпат под себе, по толку време поминато покрај патиштата каде чекаа да не помине непријателот на Вичо и на стрништето во Пегин и во други собиралишта, не ја чувствуваа под себе тврдината на испечената земја или влагата која по бурните и долги дождови што се впиваше во нивните коски, студенилото што ноќе им ги смрзнуваше телата и тврдите штици на бродското душеме. На меката бела перница им се врати сонот, душевниот мир и надежта. Веќе не ги будеа долгите митралески рафали, бучавата на авионите, глетките на ранетите и осакатените, веќе не ги слушаа секојдневните ветувања и барањата да даваат за борбата за која ги дадоа децата, куќите, имотите и дали беше доста?... Тие први денови од престојот во Мјенѕигуже првпат шетаа без страв, првпат над нив небото го гледаа чисто, првпат не беа повикувани и терани да копаат ровови и да носат долги трупци и камења за бункери. Тука во Мјенѕигуже првпат заспиваа со мирен сон и без страв. Тука ја живееја мирнотијата, питомината и зеленилото на полето и на околните ниски ритчиња, ама денот го поминуваа со мислите свртени кон дома која е таму далеку, далеку зад морето, од местото од каде ги донесе и ги растовари бродот, а возот ги довлече тука. Времето полека им ги смируваше болките, ама длабоко во душите болеше загубениот маж, ќерка, син, роднина. Деновите и ноќите им беа полни со таа болка што највидливо ја бележеше црната шамија и црното крпче на јаката. Изгледаа мирни, чиниш душите им беа посмирени од вчера, ама на таа нескротена тага, на тој чемер што разјадуваше душа и на таа нескротена болка не можеа да им стават крај. Таа тежина ја носеа и никој не беше во состојба да им даде или да им понуди некакво друго олеснување; ги правеше молчаливи, огорчени, очајни, безутешни и во тоа траеја...

Беа на возраст од неколку недели до 60-70, а некои на грб носеа и повеќе. Имаше по некој, главно од машките, кој можеше да се пофали дека има завршено четиригодишно основно грчко образование, а

остатокот, најмногу жените, беа неписмени и не знаеја ниту збор од грчкиот јазик, за разлика од мажите кои имаа служено во грчката војска или за зборување на мајчиниот јазик и за лево расположение имаа отслужено казни во затворите или во островските логори. Таму го учеа, ама не го совладаа грчкиот јазик во кој честопати вмешуваа македонски зборови. Така кај нив беше создадена една јазична мешавина во која свој дел имаа и маџирите со својот јазик кој Атињаните не го разбираа. Оттука и многу недоразбирања меѓу тие, кои честопати завршуваа со крвни тепачки во градските служби, кафеаните и крчмите. Маџирите како нашите незнамитес беа секогаш предмет на најсмешни и најпогрдни шеги и понижувања. Секогаш ги викаа понтии што значи дека порано биле жители на јужните брегови на Црното Море, па од понтии ги прекрстиле во пондиќа, значи глувци, па штом така се викаат, значи дека таму живееле во дупки, како глувците. Со времето маџирите станаа мнозинство во некои делови на земјата и беа единствениот набој посебно во полицијата и специјалните служби, а во времето на граѓанската војна голем број од нив беа команданти на поголеми единици, а политбирото и централниот комитет на КПГ беше најголемата збирштина од маџири, едно фанатизирано комунистичко јадро, кое до влегувањето во врвот на грчкото комунистичко движење, беа гола сиромаштија во грчките предградија, мнозинството пристанишни работници и токму тие го донесоа од Русија поимот пролетер и посветеноста на комунистичката идеа. И не само тоа. Туку и затоа што поголемиот дел од таа гола сиромаштија беше населена во Егејска Македонија, само затоа што постојано со своето однесување ја поганеа оваа света земја наречена Македонија, самите се нарекоа Македонци или така им рекоа тие од Атина - да се викаат Македонци и единствени наследници на Александар Македонски. За чудо, во никое нивно семејство со тоа име не беше крстено ниту едно машко или жеско дете. Тоа име го одбегнуваа, ама не објаснуваа зошто. Сигурно имаше причина.

Во Мјенѕигуже еден ден донесоа десетина такви. Се држеа отмено. Не се мешаа со Македонците и ако некои беа познаници - од селата што им беа блиску, се сретнуваа на пазарите во Костур и Рупишта. Таму првите години беа тивки, исплашени, очите им беа полни молби и желудниците празни. Ја добија најдобрата, најбогатата земја што пред нив ја држеле Турците. Ама освен тутун, пченка и тикви ништо друго не знаеја да

садат. Грчкиот слабо го разбираа, македонскиот почнаа да го учат. Сега некако, наситени, се држеа настрана. Одбегнуваа да се дружат со некогаш своите први комшии, се држеа настрана, отмено и многу се колнеа во партијата и нејзиниот водач кој беше од нивен род. Тој им беше и бог и стап. И надеж и ум. Набрзо, се преселија во градовите. Велеа – ние не се боревме за да работиме. Се ослободија и од децата. Први, без жалење, ги дадоа во домовите, тврдејќи дека таму им е местото за учење, нека се грижи партијата, велеа.

Во меѓувреме одговорниот за целата акција на прифаќање на бегалците, до надлежните во Варшава, го испрати следниот извештај:

*,, Во Мјенѕигуже за сите беше подготвено бањање, долна и горна облека, чевли. Лекарска екипа, санитари и медицински сестри од 6 наутро до 6 часот навечер ги бањаа бегалците, ги стрижеа, облекуваа и ги сместуваа по домовите. Лекарскиот преглед првиот ден беше површен, а вториот ден лекарите почнаа да ги прегледуваат сите по домовите каде што веќе беа сместени. Тешко болни немаше, имаше краста и пролив. Меѓу пристигнатите имаше новороденчиња родени пред некој ден и стогодишни старци и старици. Сите, без исклучок, беа во скинати партали, наместо чевли имаа стари гумени чизми врзани со врвци или скинати опинци. Жените ги имаа покриено главите и половината од лицата со црни шамии, така што не се гледаше дали се стари или млади. Многу од нив телата ги имаа стегнато со ортоми и беше тешко да се ослободат од тоа. Општо земено, желно ги соблекуваа парталите и со задоволство се бањаа, но имаше неколку, пред се жени, кои не сакаа да се соблечат голи, тврдејќи дека никогаш голи не се бањале. По бањањето тие луѓе не можеа да се препознаат. Тогаш се покажа дека има доста млади и во средни години. Сите тие се многу разорени и предвреме остарени. Се држеа достоинствено, не се жалеа, се трудеа да се насмевнуваат кога забележуваа возбуда на лицата на луѓето што ги прифаќаа. Со доверба и благодарност си дозволуваа да прават се што им велеше лекарот или медицинската сестра. Тие изразуваа голема радост поради тоа што се најдоа во словенска земја и подвлекуваа дека како Македонци дојдоа кај браќата Словени за да останат толку долго додека да победи Демократската армија и Грција да биде слободна, и тогаш ќе*

*се вратат во татковината. Карактеристично е тоа што грижливо ги кријат клучевите од куќите оставени во Грција и грчевито ги стегаат за да не ги изгубат кога се соблекуваат. За создавање атмосфера на доверба и пријателство придонесе младината која веќе една година се наоѓа во Полска, а освен тоа целиот полски персонал работеше со самопрегор и пожртвувано, паѓаа од замор, но не бараа да бидат сменети.*

*На состанокот што се одржа со грчкиот актив вториот ден по нивното пристигнување се расправаше за прашањата на организацијата на живеењето и беше решено полскиот совет на Центарот целата работа постепено да му ја довери на грчкиот актив.”*[18]

[18] Копија од извештајот во арх,. збирка на авторот.

# 2

Беше одлука на Политбирото на ЦК на КПГ со седиште во Букурешт сите бегалци да се распоредат на разни работни места. И така во сите државни стопанства каде беа населени бегалците, челници беа поранешните активисти од најнискиот партиски кадар, кои и во текот на војната висеа на ниски гранки, собрани околу штабовите, магазините, кујните, фурните, работилниците за поправка чевли и чизми. Тоа беше време и на тие, кои на народните селски одбори по препорака и силна поддршка беа избирани за претседатели на селските народни одбори. И токму тие беа народната власт. Во основа полуписмени селани, ама послушни и невообичаено лакоми и само со збор во првите борбени редови. Нив, сега во туѓото, ги имаше секаде. И тука, во земјоделските стопанства, тие одлучуваа кој може да оди на работа во фабриките, па дури и одлучуваа кој може да се пресели во градот. Беа десната рака на партискиот комитет. Некои, иако некадарни, успеаја да се вгнездат во детските домови, некои како учители, други како воспитувачи, трети како чувари. Времето беше нивно. Со писмени (најчесто) или устено пренесени укажувања (најупотребуваниот збор беше – инструкција или директива) што со курири или најчесто по радиоврска стигнуваа во партискиот комитет од високото

раководство, удобно сместено во Букурешт и без почитување на законите на гостинската земја, тие беа локална, извршна и казнена власт. Вообичаено ги викаа – другарите од комитетот. Тие, по свое видување и оценка уште првите денови по пристигнувањето на одлуката од највисокото партиско раководство одлучуваа кој во кое земјоделско стопанство ќе оди и дали ќе му биде дозволено по свое видување да се пресели на друго место, а подоцна, во паланките и градовите, кој на која улица и на кој кат ќе живее, во која фабрика ќе работи, да учи некој занает или да се запише на подготвителни курсеви за потоа да продолжи со учењето на некој универзитет, држеа списоци за тоа кој, колку заработува и на јавни собири кажуваа кој колку фатил или не фатил работна норма, за што следеше пофалба или јавно осрамотување и понижување што се сметаше за лесна казна... За тие, кои беа членови на партијата, најтешка казна беше – терање од партијата, а тоа зад себе повлекуваше исклучување од колективот, без можност казнетиот да се дружи со пријателите, па дури и да се гледа со роднини. Осуден на осаменост. Исклучувањето од партијата беше како црковната анатема. Беше најтешка казна, не слична, туку иста како црковната анатема која беше отфрлање од христијанството – чиниш со таквиот чин и едните и другите најстрого ја уништуваа душата, умот, телото и духот. Таквата казна врз чувствата на напатениот паѓаше како неподнослива тежина која водеше кон морално растројство со тешки последици за здравјето. За исклучениот целиот отворен свет веќе стануваше празен, пуст, затворен. Исклучените и анатемисаните бегаа од средината на сонародниците. Ја напуштаа ноќе. Се преселуваа во најблиските гратчиња, а некои дури и подалеку, во големите градови, каде наоѓаа сместување и иако тешко се снаоѓаа, туѓи во туѓата мачно совладлива средина, но ослободени од стравот, свиваа нови гнезда. Делничниот леб го заработуваа најчесто вработени како општи работници. Не прифаќаа веќе некои од комитетот (тие им ја наоѓаа трагата) да им загледува во џебот. Сметките веќе си ги правеа сами. Во новите средини, меѓу Полјаците и со Полјаците се чувствуваа вистински слободни, безбедни и на сигурно.

Целта на таквото однесување беше да се создаде затворен круг во кој треба да бидат сместени сите бегалци. Тие не смеат себе си да си припаѓаат. Не смеат да имаат свое мислење за разлика од тоа што им го имаше наметнато партијата во текот на војната преку своите активисти. Така впрегнати во јаремот на

принудната послушност и постојано зацврстувана зависност, во нивните души војната се уште траеше, таа не заврши, таа траеше во нивните мисли, во надежното чекање да се вратат во своите огништа. Престанаа да веруваат во ветувањата и во таа уште една голема измама дека не се поразени, туку само пушките се ставени до нога. Така велеше партијата и продолжи да ги убедува дека и тука, во земјоделските стопанства секогаш треба да се готови за идните борби, а престојот е само привремен и ќе трае се дотогаш, до кога не се создадат услови за враќање. А времето си течеше, се одолжуваше и крајот не му се гледаше.

Никој од бегалците не откажа работа.

Партиските челници им велеа:

-Другари и другарки во гостољубива Полска денес сите се впрегнати да го градат социјализмот. И ние треба да се вклучиме во тој напор за да им помогнеме на Пољаците што побрзо заедно со нас да го изградат социјализмот, а потоа и комунизмот.

Така беше и сите работеа како земјоделци. Работата на нива која таму во своето место им беше во крвта, тоа беше работа наследена од прадедовците и пренесувана на новите колена.

Металскиот звук од удирањето на парче од шина ја одредуваше саатницата за будење, појадок, одење на работа, ручање, вечерање и спиење. По тој звук го тераа и го влечеа денот во PGR – пегеерот, државното земјоделско стопанство, кое тие од комитетот во Згожелец го нарекоа колхоз, што кога Пољаците го слушаа тој збор, крвта им удираше в глава. На другарите од грчкиот партиски комитет им објаснуваа дека во Полска нема колхози, ама тие упорно настојуваа да тврдат дека другарите и другарките политички бегалци работат во колхози.

Така беше решено и одобрено. И од тогаш и во наредните денови, месеци и години, грчкиот актив не можеше ништо да прави против македонските бегалци без македонските послушници. Тие во партиската машина беа најтврдите и најострите запци.

Така беше и пред години во нивната татковина...

А бидејќи сите беа селани и добро знаеја што е селска работа и селски пот, наскоро стигна партиска директива сите да бидат распоредени по тие големи земјоделски стопанства, во кои немаше кој да работи, а тие селани беа најдобри за селска работа. Од село в село. Но различно. Таму најчесто ридско, планинско, а тука рамно како дланката, ветровито, многу влажно, магливо, изорано со машина, а не со впрегнати волови или коњ. Сите на работа во нивите кои се викаа државни земјоделски стопанства. Со работа в село да се помогне во изградбата на социјализмот, а потоа и на комунизмот. Така на вечерните собири мелеше партиската машина во која најгласни беа остатоците од поранешните македонски кадри.

И пак, по села, како што беа распоредени за влегување во бродовите или во возовите, ги распоредија по Państwowe Gospodarstwa Rolne, значи по Државните Земјоделски Стопанства, кои луѓето од партискиот комитет ги нарекоа колхози за што, кога Полјаците го слушаа овој збор, се муртеа и грдо пцуеја под нос.

Во текот на краткиот одмор, Мара избриша пот и рече:

-Е-е-е- сега во нашето место го беревме грозјето. Сега во нашето лозје на страк се суши грозјето, во нашиот овоштарник на земја гние јаболкото... Тука до колена во кал ги береме овие проклети компири и морковот. Што ќе им се толку многу компири. А таму, кај нас токму ова време го беревме лозјето. Кошниците со грозје до горе полни. При носење - на секој намерник - по грозд. Како да беше празник. И песни се пееја и шеги се раскажуваа. Денот сончев, топол, небото сино и ведро... Рацете ни имаа мирис на грозје. Бербата ни беше радост, а не умор. Да си бевме дома, сега ќе си го беревме грозјето, утредента ќе го стапневме и ќе го сместувавме во чистите бочви. Сега таму ќе ни вриеше виното...

Дождливи, влажни, магливи и студени денови носеше есента.. Обуени во гумени чизми, од шест утрото до шест попладне со прекин за ручек, сите мажи и жени способни за работа беа распоредени по нивите. Во вреќи и кошеви собираа компири, морков, репка и ги истураа во тракторските приколки и коњски запрежни коли. Секому му беше одредена количина на вреќи или кошници да наполни, наречена норма, со натпревар кој повеќе ќе собере. Целата работа ја надгледуваше другарот од комитетот, кој одеше од група до група жени и мажи, во отворениот тефтер ги запишуваше куповите, кошевите, вреќите, имињата и сработената или надминатата норма. По вечерата, пред целиот собир, за едни со зборови на пофалба за надмината, за други со зборови на осрамотување за не дофатена норма, завршуваше работниот ден. И пофалените и осрамотените одеа на ноќна почивка огорчени и никого и ништо не мразеа и не колнеа толку многу, колку што го колнеа и пцуеја другарот од комитетот...

Работеа на овие големи ниви, а за извршената работа, плата не добиваа. Со презиме и име беа на список во кој беше внесена надницата и колку фатиле од дневната норма. Тие кои знаеја малку писмо, на платниот список се потпишуваа со цело име или презиме, а тие кои беа неписмени, а таквите беа најмногу, ставаа крст на местото што му го покажуваше другарот од комитетот. Тетратката со потписите и крстовите ја враќаше во кожната чанта, а од картонската кутија ваѓаше пакетчиња и, подавајќи им ги, со тон на високо признание, велеше:

-Ова ви е подарок од народната власт... и од партијата...

Се хранеа од заедничкиот казан. Секогаш во исто време.

Сите се преправаа дека беа задоволни, ама не само затоа што појадокот, ручекот и вечера им беа без пари, туку и затоа што секој ден кај нив се создаваше уверување дека некој за нив се грижи, мисли да им го олесни животот, па нека е и со секогаш полната чинија манџа од компир и со тоа пакетче подарено од народната власт и грижливата партија.

Послушни, молчаливи, задоволни...

Во меѓуверме протече краткотрајното топло циганско лето. Од кај северот се спуштаа црни облаци и носеа студени ветришта. Од дивите костени, што ги немаше во нивните краишта, се ронеа дивите костени и лисјето со боја на злато, постелуваа шумлива златна постела.

-Есен, луѓе, доаѓа - рече дедо Тоде, покажувајќи на замагленото и намуртено небо.

Дожд. Магла. Влага. Студен северен ветер. Небото огрдено од црни облаци. Големи, широки ниви. Долги леи. А во нив – се уште ваму многу компир, таму репка, морков, онаму зелка...

А, тие, така, како што беше наредено и под дожд, и на ветер и магла, тука, во државните стопанства, веќе цела година ги вршеа сите земјоделски работи, со тоа што не ораа со рала влечени од волови, коњи или магариња, не сееја црпејќи со рака зрна од торбата обесена на рамо. Широки и долги бразди отвораа машините во големите и некаде недогледни полиња. А тие, селаните костурски и лерински, одеа зад машините и собираа компири, шеќерна репка, моркови, зелка. Едни собираа во купови на гола земја, други полнеа вреќи, трети ги товареа на тракторските приколки и на коњските запрежни коли. Така по цели денови, со краток прекин за ручек донесен во канти, беа новите селани во долгата, дождлива, маглива, влажна, студена полска есен. Работеа на норма. Од поле се враќаа пред заодот. Право во мензата каде на долгата маса ги чекаше вечерата донесена од заедничкиот казан. Пред да почнат со јадење, одговорниот за групата, вообичаено некој поранешен партизански комесар, по име и презиме читаше кој колку сработи и колку фати од одредената норма. А нормата кажуваше кој колку купови компир, морков, репка собра, кој колку вреќи наполни, кој колку товари во приколката. Трудот, потта и маката не се сметаше. И таа, де, нормата, едни пофалуваше, други посрамотуваше и наредниот ден пофалените и посрамотените си ги наоѓаа имињата испишани на големата табла закована на вратата од трпезаријата. Тоа беше за едните награда, за другите казна...

-Ете, на пример Трајковски. Секогаш е под нормата. Не знам што му е. Ако си болен, кажи, ќе те носиме на лекар...

- Јас не се жалам. Само си мислам вака со мојот селски ум. Цел ден собираме купишта компири, морков, репка... на приколка и во магазините. Доаѓаат камиони и се однесуваат... Ништо не останува тука. Не ми е јасно каде се носи? Таму во нашето место јас снопот го носев во моето гумно, со коњи или волови вршев, значи го истресував зрното и го носев во мојот амбар. И брашното ми остануваше дома. И млекото, и сирењето и маста и урдата во моите каци. Тука собирам, пренесувам, товарам и не знам тоа богатство каде оди. Прости, ама сакам да знам...

- Оди во градовите, за работничката класа, разбираш? За пролетерите...

- Да разбирам, разбирам и штом е така, тогаш морам да разбирам. Ама не разбирам и нешто друго. Пред недела дена бев во болница каде ми го извадија слепото црево. До поаѓањето на возот имаше едно три часа време. Тргнав по некои улици во градот и што видов? Долги редици од жени и мажи со торби и кошници. Стоеја тие наредени пред продавниците. Некако се разбрав со еден кој ми рече вака:

-Стигнаа компири и брашно... - Слушнав и не поверував. Зарем ред да чекаат за да купат компири, кога ние секој ден собираме купишта компири? Ние тука во мензата компирот варен или пржен не го дојадуваме. Многу ни е. А таму, во градот, чекаат во редица за компир. Чудно ми е... и тоа што во соседното земјоделско стопанство каде работат само Полјаци, мораат во ред да чекаат за да купат компир, леб, брашно, шеќер, па и кибрит...

Киро се чудеше и не најде некој да му објасни зошто во градовите и во соседното стопанство стојат луѓето пред продавниците и со часови чекаат да го купат можеби токму овој компир што го собира Киро без да ја фати одредената норма. Не му беше јасно и тоа што тука, во мензата на ова земјоделско стопанство

останува толку недојаден леб, компири и многу други манџи кои ги собираа во буриња и некои ги изнесуваа. Се зборуваше дека ги носат таму каде товат свињи...

Во случаен разговор Митре му рече:

-Киро, послушај ме што ќе ти речам. Прво многу да не прашуваш. Второ, помалку да зборуваш, тука тебе државата те храни. Трето тие кои во градовите во редици чекаат да купат храна, тие ја хранат државата, а тука тебе те храни државата... Сега разбра?

-Не ми е многу јасно, ама штом е така, како што велиш, тогаш нека е така... Јас колку што можам ќе собирам компири за пролетерите во градот, ама нема и кичма да свиткам од кревање и носење... Гледај таму, гледај ги жените...

На крајот од нивата, навалени на кошевите и вреќите, куп жени.

Мара го одрами кошот, седна до жените и откако избриша пот од чело, рече:

-Вчера отидов да ја видам црквата. И што? Студена ми е таа нивна црква. Само Ристос или Богородица над олтарот, а пред олтарот долга маса и ништо друго. Голи ѕидовите. Не е како нашата. Ќе влезеш и не си сама. Од тука те гледа Свети Димитрија, од таму Свети Никола, од ваму Свети Илија. Секаде, на секој ѕид до таму горе секаде светци и ангели. Сите во очи те гледаат. Те гледаат и само што не ти зборуваат. Сите те гледаат со добрина во очите, со кроткост и топлина. Тие така, те гледаат, како ти да си најважната и со очите како да ти велат – сите ние сме со тебе, дојди, влези, не се плаши...
И ветерот не е како кај нас. Тука кога ќе дувне, дува како да сака да те соблече, како да сака душа да ти издува. А кај нас – нежно, галежно... Таму, кај нас, жени, кога ветер ќе завее во оџакот – милина да го слушаш, кога тоа сонце ќе засвети  низ прозорчето, кога грмеж ќе ти загрми над глава, кога таа молскавица ќе ти болсне пред очи, кога... ех.. што да ти кажам, и страв, ама и милина, жими вас... а небото? Сино, ведро, ноќе нагиздено со

ѕвезди… А мирисот и вкусот на јаболкото и на сеното тука не е како дома кај нас... Дома кај нас, жени... – не дорече, и снема глас...

# 3

Крајот на октомври нивите ги обели снег, а петнаесетина денови подоцна времето нафрли снег до колена. Ситен како песок, се ронеше низ прсти. Студениот северен ветер сечеше и студено вееше, така што ова студенило за овие луѓе од југот надвор од топлите куќи, беше тешко издржливо.

Наближуваше и денот на големиот празник – Христовото раѓање.

Два дена пред големото чествување во трпезаријата сите маси ги наредија во два реда и од двете страни поставија клупа до клупа. Ги покрија со бели чаршафи и цело попладне ја поставуваа храната што со два камиони ја донесоа од градот. Зад челниот ред од масите, во ќошот, голема борова елка накитена со

многубројни и многу разнобојни топки и топчиња, во кои одблеснуваа ниско обесените сијалици. Меѓу чиниите трепереа пламенчињата на миризивите парафински дебели и високи свеќи.

Сево ова со будно и загрижено око го надгледуше пан Вишњевски, управник на Државното земјоделско стопанство Кунув, кој во сите денови што претходеа на овој ден и вечера, беше совладан од грижата и чувството не само да се плокаже како добар домаќин, туку и да го потврди големото и сесрдно старополско гостоприимство. И не само тоа. Од се срце, длабоко во себе, а најмногу во мислите ја негуваше желбата да приреди свечена вечера за тие, со кои тука, во Кунув, заедно се трудеше и сесрдно ја чувствуваше нивната голема болка.

Бадник.

Празник на семејството...

Свечена вечера со дванаесетте традиционални бадникови полски јадења приредуваше пан Вишњевски за тие кои го изгубија семејството, најблиските, куќите, имотите, татковината... Свечена вечера за тие изгнаници за кои на секој чекор и при секое видување и средба подаваше рака на добрина, имаше топла насмевка и ласкав збор; свечена празнична вечера за големата радост - раѓањето и доаѓањето на Спасителот кој тука, во трпезаријата на Кунув ќе донесе радост и надеж...

Молк. Се слушаше само звукот на лажиците одбиен од чиниите и по некоја гласно откината воздишка. Збиени, еден до друг, во длабока размисла и со поглед вперед некаде далеку, седеа гостите... Со наведнати глави, стегнати во црните шамии и со рацете вкрстени на градите – наредени вдовици во чија црнина е завиена неумирената болка.

Збиени еден до друг, првпат, далеку од дома, празник празнуваат во туѓа земја.

Долга беше масата и ги потсетувае на манастирски ручеци. Чудна им беше масата и храната и елката во ќошот. Тишина. Молк. Замисленост во очите. Погледот заскитан. Збиени на дрвените клупи во молк и тишина се навраќаа дома и заедно со секој голтнат залак од богатата празнична маса, голтаа спомени обременети со тага. Виреа и болеа...

Тишина...

Молк...

Празнична вечера за големата радост – раѓањето на Христос...

Дали во неа ќе стивне болката и ќе има малку надеж?

Полноќ...

Во градот биеја камбаните...

Христос се роди...

За многу години...

Од долгата маса Мара во прегачот собра шепа трошки и на излегување, рече:

- За душите...

Заедничката Бадникова вечера заврши доцна по полноќ. На крајот од долгата маса, близу распалениот камин, седнати спроти себе, со чашките наполнети со вотка, разговараа Коле и пан Вишњевски.

- Многу тажни и длабоко замислени, пан Коле, беа луѓето за време на Бадниковата вечера. Тукуречи ништо не јадеа, не пиеја... Да не беше нешто погрешно сторено од наша страна?

- Господ Бог да чува и да брани! Што се тие зборови, пан Вишњевски? Се беше најдобро сторено. Беше прекрасно. Неочекувано, невидено досега... Луѓето се собраа, се видоа, ама...

- Значи има нешто што не им беше по ќеф? -

-Не е до ќефот, туку, со проштевање, туку до спомените што во овие времиња како жарче тлеат во мислите и во срцата и во душите будат голема болка...

- Што значи тоа?

- Тоа значи дека нешто многу им недостасуваше. Празникот како да не беше празник за нив. За нив, пан Вишњевски, овој празник не донесе радост. Видовте ли радост во нивните очи, видовте ли некаква озареност на нивните лица? Вечерва за нив времето застана. Првпат во животот овој голем празник го чекаат под туѓ покрив и покрај тоа што многу направивте тие наши луѓе да се почувствуваат безбедни, згрижени, смирени, задоволни, благодарни. Бадник не е празник и сите други празници, па и делниците не се делници без домашната софра, која сите домашни и душите на тие кои се отсутни ги собира околу себе. Тие вечерва, мислам, многу болно го доживеаја овој голем празник затоа што скршен им е домашниот круг, а тој круг е семејството кое на ваква вечера целото се собраше околу софрата, која во еден круг, еден до друг, што поблизу околу себе, сложно го собираше целото семејство... Во нашите места, пан Вишњевси, семејството е столбот на постоењето. Сите околу нас правеа така тој столб да го урнат. Го урнаа тој столб, ја урнаа татковината. Затоа сме тука...

Коле засркнато прекина, во каминот фрли шкорче и сврти глава настрана за да не ги види пан Вишњески набабрените солзи. Откако се смири треперењето на згрчените усни, тивко рече:

-Проштевајте, пан Вишњевски, споменот ме возбуди... Да... си спомнав како на Бадник, како вечерва, ние, целото семејство собрани околу софрата, натежната со многу јадења и во средината како пирамида стрчеше попарникот накитен со јатки од ореви, лешници и суво грозје. Во голема чинија мајка ставаше дел од попарникот и според вечниот адет, скришно од нашите очи, од балкон фрлаше во дворот - редум за Господ, за

домаќинот, за децата, за здравје и за среќа на сите домашни, за стоката да се плоди, за да раѓаат нивите бериќет и за новиот ден да носи радости... и додека ги хранеше добрите души и лошите демони, ние, со лажиците в раце, нетрпеливо ја чекавме да се врати и потоа ... потоа почнувавме натпревар кој побрзо ќе стигне до јаболкото што беше поставено на врвот на попарникот... Вечерва, пан Вишњевски и за мене и за нив ја немаше софрата и семејството околу софрата. Ја немаше софрата. Вечерва, пан Вишњевски, ниту една мајка не стана од масата да земе јастие и во дворот да го однесе за да ги нахрани добрите души и духови. Вечерва за нив ја немаше софрата, која на ваков празник околу себе ја собираше слогата и радоста и сите желби за утре и за сите утра што ќе дојдат. Таа, софрата, среде одајата, беше свето место, а во нејзината средина за празници беше и големата бела погача и во неа закачена светеше свеќата. Погачата рамномерно свртена кон сите усти и свеќата рамномерно делеше светлина во очите на сите седнати околу софрата... Софрата, велеа, е место за сплотено семејство, за заедничка молитва и благодарност за лебот, виното и солта што така дарежливо ги дава Бог заедно со семејната смиреност, среќата и одбраната од злите духови... Нашите стари, пан Вишњевски – продолжи Коле - велеа, а тие, пак слушнале од своите најстари, дека софрата била создадена од Бога за да го собира околу себе семејството кое седнато во круг е како една душа. Во кругот, велеа, се собира слогата и дека тој чува од надворешно зло и неред, на секој му обезбедува блискост, топлина и сигурност, во која сите се исти. Пан Вишњевски, нам ни е скршен домашниот, семејниот круг - софрата. Од тој круг недостасуваат многу алки... и затоа вашите гости на денешната свечена Бадникова вечера беа многу тажни... Што да си честитаат? Кој кому што да пожели? Што остана од софрата и од тој стар обичај според кој заедно со храната од балкон во дворот мајките истураа шепи од попарникот кои беа молитви до Бога и желби за здравје, за радост, за род да се роди и за многу бериќет?... Што остана? Што да си честитаат? Кој кому што да пожели? Што остана од софрата и од желбите истурани од балкон? Што остана од софрата и од луѓето околу неа? Што остана од радоста?... Што остана од тој живот?...

Од очите на Коле капна стежната солза и ја разоткри безмерната и не умирена тага... Молк.. Во ушите на двајцата соговорници ѕвонеше тишината, а во срцата и душите – бура...

-Вечерва, пан Вишњевски, во мислите на вашите гости, беа собрани најблиските и нив низ солзите ги гледаа собрани околу семејната, домашната софра... Кај нас Бадниковата вечера, како и кај вас, е празник на семејството. Во свеста на нашиот човек длабоко е вкоренето верувањето дека на овој ден, оваа вечер, сите треба да бидат во своите домови и седнати во круг околу софрата... И е речено – кај да си, за бадник дома да си. Целото семејство да е дома и сите заедно седнати околу софрата со посни јадења будно ја чекаа радосната вест... А вечерва, се додека  седеа крај долгата маса оптоварена со тие ваши полски богати дванаесет јадења, кои за нив беа невидено чудо, тие длабоко во себе, во мислите, срцата и душите, пан Вишњевски, го гледаа семејството што сега им го нема, ја гледаа полната софра, што сега им ја нема... Домот што им го нема, ливадите и планините без кои се чувствуваат како што се чувствуваат орлите без висини. Тие, мој пријателе, пање Вишњевски, во себе за време на вечерата со мислите не беа тука, туку таму, во својата дома... Тоа им недостасува... И уште им недостасува и пламенчето од кандилцето што мижуркаво светеше во ќошевите пред зачадените лица на светците. Тоа разлулано пламенче живо ја одржуваше верата во животот кај нив и кај сите колена што битисуваа во вековите на робувањето... Држава немавме, ама имавме  народ и вера. Знаете, пан Вишњевски, ние тогаш, кога верувавме во туѓите ветувања, тогаш дури и не си замислувавме дека на тој начин станувавме уште поголеми робови.

Коле само за миг прекина, колку за да земе подлабока издишка, па продолжи:

-Им недостасува и црквата за да одат да се помолат за душите на мртвите и за здравје на живите и свеќа да запалат за да има помалку мрак и повеќе светлина и за мртвите и за живите и за  целото семејство што сега им го нема. Разбиено семејство – разбиен народ. Така велеше дедо ми. Кај нас, пан Вишњевски, секое село си има свој светец – чувар – заштитник и тоа свето име го носи селската црква. Денот на Заштитникот е ден на селски празник. На панаѓур. И секоја куќа има свој светец – заштитник и тоа е семеен празник. Тој празник, тој заштитник им недостасува. И уште да ви кажам, дека кај нас, дома, таму, во нашето место, во костурскиот крај, Бадникот го викаме КРАЧУН... Зборот е дојден од прастарите времиња и е сочуван во адетите на нашиот

народ... Тоа е една голема мудрост која означува завршување, значи крај на едно годишно време, во кое денот е краток и ноќта е долга, а тоа ќе рече дека кога настапува денот на празникот што го викаме КРАЧУН ќе има помалку мрак и повеќе светлина. Со КРАЧУН се совпаѓа и раѓањето на Христос... И КРАЧУН и раѓањето на ХРИСТОС го симболизираат доаѓањето на новиот живот и на големите надежи. КРАЧУН го обележува крајот на долгата ноќ, мракот и доаѓањето на долгиот ден, во кој подолго ќе свети сонцето што значи ќе има повеќе светлина. Верувањето во природните појави и во Христијанската вера ги спои луѓето во надежите за нов живот. Колку што знам зборот КРАЧУН наместо БОЖИК се изговара само во костурскиот крај на Македонија, во Романија и Словачка...

Коле прекина. Долго траеше тишината. Молчеше и пан Вишњевски. Молкома се гледаа и си разговараа само со мислите.

Долгиот, ноќен разговор им го прекина студениот здив на зимското пресно утро.
Денот го пречекаа со честитката:
Христос се роди...
Честит Божик...
За Многу Години...

# 4

Се случи Киро да се враќа дома заедно со управникот на земјоделското стопанство, господинот Вишњевски. По пат, пан Вишњевски му понуди на Киро да влезат во задружната крчма.

-Ајде, пан Киро, да одиме на по една. Да се загрееме. Денот е студен и влажен... Што велиш, може?

- Дека може, се може, ама јас, пан Вишњевски, како да речам, јас, знаете, некако не ми е згодно... Веќе трет, ако не е и четврти пат ме честите, а јас ниту еднаш... Не е згодно... Се разбира, на ова студенило, добро е да мавнете по една, ама... Знаете, како да кажам... – срамежливо се оправдуваше Киро. – Сакам да одиме, зошто да не, ама срамота е само вие да плаќате... Таа работа не оди така... не може само на ваша сметка...

- Ајде одиме... Денес и јас и вие добивме плата и добро е да го начнеме трошењето со по една... – настојуваше пан Вишњевски и, фаќајќи го под мишка, го повлече кон крчмата.

- Така е, пан Вишњевски, се разбира дека е добро, ама јас – продолжи Киро да се противи - јас, знаете, како да кажам, не е згодно, велам не е згодно зашто јас немам пари... – последните два зборови како тешка издишка му се откинаа на Киро.

- Како бре, немаш пари? Па нели денес сите добивте плата? Што ги стори парите?

- Плата? Кој ви кажа дека добивме плата?

- Па тој што доаѓа од градот, од вашиот комитет! Нему јас лично му го дадов платниот список  и чантата со парите... Така е со месеци...

- Ние, пан Вишњевски на тој список само се потпишуваме или ставаме крстови. Пари не добиваме, туку пакетчиња со бонбони, по некое слатко, конци, игли, копчиња и некои други дребулии...

- А пари, бре, пари, те прашувам, не ви дава?

- Па ви реков, пан Вишњевски, дека само се потпишуваме и потоа ни дава пакетчиња како подарок од народната власт...

- А пари, бре, те прашувам, велиш дека не ви дава пари?

- Другарот ни вели дека дел од платата оди во заедничкиот казан, нели јадеме сите од еден казан, а другиот дел, оди како помош за затворените комунисти во Грција... Така ни вели...

- И пари, велиш, не ви дава?

- Не...

- А што друго ви вели тој од комитетот?

- Ни вели дека треба да сме задоволни и среќни затоа што сега имаме мир, храна, топла постела и дека сето тоа го имаме благодарение на партијата и на полската народна влада... Така ни вели...

Пан Вишњевски занеме. Молчаливо го фати киро под мишка и влегоа во крчмата од крчмата излегоа доцна. На пат ги сретна Лазо и без поздрав ги праша:

- Каде, бре браќа, така весело терате пат?

- Дома – одговори Киро.

Лазо застана пред нив, се загледа во нивните лица, сомнително мрдна со прст и замоли:

- Јас, другар Вишњевски, сакам искрено и отворено малку да позборувам со вас. Ќе најдете време?

- Зошто да не... Кога сакате?

-Па сега, ако не ви пречи, другар Вишњевски.

-Добро. А како ви беше името?

- Лазо...

-Кажи, пан Лазо.

-Јас, другар Вишњевски, сакам да ве замолам за една многу важна работа. А таа важна работа е, како да кажам, ама без навреда, значи таа работа е да знам колку пари треба да добијам за тоа што работам на нива. Ете, другар Вишњевски, јас тоа сакам да ви го кажам, значи да ве прашам дали треба да имам плата или доволно е тоа, што без пари трипати на ден во заедничката менза јадеме без пари од заедничкиот казан. Слава на Бога, храната е доволна и вкусна, па дури и цела не можам да ја изедам. Не се жалам, слава на Бога сит сум и со леб и со мир. Мирно спијам, лошо не сонувам - лажеше Лазо - ама буден кога сум, тогаш во себе си велам - добро, бре човече, знаеш ли ти дека во соседното земјоделско стопанство Пољаците за работата на нива добиваат плата? А ти дали затоа што секој ден во тие големи ниви во купови собираш компири, репка, моркови и ги товараш и растовараш, треба да примиш плата? Не знам. А треба да знам, зашто ако не ми се каже, тогаш тоа е неправда, експлоатација, како што вели мојата партија. Сакам, другар Вишњевски, за тоа што го работам да си имам плата. Ете вака да си речеме: ти ми велиш од толку до толку часот ќе работиш, а јас ти велам за колку пари? И тогаш што правиме? Тогаш треба да се договориме. Ја ќе работам, а ти ќе ми платиш. Јас и сите

што сме тука, чесно работиме, ама чесно не добиваме пари. Сакам да си имам свои пари со кои ќе си купам нешто што жена ми ќе зготви како дома. Да знаеш, таа многу добро готви. Тука, во мензата од заедничката кујна јадеме добро зготвена компир - манџа и други јадења со предјадења. Не се жалам, вкусни се јадењата, ама само едно не ми се бендисува. Кога ќе ја видам онаа црната каша, не ми текнува како се вика, тогаш цревата ми се превртуваат. Ич не ја сакам, ама, без навреда, нели. Пак ќе речам дека сме сити, најадени, спиеме во топло, ама сакам жена ми да ми зготви нешто од нашите јадења, сами, како дома, да си зготвиме, па и на жена ми нешто да и купам, кутрата веќе оди со скинати чорапи, што не личи, нели? Сакам сами да си зготвиме нешто наше, како дома. Добри се и тие пакетчињата што другарот од комитетот ни ги дава, зошто да не, ама жена ми веќе не знае што да прави со толку игли, конци, копчиња и бонбони што се собраа. Торбата е веќе полна. Што велиш, другар Вишњевски, може ли јас, мислам сите ние кои работиме, да си добиваме плата, сами да си купуваме, жените да ни готват наши јадења, како дома... не велам дека полските јадења не се добри, одлични се, слава на Бога, сите сме, најадени, не се жалиме, Бог да чува од тоа, нели? Јас повеќе не сакам да ти пречам, другар Вишњевски. Ти имај го на ум тоа за што те замолив и кажи некој збор таму по високо, нели? Повеќе не барам, другар Вишњевски. Ај со здравје и немој да заборавиш за што си правевме муабет, нели?

Лазо прекина и застана пред пан Вишњевски, кратко се загледа во неговите очи небаре таму го бараше потврдниот одговор на неговата молба. Со шепот се поздрави и тргна на кај нивата каде шеќерната репка што во купови веќе десетина денови лежеше на отворено, ја товараа на тракторска приколка и запрежна кола чии тркала до половина беа врежани во калта. Тракторот со мака ја извлече до горе товарената приколка, ја однесе на суво и се врати за да ја извлече запрежната кола. Откако колата ја довлекоа до патот, Коле назадечки ги сврти коњите и со помош на жените ги впрегна.

Лазо, кој задоцнето стигна во нивата, го запре Колета и го праша:

- Што тие тоа во колата, а бре Кољо?

- Репка, Лазо… – здишано одговори Коле.

- Како да не, репка зарем толку големи? Вчера полни приколки репка изнесовме од нивите, ама не беа вакви големи, како овие... – Лазо зеде една репка, ја измери тежината со двете раце и, враќајќи ја во колата, зачудено рече: - Не ќе да е репка, а бре Кољо, туку нешто друго... да не е некоја тиква, а?

- Репка е, Лазо, шеќерна репка.

- Каква, рече?

- Шеќерна репка, Лазо... Од такви репки, Лазо, шеќер се прави?

- Како рече?

- Реков дека од такви репки шеќер се прави, разбра? Таму во фабриките, во големи казани ја варат, ја варат, Лазо, потоа ја цедат, па ја сушат и во вреќи ја разнесуваат таму, каде што треба... Разбра!?

- Ами ако е шега, разбрав и немој повеќе да се подбиваш со мене... Види го ти него, од репка шеќер се правело...

- Така, бре Лазо. Ете, прашај го оној Полјак.

Лазо се сврти, се загледа во човекот што помина покрај нив и му викна:

-Еј, еј, ти, другар Полјак! Застани да те опитам...

Полјакот застана, а Коле му објасни што бара од него Лазо.

Полјакот потврдно рече дека од такви репки во фабриките прават шеќер и тргна по својот пат.

- Е, сега Лазо, ти фати умот? Од овие големи репки се прави шеќер и затоа ја викаат шеќерна репка...

- Ја, мајката, и ти веруваш. Ај таму и немој да се мајтапиш. Од овие репки што личат на тикви шеќер се правело... Да видиш и да не веруваш... – се прекрсти Лазо и без збор повеќе да прозбори, отиде таму каде на тракторска приколка товареа шеќерна репка и цело време додека со голи раце фрлаше во приколката големи репки, мислеше на шеќерот правен од шеќерна репка. Ако е така, си збореше Лазо со умот, како што рече Пољакот и овој шегаџија, Кољо, дека со варење на овие репки во големи казани се прави шеќер, тогаш е сигурно дека може да се направи шеќер и во мали казани, а можеби и во некое поголемо котле или тенџере.

Таа мисла му се всади на Лазо во умот и, враќајќи се дома, си замислуваше колку шеќер би изварил од таа голема шеќерна репка и, продавајќи го на црно, колку пари би фатил. И колку повеќе се вдлабочуваше во таа нескротена мисла со која цело време му се полнеше главата, толку повеќе пари гледаше скриени под перница....

На стемнување, кога веќе падна мракот и сите по заедничката вечера, се прибраа кај себе, Лазо скришум пријде до колата полна со шеќерна репка, ги наполни дисагите, неколку помали пикна во пазувите и во широките панталони и од никого невиден, се врати дома. Репките ги истури на подот.

Жена му, вчудовидена од глетката, праша:

- Зошто, бре Лазо, ги донесе тие црни тикви тука?

Лазо ја погледна со нескриено задоволство и, покажувајќи со ногата една голема репка, наместо да одговори, рече:

- Не се тикви, туку шеќерна репка. А знаеш ли ти, Лазовице, од оваа репка што се прави?

- На кравите им ја даваат – потврдно рече Лазовица. – Во краварникот носат многу од овие репки и со нив ги хранат кравите за да даваат повеќе млеко...

- Така е, тука на кравите им даваат по некоја, ама таму, во фабриките, жено, знаеш ли што прават со оваа репка во фабриките, а? Не знаеш. Јас ќе ти кажам. Таму, жено, во фабриките, во големи казани ја варат и со варењето прават шеќер. Ете, да знаеш, од оваа репка со варење се прави шеќер. И не чекај, туку види дали имаме некое казанче, а ако не, тогаш тоа големкото котленце донеси го... Што чекаш, па ти реков што да донесеш... Ај, не чекај... И оган запали...

- А што ќе правиш, бре кутар Лазо, а?

- Ќе видиш. Ти само гледај и ќе видиш чудо... – пофално извика Лазо.

Во дрвеното корито Лазо ги изми репките и потоа со чакијата ги излупи, ги посече на поголеми парчиња и ги истури во големото котле. Железната плоча на шпоретот врз која Лазо го стави полното котле веќе беше силно загреана. Водата полека се загреваше, се појавија првите вриежи и тогаш Лазо почна да меша со големата дрвена лажица, што скришум ја имаше земено од задружната кујна.

Цела ноќ репките виреа. Испаруваше водата, Лазо дотураше друга и мешаше, вртеше де лево де десно, сркаше од зовриената вода, ама освен горчина не чувствуваше сладост на шеќер. Понекогаш ја будеше жената си да му помогне во мешањето за да може малку да здивне, да седне, да одмори нозе, да испуши цигара. Немаше трпение да чека, ја заменуваше жена си и одново ги мешаше зовриените репки и така до бела зора.

- И, изварі ли шеќер? – со сонот во очите го праша жена му.

Лазо посече парче од една репка и и го подаде.

- На, лизни...

Лазовица, со дувањe го олади жешкото парче и со нескриено љубопитство – лизна, ги навлажи усните, згрчи образи и, плукајќи, прекорно просаска:

- Е, море Лазо, ако така од репки се вареше шеќер... Срам да ти е... цела ноќ не ме остави око да затворам... Мешај, Лазовице, мешај, јас малку да дремнам – му се гавреше со неговиот глас и, гледајќи го право во очи, го караше: - Срам да ти е, пусти Лазо, срам немаш... Ај таму - право во очи му се потсмеваше Лазовица. - Ај тргни ми се од пред очи и оди и без да те види некој, истурија оваа помија во трапчето. Ако дознаат луѓето, Господ да чува и да брани, цел живот ќе бидеме за потсмев... Види го ти него, фабрикантот и трговецот со шеќер од тикви... е, кутар ти мој Лазо... од репка, репка на глава да ти расте, - колнеше таа - во котле шеќер ќе правиш, срам да ти е... – гласно рече Лазовица и погласно удри да се смее...

Намуртен Лазо тој ден и наредниот не се појави на нива да собира и да товари шеќерна репка...

Веќе не поднесуваше да гледа репка, па дури и шеќерот во задружната менза му горчеше...

# 5

Пан Вишњевски со неверување го прими кажувањето на Митре и молбата на Лазо. Оптоварен со мислата дека на луѓето им е нанесена голема неправда, нервозно удираше со тупаницата на масата на директорот на централата на државните земјоделски стопанства:

- Не чуено и срамно, господине директоре... Да не речам дури и нешто полошо. Сето тоа ми личи на времето кога Црнците кои работеа во американските плантажи и за извршената работа добиваа само храна и ситни подароци.

-Нам тоа не ни е познато. Ако е така, тоа за нас е голема срамота... Ве молам, господине Вишњевски, смирете се. Уште денес се ќе проверам и со сите средства ќе ја избришеме таа срамота...

- Тоа не е само срамота, господине директоре, туку и понижување... Во држава во која се глорифицира духот на слободата, ние, со проштевање, кон тие напатени луѓе, се однесуваме како кон робови...

- Не зборувајте така. Сте рекле тежок збор, многу тежок... Ако тие луѓе за извршената работа не добиваат плата, тоа не значи дека ги оправдува вашите непријатни зборови... Сакам да знаете дека полските власти покажаа една голема, би рекол неограничена толерантност спрема грчките другари. Тие не замолија да не се мешаме во работите што се однесуваат на бегалците. Настојуваа и натаму настојуваат сите проблеми поврзани со нивниот престој кај нас да ги решава нивниот партиски комитет и можеби тука е грешката. Имам сознанија дека комитетот си презеде некои овластувања, кои се надвор од нашите полски закони. При еден разговор со секретарот Фанис, подвлеков дека бегалците ќе бидат санкционира само во случај ако ги прекршат полските закони. На ова Фанис ми рече дека сите бегалци му се потчинети на партиското раководство, кое добива директиви од централата во Букурешт и остро ме предупреди да не се мешам во нивната работа и дека за судбината на бегалците е одговорна нивната партија...

- Господине директоре – се нафрли Вишњевски - за случајот што го изнесов нема да молам, туку најостро барам, тие луѓе да се наградени со плата така, како што се наградени Полјаците кои заедно со нив ја вршат истата работа. Немојте ова да го сфатите како закана... Јас ќе побарам одговор од Варшава... – Вишњевски впери прст кон ѕидот на кој висеше портретот на претседателот и без да се поздрави, тргна кон излезот од канцеларијата.

- Пан Вишњески, почекајте – замоли  директорот.- Имајте малку трпение. Секако дека тука некој згрешил намерно или ненамерно, ама тоа не значи дека работите отидоа до таму за да ја вмешаме Варшава. Дојдете, седнете тука, смирете се и заедно да размислиме како да ја решиме таа матна работа, која  некој ни ја намести... Верувајте ми, јас ветувам, дека уште денес, пак ќе разговарам со тие од грчкиот комитет и ќе барам од нив да ги почитуваат нашите закони. Најостро ќе им речам дека за судбината на бегалците одговараме и ние, значи ние Полјаците.... Само полека, со смирени нерви. И искрено и со почит ве молам, немојте да ја мешате Варшава.  Се разбира дека мораме што побрзо, би рекол под итно да ги смениме работите. На наш терен, ние сме господари. Јас, како директор, сега, ете тука пред вас, веќе донесов решение. Писмено ќе побарам од сите директори на земјоделските стопанства со сите да потпишат договори за работа, се разбира исти како тие со полските работници. Бегалците да ги имаат истите работни обврски како Полјаците. Така е најправедно, нели? Вие, пан Вишњевски, уште денес да потпишете договор со секој. Нека си знаат колку пари заработуваат. Тие да се рамни со нашите работници во земјоделските стопанства. Нема да правиме разлика.

# 6

По вечерата, откако сите се разотидоа во своите соби и ја снема вообичаената врева, пан Вишњевски тропна на вратата од подрумската просторија, во која живееше Коле. По второто тропање, сега посилно, поспан, се појави Коле.

-О, пан Вишњевски, повелете... простете, јас...

-А ти, пан Коле, да не спиеше? – со тон на извинување праша пан Вишњевски и без стеснување го пречекори прагот. – Наминав кај тебе да те видам и да те поканам да ми дојдеш на гости.

Коле, облекувајќи се набрзина, праша:

-А по кој повод чекаш гости, пан Вишњевски?

-Голем е поводот. Да одиме и таму, кај мене, ќе ти кажам... Облечи се потопло зашто надвор од студ снегот веќе се скамени. Стави и капа. Ако си готов, да одиме.

Полека се пробиваа по замрзнатиот снег. Студениот и силен северен ветер им дуваше право в лице и им го забавуваше одот. Одеа молчејќи и по половина час застанаа пред влезот на големата зграда, во која пан Вишњевски живееше сам и држеше само една од многуте одаи.

-Ете, пан Коле, стигнавме – пан Вишњевски покажа со рака. – Палатата е подигната во 1582 и доградувана е во наредните векови. Во неа живееле поколенија на четири моќни семејства од околината чии грбови се врежани во порталот[19]. Од 1945 година му припаѓа на земјоделското стопанство.

Коле застана пред скалите и се загледа во високата кула што се извишуваше покрај трокатната куќадо која беше прилепена уште една двокатна, а до неа и еднокатна зграда. И додека пан Вишњевски ја

---

[19] Портал – украсно архитектонско  опточување на влезните врати на црквите, палатите, градските управи и зградите на богатите.

отклучуваше влезната врата, Коле се загледа во порталот на кој беше изрезбан легнат лик потпрен на череп и до него натпис: *Hodie mihi, cras tibi* и полугласно читаше. Пан Вишњевски го забележа тоа и праша:

- Успеваш да го прочиташ натписот? А знаеш што значи? Како што гледаш е со латинско писмо и на латински јазик, а значи – *Денес мене, утре тебе*... Да, на секој така му е судено, пан Коле - рече Вишњевски, и ширум отворајќи ја големата врата, ниско се поклони и со испружена рака пред него, замоли: - Повели пан Коле, влегувај во моето царство... Право, па лево во дневната... - тивкиот глас на пан Вишњевски силниот ветер го одвеа во недогледно.

Оладеното лице и малку вкочанетите прсти на Коле се смлачуваа во пријатната топлина што зрачеше од калјевата светликава печка која се извишуваше во левиот агол. Неговиот поглед шареше по сидовите на кои висеа големи слики во позлатени рамки и портрети на брадести мажи во одминати години и жени во долги фустани и со златни прстени на прстите и ѓердани на разголениот врат. Вишњевски не му пречеше да се изнагледа и кога Коле, вчудовиден од тоа што првпат го гледа, се сврти кон Вишњевски и со тон на големо изненa-дување и љубопитност, праша:

- Сево ова е твое, пан Вишњевски?

- Тоа што го гледаш, пан Коле, е оставено од поранешните жители... И не е само ова. Следи ме за да видиш што уште е оставено. Целото домаќинство е тука. Германците со себе, во паничниот страв од одмазда, бегајќи, со себе зеле само толку, колку што им било  дадено да земат. Се е на истото место, како пред шест години, кога во оваа куќа вриеше животот, што ужасно згасна при крајот на големата војна. Се е тука... – рече пан Вишњевски и доврши: - *Do dziś tu nie dotarli szabrownicy...*[20] Другите куќи, пред вашето пристигнување малку беа ограбени, а оваа куќа ја спаси случајот што во неа повремено престојуваше командантот на пограничниот баталјон...

-Може ли да одиме и погоре? – праша Коле.

---

[20] До денес тука не стигнаа  ограбувачите на оставен имот.

-Може, зошто да не. Ќе одиме до кулата и од таму ќе ја видиш околината. Сега многу нема да видиш, ама дење, окото се полни со голема и ширна рамница. Одиме...

До кулата водеа вртени тесни скали. Кога стигнаа горе, Коле одеше од прозорец до прозорец и со вчудовидување гледаше на големата рамница бледо осветлена од полната месечина. Од јасно зацртаните линии на нивите што неодамна беа изорани и посеани сфати колку труд тој и сите во стопанството, дојдени од југот, вложија за да соберат се што роди оваа рамна земја. Два и пол месеци од нивите до магазините тој ги тераше коњите кои довлекоа стотици коли товарени со репка, компир, морков и зелка. Тие стотина луѓе два месеци, од утро до вечера собираа, товареа и растоваруваа... Многу пот истурен на таа ширна рамница која сега целата е задремена под белиот снежен покривач. Целиот беше занесен во тие размислувања и во големината на рамнината.

-Да слеземе во дневната и таму со чашка вотка и со мезе, како што личи, да прославиме, пан Коле. Повели, одиме во дневната...

На масата, во тркалезен послужавник – ситно кроени листови шунка, тркалца од колбаси со боја на топен килибар, на околу маринирани печурки лисичарки и корнишони. Од страната, шише вотка – żubrówka и две кристални чашки.

- Еве, пан Коле, повели, czym chata bogata[21] - со широк замав Вишњевски покажа на масата.

Седнаа. Пан Вишњевски ги наполни чашките со вотка и рече:

-Да наздравиме, пан Коле. Денес е голем наш полски празник. До дно!...

Коле ја подигна чашката и праша:

- А што се слави?

---

[21] Полска пословица – буквално значи : со ова куќата е богата, а со значење – покана и охрабрување гостинот да ја прифти поканата и да јаде и пие.

- Се слави голем полски национален празник. На денешен ден, 11 ноември 1918 година, Полска, по 123 години ропство, си ја врати државната независност.

- Честит празник и векови да трае – пожели Коле.

Отпи од чашката и некако воздржано, ама зачуден рече:

- Денес, пан Вишењски, кога отидовме во градот да однесеме компир во една голема фабрика, не видов знамиња и пароли со кои се бележат државни празници...

- Точно е тоа дека не си видел, бидејќи тој празник денес не е државен. Во сегашна Полска овој празник тукуречи стана семеен и се слави далеку од очите на власта. Празник со знамиња, пароли, говори, побогати ручеци во фабричките мензи и со многу луѓе на булеварите и плоштадите, славиме на 22 јули.[22] Денес имаме нова Полска, во нови граници скроени од големите. На Исток без Креси[23], на Запад со Ziemie Odzyskane[24], без крал и претседател, со политбиро и централен комитет, со диктатура на пролетаријатот, послушна влада и државен грб со вековниот бел орел на кој му ја симнаа кралската круна.

Пан Вишњевски прекина, гласот му затрепери и откако отпи од ново наполнетата чашка, тивко и испрекинувано го продолжи раскажувањето.

-Ние, Пољаците, пан Коле, во вековите што одминаа имавме паѓања и издигања. Бевме држава која значеше во Европа. Да, во Европа значеше, ама внатре, дома, имавме делби. Од Запад стигнуваа други идеи кои за полската магнатерија, аристократијата и високото свештенство, кое му беше послушно на римскиот папа, не

---

[22] Државниот празник на Народна Република Полска беше востановен на 22 јули 1944 година.

[23] Kresy – така Пољаците ги викаат териториите во Западна Белорусија и Украина од кои беа иселени во 1945 година.

[24] Западно- северните области на Полска добиени 1945 година.

беа прифатливи. Во Полска во тоа време се читаа книгите на француските енциклопедисти и набрзо стигнаа и трите принципи на француската револуција- *слобода – еднаквост - братство*. Тие напредни идеи беа прифатени од голем број членови на полскиот сејм кој четири години по ред расправаше за да ги претопи во уставни одредби. И така на 3 мај 1791 година во Варшава беше прогласен првиот устав на Полска, кој ги подели Полјаците. Ноќта, меѓу 18 и 19 мај во малото гратче Тарговица се собраа противниците на уставот – видни магнати и некои бискупи и за помош и се обратија лично на руската царица Екатерина II да испрати воена помош. Полска беше нападната од стоилјадна руска војска и така почна полско-руската војна. Полјаците храбро се бранеа и покрај тоа што имаа и победи, полскиот крал Станислав Аугуст Поњатовски нареди прекин на воените дејствија и со писмо и се обрати на царицата со кое и предложи вечен сојуз, па дури и абдикација од кралската титула во корист на нејзиниот внук – Константин. Крајот на војната ја запечати првата поделба на Полска меѓу Русија, Прусија и Австрија. Потоа во јануари 1793 следеше втората поделба меѓу Русија и Прусија. Како одговор на ова беше националното востание наречено Кошчушковско, по името на водачот на востанието Тадеуш Кошчушко. За жал востанието не успеа и на 24 октомври 1795 година по третпат Русија, Прусија и Австрија ја поделија Полска. На европската карта Полска беше избри-шана. Во изминатите векови полските кралеви ја делеа Полска меѓу синовите и Полска си беше Полска. Моќните соседи ја поделија Полска и според нив Полска веќе не беше Полска. За едните беше губернија, за другите провинција. Но, во сите тие 123 години на робување, во свеста, срцето и духот на Полјаците, Полска секогаш беше Полска. Заговорот во Тарговица кај нас Полјаците е запаметен како најголемо национално предавство. Предавниците кои повикаа туѓа помош за да си ги сочуваат привилегиите се обележани со вечна инфамија, а во текот на Кошчушковското востание многу од нив народот во Варшава ги бесеше на импровизирани бесилки, на уличните дрвореди. Зборот „Тарговица" и денес е синоним на најтешко предавство на нацијата и државата.

Пан Вишњевски прекина, отпи од чашката, длабоко воздивна и продолжи:

-Не поделија, пан Коле, како држава, значи ја поделија државната територија, ама нас, Полјаците не не поделија како народ. Си го сочувавме јазикот и името, без престан си ја збогатувавме нашата национална култура. Секогаш бевме голем народ. Со голема и моќна црква, која секогаш беше црква на сите Полјаци така во Полска, како и надвор од Полска. Нашата црква, пан Коле, покрај зборот Бог, во минатото и сега, секогаш го реди и зборот Полска... Едно неразделно двојство - Полска и Бог... Тоа бевме и тоа сме и сега, ние, пан Коле... Ние, Полјаците... на чии знамиња од векови е запишано: Bóg, Ojczyzna, Honor...[25] Сега новите власти тие три зборови ги избришаа од знамињата, ама ги има во срцата на Полјаците...

Пан Вишњевски за миг прекина. Коле возбудено го гледаше неговото бледо лице.

-Да седнеме покрај каминот. Таму е потопло.

Пан Вишњевски го прекина краткото молчење и откако удобно се смести во меката фотелја, продолжи да раскажува.

-А потоа? Потоа, пан Коле, имавме востанија и тешки порази. Соседите не делеа, а ние – востание. Оружје ни беше и косата, ама најмногу свеста. Илјадници Полјаци му се придружија на Наполеон во неговите завојувачки војни затоа што ветуваше воскреснување на Полска. Тој ветуваше и Полјаците гинеа во неговите војни. Гинеше нашата младина во Сан Доминго и во Сарагоса и во војната со Австрија, со Прусија и Русија. Да, точно е, Наполеон ни напиша устав и ни направи Варшавско кнежество, па за возврат му ја наместивме Марија Валевска... Знаете, тој кој пишува, тој и брише. Тој кој дава - тој и зема, тој кој прави – тој и расипува. Зависи со кого се здружува и зошто му е потребно пишувањето устави и правењето кнежества. Кога го дигнавме второто востание во 1830 – бевме сами против Русите. Доживеавме пораз. За многу од живите и осакатените заедно со челниците Европа ги отвори вратите. Во париските салони и хотели, каде се прибра полската

[25] Бог, Татковина, Чест

аристократска елита – раскол. Таму со години се расправаа за тоа кој е виновен, кој е патриот и кој е предавник. И секој беше убеден дека само тој е во право. Неверојатно е тоа што идејата за слобода прави големи делби. По триесет години, пак дигнавме востание[26]. И пак пораз. И пак во изгнанство. Бегство на запад. Пак преполнети париските салони и хотели и пак раскол и пак големи делби. По големата војна, по сто дваесет и три години си ја вративме државата, а болшевиците – во полско – болшевичката војна ги скршивме крај Висла. Успеавме зашто имавме водач, водач обединител на сите Полјаци, кој цел живот не го отпаши колантот на кој му висеше бојната сабја.[27] Денес, за него се молчи... По дваесет години не столчија Германците. Пак во големо изгнанство. Едни на Исток, други на Запад. Станавме војници на сите војски кои беа против Германија. Гиневме во сите големи и мали битки. Гиневме и во шуми со истрел во темето... Ама за тоа денес е забрането да се зборува...[28] На сите фронтови ја извикувавме нашата стара полска парола - *za naszą i waszą wolność*[29]- за наша и ваша слобода, која беше изгравирана на сабјите и извезена на знамињата на Полјаците учесници во востанијата низ Европа и Америка. Таму каде големите со своите војски не успеваа во битките, беа праќани полските момчиња. Илјадници загинаа во битката за Монте Касино во Италија. И за нив како химна денес се пее:

*Czerwone maki pod Monte Casino*
*Zamiast rosy piły polską krew...*[30]

---

[26] Станува збор за востанието од 1864 година, наречено – Powstanie Styczniowe – Јануарско Востание
[27] Станува збор за Јузеф Пилсудски (5.12.1867-1936)
[28] Станува збор за стрелањето на полските офицери во Катинската Шума.
[29]Za naszą i waszą wolność -  за наша и ваша слобода.
[30] Црвените булки под Монте Касино
Место роса пиеја полска крв...

Го имавме и Варшавското востание... Тоа наше полско херојско самоубиство... Поразите не не обесхрабрија. И да ти кажам, пан Коле, дека учествувавме и во туѓи востанија и победи, како што ти кажав со паролата за наша и ваша слобода испишана на нашите сабји... Да... На Американците им го дадовме Тадеуш Кошчушко, на Унгарците и на Турците Јузеф Бем, наши и нивни национални херои, на Русите - Феликс Џержињски[31]. Мислам дека и кај вас, во тоа ваше несреќно востание, учествуваа наши Полјаци. И покрај целата наша сиромаштија што ни ја остави војната, ја помагавме и граѓанската војна во Грција. Случајно, пред некој ден се сретнав со еден мој стар пријател, кој бил ангажиран во таканаречената акција ,,S”, криптоним под кој во строго доверливи услови се одвиваше помошта за грчките и македонските партизани со кои командуваше генералот Маркос. Тој, пријателот, во таканаречените *nocne Polaków rozmowy*[32] ми кажа, дека Полска даде 10 илјади чевли, 10 илјади војнички кошули, 15.000 должни метри плалтно за воени униформи, 4 илјади и петстотини пушки од типот маузер, 50 тешки и 15 рачни митралези, 18 минофрлачи од 81 мм, 679 пиштоли, 4 милиони фишеци, 8 комплетни американски радиостаници, 26 тони санитетски материјал и медицинска оптрема, 600 против-тенковски мини, 1800 против пешадиски мини и голем број други експлозивни материјали. На почетокот помошта од Полска и другите земји на советскиот блок со возови стигнуваше во Југославија, ама по расправата меѓу Тито и Сталин, помошта се собираше во Полска и со полски бродови беше растоварувана во албанското пристаниште Дурес. Според кажувањето на мојот пријател, првата помош Полска ја испрати со авион кој од Варшава полета на 8 октомври 1948 година, носејќи еден тон и шестотини килограми медицинска опрема, лекови и експлозивни материјали, а на 7 ноември истата година од пристаништето во Гдиња исплови бродот ,,Сталова Вола’’ и однесе петстотини тони воен материјал. Целата акција, рече мојот пријател, за помош на комунистите беше во надлежност на II управа на Генерал Штабот на Полската Војска и

---

[31] Feliks Dzierżyński (11.09.1877 – 10.07.1926), - творец и шеф на првите советски органи за безбедност.

[32] Nocne Polakóww rozmowy – ноќни разговори на Полјаците - доверливи средби и разговори на Полјаците водени ноќе во тесен круг поврзани со политичките состојби во времето на робувањето на Полска, како и во подоцнежните времиња, посебно во периодот на комунистичкото владеење.

се одвиваше под криптонимот „S”, значи специјална акција. Ова не е се, пан Коле. Во импровизираните планински болници кои беа сместени во пештери, работеа полски хирурзи, а во Сукт, близу Дурес, воено-болнички логор во кој се рахебилитираа ранетите, главен лекар беше Пољакинка од еврејско потекло. Во јули 1949 година по налог на највисокото полско државно раководско на чие чело беше Бјерут, на островот Узнам беше отворена тајна воена болница „250’’ за околу две илјади ранети, опремена со најсовремна медицинска опрема во која работеа врвни полски хирурзи и лекари од разни специјалности. Списокот што беше направен по завршувањето на акцијата изнесува 177 точки, почнувајќи од топовите од 105 мм, минофрлачите од 120 мм и завршува со рачни машинки за бричење и жилети.Таа помош изеде 15 милони долари. Пријателот уште ми откри, дека според извештајот на генералот Комар Полска прифати 13.868 лица, меѓу кои 1500 ранети и 3000 деца. За нив беше отворена одделна жиро сметка од која требаше да се покријат трошоците за превоз, исхрана, здравствена заштита, сместување, воспитување и образование на децата и младинците и други услуги. Ете, пан Коле, така Полска, како и другите земји од советскиот блок, влезе во таа валкана војна за која Сталин, рекол дека: *Зарем мислите дека Велика Британија и САД, најмоќните држави во светот ќе дозволат да ги прекинеме нивните комуникациски линии во Медитеранот?! А ние немаме флота. Востанието во Грција мора да заврши и тоа толку брзо, колку што е можно’’*. Грчкото комунистичкото раководство не го послуша. И тоа беше првата страшна нагазна мина. Во јули 1948 година во екот на најтешките битки во Грамос, кои траеја 70 денови и ноќи, американскиот новинар Полк, кој во Грамос стигнал преку Југославија, се сретнал со Захаријадис и му пренел дека владата во Атина е готова да предложи прекин на борбите и отпочнување преговори за примирје. И овој пат комунистичкото раководство не послуша и стапна на втората нагазна мина која доведе до поразот. А новинарот во Солун го најдоа мртов. Не се знае кој од завојуваните страни го убил... Прости, пан Коле, што навлегов во таа ваша драма, а сакав повеќе да се задржам на нашата, полската драма...

Пан Вишњевски прекина, зеде шкорче од каминот ја запали цигара што цело време ја вртеше меѓу прстите. Тутунскиот дим го вдишуваше полека и се гледаше како при секое вдишување му се подигаа градите.

Димот го издишуваше низ носот и тогаш целото лице му се губеше во сивкава магла. Откако до половина ја испуши цигарата, се сврти кон Коле и го праша:

-А таму кај вас, пан Коле - пан Вишњевки неочекувано ја смени темата на разговорот - дававте невести?

-Не, не дававме. Нашите господари сами си ги земаа... поучени по писмена наредба заверена со потпис и печат...

-Зарем?! - Како го правеа тоа? - вчудовидено праша пан Вишњевски.

-Министерствата за внатрешни работи и одбрана до сите воени, полициски, жандармериски команди, до државните службеници, судиите, учителите, поповите и така натаму испраќаа упатства со кои им се наложуваше да се женат со девојки од месното население, значи со Македонки...[33] Добро смислена работа со чија помош се кинеше конецот во семејствата. Се разбира за невестите бараа и голем чеиз, најчесто во пари со што осиромашуваа цели семејства... По тие обичаи, на чеизот му даваа тукуречи иста вредност како и на невестата... А по години, кога ќе им завршеше службата, си се прибираа во своите родни места. Таму по градовите или најчесто по островите зашто од таму потекнуваа, тукуречи секоја есен, откако во амбарите,

---

[33] Скоро секоја година беа испраќани до надлежните во Егејскиот дел на Македонија упатства за ставот на грчката држава спрема македонското население. Едно такво упатство се чува во арх. Збирка на авторот и гласи: ,,Ελληνικη Δημοκρατια, Υπουργειον Δημοσιας Τακσεως, Υπουργια Εθνικης Σασφαλιας, Διευνση¨Β. Τμημα ΙΙ. Αριθ.Πρωτ. 6502/7-50428. Θεμα¨Επιβουλη τατα της Μακεδονιας, ΑΠΟΡΡΗΤΟΣ, Αθηνα 16 Φεβρουαριου 1982. (Грчка Република, Министерство за јавен, Министерство за национална безбедност, Дирекција В, Бр. На протокол 6502/7-50428. Предмет: Заговор против Македонија. Тајно. Атина 16 февруари 1982,,)
На шеста страница под точка 9, пишува: ,,Η ενθαρρυνση εκ μερους της ηγεσιας του Στρατευματος συναψης γνωριμιων και γαμων στρατιωτικων, που υπηρετουν εκει και καταγονται εκτος Ελλαδος, με γυναικες των χωριων που ομιλουν το ιδιωμα,, ( Од страна на командата на војската да има бодрење на воените лица за запознавање и склучување бракови меѓу воени лица кои таму служат и потекнуваат од Грција со жени од селата кои го зборуваат идиомот,, (значи македонскиот јазик)
Упатството е доставено до сите полициски станици, одделенија за безбедност и разузнавање, воените гарнизони и други специјални служби.

каците, бочвите се прибираше летнината, ете ти ги зетовците. Со себе ги носеа и внучињата за да се израдуваат баба и дедо. Ама, баба и дедо неми и внучињата и зетот неми. Само невестата со два јазика. Домашниот, тукуречи подзаборавен, ама затоа со зетовскиот јазик, најдобро мелеше. Не остануваа долго. Не го поднесуваа селскиот двор и селските сокаци не беа како градските. Кокошките, овците, козите, говедата, свињите – не водеа грижа дали зад нив или под нив е чисто. Си ја вршеа нуждата секаде кадешто врвеа. Затоа и гостите не остануваа долго. Ден-два, најмногу три-четири дена. Си одеа со торбите полни граф, ореви, костени, компири, внучињата со некоја пара и освен зборот – сполајти – научен од мајка им, со друг збор не знаеја да се збогуваат со баба и дедо... А во селото се чувствуваа многу осамени. Немаа со кого да играат. Селанчињата не им го разбираа нивниот јазик и макар што знаеја дека јазикот на баба и дедо беше забранет, си тераа по свое – со јазикот на баба и дедо ги викаа градските братучеди заедно да си играат и со јазикот на баба и дедо ги пцуеја...

Коле со длабок издив го скина конецот на раскажувањето.

Пан Вишњевски фрлајќи го догорчето во каминот, длабоко воздивна и рече:

- Да... така е тоа. Така семејствата се топат и се претопуваат... и нацијата така се претопува, ако нема кој пред очи да и свети со писмо и ука... А тие, пан Коле, тие туѓоземските зетовци, мислам дека немаат само брачни обврски, туку и други обврски... А јас мислам дека се една од одличните алатки во воденицата на однародувањето...

- Е, мој, пан Вишњевски, пан Вишњевски, денес цела Македонија е полна со такви зетовски алатки за мелење... и тука, во Полска, имаме такви зетовци...

Завладеа молк. Сал пламенот бучеше во каминот и поголем немир бучеше во главите на двајцата соговорници.

-А ние, пан Коле – го скрши молкот пан Вишњевски, влечејќи ја прекината нишка на приказната - тврдоглаво траевме свесни дека со тоа траење ја јакневме вербата во Полска и со нашата чест и саможртва го бранеме полското име кое во нас, Пољаците, непокорени и не легнати на грб во трите поробени делови на

земјата и кај растурените по светот, во нашите умови и духови непрестајно не загреваше и одржуваше незгасливата надеж дека Полска ќе воскресне. Му пркосевме на секое зло и, минувајќи низ злото, секогаш си останувавме Пољаци... Полска, Пољаци, тоа име, пан Коле, така во дамнешните времиња, како и сега е наша судбина. Би рекол, со тоа име воскреснавме, бидејќи упорно го чувавме во минатото кое е наше достоинство и гордост иако во него имавме повеќе порази отколку победи. Од нив се роди и нашата химна, која првично беше обична воена песна на полските легиони во Италија. Си ја слушнал? Не? Еве вака е:

Jeszcze Polska nie zginęła
Póki my żyjemy
Co nam obca przemoc wzięła
Szablą odbierzemy...[34]

-Така е. Додека ние Пољаците ќе бидеме живи, никогаш Полска нема да загине...- со триумфален тон на гласот се пофали пан Вишњевски и откако малку почека за да види како кај Коле одекнаа неговите зборови, праша: - Да не ве заморив, пан Коле, со моето раскажување? А дали сум ти кажал, пан Коле, од каде ми е коренот?

- Не, не ми кажавте...

- Мојот корен е таму, на Исток. Kresy – ги викаме тие драги места што сега се на исток од сегашната полска граница. Туку, ете, за тоа, сега, не се зборува... Во полското битие моите корени таму имаат одбележано 400 години постоење.

[34] Уште Полска не е изгубена
Додека ние сме живи
Туѓата сила што ни зеде
Ќе си го вратиме со сабја (слободен превод)

- Значи вие, Пољаците, таму сте отишле и останавте 400 години?

- Така, некако...

- А ние, пан Вишњевски, не сме пуштале корени на друго место. Кај нас други пуштале корени и затоа не искоренија... Во мојата земја, пан Вишњевски, каде и да удриш со казмата, дали плитко или длабоко, ќе најдеш траги од Филип и син му Александар, ќе најдеш штитови и ножеви од Римските легии, а во Новиот Завет и писмото на Светиот Павле до Македонците, темели и крстови од првите манастири на Христијанството, папируси од Богомилите и можеби и некое гускино перо на Светите Кирил и Методиј со кое ја напишале азбуката... коски на воини од големата Византија, сабји и мечеви од Крстоносците, ќе најдеш турски јатагани и српски, бугарски и грчки черепи... Кај нас доаѓале само туѓинци... Ние, робови, си траевме... со векови... И во сите тие времиња, а и сега, ние ти сме како будалиот, кој од ист камен двапати се сопнува. Ум во глава други ни береа. Така. Мојата земја, пан Вишњевски, е многу сакана земја. Најмногу е сакана од туѓинците. Од оние малите околу неа и од тие големите кои се подалеку од неа. А во срцата и душите ја имаат само домашните селани, градските и паланечките занаетчии, неписмените, полуписмените и грстот од писмените... и печалбарите, искорнатите и испадените... Многу, многу е сакана мојата земја, пан Вишњевски...

Коле прекина. Во него гореше, како што гореа во каминот кусо сечените цепеници. Со машата преврти едно шкорче и рече:

-Ние сега, пан Вишњевски, сме ти како некоја напуштена шума, во која не никнуваат нови ластари. Старите стебла исечени и соковите, се цедат в земја. Како старите, кои си одат в земја и зад себе нема кому да го оставаат своето паметење. Нивното паметење е родот, долгата жица на родот, паметењето за тоа кој што направил добро или лошо, кој што изградил, кој што доизградил, кој што донел, кој до што придонел, кој што оставил, кој што врз тоа доставил, кој умно рекол и кој врз тоа умно поумно додаде. Сега така растурени, врз што ќе градиме ние, врз што ќе доградуваат тие кои ќе дојдат после нас и тие кои ќе дојдат после нив. Кој знае, а јас од тоа се плашам, дека можеби полека ќе не грицка средината, ќе не разјадува ако не си го сочуваме нашето, ако безумно ќе ги прифатиме нејзините вредности кои се различни од нашите, кои не го вшмукуваат

сокот на нашите корени. Ете, старите си одат, нема кому да го остават тоа што ним им го оставија нивните стари. Знаете, пан Вишњевски, нашето минато не е запишано во пергаменти, во дебели книги, туку во паметењето кое се пренесувало од уста во уста. Кога ги собраа децата и ги испратија по државите, старите си останаа со затворени усти. Кому да кажат што им се случувало на постарите и што им се случило ним, кому да му го раскажат тоа што ним им го раскажале нивните дедовци? Од кажано до кажано, а не од напишано до напишано е бележено нашето постоење. Какви ќе бидеме? Пак ќе речам, од кажано до кажано, од паметење до паметење, а не од напишано до напишано се состои нашето постоење. Кому дедовците, сега сместени во разни земјоделски стопанства и старски домови, ќе му раскажуваат за земјата што им ја оставија нивните дедовци, а туѓинци им ја зедоа и испоганија? На внуците им следи земјата нивна, а тие веќе ја немаат. Што ќе им остане на внуците? Некој добро ја смислил. Нека си одат внуците, а по нив и дедовците. Земјата која ги хранеше да не ја наследат тие кои се нивна крв. Во ова време на годината, пан Вишњевски, ние таму си имавме две школи. Едната – принудна, со книги, тетратки, моливи, седнати на школска клупа и со даскал кој за време на часовите секогаш в рака држеше прачка со која со силни удари им ги распаруваше дланките на тие кои покажуваа незнаење, а најмногу за тоа ако ќе им се случеше збор да им протече што се зборуваше само дома. Второто школо, пан Вишњевски, беше дома, во полумрачната одаја осветлена од боринка или кандилце или со растреперениот пламен во оџакот. Мајките и бабите влачеа, предеа, плетеа, ткаеја, шиеја, крпеа, а дедовците, раседнати покрај оџакот, раскажуваа. Внучињата в круг седнати околу нив, слушаа. А дедовците секогаш почнуваа вака: - Си беше еднаш... - Никој не бележеше на хартија со молив. Кажаното и слушнатото се втемелуваше во умот и таму остануваше како тежок камен во длабоко ископан темел, се запишуваше во паметењето така, како што со орлов пердув било запишано божјото слово во една дебела книга заштитена со дрвени корици опшиени со бела јагнешка кожа, која не знам дали се уште се чува во еден наш манастир одамна изграден на тешко достапна планинска карпа... како деца одевме таму само за да ја видиме и да се помолиме... – за миг прекина, па продолжи:

-Сега, пан Вишњевски, тие старци, тука, во земјоделското стопанство Кунув, седат во тие убаво наместени одаи, осветлени со електрика, затоплени со калиевите печки и молчат. Потиштен, тежок, кобен, упорен им е молкот ама се уште не им е засушен на усните; потопени во себе го чуваат заедно со надежта дека еден ден тие и внучињата ќе се приберат и тогаш ќе се скрши печатот на молкот. Сето тоа што беше вчера и тоа што го имаат собрано од некни и од поодамна, како клопче од свилено предено е сместено во нивните глави и паметењето. Молчат. Пред кого да отворат уста и молкот да го издуваат? Молчат. Ги нема внучињата. А бабите и мајките не влачат, не предат, не ткаат, не плетат, не крпат, не тријат очи во полумракот, над кандилцето или боринката. Над нив секогаш кога ќе посакаат засветува нешто обесено на таванот и се уште не можат да се изначудат од каде во тоа затворено стаклено шишенце што личи на крушка, од каде и како е собрана толку многу светлина. И тие молчат. Под црната шамија рој од мисли. Празни им се рацете и со празните дланки ги галат празните скутови од кои одамна им е одземена топлината и љубовта. И во нивниот молк - роеви од спомени, од желби и болки непреболени. И во тие стокмени и топли одаи, ме слушате ли пан Вишњевски – секој ден чекаат да дојде некој и да им каже – луѓе, доста е, станувајте, собирајте што имате, си одиме, се враќаме дома... – се засркна гласот на Коле.

Молк... А реката на мислите течеше. Непресушна беше таа рака и никој не можеше да ја врати на нејзините ивори. Течеше и попат се дополнуваше со мали рекички. А тие мали рекички беа мислите и спомените на Коле, кој го прекина молкот и продолжи:

-А приказните дедо ги почнуваше вака:

- Си беше еднаш еден цар кој имаше големо царство, кое име немаше зашто од крај до крај беше послано по целата дуња... Тие, постарите од мене и од нив многу, многу постарите, со жаловит глас велеше дедо, се покажаа недостојни и дали во виното му ставија некој отров или му сторија нешто полошо, го умреа царот и му го растурија тоа големо царство. Долга беше приказната за тој голем цар и за тоа големо царство, а ама ние со сонот во очите – трпеливо ја слушавме приказната и жал ни беше и за царот и за неговото царство. Во наредните долги зимски ноќи, после едно две чаши загреано црвено вино, дедо ни кажуваше други приказни. А

приказните беа за самовили, за ламјите со многу глави и за храбрите  момци кои главите им ги сечеле со еден удар на сабјата. Знаеше дедо многу приказни и многу ни раскажуваше за едни Турци и бегови кои ги грабеа најубавите девојки, за едни качаци  кои на скриени места ги чекаа пазарџиите кога од пазар се враќале дома, за едни муцки со бели фустанчиња и бели гаќи подврзани под колена и со опинци со пуфки кои одеа по нашинските села, пљачкаа, купуваа шпиони, колеа и велеа дека земјата по која одат беше и треба да биде нивна... Со тивок глас раскажуваше дедо и секоја приказна ја завршуваше вака: - Тие добро си живееле, а ние уште подобро... Последната приказна што почна да ни ја раскажува, ја почна вака:

- Си беше една земја и во неа си беа едни луѓе...

Не ја доврши. Не ја доискажа. Го нема сега, тука во Кунув, каде во овие долги зимски вечери, старците раседнати во топлите одаи, си спомнуваат и си прикажуваат за земјата што беше и за луѓето кои таму беа... Јас, пан, Вишњевски, седнат во ќошот, не пропуштав збор за земјата што беше и за луѓето кои таму биле. Не еднаш и не само една вечер тие старци собрани во топлите одаи си ја раскажуваат приказната за земјата што беше и за луѓето што биле во неа.

– Си беше една земја – ја почнуваше приказната еден, а друг на разбојот на паметењето ја доткајуваше со предено од постари преданија – и во неа, во таа земја, си биле таму едни луѓе. Сега ја нема таа земја и таму ги нема тие луѓе Дојдоа некои други луѓе во таа земја кога била и кога таму имало луѓе и тие дојденци на домородните им рекоа - оваа не е ваша земја и вие не сте тоа што мислите дека сте, туку вие ќе бидете тоа што ние сакаме вие да сте. А тоа што мислите дека сте, не сте, зашто вас ве создаде некој друг, еден наш голем душман, а ние за ваше добро ќе ве направиме такви, какви што ние сакаме да сте и ново име ќе ви клајме... Така, пан Вишњевски... тука во Кунув, во тие топли одаи старците си раскажуваат приказни за една земја што беше и за едни луѓе кои беа... Што бидна со таа земја и со тие луѓе? Некои велат дека некои други луѓе ги испадиле луѓето кои со векови биле на таа земја, дека веќе им ги нема куќите и камењата од темелите, дека им ги нема и гробиштата и гробовите на нивните предци им ги нема... Сега им ја нема земјата и тие кои дојдоа заедно со тие кои од надвор ги учат и приучуваат, не сакаат да се тоа што тие, дојденците, им велат кои

треба да се, а тие веќе се поделија : едни сакаат да се такви, какви како што други сакаат да се, а другите си останаа на старото и не сакаат да се тие и такви како што другите од нив бараат да се. И така, пан Вишњевски, ќе продолжи да се раскажува приказната за земјата што беше и за луѓето со долга родова жица и многу стари корени. Така, пан Вишњевски, си беше едно време многу, многу колнато време во една земја со многу делби, и кавги, со омраза и клевети во која едни својата судбина во туѓи раце си ја ставија, а други со голи раце си ја бранеа...

Си беше еднаш една земја и на таа земја си беа едни луѓе кои ораа, сееја, жнееја, се радуваа, се плодеа.

Беа еднаш едни луѓе...

Беше еднаш една земја ...

Останаа ли само во приказните?...

Коле со насолзени очи прекина и настана молк...

Во молкот вриеја замолкнатите мисли.

Молчеа тие загледани во далечното време - невреме. Таму ги носеше мислата... Длабоката и распарувачка издишка на пан Вишњевски го скина конецот на долгиот молк.

- И да ти кажам, пан Коле, иако сме дошле на, како што се вели и пишува Ziemie Odzyskane, јас не ги чувствувам како свои. Барем засега. Моето родословие кажува дека сите мои предци, вклучувајќи ме и мене, се родени таму, во Kresy. Од таму сум иселен и тука сум доселен. Кога? Пред пет години. Војната уште дивееше, а таму нас веќе не внесуваа во списоците за иселување. Кога германската војска беше потисната далеку на Запад, тогаш се отворија тефтерите и почна пописот на луѓето, би рекол пописот само на тоа што се движеше, а тоа што не се движеше и не се спомнуваше. И тогаш, кога големите го ставија мртовечкиот крст

врз поразената Германија, ни рекоа – ајде, тргнуваме на Ziemie Odzyskane, нашите прадедови земји, рекоа. Така ни велеа и така гласеа весниците... И тргнавме... Патувавме со денови во товарни вагони и стока и луѓе - заедно. Јавно сега не се зборува за тоа. Размена на земји. Тука даваме, ваму земаме. Тоа беше законот на големите. Бевме големо семејство. Благородничко. Сопственици на илјадници хектари ораници, шуми, рибници, ловишта, пиварници, палати, па и села со се селани. И со своја гарда. Дававме војници и војсководци. Гласот на моето семејство имаше значење дури и во изборот на кралевите. Кога не беше задоволно од состојбите во кралството, тогаш некој мој чукун дедо во Сејмот ќе викнеше Liberum veto[35]. Повеќе не требаше. Значи беше и кавгаџиско. Да, во полското кралство имаше големи кавги, неслога и делби кои доведоа до неговото слабеење што го искористија соседите и не поделија. Моите потпаднаа под Русија и некои верно и служеа, а некои за казна беа пратени во Сибир. И сега таму имам роднини. Ама за тоа што им се случуваше во Сибир, сега, пан Коле, не се зборува. Изгубивме се кога дојдоа болшевиците. Од тоа големо благородничко семејство останавме малкумина. Сите со завршени универзитети во Лавов, градот каде со векови цутеше полската наука и култура... Сега е забрането да се зборува за тоа. А таму бев универзитетски професор. Сега на Ziemie Odzyskane[36] сум управник на ова Państwowe Gospodarstwo Rolne[37] и од властите задолжен да ви сум добар домаќин... Да... така дојдоа времињата или така ги стокмија некои други, пан Коле... Слушни го и ова. Откако ни згасна полската кралска лоза повеќе немавме наш полски крал, туку носевме од туѓи родови и држави. Имавме од унгарската, шведската, француската кралска лоза и еден наш по избор, Поњатовски се викаше, за кого велеа дека и беше љубовник на руската царица Екатерина Велика и, кутриот, бегајќи од налетот на руските војски кои го гонеа Наполеон, се удави, кутриот, во една река близу

[35] Liberum veto (лат) – дословно – слободно не дозволувам или популарно – ништо без мене. Во XVII – XVIII век во Полска принцип на едногласно донесување закони во Сејмот (парламентот) кој овозможуваше гласот на еден пратеник да го раскине Сејмот и да ги отстрани веќе донесените закони.

[36]Ziemie Odzyskane - пол. Вратени Земји

[37] Państwowe Gospodartwo Rolne – Државно Земјоделско Стопанство.

германскиот град Лајпсиг. За жал, се покажа дека беше неспособен и за крал и за пливач... ама затоа беше добар љубовџија...

Пан Вишњевски прекина и продорно се загледа во лицето на Коле небаре таму бараше потврда и поткрепа за своите зборови и изрази на восхит за полското минато. Откако запали нова цигара, рече:

-Уште да ти кажам, пан Коле, не оти денес ние Пољаците сме обединети... Тука имаме влада и претседател на Народна Република Полска, а таму во Лондон имаме влада и претседател на Пољаците во изгнанство. И едните и другите преку својот печат и радиото немилосрдно се клеветат и се пцујат со цел да докажат дека само тие се вистинските спасители, а јас длабоко сум убеден дека услуга им прават на други. Жалосно, ама вистинито, па останува да се очекува дека белки ќе се роди некој, како оној, кој пред триесетина години ја воскресна Полска. Како и порано, така и сега да не губиме надеж и таа нека ни биде силна поткрепа... А да не ја заборавиме и големата вистина дека тој, кој ќе го заборави родното место, секогаш ќе биде туѓинец...

Длабок воздив се истури од устата на пан Вишњевски и завладеа молк. Во големата одаја тишината ја дробеше завивањето на северњакот.

Коле со големо внимание го слушаше кажувањето на пан Вишњевски, ама кога забележа дека во тонот на неговиот глас се појавуваат ноти на немир, за да го смири, дофрли дрвце во каминот и со некаква длабоко скриена љубопитност праша:

-А тие книгите, таа голема библиотека, за која ми зборувавте, што бидна со неа? Што бидна со книгите?

-Не им ја оставивме на болшевиците. Целата библиотека Осолински и многу други приватни библиотеки, ги спакувавме и во вагони ги пренесовме во Бреслау, сега во Вроцлав. Сите книги и стари ракописи што

поколенијата на големото семејство Осолински со векови ги собираа, сега се сместени во една голема зграда во Вроцлав. Во Вроцлав го пренесовме и целокупниот библиотечен фонд на Лвовската политехника и Лвовскиот универзитет. Тие и сега се извор на знаења, а и голем споменик на полската култура. Како и порано, така и сега ги користат учените за да бидат поучени и студентите за да бидат учени. И јас, кога одам во Вроцлав, ако ми останува малку слободно време, одам таму и во тишината на големата читална си ги обновувам знаењата, а понекогаш и позајмувам книги...

-А јас, пан Вишњевски, одамна не сум имал книга в раце. Порано многу читав... ја сакам книгата..

-Ако си толку желен, пан Коле, јас можам од вроцлавските библиотеки, дали сакаш од библиотеката Осолински или од универзитетската, можам да ти носам книги. Само кажи од кои области... Сакаш ли да ти носам книги? Те прашувам, пан Коле, сакаш ли?... А уште да те прашам, ама многу ми е незгодно...

-Не се стеснувај, прашај слободно...

- Како ти, ти образован, интелигентен човек се одлучи да дојдеш тука во ова земјоделско стопанство и да работиш како... – пан Вишњевски за да не го навреди гостинот, не го доврши прашањето.

Коле во неговиот глас почувствува колебливост и во тој миг тивко воздивна и рече:

-Јас, пан Вишњевски, тука не дојдов по моја желба... мене тука ме пратија... ме пратија за... – прекина и долго размислуваше како и од каде да го почне со одговорот.

Во каминот догоруваа кратко сечените цепеници, жарта полека ја покриваше пепел. Надвор завиваше северњакот и грстови снег се напластуваа на прозорците.

Двајцата соговорници вкопани во своето минато, во кристалните чашки ја давеа својата неизлечива болка...

По долгиот молк, Коле прозбори:

-Неколку месеци по нашето прифаќање во Полска, некако ние, неколкуте другари од гимназиските клупи во Битола и Велес и од боиштата на граѓанската војна, успеавме да се приберeме. Не се најдовме сите на куп. Четворица засекогаш останаа на боиштето. За еден знаеме дека е жив и без нозе. Купчето ни е намалено и броиме само петмина. Одлучивме да учиме и во врска со тоа отидовме во градскиот совет за образование да се распрашаме дали полските власти ќе ни дозволат да се запишеме во некоја од тамошните гимназии. Таму не испрашаа какво образование имаме и ни рекоа дека тие, кои немаат матура ќе можат да се запишат на двегодишен подготвителен семинар, а мене, бидејќи имав завршено филолошки факултет во Солун, ме посоветуваа да се јавам во ректоратот на вроцлавскиот универзитет. Таму ме примија многу љубезно и по недела дена, откако еден стар господин, кој се претстави како професор по старогрчки јазик на лвовскиот универзитет, ги провери моите знаења. По негова препорака ми предложија да предавам старогрчки. Јас прифатив и замолив да ги довршам прекинатите студии по славистика. Господата професори се согласија и си подадовме рака. Така за мене широко се отвори големата порта на вроцлавскиот универзитет. Од просветните власти моите другари добија писмо со кое беа известени дека им е обезбедено сместување во интернатот и стипендија. Каде подобро? Сите стрпливо чекавме да почне учебната година, а чекањето го дополнувавме со работа во фабриката за вагони. Што работевме таму? Преместувавме железа од едно на друго место. Не оти имавме некоја професија! Дење работевме, а вечерите до доцна во ноќта учевме полски јазик. Секој од нас на учителот му плаќаше по две стотки... Аха, каде живеевме? На улица *Хубска*... Да, таму, на улица *Хубска*... нема број... Каде се наоѓа? Отаде централната железничка станица, зад една голема сива зграда. Околу во руина сите згради од тешкото советско бомбардирање. Некои велеа дека овој дел на градот го биеја со катјуши. Во тој голем куп од камења, тули и керамиди, само таа зграда беше жива. Велам жива зашто првиот кат, приземјето и подрумите беа прилагодливи за живеење иако немаше ниту вода, ниту струја. Важно таму корисниците беа заштитени од ветер и дожд. Најнаселени беа подрумите и приземјето. Што ли немаше таму и кој ли не живееше во тоа дувло. Градските арамии, подведувачите и уличните проститутки беа најбројните жители во подрумите.

Заедно со нив - прислужници, помагачи, поткажувачи, курири на градското вроцлавско подземје и по некој бездомник – сите таму беа сложни се дотогаш, до кога не беше испиена и последната капка вотка. Спиеја на подот, се олеснуваа зад зградата. Имаа и газди, ама тие не беа со нив во подрумот. Нивните газди имаа апартмани во хотелите, а некои во луксузните вили каде не помина воениот бран на советската офанзива. Така се зборуваше, а ние немавме причина да не веруваме зашто бевме и сведоци на пропаднатите и сведоци на издигнатите...

Околу централната железничка станица, каде дење и ноќе татнеа возовите – урнати згради, купишта шут. Таму ми се случи нешто вакво. Тргнувам јас по патеките – велам патеки зашто улиците беа покриени со руини, кон нашето живеалиште на *Хубска* и одеднаш пред мене маскиран човек и со испружена рака во која држеше тула. Стој - ми викна и рече: - *Kup, pan, cegłę!!!*[38] Го познав по гласот и му велам на уличарски: -*Te, Jacek, te skurwi synie, te świnio, to ty mnie, kurwa, mnie cegłę, kurwa, co!!!*[39] - и го китам јас со многу други вакви и слични уличарски и крчмарски изрази кои во тоа време беа нај употребливата китка зборови во речникот на подземјето. И му удирам една и пред да падни го дочекувам со клоцата меѓу нозе... Ноќта не ја поминав мирно и добро. Дојде еден непознат и со благ тон на гласот ме замоли да го послужам со цигара. Во ходникот ми фрлија вреќа на глава и одвај спасив глава. Така, во Вроцлав, пред и зад железничката станица најмногу тули се продаваа само ноќе. Кој беше тој храбар да не купи тула кога пред очи ќе му светнеше нож? Да. Тули се продаваа само ноќе. Жителите од *Хубска* уште во раните утрински часови излегуваа, како што велеа на работа, и се враќаа доцна. Носеа купови украдени работи од напуштените германски станови. Уште зора не зазорена, камиони пристигнуваа и во нив го товареа украденото, да не речам пљачкосаното и со потулени фарови ги фаќаа патиштата што водеа на пазарите во Варшава, каде тамошните жители, кои за време на војната, а

---

[38] Kup, pan, cegłę (полски) – Господине, купи тула

[39] Te, Jacek, te skurwi synie, te świnio, to ty mnie, kurwa, mnie, cegłę, kurwa, co!!! (полски) – Ти, Јацек, курвин сину, ти свињо, ти ли мене, курва, мене, тула, курва, што!!!

најмногу во времето на варшавското востание - се имаа изгубено. Ништо не останувaше. Се одеше под рака, се продаваше и препродаваше. Така ни кажуваа и не наговараа да им се придружиме, зашто во таквата работа лежеше голема пара...

Таму на улицата *Хубска* ни стигна вест дека од македонските училишта во Државниот Воспитен  Центар во Згожелец ги истераа македонските учители и учителки, дека со партиска одлука ја сменија македонската кирилица со бугарска или како што рекоа со нова, егејска. Не се согласивме со таквата одлука и по кратко договарање, одлучивме да испратиме протесно писмо до грчкиот градски партиски комитет, чие седиште е во Згожелец. По некој ден дојдоа некои типови во цивил. Не испрашаа дали сме тие кои го напишавме писмото. Потврдивме. Ни рекоа да одиме со нив. Со воз не однесоа во Згожелец. Таму не затворија во подрум. Наредија да седнеме и ни пуштија силна светлина во очите. Од тоа како беше уреден подрумот, сфатив дека ние не бевме првите  посетители на тој мрак. Отворија тефтери, наострија моливи и почнаа да не испитуваат. Не нарекоа реакционери, шовинисти, националисти, анти партиски елементи и тоа, секојдневното, најактуелното и најопасното  тогаш и сега – агенти на Тито. Дали не тепаа? Прво, по секој наш одговор од кој не беа задоволни, со гласно пцуење ни удираа толку силни шлаканици  од кои ни се губеше светлината. Потоа на ред доаѓаа тупаниците и кога бевме соборени на влажниот и студен под, редот го преземаа стаповите. По неколку денови не предадоа на Пољаците, на околискиот Уред за државна безбедност. Им рекоа дека сме титови агенти и дека работиме против полската држава. Таму, во околиската удба, еден по еден од подрумот не спроведуваа на горниот кат и  не сослушуваше еден мајор. Иако доста добро го владеев полскиот јазик, му реков дека не разбирам што ми зборува. Донесоа еден кој на лош полски јазик, наместо ш, ч, џ, изговараше с, ц, ѕ - им преведуваше. Направија записник, не натераа да се потпишеме и листот го пикнаа во дебел коверт. Наредниот ден заедно со ковертот, со воз не пренесоа во Вроцлав, во тамошниот војводски уред за државна безбедност. Таму не сослушуваше цивил, кој ни се претстави како полковник. Јас бев првиот. Ме седна наспроти себе, во очите ми го впери рефлекторот со силна светлина, го отвори ковертот со моето име и презиме и, молчејќи, читаше, мрштеше веѓи, триеше чело, се потсмевнуваше, со црвен молив подвлекуваше

некои зборови, ставаше прашалници, извичници, некаде помалку, некаде повеќе. Кога заврши со читањето, запали цигара и откако во лицето ми издува облак тутунски чад, удирајќи со црвениот молив на листот, рече:

-Тука, во извештајот што ни е доставен од партискиот комитет во Згожелец, пишува дека протерувањето од страна на грчката партиска организација на македонските учители и учителки од училиштата во Државниот Воспитен Центар[40] во Згожелец и менувањето на македонската кирилица со руска или бугарска, рековте дека е непријателски антимакедонски чин. Признавате?

- Да.
- Правилно. И јас мислам дека е така... Азбука не се менува со партиска директива... Подолу пишува дека вака сте рекле: - Со партиска одлука е решено дека јазикот и азбуката се вештачки и дека се создадени... - да не читам повеќе... Кажи дали и натаму така тврдиш?
- Да...
- Да... и јас така тврдам...

Полковникот ги стави хартиите настрана и откако низ нос испушти неколку димови, полека, збор по збор, цедеше:

- Мене, момче, ме учеле дека јазикот од раѓање, со првото млеко од мајчината дојка се учи и е пренослив од колено на колено, а не е создаван со партиска одлука... Да тврдиш дека јазикот и азбуката ги создал некој поради политички причини и потреби е... – не рече што е. Ми го поттура листот од моето досие, ми го подаде црвениот молив и со заповеден глас, ми подвикна:

---

[40] Државен Воспитан Центар – на Полски: Państwowy Ośrodek Wychowawczy. Во тој центар, сместен во поранешните германски касарни во Згожелец, беа сместени македонските и грчките деца. Се состоеше од два дела- Białe koszary- Бели касарни - во нив беа сместени децата од претшколска и школска возраст, а во вториот дел – Zgorzelec Ujazd - децата на возраст над петнаесет години, каде учеа занаети. Првиот дел, грчкиот комитет, без согласност на Полјаците, го имаше наречено Παιδουπολη Ζαχαριαδης – Детско гратче Захарјадис, а вториот дел – Παιδουπολη Τερποφσκι- Детско гратче Трповски.

- Потпиши се тука со цело име и презиме и седни таму во ќошот. Следниот! – згрми неговиот дебел и зарипнат глас.

Следниот беше Трајче. Непомирливиот Трајче, најдобриот ученик во битолската гимназија, бистар, начитан и умен, омилен од другарите, по него лудуваа битолчанките, колешките од гимназијата, прв се пријави да оди во партизани и стана борец на 18 бригада, во чиј командант, Пандо Војната, се колнеше. Од него знаевме дека дедо му го заклаа грчките андарти, тие критски арамии и злосторници, кои атињаните ги викаа македономахи – македоноборци, дека татко му долги години бил затвореник во нај озлогчласениот затвор – Акронавплија, дека помалиот брат, седумнаесетгодишниот борец на 103 григда на ДАГ, загина во битката за Лерин, дека мајка му, ја столчи минофрлачка граната заедно со ранетиот што го носеше на плеќи. Така, Трајче, од родот остана само тој. Не ја сакаше и партијата заедно со нејзиниот водач и сите Македонци кои се колнеа во него... Куршумот вкован во десната плешка и парчето железо му ги извадија полските лекари во болницата која тајно се викаше „Болница 250''. И таму, во таа болница, брзо го совлада полскиот јазик и честопати ја молеше медицинската сестра, пани Тереска, која во долгите соништа, само неа ја гушкаше ноќе и дење, само по неа воздивнуваше, да му носи книги од болничката библио-тека.

Полковникот од ковертот извади лист хартија свиткан на четири, го отвори, внимателно и љубопитно читаше, прекинуваше, нешто подвлекуваше со црвениот милив, поглед фрлаше врз Трајче и откако заврши со читањето, рече:

- Тука пишува дека си рекол оти на Македонија не и требаат партии, туку силна водечка личност, дека на поделен народ му треба силен обединител... а не партии и дека партиите се алатка за делби. Со еден збор – само водач. Признаваш дека така си рекол?

- Да...

- Добро си рекол. Да видам што друго си рекол што е причина тука да те донесат. – Полковникот преврти неколку листови и удирајќи со црвениот молив на хартијата, рече: - Тука уште пишува дека си рекол оти пред

да ја прогласат резолуцијата на тоа Информбиро, прво политичките комесари и партијата ве тераа да го славите Тито, а потоа да го пцуете. Признаваш дека така си рекол? Вистина е дека така сте правеле?

-Да... прво го славевме, а потоа го пцуевме... – потврдно одговори Трајче. – Така не учеа политичките комесари, а ние моравме да ги слушаме.

-Да видам што уште си рекол... Ете, пишува вака: - *Нашиот народ живее во четири држави. Тоа се четири режими кои го однародуваат, го обезличуваат. Оттука Македонците имаат многу непријатели, а најголеми непријатели на Македонците се Македонците. И затоа секогаш ќе бидат само жртва. А за да не бидат од туѓинци и предавници искористувани и терани да се прекрстуваат, потребно е да се помакедончат. Значи името што им го оставија дедовците да го чуваат зашто тоа, името, е непорочно. Тоа, името, ги обединува луѓето од еден род и вера и дека името е врвцата што ги врзува луѓето, па дури и од друг род и друга вера прави заедно да живеат...*

-Признаваш дека така си рекол?
- Да...
- Добро си рекол... Имаш ли уште нешто да признаеш?
- Да... да кажам, а не да признаам...
- Повели...

-Ние не сме против партијата. Ние сакаме партијата да е со нас, како што ние бевме со неа во текот на целата граѓанска војна. И наместо таа да е со нас, секој ден шири лаги дека ние сме титови агенти, народни непријатели,па ни ги укинаа организациите НОВ и АФЖ, бидејќи, како што тврдат, му служеа на Тито и директно придонесоа за поразот. Не некој друг, туку токму тие од НОФ и АФЖ, кои беа најголемите поклоници на партијата и нејзиниот водач, цели три години го повикуваа народот на оружје и да даде се за победата. Народот даде и се изгуби. Соголени и искорнати од своите места се нашите луѓе... Растурени се

семејствата, не се знае кој каде е. И не беше само тоа доволно, туку пуштиле и глас дека македонскиот јазик е вештачки создаден од Тито и дека и македонската азбука е вештачка и е титова и дека и македонскиот народ е вештачки создаден од Тито. Така тврдат и тие тука во Полска и тие таму во Грција. Го укинаа македонскиот јазик, па ќе правеле некој, егејски, ја укинале и кирилицата, па ја вовеле бугарската кирилица и за да може тоа да се спроведе, најдоа решение – да се протераат учителите и учителките кои на децата им го учеа македонскиот јазик. Велат дека тоа е партиска одлука... Не ја прифаќаме и партиската одлука со која од детските домови се протерани и жените кои ги придружуваа децата на нивниот незнаен пат по незнајните држави...

Трајче прекина само за миг, а потоа праша:

-Дали ова што ви го кажав, е запишано и внесено во овој жолт коверт?

- Не... не е запишано. Јас сега ќе го запишам... - рече полковникот и притисна на едно  црно копче. Во канцеларијата влезе  офицер со две ѕвезди на кој полковникот му нареди да не однесе во мензата. Таму ни дадоа леб и рибни конзерви. Не помина многу време и истиот офицер со двете ѕвезди не врати кај полковникот. А тој веднаш го почна испитувањето.

- А таму, во станот, на *Хубска*, за што зборувавте?

- За тоа за што зборувавме таму на тие наши ноќни седенки – почнав јас – нема да криеме... Таму најмногу зборувавме за тоа, дека сега кога не сме во војна и слободно живееме во Полска, сакаме целото време да го искористиме за да учиме. Ние немаме некое големо учење, ама сакаме да учиме. Да работиме и да учиме...

Полковникот внимателно слушаше и бележеше. Во еден миг прекина, продорно ме погледна и ме праша:

- Зарем тие таму, во Згожелец, во тој, како рековте, партиски комитет, имаат ли во главите мозок или мувлосано сено? Ве пратија кај мене затоа што зборувавте за тоа дека сакате да учите и да работите, дека си ја сакате вашата татковина, Македонија, нели? Па јас, бре, се борев во две светски војни, во две граѓански војни, во Шпанија и во Кина и секогаш и секаде зборував за Полска и никој поради тоа, ама никој не ме прекорил и не ме сослушувал... Зарем затоа што си ја сакате Македонија ве пратија тука, кај мене да ми го губите времето

што треба да го посветам на борбата со домашната и странската реакција? Дежурен!!! – влезе истиот офицер со двете ѕвезди. Нему му нареди лично да не однесе на железничката станица, да ни купи билети во прва класа. Крајно одредиште – Згожелец, а нам ни нареди да се јавиме во грчкиот партиски комитет. Утредента постапивме како што ни беше речено. Во комитетот не примија со најпогрдни зборови и ни препорачаа за работа и сместување сами да се снајдеме, но еднаш неделно да се јавуваме. Наместо тоа, ние си се вративме во Вроцлав, на улица *Хубска...*

Другарите од партискиот комитет во Згожелец незадоволни од нашето ослободување, до градскиот Уред за државна безбедност испратија писмо во кое бараа сите нас да не притворат со образложение дека сме народни непријатели и да почне истрага со цел да ни биде судено од надлежен полски суд. Началникот на градскиот уред, барањето го препрати во војводскиот Уред за државна безбедност. И тркалото одново почна да се врти и не однесе кај истиот полковник. Тој откако ја прочита пријавата против нас, му се обрати на другарот од комитетот кој цело време не придружуваше:

- Ние немаме никакви законски основи за да покренеме судска постапка. Тие не ги повредија полските закони. Нивното мислење не е против полските закони. Ако вие сметате дека тоа не е во духот на вашата партија, немате право да се повикувате на полските судови... Повеќе не гледам потреба да ги водите кај мене... Слободни сте ...

Другарот од комитетот видливо изнервиран, го прекина, велејќи му:

- Со вашето однесување, вие, другар, потврдувате дека стоите на нивна страна и немојте да заборавите дека и над попот има поп... така вели нашиот народ.

Полковникот повеќе во тонот отколку во зборовите на Парусис, така се викаше другарот од комитетот, сфати дека му се заканува. Собирајќи ги хартиите во ковертот и, враќајќи му го на Парусис, развлечено го праша:

- Така вели вашиот народ или вашата партија?

Не вратија во Згожелец. Таму два дена не држеа во подрумот на сув леб и вода и одлучија да не превоспитаат не со учење туку со работа. Работејќи, не убедуваа, нема да имате време да мислите за такви глупости, за какви што мислите. Од денес сте слободни, ама слободата ќе морате, не предупредија, да ја заслужите со работа. Ете, така, пан Вишњевски, многу скратено, лудо хаотично, ти го раскажав патот што недамна го изодив и со партиска одлука тука сум пратен на превоспитување...

Коле прекина. Неговиот поглед заскитано се изгуби таму, каде небото се врзуваше со ширната рамница.

-А тие, таму, тие младите – пан Вишњевски покажа со рака на тројцата младинци кои заедно со коњите ја извлекуваа запрежната кола од калта - и тие тука се пратени на превоспитување.

- А зошто?
- Кога дознаа за партиската одлука, ноќе, на ѕидовите од касарните во Згожелец - Ујазд, напишаа пароли против партиската одлука за укинување на македонската кирилица и потерувањето на учителите, а на еден од челните ѕидови, црвенееја големи букви: *Да живее Македонија*. Со помош на нивните школски другари, партиската полиција, во која имаше и Македонци, без кои партијата не можеше да прави валкани работи, ги откри. Поминаа и тие низ истото сито како и ние од *Хубска* и ете ги тука. Забрането им да се дружат со мене и со сите други. Така ти е тоа, пан Вишњевски, партијата секаде има свои луѓе... дури и во школските клупи... Ете, пан Вишњевски, сега знаеш по кој пат поминав и стигнав тука, во Кунув, во ова земјоделско стопанство...

# 7

Долгите зимски вечери Коле и пан Вишњевски ги поминуваа заедно. Разговорите секогаш им беа врзани за минатото и тешко доживеаното време. На една од тие вечери Коле уште пошироко отвори душа:

-Ние, пан Вишњевски нашата судбина ја ставивме во туѓи раце и затоа ги фативме планините и потоа патот кој не не води кон враќање... И така, можеби, ќе сфатиме дека таква постапка и решение не е исплатливо за народот, ама за поединци, кои се претставуваат како негови водачи, е многу исплатливо…

-Гледам, пан Коле, во списоците што ми ги дадоа тие од комитетот, презимињата и имињата ви се грчки. А кога зборувате меѓу себе слушам презимиња кои се исти како многу полски, завршуваат на – *вски*. На пример како моето – Вишњевски и доловувам многу зборови сосема слични или многу слични на полските.

-Така е, пан Вишњевски. Во списоците сме Грци и тоа од денот кога Грција не стави под своја управа. Тогаш ни ги сменија не само имињата и презимињата, туку и имињата на селата, градовите, реките, планините. Сменија се што носеше наш белег и не разликуваше од нив... Сите ние во нивните списоци сме Грци со тие нивни, а не наши имиња... Такви не сакаат тие и не обожуваат – обезимени од име и презиме, именувани со

нивни имиња и презимиња. Тоа беше и е нивна голема болештина... Така е, пан Вишњевски... Во списоците сме Грци, а во срцата и душите и на средбите меѓу нас и дома, на нива, во лозје, кога никој од власта и од кодошите не не слушаат, ние си го зборуваме нашиот јазик и тогаш сме наши, Македонци. И тука на овие полиња, зад запрежните коли и тракторите, во домовите и мензата, ние сме Македонци. Овие луѓе за кои се грижиш, таму, во нашето место не го разбираа попот во црква, каде псалаше на грчки, не го разбираа ниту судијата кога им ја одредуваше казната затоа што зборуваа македонски. А тука, вам ви дадоа списоци во кои ние сме Грци. А кога ви зборуваме на нашиот јазик, вие доловувате слични зборови и се чудите колку сличен е нашиот јазик со вашиот. Кога вие, Полјаците, зборувате полски, ние ве разбираме. Не само јас, кој има нешто од образованието туку и жените и старците, кои не знаат грчки, вас, ве разбираат... Фаќаа некои слични зборови додека траеше патувањето до тука. Тогаш една од сестрите, ми пријде и вака ми се пожали. Јас, пан Коле, рече, пред војната, во гимназијата во Варшава, учев старогрчки и новогрчи. Кога ми рекоа дека ќе ме пратат на специјална и тајна мисија поврзана со Грци, во домашната библиотека ги најдов учебниците по старогрчки и новогрчки и заедно со другите најпотребни работи ги фрлив во ранецот. За време на целото патување до одредената цел, јас, со учебникот в раце, си ги повторував знаењата. Со тоа мое знаење, кога бегалците ги примавме во бродот, им се обраќав на грчки, а тие, посебно старите жени, недоверливо ме гледаа, во нивните очи гледав страв, некои дури и рака не ми подаваа кога сакав да ги придржам. Јас им зборував, а тие молчеа и ме гледаа со некаков подбив во очите. *Καταλαβενις?*[41] – прашав една жена. Таа одречно климна со главата. Гласно реков: *Mój, Boże, nic nie rozumiem!!!* [42] Еден средовечен маж ми пријде и со многу смирен глас, ми рече: - Простете, сестро, јас разбирам... - Се вгледав во него и почнав во себе да ги џвакам тие четири зборови – *простете, сестро, јас, разбирам...* И во себе си думам: - тоа зборот *простете* ми личи како да е руски збор - *простите*, а пак зборот *сестро*, сосема сличен на нашиот - siostro, *jas* – тоа е сосема нашето како нашето *ja...* Малку се поколебав кај зборот – *разбирам...* А тој, човекот што ми рече дека разбира, полека, молежливо, пак ми вели - простете

[41] Καταλαβενις - разбираш
[42] Mój, Boże, nic nie rozumiem (na polski) – Боже, мој, ништо не разбирам.

сестро, не ве разбираат. Вие им зборувате на грчки јазик. – Зарем вие не сте Грци? – Прашај ги – ми вели. Се свртив кон жените и на грчки им велам и покажувам со прст, а тие, како некои ученички, на глас: *око, нос, уста, заби, коса, нога...* - Покажувам на себе и велам – Ја siostra, а една жена рече:– *ти мила наша сестра...* – вџашена, во себе веднаш ја преведов целата реченица: - *ty miła nasza siostra...* –Па тоа е на полски!... Mój Boże – викнав вчудовидена – а и тие – Мој Боже – рекоа. Пан Коле, па тие зборуваат полски! Какви Грци се овие луѓе, кога ми зборуваат полски? Да не се Руси?

- Не, pani siostro, не се Руси.. .

- Ама не се ниту Грци штом не ме разбираат кога им зборувам грчки? Што се?

-Така е, не се ниту Грци.

- Па тогаш што се, пан Коле?

- Македонци... pani siostro, Macedończycy...

- Милата сестра, пан Вишњевски, учебниците по старогрчки и новогрчки ги сокри длабоко во ранецот и за целото време на патувањето во една голема тетратка до полските зборови ги допишуваше македонските... Подоцна, малиот полско-македонски речник од голема корист и беше во болницата, каде се грижеше за нашите ранети...

-Ќе кажам уште нешто што ќе ве натера да се смеете. Целото време додека со бродот пловевме до Гдањск, за нашинците се грижеа полски лекари и медицински сестри. При лекарските прегледи лекарите најчесто прашуваа: *boli głowa, noga, oko, nos, rana, zęby, gardło*, а нашите одговараа - *не боли глава, нога, око, нос, рана, заби, грло...* А кога сестрите разнесуваа храна, велеа: *chleb, mleko, mięso* и така натаму - се разбираа и се чудеа, па ме прашуваа: види, бре, Коле, жити мајка, зошто ни се подбиваат така, туку не прашуваат со чисто наши зборови. Сигурно се преправаат дека се Пољаци? Не, сигурно не се Пољаци, туку наши. Се преправаат... наши се... жими Господ Бог, наши се...

Коле прекина. Долго траеше во молк. Загледан во околните ритчиња и во дрвјата што веќе есента ги имаше позлатено, без да сврти глава кон Вишњевски, прозбори развлечено:

- Овие луѓе, пан Вишњевски, за кои секојдневно се грижиш, имаат свое длабоко вкоренето чувство на посебност. По потекло се селани. Со генерации врзани за земјата, ралото, српот, мотиката... Сега се откинати од ралото, од српот, од овците и козите, од стоката... Откинати се ама умот им е со нив. Земјата и стоката ги хранеше. Живееја сиромашен живот. Некои од нив дури и заедно во една куќа со стоката. Тие на кат, стоката под нив и во дворот заедно. Светлина во куќата им беше боринката, на празници ламбадата или газиената ламба... Сега не можат да се изначудат што над нивните глави свети една стаклена топка. На село штом дете заоди веќе е зрело за работа. Уште недораснати, од деца најчесто боси или со опинци – тежок леб заработуваат. Нашиот народ, пан Вишњевски, е селски народ. Сиромашен, неписмен и неук. Имаа толку храна, колку што самиот ќе извлече од нивата, бавчата, стоката. Се додека ралото ораше, додека сејачот сееше, жетварот жнееше, дворот беше полн со стока, глад немаше. Светот за нив беше толку широк, колку што беше ширината на просторот од дома до селскиот синор. До градот беспаќа. Тука, пан Вишњевски, одат по чисти улици, кал не мешаат, во задружната менза јадат трипати на ден, а таму еднаш или двапати и тоа најчесто месено или само леб и сирење. Месо – за празник. Во моето село од сто и десет мажи, половината на печалба. Наука – до четврто основно: веронаука, земјоделство – за ова селанчињата повеќе знаеја од даскалите, аритметика со четирите дејствија - додавање, одземање, множење и делење до сто и  митологија... на прсти ги броеја грчките митолошки богови, а ако и тоа не го знаеше, тогаш дома се враќаа со натечени дланки на кои неброено удираше прачката. А даскалите не ги плаќаше државата, туку тој наш сиромашен народ, кого така го учеа за да биде не научен. Не наука, туку ноќ без месечина. Еве и тука. Оди и на која било жена прозбори и на грчки. Нема да те разбере. Нашите жени и мажи родени уште во турско, не го знаат грчкиот јазик. И беа влечени по судови и казнувани ако биле фатени или некој ги поткажал дека го зборуваат мајчиниот, нашиот, македонскиот јазик. И дојдоа некои и таа негова сиромаштија, неукоста и насилното погрчување го ставија во својата вера, што ја нарекоа комунизам. Им рекоа дека во комунизмот никој нема да ги казнува заради јазикот, дека за нив ќе нема сиромаштија, ќе има многу храна, нема да ораат со рало, туку со машини што ќе стигнат од Русија, нема да има печалбари и никој не ма да им го брани јазикот. Е, ова, за

јазикот и судењата и затворите, им беше најважно. Поверуваа во тие ветувања што значеа заштита од злото. Луѓето кои ветуваа беа комунисти и ним им поверуваа со целата своја неукост и ја прифатија таа вера. Беа неуки и сега се неуки. Таквите се најпотребни кога сакаш нешто да постигнеш. Не станаа комунисти, ама ја прифатија комунистичката партија затоа што само таа им ветуваше заштита. За овие луѓе, пан Вишњевски, во нивните домови, во таа нивна исконска земја властите немаа човечка љубов и сочувство. Овие луѓе во таа држава беа надвор од законот. А што значи тоа кога на човекот му го браниш јазикот и му го менуваш името? Крајот на големата војна не им донесе добрини. И тие кои им ветуваа заштита ги вовлекоа во нова војна. Измамени од некои свои, застанаа на страната на комунистите, а комунисти не беа... А колку што знам, пан Вишњевски, и вам, Полјаците, ви ветуваа многу, ама вие, писмен и учен народ, сами се изборивте за вашата полштина. Ние, пан Вишњевски, нашата судбина ја ставивме во рацете на грчките комунисти кои ни ветија дека ќе сме биле слободни. И им поверувавме до идолопоклонштво. Многу им поверувавме и таа наша верба не донесе тука. И јас им поверував и ете сега сум тука во вашето земјоделско стопанство...

- Што работевте вие, пан Коле, во деновите додека траеше војната?

- Говорите, одлуките, паролите што ги пишуваа грчките комунисти со кои со ветувања ги повикуваа Македонците да се борат против англоамери-канскиот империјализам, а подоцна и против Тито, ги преведував на македонски и верните неуки македонски комунисти ги објавуваа во весниците... Сами ги читаа, малку ги разбираа и погрешно му ги пренесуваа на тој неписмен македонски селанец... Таму бев потребен... Тука обвинет...

- А за што те обвинија?

- За што ли не... За титоист, за македонски националист... Знаете, пан Вишњевски... Ние една мала група нашинци, Македонци, мислам, кога поминавме низ карантинот, одлучивме да одиме во градот Вроцлав... Да работиме во некоја фабрика и да учиме. Некои веќе имаа матура, некои беа пред матура, некои штотуку запишани во гимназии во Битола и Велес и неколку на универзитетот во Скопје. Јас бев при крајот на студиите иако во џебот ја имав дипломата за завршени филолошки студии на универзитетот во Солун. За

тогашно време, во делот на Македонија што потпадна под грчко владеење бев еден од ретките образовани Македонци... Туку да се вратам на времето кога учевме во школите на Народна Република Македонија, федералниот дел на Југославија, пан Вишњевски. Грчките комунисти ги бојкотираа изборите, десницата потпомогната од Англичаните ја презеде власта и ги почна прогоните. Завладеа лудилото на белиот терор, властите на список ги имаа сите кои бојкотираа и со нив ги наполнија затворите и логорите. Партиските активисти, секретарите на партиските организации, комесарите и командантите на ЕЛАС[43] по наредба на партијата по тајни канали пребегнуваа во Југославија. Место за нивен престој беше одреден Булкес. А во тоа време, во Грција се разгоруваше граѓанската војна. За Булкес, пан Вишњевски, ќе ви раскажам во некоја друга пригода, ако даде Господ, зашто и сега времето е такво, што за помош и надеж мораме да се повикуваме на Господ... Сите момчиња кои учеа во битолската и велешката гимназија и мене заедно со тројца студенти на скопскиот универзитет, сите од костурските и леринските села, не собраа и неколку дена во Битола не држеа во еден подрум, близу офицерскиот дом. Морално и политички, така да речам, не подготвуваа за борци. Нам не ни требаше некое големо убедување. И ние бевме жртви на тоа што се случуваше во нашите места и искрено речено потврдивме дека сакаме да се приклучиме во борбата против новите власти во Грција, а најмногу, како што ни зборуваа некои од нашите професори во битолската гимназија, да се бориме за Македонија. Да се бориме поделената Македонија да биде обединета. Патем, тие наши професори, како што дознавме подоцна, идејата за ослободување на Македонија ја платија со затворски и логорски казни. Им судеа тогаш, кога ние крвавевме низ македонските планини… Им пресудија долги затворски и логорски казни... И кога не донесоа во Полска, ние од неколкуте што останавме живи, не заборавивме дека сме Македонци кои ја сакаат Македонија. Ние така мислевме, ама партијата не мислеше така.

-Не прогласија за националисти и титови агенти. Мене моливот и книгата ми ги одзедоа и ми го дадоа коњскиот огламник и сега со колата префрлувам се што ќе товарат на неа и така тие од комитетот мислат дека брзо ќе ме превоспитаат. Во списокот јас сум Никос Симиѕис, а слушаш како ме викаат луѓето?

[43] ΕΛΑΣ – ЕЛАС – Еликикос Лаикос Апелефтеротикос Стратос – Грчка Народна Ослободителна Армија

- Коле Симициевски тебе те викаат, а сите други ги викаат Јаневски, Петровски, Ристовски... А во списоците што ми ги дадоа тие се Јанопулос, Петропулос, Христопулос...

- Така не прекрсти грчката држава и со такви имиња и презимиња вам, пан Вишњевски, ви ги дадоа списоците и ви рекоа дека сме Грци.

- Да, така ми рекоа. Кога се сретнав со вашите луѓе од нивните разговори доловував зборови слични на полските, па ги прашував какви ли се овие Грци кои кога зборуваат употребуваат зборови слични на полскиот јазик. Е, рекоа, тие не се Грци, ами Славомакедонци. Тој од комитетот неколкупати ми рече – ние сме Грци, а тие се Славомакедонци. За разлика од нас Грците ги нарековме Славо-македонци, бидејќи тие по раса се Словени. Како вие, рече, кои сте Словени.. Па ако е така, му велам, тогаш и нас, Полјаците, треба да не викате Славополјаци. Можеби рече, ако би живееле во Грција. Па вие, му вратив, сте расисти! Не, не сте во право, ми подвикна. Ние сме само комунисти. И види, пан Коле, тој ми се закани дека моето мислење ќе го проценеле во партискиот комитет во Згожелец...

Коле гласно се насмеа и, удирајќи го Вишњевски по рамото, рече:

-Биди сигурен дека оценката нема да е – одличен.

- Пред некој ден на пат сретнав еден постар и по краткиот разговор, го прашав како се вика. Ми рече:

- Моето старо презиме е Петровски...

Од чантата го извадив списокот, ама тоа презиме го немаше. Му реков:

- Такво презиме во овој список нема.
- А Петропулос го има? - ме праша.
- Да, го има.
- Бриши го Петропулос и запиши го Петровски. Такво ми е наследеното презиме. Бриши го тоа Петропулос и запиши Петровски. Ајде – ми подвикна – бриши го тоа Петропулос зашто и тука во слободата ме потсетува на рицинусот и ренката... Што му значи тоа рицинус и ренка, пан Коле?

- Рицинус е масло кое предизвикува силен пролив, а ренка е многу солена риба. Грчките власти со рицинус и ренка ги казнувале, поправо ги посрамотувале и понижувале Македонците заради зборувањето на македонски јазик... Кога ќе ти забрант јазик, кога ќе ти сменат име, што значи тоа?

- Пан Коле, нас, секогаш и дома и на училиште и во црква, на детски и младешки логорувања секогаш ни велеа сакајте си го јазикот и татковината... А тие деца, пан Коле, тие онаму, ги гледаш, зошто ги испратија тука?

-За казна, пан Вишњевски. За казна. Затоа што си го сакаат јазикот и татковината. Дента кога партискиот комитет објави дека вештачката македонска кирилица која на Македонците им ја создаде Тито ја заменуваат со руска или бугарска, а учителите, воспитувачите и жените кои ги придружуваа децата, ги отстранија од Државниот воспитен центар, тие, неколку младинци се побунија, ноќе на сидовите испишаа пароли за Македонија. Со помош на нивни школски другари, партиските активисти, да не речам партиската полиција на градскиот комитет, ги откри и тука партијата ги прати на превоспитување...

# 8

На една од следните зимски вечери, по втората чашка испиена вотка, пан Вишњевски му рече на Коле:

-А ти, пан Коле, гледам не знаеш да пиеш вотка и ти се чудам како ја цедиш. Гледај и запамети: вотката се пие ете вака – наназад подигнуваш глава, широко отвораш уста и одеднаш, со замав вотката ја истураш право во грлото. Не мораш да ја голташ, таа сама си оди во стомак... Гледај – ете вака...

-А кај нас, пан Вишњевски, не само за време на празници, ами и кога вообичаено навечер доаѓаат гости на масата не се става шише со ракија, туку домаќинката на послужавник носи наполнети чашки и, почнувајќи од најстариот, ги послужува гостите, велејќи им на здравје и се повлекува во друга одаја. Мажите си велат еден на друг – ај за здравје и бериќет и полека муснуваат капка –две од ракијата, ја разлеваат во устата и меѓу забите, ја пренесуваат на непцето и дури потоа откако со носот ќе приберат воздух, со замижани очи, ја голтаат полека, полека за да ја почувствува грлото. Така, да ја почувствува непцето, грлото и желудникот. А кај тие кои пијат во крчми, ако потпивнат повеќе, тогаш ракијата или виното ги чувствува и главата и нозете... Така... Откако ќе ги испразнат чашките, се реди ред на фалење на ракијата. Домаќинката го прибира послужавникот

со празните чашки и на секој му вели на здравје, а тие, гостите де, враќаат – сполај ти, да ти е жив стопанот, децата, внуците, стоката, куќата да ти е полна и многу други благи молитви и желби. Потоа продолжува муабетот ...

-А вино, пиете ли вино, пан Коле?

- Пиеме на празници, на крштевки, на весели и тажни денови и тоа не се носи во шишиња, туку во бокали. Од бокалот домаќинката ги полни чашите и не се пие како вода, туку полека, со наслада се разлева во целата уста и се пие голтка по голтка... за да се спои со грлото, стомакот и со душата.

- Значи не се пие многу, нели?

- Се пие, ама со мера, пан Вишњевски... А некои пијат и без мера...

- И пијаници, значи нема?

- Има и пијаници и песни за пијаници. Кај нас, пан Вишњевски и виното и ракијата ги има опеано народот затоа што тие се дел од неговата пот, од неговиот делничен живот. Кога се бере и се тапчи грозјето и кога се пече ракијата, денот е празник...

- А кога најмногу се пие вино? – праша пан Вишњевски.

- Најмногу виното се пие есента и зимата, а ракијата цела година...

Коле прекина, се загледа некаде далеку пред себе и тивко промрмори:

*Вино пијам, ем ракија,*
*Коња јавам, аџамија.*
*Коњ ме шета горе- долу*
*Горе-долу низ тоа поле...*
*Ме однесе в ладна меана,*
*Во меана до три моми.*
*Прва точи, друга носи,*

*А трета мене ме гледа.*
*Па ја качив на коњчето,*
*Ја однесов право дома...*

Тивкото мрморење го врати дома.

- Пееш, пан Коле?

- Во разговорот ми се вмеша една песна за пиењето вино и ракија... народна е... Нашиот народ, пан Вишњевски, за се има испеано песни. И за виното и за ракијата, и за болката и тагата, за денот и ноќта, за сонцето и месечината, за лозјата и нивите, за љубовта и прељубата, за животот и смртта, за доброто и злото... за арамиите, качаците, предавниците и туѓинците... За се, пан Вишњевски што е содржина на неговиот живот... Песните ги создавале обични луѓе, а најмногу селаните. Весели, тажни, ги има за сите годишни времиња, за сите работи и за сите човекови среќи и несреќи... Можеби нашинчето ќе испее и некоја песна за нас... тука... или нешто во некоја тетратка ќе запише како сме ние тука. Би требало да е запишано за да не се заборави до каде не однесе лудилото... Нашиот човек, пан Вишњевски, својата радост, тага и болка незаборавно ги смести во народната песна со обични,  прости, секојдневни зборови и целото свое битие во времињата на злото го сочува опеано со песната. Во неа ја стави не само својата мака и радост, тага и надеж туку и својата душа. Ние го немаме Реј и Кохановски, Мицкјевич и Словацки... Ги имаме народните песни. Во нив е нашата душа, срцето, желбите, страдањата, чемерот и надежите. Нашиот народ во народната песна ја стави и својата мудрост. Во долгата низа народни песни има и една која е недостижна метафора. Слушајте, пан Вишњевски, вака звучи:

Терзии, браќа, терзии,
Ај, сошијте ми бел фустан,
Без ножици да го скроите,
Без конец да го наберете...

Девојче, врсшко, девојче,
Ај, да ни месиш кравајче,
Без сито да го отсееeш,
Без вода да го замесеш,
Без оган да го испечеш.

Терзии, браќа терзии,
Јас ќе ви месам кравјаче
Низ трепки ќе го отсеам,
Со солзи ќе гпо замесам,
На гради ќе го испечам...

-Ете, пан Вишњевски, така пее нашиот народ за невозможното и можното. Така пее само народниот генij... И да ви кажам уште, пан Вишњевски, дека ние долгите векови на робување ги издржавме благодарение на верата православна, на песната, адетите и обичаите. Тие ни беа и се уште ни се големото школо... Така се чуваме себе си и така го сочувавме и јазикот и духот...

Коле прекина за миг колку да за да врзи друга мисла и рече:

-Писмо, ме слушате ли пан Вишњевски, писмо на други им дадовме, а сами си останавме неписмени... Неуки, пан Вишњевски, неуки... А неуките секој може да ги меси како тесто и да прави од тоа тесто се што ќе му затреба... Вистина е, пан Вишњевски, дадовме писмо и останавме не само неписмени ами и неуки и слепи... Вчера, пан Вишњевски, ме прашавте што е најзабележливо кај нас... Неслогата, разединетоста, љубомората, политичкото слепило, верувањето во туѓи ветувања. Сето тоа заедно е изворот на нашите македонски несреќи...

Секогаш измамени... Никако со наши очи да ја видиме светлината, виделината... Воспитувани во три држави, кои секогаш водеа сметка ние постојано да сме зајадени меѓу себе, ја примавме и нивната зајадливост и омраза. Слично како нив се јадевме меѓу себе и се мразевме така, како што се мразеа тие во минатото и се мразат и денес. Во сметките на соседите и на оние подалечните душегрижници секогаш жртвата бевме ние... и сега сме...

Гласот на Коле затрепери што не остана незабележано од пан Вишњевски.

-Овие наши луѓе, кои работат на овие големи ниви одвај го издржуваат стравот кога слушаат како штракаат тракторите. Се им се чини дека слушаат митралеско пукање. Видовте ли вчера како се разбегаа кога прелета авионот? Кај нив стравот има свиено гнездо. Доживеавме страшен пораз. Би сакал поразот да не освести. Можеби тогаш ќе почне нашето зреење. Можеби ќе разбереме дека е време да пораснеме и да заодиме по други ама наши патишта кои ќе не водат само кон нашето дома каде ние ќе бидеме домаќини. Нашата вечна лекомисленост, нашата неслога, делбите и недостатокот на мислење со наш ум, не доведе до страшниот пораз... Пан Вишњевски, не е срамота да признае човек дека скитници по светот ни ја кроеја судбината... и меѓу нив, за жал, и од наш род... Многу голема е болката кога доаѓаш до сознание дека токму од таквите душегрижници си изневерен и понижен... Да... тоа изневерување и сите понижувања се платени со животи и со судбината на овие наши луѓе... Над нив се уште натежнуваат не исцелените рани што ги остави и ги отвора тој наш неразумен дележ, за жал, најмногу поттикнуван и од надвор...

-Пан Коле, го спомнавте Миколај Реј. Тој живеел во шеснаесеттиот век, времето кога во полските цркви богослужбите и проповедите, па и во богатите средини се зборувало на латински јазик. Соседните народи изгледа поради тоа на Полјаците им се смееле, па умниот Реј, кој добро знаел на кој јазик зборува мноштвото Полјаци, вака пресекол:

*A niechaj narodowie wżdy postronni znają iż POLACY*
*nie gęsi, iż swój język mają*[44]

---

[44] Нека соседните народи секогаш знаат дека Полјаците не се гуски туку свој јазик имаат

Така рекол и така во вековите што одминаа до сега истраја таа негова умна мисла и ние Полјаците достоинствено и љубоморно ја чуваме. И во делбите што ни ги правеле соседите, па дури и во тие делби што сами си ги правевме, нас, јазикот и големата литература во минатото не сочувале и сега не чуваат... И во минатото, а и сега ни велат за да може Полска да опстане, мора да се сврти и да се врзи за силните. Пред делбите на Полска, едни велеа дека Полска треба да се сврти кон Русија, бидејќи таа држава станува се посилна, а други кон Прусија или Австроунгарија. И таквото врзување донесе до територијална делба на Полска. Полјаците се поделија на патриоти и предавници... првите дигаа востанија , крвавеа и губеа, вторите - привилегии. Ама долги години по последната делба, се најде човек кој ја исфрли мислата дека Полска треба да се потпира на Полјаците. Рече, ја опаша сабјата, на појас го стави кубурот и ги поведе Полјаците и против Исток и против Запад. И пак поклоници и кон Запад и кон Исток. И едните другите извршија нова делба, а потоа меѓусебно се толчеа и требеа. Сега сме, велат под добра заштита на Истокот. А што мислат тие на Запад? Ние, пан Коле, сме делницата меѓу Истокот и Западот. Сакаш на Запад – преку Полска, сакаш на Исток – преку Полска. Ако нее се добро, а добро тука нема, тогаш со измама или војна. Нешто слични на нас сте и вие. Сака некој по копно да оди на Блискиот Исток, мора низ Македонија или од Блискиот Исток на Запад, пак мора низ Македонија. Не мора да ти објават војна. Знаат тие како се прави тоа. Ги наоѓаат и ги проучуваат слабите и лакомите за чинови, за власт и за пари. Ги проучуваат не со денови, ами со месеци и години. Е, тие, им се најголемите помошници при минувањето и менувањето на страните. Ќе речеш – предавници. Баш им е гајле. Заштитени се толку долго, колку долго им се потребни и тоа не за повеќе потреби, туку за една. Штом си ја постигнат целта, тогаш и најверните ги тргнуваат на страна и за натамошните цели бараат други. Големите знаат како се прави тоа, а малите слепо го прават тоа што го сакаат големите... Така вели минатото и така прави сегашното време...

# 9

Лабро, кој во земјоделското стопанство во Кунув, по партиска линија доаѓаше повремено, најчесто се дружеше и разговараше со Коле. При последното доаѓање се испречи на патот каде Коле ги тераше коњите кои мачно ја влечеа претоварената кола. Со рака му даде знак да застане и му рече:

- Остај, бре Коле, нека здивнат коњите. Дојди. Седни тука до мене и да запалиме по една.

- Сполај, стрико Лабро, јас не пушам.

-Знам... Ти не пушиш, не пиеш, а јас и од порано гледам дека е така, а луѓето ми велат дека до доцна во ноќта читаш, па дури и наутро и дење, крадеш од работното време и читаш. А бре, Коле, ти, случајно да не си некој учен човек, а? Многу добро и чисто лафиш македонцки, а грцкиот го лафиш како некој многу учен Грк. Во затворот во Акронавплија имавме едно двајца или тројца учени, кои така учено лафеа, како ти што лафиш... Што школо имаш?

- Учев во Солун... на универзитет – тивко рече Коле и стана за да продолжи да ги тера коњите.

- Седи, коњите не се зајаци, нема да избегаат. Седни, реков, седи и кажи ми дали тука те прати партијата по работа?

Воздржано и тивко изусти Коле:

- Токму така...

- А зошто, да те прашам, ти тука работиш како коњоводец, а не си во раководството или во домовите да ги учиш децата?? Денес кога сме во емиграција, ни требаат учени, а не коњоводци, нели?

- Така реши партијата, стрико Лабро...

- Пред тоа што си работел?

- Па ти реков дека учев...

- А во борбата си бил?

- Сум бил...

-А што си бил? Како учен да не си бил високо...

- Не сум бил високо... ниско сум бил...

- Зошто така? Писмен, учен, па ниско...

- Такво било времето. Тогаш, како и сега, високите места не беа за писмените и учените...

Лабро го згмечи догорчето од цигарата во земјата, отстрана и накриво се загледа во лицето на Коле и влечејќи ги зборовите, праша:

- Ами, бре Коле, гледам и слушам дека и полски многу добро дробиш? А и без навреда да е... ти, значи случајно тука да не си пратен по некоја специјална работа, ако не е по некоја казна?

- Партијата знае...

- Така ести... партијата знае и не греши... Партијата, Коле, е се. И обвинител, и судија и суд и џелат. Казнува, не простува. Кривото не го исправува, го пресекува или така го тера да расти, за да расти само така како што сака партијата. Партијата е Бог и затоа не признава друг бог. Разбираш, нели?

Коле климна со главата Во него вриеше. Чувствуваше дека кај него нема сила за да му докаже на старецот дека не е така, бидејќи длабоко беше убеден дека тој човек од млади години беше кален во огнот на комунизмот, беше свиткуван и исправуван и виткан и оформуван на наковалната на тие кои со тешки чекани удираа по свеста. Самите порано наковалени од некој кој светот сакаше да го делка само со својот нож. А ножот беше остар. Прости, ама упорни, скоро болни за да фатат и најмалечко место покрај масата, задоволни од трошките што успеваа да ги соберат од богатата маса. Својата вистинска сиромаштија ја ситеа со месо од туѓите мисли дека таму во некое идно време, и тие, простите, богато и сито ќе јадат и пијат како овие. Самоизмамата ги тераше нивното лудило по владеење да се зголемува секој ден. И веруваа. Не сакаше Коле да спори со тој самобендисан старец чие убедување дојде од надвор, а не од неговиот мозок, некој друг му го обработи мозокот, некој друг го толчеше на идеолошката наковална. И кога Лабро му рече дека во партијата не треба да се мисли, бидејќи ако секој мисли, тогаш нема да има партија, туку мора само еден да мисли и сите да трчаат по неговата мислата, да тапчат само по неговите траги и сите да се тој, а тој да е над сите. Нема друг бог...

Коле не дочека Лабро да ја доврши мислата за богот, стана, ја истресе прашината од старите, излитени војнички панталони и рече:

- Јас, стрико Лабро, да одам да си ја завршам мојата работа, а ти оди, и терај си ја твојата..

Лабро ја згмечи цигарата од чевелот, плукна настрана и рече:

- Вечер во мензата ќе имаме собир. Сакам да дојдеш и да држиш говор пред сите, а пред тоа јас малку ќе те подучам... Сторено, нели?

Коле не вети дека ќе оди на собирот. Пред да ги спотера коњите, се сврти кон Лабро и праша:

- Вистина ли е, стрико Лабро, дека си бил во затворот во Акронавплија? Така зборуваат луѓето...

- Бев, синко. И тоа долги години... Дојди, седни, па ќе ти раскажам. Седни тука, поблизу. Лош затвор, еден од најлошите во кој ги затвораа најистакнатите и највeрните комунисти на кои партијата најмногу им веруваше и затоа ги ставаше на високи места... Иако беше затвор, ама за нас беше големо училиште. Таму се калевме.

- А како ти се најде таму?

- Јас ли? Долго треба да се раскажува, ама на кратко ќе ти раскажам  не како се најдов таму, туку како излегов од таму. Кога  генералот Метаксас ја воспостави фашистичката диктатура, таму ги собра нај истакнатите комунисти кои ги сметаше за најопасни. Меѓу нив и мене. Како што сигурно знаеш, Грција ја окупираа Италијанците, Германците и Бугарите и во Атина формираа влада која соработуваше со нив. Нас, затворениците, владата не предаде на Германците. И тогаш во Грција немаше кој да организира отпор и борба против окупаторите. Јанис Иоанидис, член на политбирото на КПГ, тајно, не собра нас, македонските комунисти и ни рече дека, во Грција нема сили кои би можеле да организираат отпор против окупаторите. Сите поранешни активни комунисти се во затворите. Грчката десница соработува со окупаторот. Само комунистите, рече Јанис, се способни да го организираат отпорот против окупаторите. Во продолжение тој

истакна дека постои можност еден доста голем број храбри и верни комунисти да бидат ослободени од затворот и по излегувањето да почнат да го организираат антифашистичкиот отпор, со што ќе му помогнеме и на Советскиот Сојуз кој водеше тешки битки со Германците. Го прашавме како ќе го сториме тоа? Јанис ни објасни дека нашиот другар, Дељо Попнеделков, жена му која беше Германка ќе се заложи кај германската команда нејзиниот маж да биде пуштен од затвор. Таа ќе му каже на германскиот командант дека нејзиниот маж е затворен поради тоа што е Македонец, а не како грчки комунист и дека такви како него во затворот има неколку десетици. Германката зборуваше со командантот, а тој се јави во бугарската амбасада и им кажа дека во затворот има Македонци. Бугарите на свој начин ја смислија работата. Демек ослободените Македонци за противуслуга ќе работат за бугарските цели во Грција. И така со помош на бугарската амбасада во Атина бевме ослободени 27 затвореници, врвни активисти од кои беше и еден Влав, Андреас Ѕимас се викаше, адвокат од Рупишта, кој подоцна беше и претставник на ЕЛАС при Врховниот штаб на Тито, двајца Маџири, кои се претставија како Македонци, бидејќи го зборуваа нашиот јазик, и ние – 24 Македонци, пред војната некои високи функционери, како Андреа Чипов, кој беше член на ЦК на КПГ, па секретари на регионални, околиски, градски партиски комитети. Условот за ослободување, рече  Јанис, е да кажеме дека сме Бугари. Некои, меѓу нив и јас, рековме дека не можеме да си го менуваме името, а тој рече дека ова е партиска директива, а партиските директиви се закон. И така, ние, 27 комунисти, излеговме од Акронаплија како Бугари. Добивме партиска задача во градовите што ни ги одреди партијата да организираме отпор против окупаторите...

Лабро прекина со раскажувањето. Клечката со која ја копаше земјата пред нозете, се скрши. Едниот дел го подигна и рече:

-Кога си спомнувам за ова што ти кажувам, во мене нешто се крши, како оваа клечка...

- И што понатаму, стрико Лабро?- праша Коле.

- Што по натаму? Понатаму, луѓе од партијата рекоа дека не може една таква важна работа да им се довери на Бугари. И во затворските келии, не само во затворот Акронавплија, туку и во другите затвори, бура од негодувања, кои се пренесоа на терен. Зарем Бугари ќе застанат на чело на грчкиот отпор? Зарем мислите дека по победата тие автономисти нема да поставуваат барања? А ние, да ти кажам, сакале или не, по налог на партијата се изјаснивме дека сме Бугари. Партијата рече да сме Бугари... Како она во детската игра – лета магарето? И кој рече дека лета, тогаш рикаше како магаре. Или нешто како оваа шега: - Се раскажуваше дека еден сликар пред еден дуќан во Костур го сликал Исус Христос. Еден Влав на поминување застанал, се загледал во сликата и кога видел дека на сликата Исус е бос, му рекол на сликарот – не смееш Исус да го сликаш бос. Веднаш насликај му опинци и тоа црвени. Ама, господине, се противел сликарот, Исус секаде е претставуван бос? Не се противи, туку насликај му црвени опинци, упорно настојуваше Влавот. Сликарот на Исус му насликал црвени опинци и кога завршил, се тргнал настрана, длабоко воздивнал и гласно рекол: - Е мој Исусе, не сакајќи сликарот и настојувајќи Влавот, си ми обу сирота црвени опинци. Некако така и ние... По наше не сакање, а по сакање на партијата станавме Бугари. Партиската дисциплина, знаеш, тогаш, а и сега, беше и е закон... А надвор, на терен почнаа да не ловат. Одново апсења. Ги стрелаа Лазо Трповски, Ташко Караџа и други. Некој избега во Бугарија, друг во Југославија, малку останавме во планините. Ете, така јас останав жив и верен на партијата. А по ослободувањето, кога на чело на партијата пак застана драгиот Захарјадис, јас одново активен во партијата и верно ги вршам задачите што ми ги доверува. А ти, рече, дека Коле те викаат, не си во партијата?

- Не...

-Не ти треба... Тоа е голема обврска. Понекогаш мора да се прават работи кои се против сопствената совест... А вечер да дојдеш на собирот. Таму јас ќе зборувам, а треба да зборува и некој написмен од мене, како тебе...

Повикани по име и презиме луѓето се собираа во колхозната менза, како што ја нарекоа големата сала на месната крчма. Испарувања на машка пот, непрана долна облека и валкани гумени чизми и чорапи. На челниот ѕид - портрети на Сталин, Бјерут и Захарјадис. Маса покриена со црвено платно и четири столови.

-Сега другари –Лабро го почна говорот пред собраните – сега, кога прибравме душа од лошото благодарение на партијата и на народната власт, другари – сега отвораме нов фронт на борбата. Пред нас е една голема битка која, мораме да ја добиеме. А тоа е битката со титоизмот, разбирате, нели. На титоистите ќе им објавиме отворена и беспоштедна војна, значи да ги истребиме титовите агенти и шпиони. Ќе ги истребиме тие кои се меѓу нас и тие кои се во домовите и школите со децата наши. Таа борба ја бара од нас партијата. И ја почнавме борбата. Пред некој ден од домовите и школите партијата ги тргна даскалите и даскалиците. Тие не ги учеа децата така како што вели партијата, туку им влеваа во главите некоја таканаречена македонска, а не славомакедонска азбука и некој си македонски, а не славомакедонски јазик. Партијата ги тргна и жените кои до некое време ги водеа децата. Тие жени, наместо да ги тераат децата да мислат и да прават како што вели партијаа, тие им раскажуваа приказни, ги тераа да зборуваат на тој измислен јазик, да кажуваат како на тој јазик се викаат врапците, реките, планините, ридовите, нивите, за бабите и дедовците, а со баби и дедовци не се оди во комунизмот, другари. И затоа партијата и нив, како штетни елементи, ги отстрани. Сега не се пеат песни какви што се пееја во селата, туку се пеат борбени песни, песни за светлата иднина што допрва ќе дојди, а таа ја носи партијата. Сега, другарки и другари, на тој фронт, значи, како прва задача во таа прва битката ќе му ја објавиме на тој јазик и на тие даскали. Значи битка против јазикот. Прво од тука ќе почнеме. Ако го скинеме тој јазик,тогаш ке го скинеме и коренот. Така вели партијата и така ние во таа битка ќе прајме. Сега таму партијата стави партиски свесни другари пред се од тие кои излегоа од болниците... значи сега здрави борци. И уште да ви ја кажам радосната вест дека веќе сега таму во Букурешт се пишува граматиката на новиот, славомакедонскиот јазик за кој целосна поддршка даде другарот Захарјадис. Ја пишува еден мој многу добар и учен другар со кого заедно робувавме во затворот во Акронавплија. Добар и чесен комунист. А штом се работи за учени даскали, и тоа партијата ќе го реши. Една група од поголемките деца ќе ги испрати во

Бугарија таму за да го научат учителскиот занает. Овие даскали што сега ги има по домовите не се по учителскиот занает, ама со помош на грчките и полските учители нешто ќе научат. Кликата на Тито – продолжи Москов – секаде ни се пикна со свои агенти. Така значи партијата вели дека тој секаде има свои луѓе. Партиската будност не спие. Полека, еден по еден партијата ги открива и на свој начин ќе ги казни. Така, на пример, покрај големата штета што ни ја стори Тито со затворањето на границата, направи уште една голема штета. Во домовите што ги имаме во народните демократски држави каде живеат децата што ги спасивме од војната, направи исто така голема штета. Во училиштата кладе учители кои децата ги учат со титова азбука и титов јазик. Така реши и по тоа решение ќе постапува партијата.

- Чекај, другар Лабро! – викна некој од задните редови. – Па тие учители ние, родителите, ги испративме заедно со нашите деца. Тие беа наши учители, наши деца па сега од каде – титови?
- Точно е тоа, ама партијата оцени дека тие беа кладени од титови агенти. Значи тој таму, тој угурсуз, тој Колишевски и другарите му, кладоа титови даскали да ни ги учат децата. Ама будното око на партијата не спие. Одлучно и будно, дење и ноќе ја разбива таа титова клика. За една ноќ, онака борбено, би рекол болшевички, направи чистка. Надвор од школите и домовите, заедно со нивната азбука и јазик ги истера тие агенти. На местото на тие титови даскали, кладе свесни партиски верни даскали. А мојот, оној акронавплиотскиот другар од ќелијата, чекај, како ли се викаше... Добро, сега не ми текнува, кога ќе ми текне, ќе ви кажам...Тој е учен човек и многу добар комунист, од Бапчор е. Сега тој седи во Букурешт и по партиска задача пишува нова граматика и прави вистински славомакедонски јазик.[45] Јас лично, по партиска линија, му најдов

[45] Издавачката куќа Издателство ,,Неа Елада", македонски отдел, со седиште во Букурешт и под целосна контрола на КПГ, во 1952 година издаде ,,Граматика по македонски език". Авторот на граматиката Т.Пејков во уводникот напиша:

,,Составящиот на тази граматика за славя номакедонците од Егей е законен резултат и плот на той бурен напредок на нашио народ. Во неа се прават опити да се формяват поглавните граматически правила на македомскио език, како той се оформява денес во Егей ска Македония особено след воведението на радиоемисията по македонски език во радиостаницата ,,Слободна Грция". Македонскио отдел на издателството ,,Неа Елада" е уверен оти таа прва македонска граматика за славяномакедонците од Егей кье поможи многу нашата младина и преподавателите по македонски език за правилното изучаване на новио, литературнио език и за оформяването на општонароден македонски език од Егей . Како

една руска, една украинска и две бугарски граматики, му ги однесов таму во Букурешт и кога му ги давав му реков дење и ноќе да ја пишува новата  граматика и да го прави новиот јазик, му реков да е, славомакедонски, таков, каков што сака партијата... И така другари благодарение на нашиот водач, ние многу брзо ќе си имаме нова славомакедонска азбука и нов славомакедонски јазик што сега во Букурешт го пишува и го твори...тој, како ли му беше името?... Аха, ете, ми текна – Атанас Пејков се вика. Тој таму во Букурешт го прави славомакедонскиот јазик така, како што му е речено од партијата, а додека тој таму дење и ноќе работи, ние тука, другари, со едно писмо да им се заблагодариме на Полјаците за тоа што го прават за нас политемигрантите... За да не губиме време за пишување, писмото веќе е напишано, го одобри партијата и вака вели:

*,, До Централниот комитет*
*на Полската обединета работничка партија*

*Драги Другари,*

*Од името на бегалците згрижени во Мјенѕигуже, им ја изразуваме нашата најтопла благодарност на Полската обединета работничка партија и на целиот полски народ за помошта и братската нежност што ни ја укажуваат.*

*Длабоко сме трогнати од солидарноста, од братските чувства и исклучителната грижа што ја покажуваа и продолжуваат да ја манифестираат нашите полски другари како во текот на нашето патување, така и за време на нашето сместување во Мјенѕигуже.*

---

главни библиографски источници при составя- нето на граматиката послужи: Българска граматика от Д-р Любомир Андрейчин, Ник  Костов, Еньо Николов – София 1947 год. и  Грамматика русскго языка, А.С. Матийченко, у. 1952’’.

*Целото напредно човештво знае дека ние, бегалците од Вичо во Македонија, сме директни жртви на отвореното предавство на фашистичката банда на Тито, Ранковиќ, Кардељ, Ѓилас, која бесрамно помина во служба на американско-англиските империјалисти, поттикнувачи на една нова војна против Советскиот Сојуз и земјите на народната демократија и која, заедно со грчкиот монархофашизам, и зададе и продолжува да и задава удари во грбот на борбената демократска Грција.*

*Без отвореното предавство и ударите што ги зададе предавничката клика на Тито, монархо-фашизмот не би можел привремено да го окупира нашиот слободен регион, како што не можеше да го освои во текот на трите години, и покрај огромната и повеќекратна помош на американскиот и на англискиот империјализам.*

*Така во народната демократија на Полска, која е водена и инспирирана од нејзината авангардна партија, Полската обединета работничка партија, во еден гигантски и миролјубив труд на обнова за подобар живот, ние со сопствени очи видовме дека нејзиниот врховен закон е меѓуна-родната солидарност.*

*Ние тука ги видовме нашите деца, на кои им е укажана татковска, мајчинска гостољубивост, па дури и не ги препознавме, толку голема беше разликата во насока на подобрување.*

*Благодарноста за се што направивте за нашите деца, за нас и за народот на Грција секогаш ќе живее во нашите срца. Благодарение на непоколебливата решеност на нејзиниот народ да даде се за слободата и независноста, благодарение на ефикасната помош на целокупното напредно човештво, праведното дело на демократска Грција, која се бори, конечно ќе триумфира, независно од тоа колкави ќе бидат жртвите што треба да ги дадеме.*

*Да живее ПОРП*

*Да живее херојскиот полски народ*

*Да живее Народна Република Полска*

*Да живее борбената демократска Грција*

*Да живее светскиот фронт на демократијата и мирот на чело со непобедливиот бедем Советскиот Сојуз под светлото раководство на великиот Сталин.*

*За Комитетот*
*Стериос Дацос*
*Николаос Сербеsис*
*Марика Елкова*
*Фотиос Урумов*
*Аспарухов Петре*
*Махи Пилаева*
*Герман Петров*
*Јанис Наумис".*[46]

Лабро прекина со читањето и откако се искашла и плукна под масата, удирајќи со дланката на хартијата така, како да сакаше од неа да истресе прашина, рече:

-Толку е, другари, напишаното со кое ние тука бегалците на полската партија му ја изразуваме нашата благодарност и големата верба во идните триумфални борби. Сака ли некој нешто да додаде? Што мислите? Добро е, нели?

Молк. Устите како да беа закрпени.

Од задните редови се слушна гласно крцкање на стол. Сите свртија поглед таму.

Митре полека стана и подигна рака.

-Јас, другари, сакам да речам, дека добро е напишано. Се е речено, мислам напишано. Учено е напишано, така, како што сака партијата и тоа со големи и звучни зборови, кои, јас, со проштевање, не ги разбирам, посебно зборовите од крајот на писмото. Дали нешто му фали? По навика, велам добро е, ништо не му фали,

[46] Оригиналот на цитираното писмо се наоѓа во Државните архиви на Полска под сигнатура 237/XXII – 425. Писмото е на грчки јазик, рачно напишано, преведено на француски јазик и пречукано на машина. Во грчкиот текст Герман Петров е потпишан со кирилско писмо, додека во францускиот е наведен со латинско писмо. Другите потписи се со грчко писмо. Копија од писмото - во арх. збирка на авторот.

бидејќи досега не еднаш се изнаслушавме и без збор прифаќавме секакви пишувања и повици и тоа ни стана навика. Не знам, како мислат другите, ама јас мислам, дека на напишаното му фали тоа што не е напишано на наш јазик. Некои од нас, кои го знаат или го разбираат грчкиот јазик, разбравме во што е работата, а што да речат тие, кои не знаат ниту еден грчки збор? Мислам дека ние, кои тука во земјоделското стопанство во Кунув сите сме Македонци, личи на Полјаците да им се заблагодариме на наш, македонски јазик. Па штом си имаме наш јазик, зошто на наш јазик да не им изразиме благодарност, а? Ние веќе со тукашните Полјаци, работејќи во ова земјоделско стопанство, добро се разбираме, а некои од нас и добро зборуваат полски. Ако овие Полјаци со кои тука во стопанството заедно работиме ни го разбираат нашиот јазик, а и ние им го разбираме нивниот, белки и тие таму горе, кои се поучени, напишаното на наш јазик, белки, ќе го разберат, нели? Па, зарем, таму, горе, не чини да се чуе нашиот збор? Зарем ние сме неми, та на друг јазик на Полјаците да им речеме – сполај ви? Така јас мислам и така ми сечи умот и штом беше поставено прашањето што мислиме ние тука собраните, јас мислам дека поблагородно е да им се заблагодариме на наш јазик, отколку на грчки и на тој другиот, што го прочита другарот кој седи до тебе, другар Лабро... на француски ми се чини и никој од нас ништо не разбра... И сега, другар Лабро, ми текнува, а тоа до неодамна беше, мислам на времето, таму, во нашите места, на селските собири, многу писма, весници, повици и други хартии, напишани со големи и умни зборови ни беа читани, кои ние простите селани иако најчесто не ги разбиравме, ги одобрувавме кршејќи си ги дланките од ракоплескање. Така ли беше или не беше така? И на крај да кажам, дека на напишаното нема што да му се додаде... а ако има што да се рече тоа е на кој јазик е напишано, а јазикот кажува кои се и што се тие, кои го напишаа... Толку...

Лабро изненаден од тоа што пред малку го слушна, стана, со двете раце се потпре на масата, со целото тело се зададе напред и подвикна:

-Ти, ти, таму од последните редови да не матиш! – подигна рака и луто и заканувачки тресејќи го прстот, викна.– Ние ги знаеме таквите!!!

Неговите последни зборови прозвучија како лошо и заканувачко ехо и лошо предупредување и сите сфатија дека строго подигнатиот прст не му се закани само на Митре, туку и на сите кои го видоа.

Собирот заврши. Во тишина, со погледите вкрстени во студенилото на сомнежот, без збор и поздрав, со тромави чекори се празнеше салата, во која провеа призракот на заканата и стравот прошуми како во доживеаното време...

Лабро набрзина ги собираше хартиите што му беа растурени на масата и во мигот кога сакаше да си оди, застана, се загледа во грбот на толпата и неговиот рапав, но моќен глас се разлеа во салата:

-Почекајте! Другарот кој зборуваш после мене, да остане.

Митре, сфати дека повиканиот другар е тој, се сврте и со бавен чекор тргна на кај Лабро. Застана на чекор пред масата и колку што можеше најмирно, ама не и молежливо, праша:

- Мене ме бараш?

- Како се викаш! – подвикна Лабро без да погледне кој стои пред него.

- Митре, Митре ме викаат... А во што е работата, другар Лабро?

- Каква работа, бре! – се развика Лабро. – Тука се работи за анти работа, разбираш ли ти? Какви зборови ли беа тоа што си ги изнаплукал, бре? Што се замислуваш? Кој си, бре, ти, па така да зборуваш? Знаеш ли ти дека се што си рекол не е во духот на партијата, а? Види го ти него – Лабро не престануваше да вика и со тупаницата удираше на масата така, како да сакаше секој изречен збор трајно да го закови на не ренданите штици над кои со секое удирање во куп се собираше црвеното платно.

Митре помести чекор напред и со истиот белег на гласот, како пред малку, праша:

-Во тоа ли ти е маката, другар Лабро?

-А во што друго, другар Митре? Јас по партиска линија терам работа, се мачам, се трудам, се жртвувам, а ти ми удираш контра...

- А јас мислев дека ме викаш за да те однесам меѓу луѓето. Дојди, другар Лабро со мене и остани некој ден и заедно со мене да ги слушаш редењата и лелеците на жените, да слушнеш мајките и вдовиците како плачат, да ги слушаш тешките и болни воздиви на татковците... Дојди, другар Лабро, таму на жените, мајките, татковците, чии мажи и деца изгинаа за да го добијат тоа, што им беше забрането, ајде, дојди да им кажеш дека со партиска

одлука твојот пријател во Букурешт не како, туку зошто им прави нов јазик... за разлика од тој што го научиле од своите стари, а старите од своите стари и само на тој јазик ти ќе можеш да ги разбереш, зашто друг и не знаат... дојди да слушнеш на кој јазик ги оплакуваат своите најблиски, дојди, ајде, дојди заедно со нив да ги оплакуваме и да ги жалиме нашите најмили на нашиот јазик... дојди заедно да ги бараме живите зашто се уште не знаеме колку останавме и каде не развеа и не запусти лошото...

Митре прекина за миг и откако ја голтна горчливата плунка, продолжи:

-Дојди, другар Лабро, дојди со мене да одиме меѓу луѓето и заедно со нив и ти да засучиш ракави и по цел ден да тераш работа во овие бескрајни ниви и таа голема болка што непрестајно не боли заедно да ја болиме. Доста не труевте... – тивко, ама тврдо прозвучија последните зборови на Митре, кој без да се поздрави, се сврте и со бодар и сигурен чекор тргна кон излезот. Пред да го пречекори прагот, застана, како да се потсети на нешто, се сврте и полека тргна на кај Лабро. Со левата рака се потпре на масата и мавтајќи му со прстот пред очите, полека, небаре издишката му го прекинуваше гласот, го праша:

-Кажи ми, Лабро, за тоа јазикот што ни зборуваше...

- Кој јазик? – изненадено праша Лабро.

-Тој, што некој таму во Букурешт го прави...

-А тоа ли те мачи? Значи вистинскиот, што ќе биде подруг од тој што ни го измисли Тито?

- А овој на кој сега зборуваме, кој ни го измисли? И кажи ми, за да знам, ти како дете на кој јазик си зборувал со мајка ти и татко ти? А мајка ти и татко ти, со мајка им и татко им, на кој јазик зборувале? А нивните мајки и татковци и баби и дедовци на кој јазик зборувале? Ќе ми кажеш?

Лабро се исправи и вџашено гледајќи го в очи, рече:

-На наш, другар Митре... Тие не знаеја друг јазик освен нашиот...

-Па тогаш зошто нашиот го менувате со некој друг?

- Затоа што така одлучи партијата, која тврди дека тој јазик го измислил Тито, а на партијата треба да и се верува, за што таа не греши...

- Па така велат и тие во Атина, дека Тито е крив. Нели? Која е разликата меѓу нив? Е, море Лабро, море Лабро, не е до Тито, туку до коренот. До коренот што го влечеме од на нашите баби и дедовци и нивните предци. Да не беше така, сега дома ќе си ги оравме нивите... И уште да ти кажам, другар Лабро, работата е и до нашето искоренување...

Митре настрана ја исплука насобраната горчина  и без збор повеќе, тргна на кај излезот.

Зад  него остана Лабро и горлчинатра на искажаните зборови.

Десетина дена по овој разговор од градот дојдоа двајца непознати. Рекоа дека бараат некој си Митре на кој треба нешто под итно да му пренесат. Не чекаа долго.

Митре го најдоа и по краткиот разговор, сите тројца го фатија патот кон градот.

Митре веднаш го однесоа во седиштето на градскиот партиски комитет. Во задимена и кој знае од кога не изветрена сала, партискиот секретар седнат во длабока кожана фотелја, без поздрав, го почна разговорот, што повеќе личеше на сослушување.

- Имаме сознанија дека вие, другар, како ви беше името?

- Митре...

- Така, другар Митре, ние од тие сознанија извлековме заклучок дека вие таму во колхозот, во Кунув, меѓу колхозниците, ширите непријателска пропаганда, која се растури и во другите колхози каде работат Славомакедонци. За тоа што и како си зборувал имаме и писмена изјава. Тоа е казниво и ние тука во комитетот размислуваме да не ве пријавиме кај полските власти, под услов дека ќе се покаете и ќе дадете чесен збор дека нема да се однесувате и да зборувате така, како што зборувавте на собирот пред една недела и јавно ќе кажете на некој собир дека многу згрешивте...

Секретарот без да стане му подаде на Митре хартија и пенкало.

- Поптиши дека се каеш и дека ...

Митре направи чекор напред, тукуречи нависна над секретарот и полека, развлечено рече:

- Каење ми бараа и во затворите и логорите во Грција. Таму не се покајав, а и тука нема да се покајам. И ова да го знаете – тука не е Булкес, а ако во случај да направам нешто што е против полскиот закон, тогаш самите Полјаци ќе ме повикаат. Вие тука не сте власт и не заборавајте дека сте исто што сум и јас, а со оваа хартија избриши си го носот...

Митре беше готов целата горчина да му ја плукне в лице, ама се воздржа, се сврте и без збор излезе.

Доцна ноќе пред прагот од стравот се ослободи Мара.

Во меѓувреме во градскиот комитет го викнаа Лабро на кој накратко му објаснија дека од партиската централа во Букурешт стигна радио-телеграма во која пишува дека партијата донесе решение да го прати на партиска работа во Бугарија, каде на Македонците треба да им ги разјаснува новите состојби.

Другарот Лабро не одрече, само тивко изусти – штом партијата така одлучи, тогаш јас сум готов. Збогум другари!

Возот го однесе Лабро во Софија од каде по не цели два месеци во комитетот стигна вест од која добро не разбраа дали од напорна партиска работа, дали од болест или од пиење, другарот Лабро остави здравје. Во партискиот извештај немаше објаснување дали тој успеа да ги убеди Македонците од Пиринска Македонија, дека азбуката и јазикот што го учеле во ново отворените македонски училишта во пиринските села не бил македонски туку некој јазик што го измислил Тито...

И додека во големата сала на градскиот комитет во чест и спомен на другарот Лабро насобраните го пееја лениновиот марш, по вторпат го викнаа Митре во градскиот комитет. Од таму го однесоа право во Управата за државна безбедност, каде распитот траеше само половина час. Началникот откако го слушна исказот, го отвори сивиот коверт од каде ја извади изјавата за непријателската дејност на Митре и полека, одмерено почна да ја кине. Парчињата ги фрли во кошот и рече:

-Слободен си. Оди си. Ние тука имаме поважни работи... Кога ќе згрешиш против Полска, мислам против полските закони, тогаш јас лично ќе те донесам тука, а потоа ќе те однесам на едно друго место... Збогум...

А во тоа време во Полска и не само во Полска, партиските војници на комунистичката партија на Грција почнаа да ги ловат тие, кои не мислеа така како што гласеше партиската одлука и писмените директиви. На јавни собири, до доцна во ноќта ги покажуваа со прст, ги срамотеа, ги понижуваа, им се заканува на тие, кои до вчера им веруваа, ама сега не мислеа како нив. А тие, замолчани, се затворија во себе. Сега кому да веруваат? Никој никому не веруваше, секој во секого се сомневаше. Токму тоа и требаше на партијата. Да молчат, па дури и од својата сенка да се плашат. Голем страв посеаја, отворија меѓу нив широк јаз во кој ја пуштија да тече бурната и матна река не само на стравот, туку и на меѓусебната омраза и сомневањето. Над нив непрестајно кружеше сеништето на стравот. Токму тоа – стравот мора да прави ред кај тие, кои сакаат поинаку да мислат. Стравот да е остра секира која на гнил конец виси над нивните глави. Да молчат и без приговор да ги прифаќаат туѓите вини како вистина. Да молчат и со молк и натаму да ги попримаат блудните ветувања и измами. Тоа и такви и требаа на поразената партија. Како таму – дома, каде државата го правеше истото, така и тука, истото го правеше и партијата.

Таму, мета пред цевката на државата беа тие, тука - пред цевкта на партијата се тие. Таму – професори, академици, министри, владици, судии, офицери, џандари, попови, учители, новинари се вдадоа да си докажуваат себе си, да се убедуваат дека тие во државата не постојат со свое име, а ако некој тврдеше поинаку, широк беше патот кон логорите и сувите острови. Тука – ширеа учење дека тие не се тие за кои мислат дека се, туку секаде ги прозиваа со измисленото име Славомакедонци, и луѓе и народ вештачки создадени, па ако некој поинаку мисли, партијата за него има свои закони, судови, судии и пресуди.

Тие таму и овие тука на вратот го носеа истиот јарем, но со таа разлика што во левиот жегол беше впрегната комунистичката партија, а во десниот целата грчка држава. Се мразеа до смрт, ама не се откажуваа од јаремот под кој беа впрегнати...

Така впрегнати заеднички го влечеа ралото на обезличувањето и разнебитувањето на тие кои беа поразлични од нив и не мислеа како нив...

# 10

Учебната година 1949-1950 веќе беше во тек. Децата од претшколска и школска возраст кои беа со мајките или со двата родители беше решено да се соберат во Државниот воспитен центар во Згожелец.

На вратата од трпезаријата залепена голема афиша која ги повикуваше сите кои имаат деца, вечерта да дојдат на собир.

-Јас дум дојден од партискиот комитет со задача да ви кажам дека сите деца кои тука се со вас ќе ги собереме и ќе ги однесеме во централниот дом во Згожелец... Таму ќе живеат и ќе учат заедно со децата што лани беа заминале...

Велеа:

-Пред две години ни ги собравте децата и од поголемките направивте војници – се уште не беше заборавена глетката кога во Преспа некои мајки си ги видоа децата облечени во воени униформи и со оружје на рамо- не знаеме дали се живи или изгинаа во боиштата. Сега сакате и малите да ни ги земете.

Убедувањето беше долго.

Во салата џагор.

-Јас не го давам моето дете. Пред две години ми собравте три и уште не знам каде се наоѓаат и дали се живи... Одете таму од каде што дојдовте. Доста е со давање и собирање...

- Не! Не ги даваме! Прво да ни ги вратите тие, кои ни ги зедовте! Каде ги однесовте? Каде се?

- Луѓе, смирете се, полека, не викајте. Не се далеку. Блиску се. Во градот. Некои можеби не се тука, ама тие се во Чехословачка, Унгарија, Романија, Југославија. Сите се живи и здрави. Од овие деца кои се со вас, некои таму ќе си ги најдат братчињата и сестричките... Од соседните колхози децата веќе таму се однесени и се сретнаа со свои роднини, а некои и со своите браќа и сестри. Таму, во домовите, ќе имаат се. Јадење, облека и учење... секое во свое топло креветче... А тие кои се од школска возраст, ќе учат.

-Да, ама тоа е училиште за полските деца, а таму, во домовите...

Не беше лесно да ги убедат родителите… Немаа доверба дека ќе можат да ги гледаат секоја недела, откако од партискиот комитет ќе добијат пропусница. Тие се уште со себе ја носеа огромната болка и тага по своите деца што порано беа собрани и испратени по државите.

Децата беа преземени и префрлени во двата централни детски домови – оние повозрасните над 15 години во касарните во Згожелец-Ујазд, подоцна наречен ТРПОВСКИ, каде учеа занаети, а останатите во централниот дом во касарните наречени Бјале Кошари, а подоцна Захарјадис. Малите, бебињата - во јасни, поголемките – во градинки.

Кај многу од мајките, растурени по земјоделските стопанства, по вторпат пазувите, прегратките, скутовите и постелите им останаа празни... Деновите и ноќите пак онемени и глуви.

Лина, мајката на двете деца што ги криеше во плевната, во влажните земјанки и во дувлата ископани меѓу карпите, празната одаја беше сама. Сакаше да се моли, ама иконата на Богородица остана сама во куќата што ја остави под клуч. Колку е далеку?

-Каде ми е Богородица – шепотеше Лина - која секогаш ја молев да ми ги чува децата и од тие што ми останаа никогаш да не ме раздели? Зошто Богородице дозволи така да сум оставена со празни пазуви и празен скут и постелата да им е празна? Зарем толку многу згрешив?...

Рана и животот. Голема рана и без престан боли и крвави. Таа не зацелена рана вторпат и е отворена и двапати повеќе боли... Но во тие осамени денови и ноќи, во мракот на долгата зимска ноќ, нешто како да и шепотеше – издржи, не се предавај, надевај се... Тоа тивко шепотење на привидот го слушаа и другите жени и мајки и неа и самите се себе се потхрануваа со молитвите кои им вдахнуваа надеж, кои заеднички ја одболуваа болката.

Ум, срце, душа, тело, мисла, надеж, верување, трпение, чекање... - се како да беше фрлено на крстопат, на ширум отворениот раздрум. И заедно со нив многу не одговорени прашања и ова: кој и зошто ли тоа нам ни го стори?

Здробени мајкини срца и души – во црно...

Веќе течеше декември. Денот краток, сув студ, снег ситен како песок наврна над полено. Ноќите долги. Суво студенило. Плукна ли - мразулци залепени за усните. Отвори уста – воздишката во мраз. Студенилото влегуваше во коските, во градите.

Се беше туѓо. И небото и денот и ноќта и снегот и студот и маглата што утрото во кое замрзнатата магла се облекува во бело ињe.

Во Државниот воспитен центар покрај полскиот директор, грчкиот партиски комитет одлучи да постави и директор Грк и го донесе од Романија. Ригас го викаа. Откако ја презеде должноста, правеше се што беше спротивно на веќе воспоставениот ред од страна на Пољаците. При вршењето на работата најголем приврзаник на Ригас секогаш и за сите прашања, беше стариот учител Баколас. Не ги трпеше Пољаците и Пољаците не го

трпеа него. Меѓу себе тие не го викаа по презиме и име и сите го знаеја  по прекарот што му го залепија – грдиот Грк. Грд затоа ли што главата му беше ќелава и издолжена како дињa или затоа што ќелавоста ја криеше, префрлувајќи ја ретката коса од над левото уво над десното и обратно или затоа што во долната вилица имаше само три црни заби или затоа што гласот му личеше на гаврановo грачење, а здивот на селско але... Која и да беше причината Полјаците не само што не го сакаа, туку и не го трпеа. Тој за нив не беше συντροφος Βακολας - другарот Баколас, туку – грдиот Грк. А најблизок пријател му беше другарот Зогас и тој учител, кого исто така не го трпеа Полјаците. Дали затоа што еднаш му избега зборот дека неговите учители го учеле да не ги трпи Словените или затоа што секогаш се чешаше под папокот и однапред и одзади, па поради тоа го избегнуваа, велејќи дека е полн со некакви мушички..

Ригас имаше повеќе барања во врска воспитувањето и  образованието на децата, а едно од тие беше групите во домовите и параλелките во училиштата национално да се мешани. Побара и од тоа барање не отстапуваше. На долгите состаноци секогаш тврдеше дека така мешаните паралелки ќе им помогнат на славомакедонските деца помалку да го зборуваат тој од Тито вештачки создаден јазик, а општејќи со своите грчки другарчиња побргу ќе го научат грчкиот.

Ригас одлучи и настојуваше така да се постапи. Резултатите беа спротивни од очекувањата.

На отворениот состанок на педашкиот колетив се отвори остра расправа за таквите барања.

РИГАС: вие воопшто не работите според педагошките правила на големиот советски педагог Макаренко – им велеше на полските воспитувачи и учители.

БЕАТА: Знаеме кој е тој, во домовите воспитувал беспризорние. Знаете какви беа тие деца. Зарем децата што ни ги доверивте се од типот на Макаренковите воспитаници? Такви ли ги зедовте од родителите? Ние, другар Ригас, немаме потреба да превоспитуваме. Ние воспитуваме, ама не како Макаренко. Ние, пак, ќе речам, воспитуваме, а не превоспитуваме...

Ригас не обрнуваше внимание на тоа што велеше Беата. Навали уво до главата на Баколас и со шепот го праша:

- А тој, таму, келавиот, кој е? – праша Ригас.
- Високиот?
- Да, ќелавиот.
- Главниот директор. Копчињски го викаат. Тој е тој, кој не дозволи да бидат мобилизирани повозрасните деца, учителите и воспитувачките...
- Аха... Да видиме што ќе ни каже...
- По молба на вашето високо раководство – го почна своето излагање Копчињски - се обративме до државната филмска институција да сними филм за животот на вашите деца во нашите домови. Ангажирани беа врвни стручњаци од областа на филмска документаристика. Снимањето траеше скоро цела година. Беа опфатени сите дневни, школски, спортски и други активности од живеењето, воспитувањето и образованието на децата. Снимениот филм во Варшава беше подложен на комисиска оценка со учество на истакнати полски педагози, психолози, професори, меѓу кои и министерот за образование на Полска, Скшешевски. Кога заврши прикажувањето на филмот, во салата се запалија светлата. На лицата на присутните не видов воодушевување, задоволство, туку длабока замисленост, што ми заличи на разочарување. Министерот нешто пишуваше и при тоа му се скрши моливот. Листот и скршениот молив ги турна настрана, избриша испотено чело и откако не изнагледа сите, стана и рече:
- Видовме многу деца, ама на нивните детски лица не видовме насмевка... Видовме многу стежната тага и голема болка во нивните очи... Во филмот тие не личат на среќни деца...Не, никако, господо, во никој случај овој филм не смее да се прикажува.
- А каде е филмот? – праша Ригас.
- Не знам - одговори Копчињски.
- Да дознаете и веднаш да ни го дадете... - во тонот на Ригас сите присутни почувствуваа наредба.

Копчињски се преправи дека не слушна што му беше речено и продолжи:

- Формиравме нова комисија со цел да оцениме каде згрешивме и дали згрешивме во процесот на прифаќањето и воспитувањето на децата. Оценивме дека не згрешивме... *Знаете какви деца примивме? Децата кои ги примивме од Романија личеа на група затвореници испратени на заточение. Добивме хаотична збирштина од деца кои со сомневање гледаа на полските лекари, медицинските сестри воспитувачите. Затворени во себе. Размислуваа слично и имаа нервозни, некоординирани реакции, беа слични на автомати.Траеја во психичка вкочанетост, од која ги оттргнуваше само бучавата на трактор, брмче-њето на авион или некоја друга појава. Граѓанската војна остави свои траги кај нашите воспитаници. Кога се слушаше брмчење на авион, реакцијата на децата беше стереотипна. Ги собираа своите бовчи и, плачејќи, пискајќи и леле-кајќи, се криеја под креветите. Кога забележуваа трактор, најпрвин беа вчудовидени, а потоа бегаа плачејќи. Ноќе, додека спиеја, децата беа прогонувани од халуцинации. Содржината на тие халуцинации беа фашистите со автомати и со ножеви в заби, кои се качуваат по скали и низ прозорците влегуваат во нивните спални, ги газат нивните бовчи и нив самите. По цели групи децата бегаа од спалните, ноќе ги напуштаа своите кревети, се подготвуваа за бегање и чекаа наредба – кога да заминат. Целата група воспитаници, заедно со постариот македонски персонал, психички беше оштетена. Фобиите, колек-тивните халуцинации, општата недоверба, сомневањата и сличните ни зборуваа дека таа група многу претрпела, била откината од рацете на смртта, била спасена, но се плаши од новото, не е сигурна за утрешниот ден, страшното минато ја наведува на уште пострашна иднинана. Не ни веруваа, се сомневаа, но постепено, нивната недоверба и сомневање преминуваа во отворена искреност, во искажување на разни начини на своето задоволство и благодарност кон нас. Се отворија нивните срца. Цело време, дење и ноќе, целиот полски персонал беше во нивна придружба. Заеднички беа игрите, песните, ората, прошетките во градот, во шумите и ливадите, покрај рекичките и потоците, во парковите. На тој начин успеавме да им ја вратиме насмевката, да ги смириме, мирно да спијат, да не сонуваат авиони... Одеа слободно, весели, разиграни, распеани. Лушпата на повоените остатоци кај децата постепено почна да пука. Но, за жал, морам да подвлечам и да укажам на фактот дека откако вие дојдовте и во Државниот воспитен центар донесовте*

*ваши учители и воспитувачи,од кои најмногу беа воени пилоти, ние не можеме да ги препознаеме наши воспитаници. Тие веќе на лицата немаат детска насмевка, не знаат да чекорат со детски чекор, туку одејќи на училиште, во менза или било на некое друго место, одат построени, чекорат со војнички чекор и пеат војнички, борбени песни. На часовите по ликовно воспитание цртаат само авиони, пушки, топови, ножеви, запалени куќи, чад и дим. Не сум видел некое дете да црта дрвја, цвеќе, поток, ливада, кокошка, пилиња, деца во оро, балони, топки. Не сум видел некое да нацрта сонце... По вечерата, до доцна, дури и по полноќ, грчките воспитувачи децата ги собираа во една сала во која им држеа предавања за партијата, водачот, пееја борбени песни, извикуваат пароли кои  повикуваа на нови борби. Сето тоа ги потсетуваше на трагичното детско минато... Доцна легнуваа и честопати се случуваше на часови да спијат... Оценивме дека тоа се методи на еднонасочно идеолошко воспитување. Другарите од вашето високо раководство ги прашувавме кого треба да воспитуваме, дали идни градители на уништената татковина или да подготвуваме нови одреди партизани. Каков став да заземеме кон продолжителните тенденции за милита-ризирање на воспитаниците. Честопати се прашувавме дали вашите воспитувачи и учители заборавија дека работат со деца... Сето тоа, според заклучокот на комисијата доведе до апатија, разочараност, безна-дежност, безмерна тага кон своите родители...Би сакал збор два да кажам за уште една многу непријатна работа. Македонските деца останаа без своите учители. Македонски учители немаме. Тие кои беа, за мене од непознати причини, се отстранети од детскиот воспитен центар. Зошто?*[47]

- Јас – се огласи Ригас – веднаш јасно ќе ви одговорам. *Почетниот период на воспитната работа беше многу тежок поради немање надзор од страна на комунистичката партија на слободна Грција врз грчко-македонскиот персонал. Во почетниот период многу позиции беа заземени од титовци кои по наредба на фашистите специјално беа испратени со цел да вршат диверзантски* акции. *Нив ги отстранивме поради ширење туѓа идеологија... Сега партијата располага со точни персонални податоци што е и главната*

[47]Копија од документот во арх. збирка на авторот.

*причина за сериозните промени во македонскиот персонал. Македонците кои се вработени во одделни реони ќе бидат избрани и контролирани од доверливи луѓе за да се одбегнат во иднина грешките што беа направени во минатото...*

- Како? – праша Џубан. – Каква идеологија?
- Титова. Тие луѓе се под влијание на титоизмот. На децата им го учеа таканаречениот македонски јазик што вештачки го измислил Тито... Се разбира наскоро ќе донесеме нови учители и воспитувачи и нови учебници што ќе бидат изготвени и печатени во нашата печатница во Букурешт... Од нив славомакедонските деца ќе го учат вистинскиот славомакедонски јазик за што многу труд и знаење вложува нашата партија...
- Простете, другар, како ви е името?
- Ригас.
- Другар Ригас, ние имаме примено македонски деца. Македончиња. А вие ми зборувате за некои славомакедонски деца. Што значи тоа? Да не погрешивме?
- Точно така. Погрешивте. Ве заведоа титоистите, другарке...
- Зарем? А во што ви погрешија жените, кои децата ги викаат мајки? И нив ги отстранивте од центарот... Велите дека тие – не се писмени, велите носат црно со што кај децата шират чувства на жалење и затоа се отстранети. Точно е дека некои не се писмени, а некои имаат само неколку одделенија од основното образование. Точно е. Ама точно е и тоа дека тие секојдневно општејќи со децата, можеби повеќе од учителите, беа единствената најсилна алка во синџирот: родители – јазик – родно место. Тие беа живите пренесувачи на изворниот мајчин јазик и потсетувачи на незаборавот... да ги паметат имињата на своите најблиски и имињата на своите села, имињата на ливадите, ридовите, планините, нивите, лозјата, шумите, изворите и на сите места каде си играа... Задоволни беа со малата плата, а ако нешто многу бараа, тоа беше нивната желба да бидат што поблиску до децата кои со неограничена доверба им ги доверија родителите. Сакаа да ги имаат што поблиску до себе, да ги погалат и развеселат натажените, да ги смират растревожените и да им бришат солзи и да им бакнуваат очи на расплаканите... Ги бодреа за да не згасне во нив искрата на надежта, да ја преболат загубата

на таткото, братот или сестрата кои останаа на боиштата... Ги тргнаа и сега нема кој тие, најмалите, да ги залули на колено, да ги подгрее со топлината на својата прегратка и пазува, да ги придржи на скут... Кој ќе им потшепни како се викаат баба и дедо, мама и тато, како се вика селото и каде се наоѓа?... А можете ли да сфатите дека со таквата постапка им ја одземате татковината?... И уште нешто. Им ги собравте златните обетки, прстените, синџирчињата со крстот и со ликот на Богородица што на испраќање им ги дадоа мајките...

- Точно е – ја прекина Ригас. – Сето тоа, како и многу други работи одат во прилог на акцијата за собирање помош за за затворените комунисти во Грција...

- За децата тие беа свети белези за спомен. Вие во душите на децата го убивте Бога... – Само миг Беата прекина и доврши - Сакам да ве уверам дека ние нема да дозволиме децата да се претопат. Грчките деца ќе си останат грчки, македонските – македонски...

- Проштевајте, другарке, не македонски, туку славомакедонски - саркастично дофрли Ригас.

Состанокот заврши доцна. На излегување од салата Копчињски и рече на Пташевска:

- Децата ќе ги воспитаме и ќе ги образуваме, ама овие што излегоа пред нас никој нема да ги воспита и да ги образува...

- Мил мој – тивко прозбори Џубан – тие веќе се воспитани и образовани. Повеќе ништо не им треба освен...

- Изненаден и вчудовиден сум од нивното размислување и убедување – рече Копчињски.

- Само си го уништувате расположението.

- Каква дрскост – се инаетеше Копчињски – да ми тврди дека јазикот, писмото на Македонците им ги создал Тито... А мене моите професори на универзитетот ме учеле дека...

- Мил мој, Вацлаве, нашиот другар Ригас е плод на лошо изртено семе и нека ми е простено, израснат во погано време... Неговото место не го гледам во воспитниот центар... И не само тука. И воопшто не ја гледам потребата во Полска да постои партиска организација на Комунистичката партија на Грција. Во сите средини

каде живеат бегалци од Грција се формирани партиски келии во кои дејствуваат и посебни служби, како на пример еден вид полиција, па и служби кои одредуваат кој каде ќе живее и што ќе работи, до нашите специјални служби поднесуваат клеветнички изјави против лица кои не се нивни истомисленици и други бројни дејствија спротивни на нашето законодавство. Поради ова јас размислувам да изготвам материјал со кој ќе го запознаам нашето државно и партиско раководство и ќе предложам таквата организација во Полска да се забрани. Кој сака да е член на партијата, тоа може да го направи со зачленување во нашата партија. Бегалците не мора да се оргнизирани партиски. Најдобар начин за нивна организација се разните здруженија, клубови, хорови, драмски секции. А преку ваквиот начин на организирање можат успешно да ја чуваат и негуваат својата духовна национална култура – песните, ората, литературата и домашните обичаи и адети.

Во извештајот што Џубан го изготви и го прати до Министерството со назнака да биде доставено до ЦК на ПОРП[48], меѓу другото, како краен заклучок, напиша:

*Ригас е отворен непријател на децата. Веднаш да се отстрани од Државниот воспитен центар и да се укине грчката дирекција.*[49]

На наредниот состанок на Советот на Државниот воспитен центар и дирекцијата, Ригас го немаше.
Отиде на нова партиска задача во Букурешт.[50]

---

[48]ЦК на ПОРП – Централен Комитет на Полската Обединета Работничка Партија

[49] Текстот во курзив е цитат од документи.

[50] Информации за натамошната судбина на македонските деца во Полска, како и за македонските бегалци во Полска, читателот го упатувам на книгата МАКЕДОНСКИ ДЕЦА ВО ПОЛСКА (1948-1968), Млад Борец, Скопје,1987 и Македонските бегалци во Полска 1948-1975,,Документи ,Скопје 2008.

# 11

Беше април.

Беше пролет.

Во ливадите и лединките расцути и диво и питомо билје.

Беше април, беше пролет, прва пролет дочекана од бегалците во туѓо.

Бујна и топла, ведра, расцутена и мирислива надојде пролетта. Се раздвижи времето. Се истурија потоците. Зорите се будеа со појот на птиците. Се уште утрата беа студеникави, ама со секој одминат ден се повеќе се чувствуваше здивот на пролетта. Во Кунув и целата околина и отаде ширните рамнини веќе легнати под младото и кревко зеленило, рано расцути и багремот.

Таа пролет за бегалците беше првата пролет во туѓо, кои потајно во мислите не го криеја верувањето цврсто врежано во големата и неизмерлива надеж дека заедно со неа доаѓа и времето да си се приберат дома. Така веруваа, мислеа, се надеваа  и стрпливо чекаа да пукне пролетта и еден ден од неа да го фатат патот на повратот. Се надеваа и  во таа надеж им течеше и времето во кое досега не ја изгубија вербата и љубовта кон тоа што остана зад нив многу далеку од Кунув. Беа здрави во духот иако срцата им беа скршени од болка. А во тоа време, времето на чекањето и надежта им се даде можноста да се ослободат од колективниот дух и од вербата во големите ветувања што во името на водачот и партијата истите луѓе кои и таму, во родното место и тука  не престанаа да го стегаат обрачот кој веќе беше многу напукнат. Се повеќе се оддалечуваа од таквите кои и тука не престанаа да сеат пароли за некаква победа врз тој, кој ги победи и порази. Злосреќата не ја преболеа. Болката кај нив се уште траеше, не мируваше, тлееше и потсетуваше...

Оваа прва пролет дочекана во туѓо дали ќе биде само сонувана пролет на повратот или само  недолетан, скршен лет на надежта?...

Се надеваа и чекаа со длабока воздишка загледани во клучевите од штркови кои се враќаа во своите гнезда. Некои пресечуваа небо, некои се спуштаа на ланските гнезда што како кошеви лежеа на оџаците и телефонските стебла и стоејќи на едната нога, го мереа времето и просторот што се ширеше околу нив. Се

вгледуваа жените во нив и длабоко во себе мислеа, како во старите народни верувања, дека тие, штрковите, ќе го очистат злото и ќе донесат нов живот. Јата ластовички, во низок лет прелетуваа дворови и во ќошевите на стреите лепеа нови гнезда. Рано се распеаја славеите. Во чашките на расцутените ливадски цвеќиња зуеја пчелите... На свежо изораните ниви од леа во леа прескокнуваа и колвеа во ораницата црни гаврани, за миг подигнуваа остри клунови, грачеа и грачењето одекнуваше како глас на коба... Жените се прекрстуваа и, плукајќи настрана, гласно велеа:

- Скраја и далеку да е од нас.

Пладнето, кога бегалците се прибираа од нивите и во редица влегуваа во заедничката менза, во Кунув, стигнаа двајца од комитетот. Откако сите се прибраа во мензата и испоседнаа покрај долгите маси, дојденците застанаа на челното место, одрамија стари кожни офицерски чанти и едниот од нив рече:

-Од Букурешт дојдовме и ја донесовме поштата, значи ви донесовме писма. Задоцнето е, ама беше потребно многу време и повеќе луѓе за да се направат списоците и во нив да се средат имињата и презимињата на политичките бегалци и местата на нивното живеење.

И почна делењето. Од рака в рака преминуваа белите пликови. Давајќи им ги, им велеа да се горди за тоа што е запишано во нив. Само толку за утеха и по некој збор на сочувство.

Малку беа писмата кои донесоа радост.

Многу беа писмата кои донесоа болка.

Заплакаа мајките.
Залек се разлеа, лелек неутешлив и занеслив плач на мајките се слушаше.

И многу беа прашањата за тоа:

Која мајка се гордее со смртта на чедото?

Која жена се гордее со смртта на мажот?

Која сестра  се гордее со смртаа на братот.

Кој брат се гордее со смртта на сестрата?

Кое дете се гордее со смртта на мајката или таткото, братот и сестрата?

Кој може да го заборави злото и лошото што му се случи?

Бидете горди! – им велеа.

Жалосното, ревливо и тажно плачење се разнесе и се растури на улица. Полјаците вчудовидени за миг застануваа, вознемирено слушаа и со стивнат глас, прашуваа:

-Co tam się dzieje?[51]– и чувствувајќи ја болката на плачот и лелекот, некои се прекрстуваа и со стежната солза во очите и растреперените усни, со тивок и бавежен чекор, заминуваа со симнати капи.

Жените се собираа и заедно жалеа, заедно лелекаа, редеа и тагуваа. Заедно ја боледуваа болката, за која збор за тешење немаа, заедно ја споделуваа радоста со тие, кои добиваа радосни вести. Едни ги тешеа тие, на кои писмата им носеа болка, други им се радуваа на тие, на кои писмата им носеа радост...

И наредните денови, недели и месеци стигнуваа писма и преку писма мажите си ги наоѓаа жените, жените се радуваа затоа што им се живи и здрави мажите некаде таму далеку, во непознато, мајките дознаваа во кои непознати земји и градови им се децата. Писмата кажуваа која остана вдовица, кој остана вдовец, а децата, кои

---

[51] Што се случува таму?

пред две години ја изгубија топлината на мајчиниот скут и прегратка од писмата дознаваа кое од мајка или татко остана сирак...

Расплакани, не доплакани. Во која дома да се изнаплачат, на чие рамо да се доплакаат... да се изнаплачат, да се доисплачат?...

Плачи, мајко, плачи, изнаплачи се иако со плачот нема да си ја олесниш болката за раната не исцелена... Плачи... Крепи... Стегни срце... Трпи...

Плачи мајко, изнаплачи се за сите болки и патила и за сите времиња на чекање... изнаплачи се иако со плачење нема да си ја олесниш судбината... Во црната шамија – белегот на твојата не исцелена рана и непреболена болка, повиј го плачот... Изнаплачи се, можеби плачот ќе ти ја олесни тежината што врз твојот грб, врз твоите измачени рамена, врз твојата глава, срце и душа е фрлена не само од туѓа, туку и од своја поданичка и алајџиска рака... Плачи, лелекај, изнаплачи се, мајко, твојот плач и лелек нека направи полесна да им биде земјата на тие, кои се уште ги чекаш со душа и мисла да се вратат, а знаеш дека нивен поврат нема, изнаплачи се за тие, кои веќе ги нема и веќе никогаш нема да седнат во твојот скут и да се стопат во твојата прегратка... плачи, изнаплачи се и крепи ја и стегај ја болката во твојот празен скут, прегратка и пазува и со неа ќе живееш додека ќе бидеш жива...

Лелекај, лелекај, мајко... и срцето и душата пушти ги да лелекаат се дотогаш, до кога во нив ќе стивне и последната издишка...

Лелекаа мајките и во лелекот никоја немаше сила да ја потсмири болката што неисцелено крвавеше од настраданите души...

Првата ноќ и двете наредни Кунув не спиеше. Бдееше, редеше, ревеше, лелекаше...

Три денови мајките, вдовиците и роднините бдееја, плачеа и лелекаа. Истурија многу солзи и претрпеа непреболени душевни болки...

Кој го стори тоа за да има толку голема болка?

Таа пролет писма стигнуваа и во домовите во кои беа сместени децата. И кај нив стигна болката и безутешното жалосно плачење и лелекање. Многу од нив, таа пролет, од писмата дознаваа кои останаа сирачиња, кои изгубија брат или сестра, роднини, блиски, незаборавени лица. Голема беше болката и таа секој ден ја носеа во себе и во писмата скриени во тетратките не еднаш скришум ги отвораа под клупите за да си ги спомнат нивните ликови и имиња и сето тоа што заедно го имале доживеано дома.

Болеше таа болка.

Болеше и споменот.

Како од себе да ја отфрлат насобраната жолч, за душите примиреност да најдат и да се издигнат над болката? На кој ќе му успее да го сотрие и да го здроби прегорот што ги совлада сите?

Ќе прегори ли болката за загубата што засекогаш ќе остане непрежалена?

Ќе има ли заборав?

А надвор пролет.

Зорите дишеа со мирисот на расцутениот јоргован и појот на славеите..

Расцутена, мирислива пролет, распеана во грлата на птиците. Прва пролет далеку од дома. Прва пролет во туѓа земја, под туѓ покрив, во туѓа постела и леб од туѓа фурна. Пролет бујна, час ведра, па дождлива, расцутена, топла и полна со цвцорења на ластовичките кои во сенките на строите лепеа гнезда. Нababрени пупки на ружите

и дренот. Ливадите накитени со расцутено ливадско цвеќе. На високите оџаци штрковите поправаа гнезда. Воздухот поплавен со мирис на млада матерка...

Таа пролет, првата пролет во туѓо кај многу имаше многу солзи и голема болка...

Таа прва пролет кај многу немаше солзи на радост...

А тие, кои им ги даваа писмата, им велеа:

-Вашата загуба не е само голема  болка, ами и голема гордост...

Која мајка се гордее со смртта на чедото?

Која жена се гордее со смртта на мажот?

Која сестра  се горедее со смртаа на братот?

Кој брат се гордее со смртта на сестрата?

Кое дете се гордее со смртта на мајката или таткото, братото или сестрата?

Кој може да го заборави злото и лошото што му се случи?

Ноќите од мрак до зори им станаа ноќи на бдеење и редење, час на лелек тивок, час толку гласен што раскинуваше срца. Лелек и плач на мајката, лелек и плач на мајките и жените... Лелекаа и плачеа и бдееја ноќе, бдееја дење и редеа. Така, во Македонија, со векови, три дена бдеење над гробот и раздавање за душа, па девет дена и потоа цел живот живи за да останат во споменот кој никогаш нема да им даде утеха и умир. Црната шамија за навек на глава. Така во тие туѓи одаи по цели ноќи и денови бдееја и редеа. Редеа за тие што ги нема, редеа и за себе, својата судбина ја редеа...

Бдеењето и редењето дома го гласеа тажните одѕвонувања на камбаните и сите знаеја чија куќа се зави во црнина. Тука, во Кунув, немаше камбани. Злогласните писма што стигнуваа во сочувани закрвавени комесарски чанти, мајките ги завија во црно.

Беше април.

Беше пролет.

Прва пролет во туѓо. Беше пролет на голем плач, плач голем за болка голема ...

Пролет на очајот, чемерот, горчината, тагата и безнадежноста – пролет, која како клопче беше собрана врз и под црната шамија на мајките...

На нашите мајки...

Пролет - болка на нашите мајки, вдовиците и сираците...

Мара им се придружуваше и на жените кои редеа и на жените кои се радуваа. Со нив и редеше и се радуваше. Болката на едните ја болеше, радоста на другите ја радуваше.

Заедно со неа, секогаш неразделна, како сенка, беше и одеше Донка. Ситничка, болникава женичка. И таа беше една од многуте, која во тоа заедничко редење и бдеење ја одболуваше и својата болка и чекаше макотрпно и со неизмерна надеж да ја дочека и својата радост или...

- Господ да чува и да брани... – си велеше во себе и мака мачеше да ја оттргне од себе таа лоша помисла.

И чекаше. Стрпливо и надежно. Времето и беше исполнето со чекање. Чекањето исполнето со надеж... Ноќите најчесто и завршуваа со измачувачки соништа, а деновите со чекање. И тука, во Кунув, исто како дома, деновите и ноќите и беа чекање. Каде и да одеше, што и да правеше, секогаш на ум и беше големата желба да ги

види своите најсакани. Донка без престан, како во сон, го одмотуваше клопчето на спомените, трепережќи од страв да не се скине конецот што ја врзуваше со најсаканите.

Во рацете на Донка, откако се омажи и на свет ги донесе синот и ќерката, легнаа ралото, српот, бавчата, лозјето, стоката. Ја чуваше и куќата од ветриштата, дождовите и снежните намети.. Стопанот дома не беше стопан. Беше на печалба. Кога во долгите зимски ноќи, откако на скут и заспиваа синчето и ќеркичката, Донка тогаш безмерно ја чувствуваше осаменоста и без жалење многу ја колнеше печалбата и напати и стопанот, кого го имаше во мислите, ама не и дома, во нивата, бавчата, лозјето и во постелата. Откако децата ги легнуваше, го засилуваше пламенчето од кандилцето и долго се молеше пред старата исчадена икона на Богородица. Молеше, тој, таму каде што е оден да печали, да е жив и здрав и што побрзо дома да се врати. Неизмерно долго и се влечеше тоа пусто време откако ја остави со ќерката и синот – ќерката во лулка, синот на скутот. Растеа милите под окото на Донка. Малечката ја лулаше на колена, синчето во пазувите. Растеа ластарите и пораснаа. И таа растеше без него... и тој таму во Америка, растеше без неа... Нива не изорана не остави, не остави и зрно од клас на стрниште да се изрони, лозјето порежано, тревка под копачка не никнуваше, амбарите полни и бочката полна. И дворот и шталите полни. Капка од покривот не прокапи. Си течеше селската живеачка со потта на Донка и на веќе пораснииот Крсте се до деновите кога заврши големата војна и почнаа некои лоши денови. Многу се зборуваше дека по градовите се караат, се тепаат, дека властите ги отворија затворите, дека Маџири пљачкосуваат нашински села и дека во шумите се пеат некои нови песни, дека веќе во планините се бијат и дека бојовите беа се поголеми, пострашни, покрвави. И така за тие бојови, една ноќ, Крсте и многу други како Крсте, ги собраа и ги однесоа во партизани, така тогаш се велеше. По жетвата, ги собраа и девојките – здравите и високите. Здрава и висока беше Софка на Донка, ама со годините мала. И рекоа да си оди дома и таму да расте. По година ги собраа и малите деца. Рекоа дека ќе ги пратат по државите и од таму бргу ќе ги вратат. Софка не ја собраа со децата. На Донка и рекоа дека ќе ја пратат да учи за болничарка. Ја пратија ама не и облекоа бел селото остана празно од младини и деца и празни останаа скутовите и прегратките на мајките...

А потоа?

Потоа стигнуваа црни вести и мајки и вдовици лелекаа...

Донка и денот и ноќта ги чекаше со страв.

А тие, кои гласеа дека за правдина се води борбата, на Донка и на многу како неа, без правдина пченицата и ја зедоа, и од овците и козите и зедоа, и јунчето и го зедоа, а коњот – сивчо, на кој ја товарија пченицата и пченката, не и го вратија. Ливче - потврда и дадоа, велејќи и дека народната власт, кога ќе дојде, се, до последно зрно ќе и врати. И пак доаѓаа и бараа за борбата народот да даде покривачи, перници, чинии, лажици, чевли, чорапи, кошули, фанели, ракавици, лопати, копачи и силата на рацете, нозете, рамената и плеќите за пренесување ранети, сандаци со оружје, копање ровови, носење дебели и долги трупци за градење бункери таму високо, во планините за да не помине непријателот на планинските ридови околу Вичо.

Во келарот не влегоа. Виното остана. Зрееше во дабовите бочки и чекаше... веридби, свадби, крштевки, денови на празници... чекаше...

И таа, Донка, седната на прагот – чекаше. Крсте и Менка ги чекаше и него, печалбарот, го чекаше. Со мислата ги изодуваше сите раздруми на патиштата и се прашуваше – по кој пат ќе ми дојдат, по горниот или по долниот? На свечерување го запалуваше кандилото пред зачадената икона на Богородица и, клечејќи, се молеше. Се молеше и кога ноќе сон не ја фаќаше, се молеше и кога белата зора ја будеше, фрлајќи сноп светлина во мрачната одаја. Во молитвите ја повиваше надежта - него – домаќинот сакаше да го има дома, да навали глава на неговото рамо, очи да сподави во неговите очи, да се стопи во неговата прегратка... И уште молеше синот и ќерката што побрзо на колена да и седнат... Во нејзиното чекање, како мал блесок во мракот, како искра во спуза и како малендаво пламенче на кандилцето тлееше и кружеше не скротената надеж... Ќе дојдат, си шепотеше, ќе дојдат, си велеше гласно. И кога ја местеше софрата за обед или вечера, секогаш

криваше уште три чинии – за него и за ќерката и синот... Ама, ете... Без него и без нив – софрата празна, куќата празна, празно и срцето и душата, празни и прегратките и скутот празен...

Празни останаа мајчините прегратки и празни останаа топлите скутови... Кого да погали, кому милно да шепоти, кому приспивни песни да запее...

Пустовина...

Студенина...

Молк...

Во самотијата броеше денови, месеци, години изброја.

Редеше спомени и чекаше.

И денот и ноќта и беа чекање. Рано станувaше, пред да обдени зора. Шепа студена вода на образите за да истера ноќна мора и неколку голтки колку за да исплакни грло и за да ја исплука горчината. Во студените или врнежливи денови чекаше со лицето залепено на замагленото прозорско стакло... Приз-рачната надеж не ја оставаше угул сама. Ја хранеше со мислата дека во некое делче од денот или ноќта ќе дојде домаќинот и тогаш на неговото рамо ќе ја истури целата болка на срцето, горчината на осаменичкиот живот и чемерното чекање и од прекор ли или од радост ќе плаче, ќе лелека се додека не ја исплаче целата мака насобрана во длабочината на душата.

Чекањето и беше живот. И секоја пролет, кога цутеа овошките и цвеќето, тогаш венеше нејзината младост...

И тука во Кунув - чекаше. Секој ден. Секоја ноќ. Будна. Чекаше, како што чекаше во Пегин, скраја од патот и чепкаше во бурјанот, во сувата, веќе изгазена трева. Чекаше, како што чекаше дома каде портата од дворот беше ширум отворена. Вратата од дома одлостена. Час стоеше, час седеше на прагот од надворешната порта, час на прагот од куќата. Чекаше. Лицето собрано во дланките, вудвосана и налактена на колената. Со

насолзен поглед ги мереше должините на патиштата и траењето на времето. До онаму се селските патишта и таму, на крајот од видикот, легнуваше погледот и чекаше, а отаде ридот и планините течеше времето... Кога поминуваше војска, која не носеше владини белези, таа и многу други мајки стоеја пред порти, со ненаситена и надежна желба ги гледаа момчињата и момите и со трепетлив и молежлив збор прашуваа:

- Дали го знаете, дали го видовте...

- Дали ја знаете, дали ја видовте...

- Не... – одговараше молкот...

Поминуваа и заминуваа занемените усти и широко отворените очи загледани и вковани во лицата на мајките... Некои за миг намалуваа чекор, подзастануваа, се загледуваа, надевајќи се дека ќе си ја видат својата мајка.

-Не... не сум ја видел мајка ми... - си кажуваа момчињата и момите...

Поминуваа и заминуваа момчињата и момите пред мајките, а тие како вковани стоеја пред портите и се надеваа. Така стоеја и чекаа и во тоа долго надежно чекање опојно се занесуваа во тивко шепотените молитви, кои како мониста на копри-нен конец се нижеа нај присакуваните желби. Стоеја. Чекаа. Се молеа. Се надеваа. Со црната шамија ги бришеа солзите на болката, горчината, чемерот и тагата.

На прагот, пред отворената порта чекаше Донка.

Чекаа и сите други мајки од селото.

Чекаа тие, нашите мајки...

Чекаа мајките и во тоа долго и мачно чекање на лицата им легнуваше неискажлив грч на болка, молкот им беше неумоливо кобен, во очите неизмерно вриеше безутешната тага. Со сподавен крик на душата и со долги воздишки на срцето, надежно чекаа мајките исправени пред куќите, кога крај нив поминуваа и заминуваа

момчињата и момите. И ним на патот кон боиштата не им се исполни желбата да си ги видат мајките, кои со нивното заминување останаа со празни пазуви и скутови..

Одеа тие по некои други патишта кон планините и ридовите, а од таму некои други патишта ги водеа кон боиштата...

Ката ден долго и стрпливо чекаа.

Чекаа мајките исправени на прагот да им се вратат чедата...

Чекаа и во тоа чекање нивните празни скутови и прегратки ги полнеа роеви неизмерливи надежни желби неискажлива со збор...

Чекаа и во молкот, поднесувајќи ја болката, се прекрстуваа, молејќи ги сите светци и небесата живи и здрави да им се вратат чедата...

Дење и ноќе упорно се надеваа и траеја без прекин во молбите и молитвите, а тие, кои загубија некое од најмилите длабоко во себе го чуваа болниот спомен на не исцелената рана и никогаш од глава не ја тргнаа црната шамија...

И тука, во Кунув, како дома и како на прав-ливиот пат во Пегин, без престан чекаше Донка. Чекаа на тој пат сите мајки и жени...

На секоја средба, на секое дури и најкратко видување, и познати и блиски и велеа:

-Жива, здрава ти е чупата... – ја тешеа жените со кои ја делеше одајата.

Гореше во надежта и верувањето. Животот и се стори чекање и надевање.

Донка чекаше. Писма за неа не стигнуваа.

За Крсте, синот, знаеше дека е жив и ливчето што го најдоа луѓето во бурјанот крај патот, го чуваше во пазувите и немаше ден да не го отвори за да се увери дека тие три-четири зборови со кои тој ја известуваше дека е жив, се уште се во ливчето. Со растреперени прсти го одвиваше само за да се увери дали тие три-четири

зборови се уше се таму... Тоа ливче беше иљач кој ја одржуваше во живот и и ја грееше надежта. Со целата топлина на својата душа го бакнуваше, милно го галеше, го топлеше со образите и издишката и така разгалено, го враќаше во пазувата, токму таму каде отчукуваше нејзиното срце.

За ќерката – молк...

Така беше во април, во првата пролет на изгнанството.

Беше април.

Беше пролет.

И денови беа на голем плач за голема болка...

А минувачите кои поминуваа, миг два застануваа, наслушуваа и вчудовидени прашуваа:

- Dlaczego płaczą Macedońki?[52]...

Беше април.

Беше пролет.

Во Кунув, многу далеку од дома, пладнето почина Киро. Во малата замрачена одаја, на железен војнички кревет го легнаа и по заодот на сонцето, го покрија со бел чаршав. На малата масичка покриена со бело платно, поставена чинија со брашно и во него свеќа до свеќа набо-дени лоеви свеќи, чии растреперени пламенчиња ширеа светлина за душата на Киро. Три жени бдееја, тивко лелекаа и чуваа да не згасне светлината и на местото на догорените запалуваа нови свеќи и така до белата зора го тераа мракот.

[52] Зошто плачат Македонките?

Каква ли болка го легна на тврдиот железен кревет и во него го исцеди и го истолчи? Разно се зборуваше и претпоставуваше. Едни велеа дека саклет неизлечиво му ја рани душата и му го истопи срцето, други дека самотијата го изгоре, а некои, крстејќи се го повторуваа вечното - дека така му било пишано.

Пладнето го погребаа Киро скраја од германските гробишта, од другата страна на високата камена ограда.

-Бог да го прости и туѓата земја нека му е лесна... – за Киро само толку беше желбата од живите.

Во малото одајче, на масичката покрај креветот остана едно купче писма, кои додека самуваше, тие му беа единственото друштво и најголемата радост. Во едно од писмата, со поштенски печат од Букурешт, беше напишано дека жена му е во Крнов, во Чехословачка. Таму ја однесе возот во кој ја сместија неа и многу други тогаш, кога ги симнуваа од бродот и ги качуваа во вагоните. До тоа писмо уште еден коверт на кој со големи кирилични букви беше напишано СССР – ТАШКЕНТ. Киро знаеше каде е СССР, а ретко кој можеше да му каже каде се наоѓа Ташкент. За шега некои му велеа – сигурно е некаде на земјата и некаде под небото. Така, де, таму некаде на земјата и под небото беше Ташкент, каде син му, заедно со поразената војска до Одеса, го однесе брод и потоа, возот, возејќи по пустињите, го растовари на крајот од светот – на многу топла земја и  под многу жешко сонце – во градот што од памтивек го викаа Ташкент. Во купчето имаше и коверти со поштенски печати на поштата во Дебрецен. Му рекоа дека тој град е во Унгарија. Прво чудно му беше тоа име, ама кога му објаснија дека тоа е име на град во Унгарија, каде од писмата веќе знаеше дека во тамошните детски домови се наоѓаат и неговите две деца, тогаш го засака. Киро честопати ги оддиплуваше и ги постелуваше писмата на масичката, ги пеглаше со топлата дланка и често ги читаше, ги здиплуваше и оддиплуваше и на секое беа останати белези од потта, таа голема мака, а толку многу пати беа читани и препрочитувани, што ги знаеше на памет. Со писмата добиваше и слики. Ликовите беа исти како пред година или две, како дома. Со малечки шајчиња ги имаше заковано на ѕидовите и редум одеше од една до

друга, зборуваше со нив, се смееше, ги подучуваше, прекоруваше, со лесен допир на прстите им ги галеше образите, очите, косите, нежно и топло ги бакнуваше...

И така расчереченото семејство на Киро во писма и слики беше собрано во тоа малечко одајче во кое и покрај големата радост, најчесто со неискажливо голема тежина налегнуваше и долго царуваше болното чувство на осаменоста...

Беше април.

Беше пролет.

Беше Велигден.

Христос Воскресе!

За многу Години!

Во наредните два месеци уште четири могили се наредија покрај могилата на Киро. Зад високата камена ограда на напуштените германски гробишта, обраснати со висока трева и бурјан,  без поп и тажното биење на камбана, се редеа нови. Старите испуштаа душа под туѓо поднебје и почиваа во туѓа земја. Надвор од оградата на  германските гробишта, пораснуваа нови купчиња, нови катчиња, некаква нова населба на дојденци кои засекогаш ќе останат надвор од ѕиданата и железната ограда. Тоа малечко катче го нарекоа- **cmentarz macedoński** - македонски гробишта.

Жените облечени во црнина, така како и дома, на задушница, други верски празници и по домашни адети, како што беше роднокрајскиот ред и адет, одеа таму и раздаваа за помен, молејќи се за спокој и умир на душите.

Во нивните долги молитви траеше животот и во нив живи беа мртвите.

И такви ќе останат се до тогаш, до кога за нив не згасне паметењето.

Така беше во април и наредните денови и недели, во таа прва пролет на изгнанството.

И потоа многу од нив во годините што течеа нова пролет не дочекаа. Во нивните очи времето ја замаглуваше животодајната светлина и ја скратуваше патеката  на одот.

Молкома, заедно со големата желба и не згаснатата надеж длабоко вкоренета во душите што поскоро да се вратат дома, многу од нив, во годините што неминовно течеа, нова пролет не дочекаа.

Со болката на саклетот во срцата заминуваа во темнините под туѓите поднебја...

-Бог да ги прости и нека им е лена земјата - од се срце и со болка им пожелуваа живите...

# 12

Сите патеки и премини од претходната година ги знаевме. Знаевме каде лани оставивме бункери од камења, а ровови немаше, бидејќи ров на камен не ископавме. Фрлавме тогаш камен над камен и тоа беа нашите бункери. Тие што беа градени со трупци, камен и земја, од базуките, новото оружје што го донесоа Американците и авионските бомби беа пеплосани. И тргнавме ноќе, докторе, ноќе кога сенка не се гледа. Во бела зора – јуриш. Не пречека дожд од куршуми. Беа на готово. Само чекаа со прстот на орозот. Одевме право

пред цевките на митралезите и автоматите. Не чекаа зад секоја карпа, зад секој камен, зад секое легнато или исправено стебло. Каде да сокриеш глава. Бевме на нишан. Гиневме. Грамос нема земја. Има сако карпа и камен, крв и коски. Како град, како надојдена пламена бура од град – само куршуми и светлина на смртта. Тукуречи не погодуваа право в чело, меѓу очи. Така беа поставени. Тие илјадници, ние неколку стотици. Тие легнати, ние простум, на јуриш. Скокавме преку нашите паднати соборци и без наведнување – во напад. Простум – никој не свртуваше глава за да види што остана зад него. Деца, докторе, деца бевме. Деца гиневме, деца се осакатувавме. Зарем моите години беа за тие рафали, за тие рачни гранати, за тие бомби во кои гореше и каменот и земјата и луѓето испаруваа? Моите години и нивните бомби. Јас и многу други како мене, девојчиња, против мажи. Деца против мажи. Јас и многу други девојчиња против мажи. Не заковаа за земја. Повлекување – беше наредбата. И при повлекувањето бевме пак на нишан. Пред мене падна маж. Легнав до него, дишеше. Беше жив, осакатен, легнав под него, полека го префрлив врз мене, , тежок, како олово, заколеничив и грабејќи ја земјата со рацете, тргнав без да гледам каде. Стигнав до една карпа. Го легнав, се подигнав и ми се потсекоа нозете. Цел рафал куршуми се забодеа во моите нозе. Покрај мене некои претрчуваа, некои се влеча, молеа за помош, а јас не бев во состојба да се движам. Легнав на плеќи и гледав облаци, магла, чад. Немаше сонце. Немаше планини, немаше ридови. Се беше потонато во чад. И јас почнав да тонам во некој благ сон. До тука памтам... Што потоа? Потоа почувствував тресење. Сфатив дека ме носеа на носилка, час горе час долу. Се будев, ама немав сила да сфатам кој и каде ме носи. Не знам колку време траеше тоа тресење. Кога одново се пробудив видов дека бев легната покрај други во еден камион, слушав гласови, лелекања, офкања, пцуења и пак мрачно под клепките, и тресење на камионот и тие гласни лелекања и таа голема болка која ме гореше и ми ги гризеше нозете. Големата болка во нозете како да ми кажуваше дека сум жива. И што потоа? Потоа на некоја рамна штица ме легнаа, ме врзуваа, од двете страни на нозете ми врзаа штици и така врзана лежев исправена, ама никако да мрднам. Не бев сама. Покрај мене и малку по натака – сакат до сакат. И што потоа? Потоа нишање, лево, па десно. Лежев стегната во тие штици, ама не знаев каде сум. Не слушав лелеци, не слушав истрели, не мирисав чад од барут... Потоа... потоа сфатив дека не сум на земја, дека лежам во мек

кревет и знам дека сум во болница во која слушам некој друг јазик од кој успевам за уловам по некој збор што е сличен на мојот мајчин јазик – исти се зборовите што ги изговараат лекарите и сестрите - боли, рана, очи, нос, глас, нога... Исто како тоа да ми го вели некој со кој го зборуваме истиот јазик. Осознав дека сум во добри раце – и овој збор добри - е како нашиот збор – дека сум во добри раце и дека се радувам секогаш кога ве гледам како влегувате во оваа болничка соба, докторе, секогаш насмеан... и се прашувам: Господе, Боже, од каде ли кај овој човек е насобрана толку многу блага насмевка, од каде ли е собрана толку многу топлина во неговиот глас, толку благ поглед во неговите очи, како ли се најде толку многу нежност и толку благ допир во неговите раце и плачам, кога во неговите очи гледам одраз на мојата болка. Ама, докторе, каков човек сте вие?

Софка денот го поминуваше со закован поглед во таванот. Таму висеа сите нејзини прашања, сомнежи и надежи. Таму го бараше одговорот како натаму ќе и тече животот. Левата нога ја немаше над коленото, десната, се уште доктор Барчиковски и лекарите околу него размислуваа, се советуваа. Најпосле падна одлуката – да се отстрани стапалото кое почна да добива некаква синкава боја, а по неколку денови се појавија дамки на црна боја...

Гледаше во таванот и тивко зборуваше со себе:

-Сега сакам да се изнаплачам... Сега сакам да се изнаплачам онака тивко, и долго. Да се изнаплачам за себе и за сите што ги запознав, а не се со мене, туку останаа таму меѓу карпите, зад карпите. И за сите кои останаа живи, ама осакатени. Дали ќе имам доволно солзи за сите несреќи, доволно солзи и возишки за сите кои останаа таму во тие диви планини што ги нарекоа Грамос, таму каде под секоја трага има засушена крв? Таму каде и да стапнеш, ќе стапнеш на крв, ќе се сопнеш од коска... Сега ми се плаче, многу ми се плаче. Можеби така ќе ми олесни, можеби така мојата болка што тече од срцето и душата, а не од исечените нозе, можеби ќе ми ја олесни болката. Грамос тој голем гроб. Кој го ископа? Колку изгореа таму под жешкото сонце не пограбани? Кој е крив? Чиј е гревот. Плачат мајките по градовите и селата на Грција, плачат мајките по

собиралишата на испадените и  на патиштата што ги носат кон никаде. Нема дом, има пустелија – има злоба, омраза, пустош, има лоши луѓе кои создадоа лоша судбина, го има тој страшен грев на тие кои останаа живи, на тие кои од еден или два оддалечени ридови од боиштето-кланица, со двоглед гледаа косење на животот и со прст покажуваа дека ете таму, зад онаа карпа, зад оној камен, на тоа ритче некој падна и не чекаа да стане зад него паѓаше друг и нивната љубопитност и радост растеше и не прашуваа чии се тие деца, на чии деца тие им наредија  да се колат, да се убиваат, да се мразат. Така, да се изнаплачам, сега многу, многу ми се плаче... Немам солзи, а плачот без солза не е плач, туку тежок и мачен лелек. Болка. Оставете ме да  лелекам за мене  и за мајките чии чеда останаа таму зад двете страни на карпите.

Ја покри главата со чаршавот кој долго трепереше над болката на оскатената девојка. Ја смири сестра Тереса, така се викаше болничаката , којабеше адолжена да се грижи за Сова, која дојде со количката за да ја изнесе на редовната прошетка се до високите дуни од каде се гледаше морето, а од таму во салата, на вежби. Секој ден така – прошетка на чист свеж морски ветер, а потоа вежбање во топлата  спортска сала.

По завршените вежби сестра Тееса ја врати во болничката соба и со помош на лекарот ја легна. Уморна беше. Тешки и мачни беа вежбите на телото без нозе. Болеше половината, болеа плеките, болеше и најмалиот дел на телото. И душата болеше. И трпеше. Загледана во таванот, рој мисли и се вртеа в глава и никоја, ниту една, не и го поткажуваше решението. И остануваше само да трпи и да мисли. Мислата и во неа надежта. Тоа ја одржуваше во животот. Понекогаш и паѓаше на ум едно по едно да ги собира апчињата и сите да ги голтне. Да заврши со себе. Сакаше така да стори. Да ја снема. Но над неа и по крај неа стоеја и чуваа луѓето во бело кои ја тешеа,  и ветуваа, ја уверуваа  дека и таква каква што е, вреди да се живее. Ќе научи јазик, ќе научи писмо кое ќе и го отвори патот што води кон отворениот свет на животот. Се сомневаше, ама полека тие убедувања и се врежуваа во главата, ја охрабруваа...

Доктор Барчиковски[53] влезе во собата насмевнат и седна на работ од креветот во кој лежеше Софка и со тивок, молежлив глас и зборуваше:

-Многу, многу се радувам што добро заздравува левата нога. Закрепнуваш. Десната малку ме загрижува...

- А што и е ...?

- Храбра, девојка си ти... Немој да се грижиш. Се ќе биде добро.

- Тоа ваше добро да не значи  дека ќе ја сечете?

Доктор Барчиковски со парче памук ги избриша  капките пот што се појавија на нејзиното чело и тивко, скоро молежливо, рече:

- Ќе ја лекуваме, ама ако не помогне лекувањето... – не дорече. Стана, и ги погали образите и рече: - Ќе спасуваме што може да се спаси од телото, ама сигурно ќе ти оставиме едно – најважното - животот...  Тоа нека те крепи...

- Животот... што ќе мие таков живот? Саката... Велиш храбра... Зарем тоа ќе ме радува? Лицето ми е огрдено, целото ми е една голема лузна, а сега ми велиш да сум храбра.

- Лузната од лицето ќе ја отстраниме и пак ќе бидеш убава, дете...

- Ех, пан доктор Барчиковски, ти си ни на сите утеха... Кажи што ќе ми е убавината без нозе?

[53] Презимето и името вистински

- И без нозе ќе те сакаат... За да те убедам дека така е ќе ги викнам сите момци и ќе ги прашам: -Момци, кажете, убава ли е Софка или е грда. И нека се осмели некој да рече дека си грда. Сите ќе речат дека во оваа болница најубавата девојка е Софка...

- Добар сте вие пан доктор. Како што се вели – злато, а не човек... Знаете вие во душите да влевате голема утеха...

Доктор Барчиковски се наведна над нејзината глава и тивко, милосно и нежно и прошепоти:

- А ќе ти кажам нешто, ама тоа да остане меѓу нас. Знам еден мангуп, кој многу те сака. Денес, за време на визитата на уво ми рече:- Докторе, оди да видиш таму, како е Софка и кажи и дека многу ја сакам... И уште ми рече – таа девојка многу ми е мила. Ја имам не само во мислите, вели, туку и во срцето и воопшто не ми пречи што е со една нога. Па и без две нозе да е уште повеќе ќе ја сакам... Така ми рече... Сега мирувај, мисли на животот и радувај се што си жива и за тоа дека не само еден мангуп, туку многу мангупи, многу те сакаат. И ако сакаш да знаеш, мила, и јас те сакам...

- Уф, па ти, пан доктор, шегаџио низаеден...

Софка, која последните денови чувствуваше големи болки во ногата, сфати дека наскоро ќе ја изгуби. Не туку така дојде доктор Барчиковски...

По два дена Софка лежеше и без десната нога...

Загледана во таванот целиот ден го поминуваше со прашања. И не бараше одговор. Само се прашуваше.

Не се смееше на глас.  Се смееше со очите. Во тие очи беше и смеата и радоста и болката и тагата, по некогаш, во долгата осаменост се вгнездуваше и разочарувањето... И полека, ама и мачно, навикнуваше на својата осакатеност...

Во исто време, во кабинетот на главниот лекар, веќе втор час траеше состанокот. Долга и мачна расправа.

-Господо – се обрати главниот лекар, доктор Богдан - ова е воена болница и јас тука сум воен лекар и лекувам војници, а не партиски секретари. Тоа е моја задача...

-А наша задача е, другар доктор.....секојдневно да го јакнеме борбениот дух на нашите борци. Тие тука во многу добрите услови што ги создаде вашата народна власт да не се разлениват, туку...

-Другари грчки партизани – почна докторот со тивок и посмирен тон – пак ќе повторам дека ова е воена болница во која владеат воени закони. Вие другари, грчки партизани сакате од болницата да направите партиска школа. Моите соработници ми рапортираа дека до доцна во ноќта одржувате партиски состаноци. Тоа е надвор од правилникот што е задолжителен за сите наши пациенти. Да, тука имаме пациенти, а не партизани... и членовите на вашата партија тука се само пациенти. И вие, додека сте тука, сте пациенти...

-Докторе – натаму настојуваше партискиот секретар – будноста мора да се запази. Имаме некои сознанија дека меѓу Славомакедонците, некои нивни типови сеат недоверба кон нашата партија...

-Простете – го прекина докторот – како рековте – Славомакедонци? Можете ли да ми објасните што значи тоа?

-Секако, докторе... Тие се Словени кои живеат во грчкиот дел на Македонија и за разлика од Грците кои живеат таму, ние ги викаме Славомакедонци...

Доктор Богдан тивко се насмевна и со тон на зачуденост, рече:

- Според таа ваша логика и Полјаците во Полска треба да се викаат Славополјаци, нели?

- Не.

-Туку?

Се преправи дека не го слушна прашањето, па продолжи:

-Да се вратиме на проблемот што се појави. Имено, Славомакедонците се собираат одделно од другарите Грци, пеат борбени песни што се пееја за време на војната во српскиот дел на Македонија. Тоа се титови песни, а се знае веќе каква беше и каква е улогата на Тито во меѓународното комунистичко движење и во нашата борба што ја водевме. И уште нешто. Имаме сознание дека тие подготвуваат театарска пиеса наречена ,,Крвава македонска свадба,, напишана од некој титов писател и најмногу изведувана во титовите театри во Скопје... И уште сакам да истакнам, дека и кај вашите соработници гледаме одредени неправилности. На пример забележливо е дека медицинските сестри на врат носат синџирче со ликот на Исус Христос. Тоа е неправилно, да не речам недозволиво нешто такво да гледаат нашите борци. Ние нив ги воспитуваме да се  борци, а не верски поклоници...

Докторот Богдан замоли:

-Сфатете другари грчки партизани дека тука е воена болница и тоа под строго воена тајна. Религиозните чувства тука се лична работа на секој член на нашиот медицински персонал. Тоа не треба да е ваш проблем. И, ве молам, немојте да се мешате во процесот на лекувањето. Не сум во состојба да сфатам од каде ви се појави толкаво сомнение кон вашите соборци Македонците. Тие се дисциплинирани, кротки и имаат многу добар однос кон целиот колектив. Имам впечаток дека тие кај нас се почувствуваа слободни. Слободно си го зборуваат својот јазик и се водат според своите адети и обичаи. Колку што знам сето тоа во Грција им беше забрането... Вие, имам, впечаток, никому не верувате. Во се се сомневате. И пак ќе речам – немојте да се мешате таму каде што не ви е работата. Од вас барам, како војник кон војник, да сте дисциплинирани пациенти... Средбата е завршена. Вратете се во вашите соби и придржувајте се кон пропишаниот ред, а Македонците оставете ги на мира. И немојте во воена болница да правите партиски митинзи и да донесувате дисциплински мерки спрема нашите пациенти...

-Докторе, вака не може да ги поставувате прашањата. Ние ќе протестираме...

Доктор Богдан занеми. Молчеше, триеше чело и откако видливо се смири, праша:

-Вашето име?

-Капетан на ...

-Не прашувам за чинот, туку за името!

-Карамузис...

-А вашето?

-Парисис... – имаше едно око и доволно му беше да гледа само кривовчини... Беше зол, мрша тип на лошотија, сомничавост и подлост... И насмевката му беше таква...

Доктор Богдан се сврти кон својот асистент и му нареди да ја викни главната сестра.

Сестра Јанина веднаш се појави.

-Сестро донесете ги болничките листи на, како рековте дека се викате?

-Карамузис и Парисис.

Доктор Богдан внимателно ги прелиста листите, и ги врати на сестра Јанина и смирено рече:

-Другари вие сте сосема здрави, а во оваа болница здрави не држиме. Досега од оваа болница во вашиот бегалски центар во Згожелец веќе испративме стотина оздравеници. Сестро подгответе отпусна листа за пациентите Карамузис и Парисис и донесете ми ги да ги потпишам. На интендантот кажете му да подготви испратнини – еден костим, две кошули, една вратоврска, палто, капа, чевли, две рала чорапи и исто толку долна облека... Храна за два дена. Се според правилникот... Вие, господа, проштевајте другари грчки партизани, да запаметите, дека ова е воена строго тајна болница во која лекуваме ранети борци, а не партиски пропагатори...

Доктор Богдан удри со дланката на масата и рече:

-Крај на состанокот...

# 13

-Протези ти направив, ама нема да се такви, какви што се потребни за една толку убава девојка – се шегуваше мајсторот, убедувајќи ја Софка дека со новите протези првиот валцер на заедничката игранка задолжително ќе мора да го заигра само со него. Нека видат  каква салонска дама  е таа. Малку ќе крцкаат, ама на сите ќе им се чини дека крцка ново поставениот паркет.

Павел и ги врза ремените, и помогна да стане и држејќи ја под мишки, лесно ја поттурна пред себе.

-Полека, така, сега со другата нога, полека, продолжи...

-Ќе паднам – рече и грчевито двете раце ги сплете на неговиот врат.

Првиот чекор тежок, вториот потежок. Секој чекор стануваше потежок и поболен, поизмачувачки. Мачно стигна до ѕидот, се потпре со рацете стоејќи свртена со грбот кон Павел.

-Не можам – рече со лелек во гласот. Тешки се и ме болат стегнатите ремени.

- Ќе навикнеш, само е потребно многу трпење и вежбање. Од утре веќе ќе почнеме со вежбање. Чекор в чекор од едниот ѕид до другиот ѕид на салата, а кога тој пат ќе го совладаме, тогаш ќе одиме на прошетка во паркот, а после ќе шетаме и покрај морето.

Со часови, од едниот ќош до другиот учеше да чекори и тоа секој ден, прво со едната патерица, а по една недела - без патерицата. И се врати одењето и беше се посигурна дека ќе може да оди без некој да ја поддржува и придржува и затоа со солзи во очите, со стегнато срце и душа секој ден претпладне и по попладне вежбаше. Мускулите навикнуваа, ама болеа и таа навикнуваше и најчесто плачеше од болка. Деновите поминуваа во неколку часовни вежби. Мајсторот Вавел настојвчиво ја тераше да вежба, па дури тогаш кога таа со плачење го молеше да престане.

-Не, дете, трај, оди, еднаш мал, другапат поголем чекор. Гледам чекорот секој ден ти е посигурен. Терај...

- А колку време уште вака ќе ме измачуваш, драг мој мајсторе Павел?

-Уште некој месец. Како што ти реков до првиот валцер што ќе го завртиш со мене. Ми ветуваш? Продолжи. Само со вежбање ќе постогнеш успех. Продолжи и мисли на валцерот... – шеговито и рече и ја труна пред себе.

Половина година по тешките вежби, кои најчесто се одвиваа и завршуваа со плачење, Софка беше повикана кај директорот на болницата. Краток, војнички разговор. И беше речено дека таа е сосема здрава, оспособена сама да се грижи за себе.

Вечерта, пред да се изклучат светлата, согласо болничкиот првилник, во болничката соба на Софка, со прстот на усните тивко влезе сестра Тереса. Во очите и се гледаше некакво чудно задоволство, во набабрение усни – налегната насмевка. Седна покрај Софка, нејзините дланки го прибра во своите и, галејќи ги, шеплотиво и рече:

-Имам две вести за тебе. Едната е радосна, а другата уште порадосна.

-Кажи... – нетрпеливо замоли Софка.

- Првата е, дека веќе е донесена одлука идната недела ќе заминеш од болницата. Така одлучи главниот...

- Најпосле и јс, како другите ќе одам во светот. А втората вест, сестро Тереса?

- Втората вест – затвори очи и диши длабоко. Втората вест, Совфке, втората вест – гласот на сестра Тереса затрепери, зениците и се раширија, дланките ги покри пот...

Софка отвори очи и глано рече:

-Ајде, сестро Тереса, гукни! Која е таа втора порадосна вест?

- Мајка ти, Софке...

- Мајка ми, мајка ми – одамна, како да имаа поминато векови откако не го имаше изречено тој збор, па павтори – мајка ми - и се расплака.

- Мајка ти, Софке, е жива и е тука, во Полска...

- Мајка ми? Мајка ми? Мојата мајка? – низ солзи молеше Софка.

- Смири се, мила. Мајка е добра, здрава, работи во едно земјоделско стопанство. Ја пронајдовме преку грчкиот партиски комитет во Згожелец...

Софка покри очи со дланките и гласно, како некогаш, кога беше мала, гласно викна:

-Мамооо!!! – меѓу прстите и потекоа солзи.

-Мамо, мамо, мамооо!!! – викаше, како тогаш, кога беше мала.

Софка стана, се нурна во прегратката на сестра Тереса и гласно се расплака.

-Смири се, мила – ја молеше сестра Тереса, галејќи и ја косата. – Смири се. Имам уште нешто да ти кажам. Престани да плашеч и внимателно слушај ме. Договорено е идната  недела да се сретнеш со мајка ти на жалазничката станица во Вроцлав. Таму таа  ќе те чека... А сега прибери се и легни. Добра ноќ...

Софка ноќта не ја преспа. Цело време пред очите и беше мајка и, која последен пат ја виде  преде шест години, вечерта, кога заедно со други девојки ја собраа. Зад неа останаа тешки години и секогаш мислата за мајка и.  Во мракот гледаше во таванот и се силеше да си го спомни лицето на мајка си, се потсетуваше на нејзината црна коса, на сините, секогаш тажни очи, на благата насмевка, на своето детство поминато во ејините  широки и секогаш топли прегратки и пазуви...

По една недела пред неа се отвори големата порта од болницата, ширум се отвори и светот. Лево и десно стоеја лекари и болничарки. Сестра Тереса силно ја прегрна Софка и скришум, шепотејќи, во џебот и стави коверт.

- Таму е адресата на мајка ми и нешто ситно за да ти се најде. На мајка ми ќе и пишуваш каде си и што правиш. Така ќе знам каде си.

Лекари и медицински сестри, со кои како да беше сродена, ја испраќаа Софка, која најдолго остана во болницата. Некои со насмевка, некои со солзи. Џипот полека тргна  и сите раце се размавтаа. Ја испраќаа Софка. Доктор Барчиковски се оддели од масата лекари и болничарки, дотрча до  џипот, ја прегрна Софка и долго ја држеше во својата прегратка.

-Со среќа, дете.

Софка по две години ја напушти болницата оставајќи голем дел од себе. На нејзиното лице и во насолзените очи беше врежана болката, тагата и благодарноста. Пред неа се отвори долг и непознат свет. Како ќе го прооди? Веќе од сега џипот, а потоа возот ќе ја пренесува во некој друг свет во кој ќе биде меѓу други непознати луѓе во земја што не ја познава. Гледаше пред себе, носејќи го крстот на болката. Кога се збогуваше

со лекарите и болничарките не прозбори ниту еден збор. Им бакнуваше очи, образи и чела и со молкот ја изразуваше својата благодарност.

Замина од болницата и со себе ги носеше сите лица на лекарите и сестрите, на мајсторот Павел, кој беше многу задоволен од постигнатиот успех и во извештајот што го прати до управата на болницата напиша дека најголем успех постигна со Софка, ама цени дека за да постигне уште повеќе, предлага да биде испратена во институтот за протези што го води познатиот германски специјалист за протези, доктор Вили. Со милина се зботуваше и со раболничкиот персонал, сесрдно благодана за нивните зборови на утеха, нивните погледи во кои имаше повеќе надеж и секој ден помалку болка и многу, многу приврзаност. Ја засакаа сите и таа нив ги засака. Сега, кога ја напушташе болницата и џипот беше се подалеку од големата порта, Софка сфати дека заминувапше во некој друг свет. Непознат. Дали ќе го совлада, како што ја совлада болката што траеше тие две години и болката од самото чувство дека е саката. Ги запамети и зборовите на Барчиковски, кој на збогување и рече:

-Ти не ќе се изгубиш во светот. Не тој, туку ти него ќе го ставиш под нозе. Гледам чекорот ти е сигурен и зад себе оставај само длабоки траги, како оние на песокот крај морето...

# 14

Железничка станица во Вроцлав. Тука Донка стигна пладнето. И беше речено да не го заборави бројот на перонот каде ќе стигне возот и таму да чека. Нетрпеливо, со растреперен чекор од едниот до другиот крај го одмеруваше долгиот перон. Од време навреме во големата хала и на сите перони одекнуваше зарипнаниот и поспан глас на најавувачот за пристигнатите или заминатите возови. Ја тревожеше неговата безнадежна најава.

*- Opóżniony pociąg pospieszny ze Szczecina do Przemyśla przez Poznań-Wrocław-Opole-Katowice-Kraków jest opóżniony pół godziny.*[54]

По триесетина минути истиот глас:

-Opóżniony pociąg pospieszny ze Szczecina wjeżdzia ne peron pierwszy[55]...

---

[54] Задоцнетиот брз воз од Шчечин за Пшемипљ преку Познањ-Вроцлав-Ополе-Катовице-Кракоњ доцни половина час.

Се растрчаа луѓето. И тие кои чекаа свои и тие кои патуваа кај свои. Управникот на стааницата, со црвеното капче на главата и жолтата лопатка во раката даде знак. Свиреж на локомотивата, наоколу се разлеа облак пареа, возот полека тргна и по кусо време го снема.

Од крајот на долгиот и празен перон, полека, накривувајќи, со бавен чекор наближуваше жена. На рамо ранец, со десната рака држеше куферче, со левата се потпираше на патерица. Тешко откинуваше нозе од бетонираниот перон. Одеше полека, загледана пред себе. Миг застануваше, гледаше и лево и десно и воздивнувајќи, продолжуваше право пред себе. Застануваше. Се свртуваше. Гледаше и одново одеше. Оставаше впечаток дека некого бара. Застануваше. Седнуваше на најблиската клупа. Одрамуваше ранец, се навалуваше на наслонот од клупатаи и со очите го пребаруваше перонот. Седејќи на клупата клупата, со погледот ги пречекуваше и ги испраќаше возовите од кои едни слегуваа, други се качуваа, се довикуваа, се прегрнуваа, се смееја, се радуваа и прегрнати излегуваа во градот. Не им љубомореше. Им се радуваше. Си велеше во себе – камо и јас така да си ја пречекам ќерка ми, да си ја прегрнам, да и ги избакнам усните, образите очите...

А возовите пристигнуваа, заминуваа. Од каде толку многу луѓе? Каде одат? Седеше. Гледаше. Стануваше да види дали таа што слегуваше од воот што пристигна, е таа. Рашируваше раце, дотрчуваше, мавташе, довикуваше... Не, не е таа. Се враќаше на клупата. Тешка издишка и се откинуваше од градите. Скрстуваше раце и гледаше како многу луѓе од едни возови слегуваа, во нив се качуваа други, се довикуваа, си пожелуваа добар пат и добро видување.

Свиреж и татнеж на локомотивата. Замина и овој воз и другиот. Само неколку мигови потоа пристигнуваше друг.

Луѓе, луѓе, од каде толку луѓе – ги гледаше и се прашуваше зошто од толку возови што пристигнаа и заминаа не слезе нејзината ќерка? Сигурно не стигна да го фати возот со кој требаше да допатува. Сигурно задоцни. Ако. Има и друг воз. Нека задоцни, само да дојде.

---

[55] Задоцнетиот брз воз од Шчечин влегува на првиот перон

Донка стана од клупата и тргна на кај жената чии чекори гласно и рамномерно тропаа на плочникот. Помина покрај неа, по неколку поминати чекори застана. Се сврти. Гледаше. Жената продолжи натаму, зад неа остануваше тропањето на чекорите и тропањето на патерицата. Отиде до крајот на перонот и кога го фати обратниот пат, непознатата и се доближуваше. На разминување за миг застанаа се погледнаа в лице и очи.

Перонот празен. Немаше возови. Немаше и луѓе. Празни беа и клупите.

-Не, не е таа... – си рече Донка продолжи натаму. – Мојата е висока, стројна, весела, насмеана, секогаш чекорот и беше сигурен. Таква ја имаше секогаш пред очи.

-Не, не е таа... – си велеше. Подруга не можеше да ја замисли. Само таква, каква што ја виде последниот пат... - висока, витка, стројна... - А оваа е свиткана, оди како да е саката, како да нема сила во нозете и насекирана е, како да е болна.

Кога помалку се слушаше рамномерното тропање по плочникот, се сврти и гледајќи како оди потпирајќи се на патерицата и навалувајќи се од колк на колк – прошепоти: - Кутрата жена... Млада, а саката. Каква мака ја спотера та тргна со возови да оди. Можеби некого испраќа и чека ?

Пристигна воз и перонот го наполнија толпи луѓе. Брзаа, се туркаа, се довикуваа, прегрнуваа, збогуваа. Свиреж и пувкање на локомотивата и ги наполни ушите. Замина возот. Тие, кои слегоа се истурија во градот. На перонот пак само тие – две осаманеи жени. Одеа едната наваму, другата натаму и разминувајќи се, скришум се гледаа.

Донка одеднаш застана. Праменот руса коса и долгите руси трепки, лицето бело и тркалезно како погача потонаа во нејзините очи. Продолго, долго вкова очи во жената со ранецот и патерицата.

-Таа е?... Не, не е таа... оваа е саката - прошепоти. - Ја погледна косо ама очи не откинуваше од русата коса, русите трепки и белото лице на непознатата.

-Море како да е таа – си шепотеше, треперејќи од возбуда. Таква руса коса и такви долги трепки имаше само таа, нејзината Софка. Секогаш кога мислеше на неа, пред очите и беше русата коса и тие преубави долги

руси трепки и сините очи  чиниш целото ведро небо беше потонето во нив. Други такви девојки во целото село немаше. Таква беше само таа, нејзината Софка...

Донка се сврти, застана пред непознатата, ја праша:

-Чекате некого?

-Да. Мајка ми... – рече тивко.

Очите им се сретнаа. Оганче во зениците. Возбуда на образите. Скаменети се гледаа. Стоеја на спроти себе, се гледаа, им затреперија образите и ниту збор да изустат. Вкочанетост.

-Мајка ми... мајка ми ја чекам...

На Донка познато и прозвучи гласот, се стресе, залипа и плачливо праша:

-А ти, ти да не си?...- гласот на Донка се скрши. Рашири раце и силно ја фрли во својата прегратка. Каква ли сила ги фрли во таа прегратка, та ги направи едно тело? Силната и топла прегратка ги врза. Долго и молчаливо останаа гушнати.   Стоеја гушнати среде перонот и со шепот се прашуваа:

- Ти... ти ли си, чедо?...
- Ти... ти ли си, мајко?...

Покрај нив поминуваа луѓе. Некои за миг застануваа, ги погледнуваа вчудовидени и брзаа да го фатат возот.

Свиреж. Замина возот. По него стигна друг и од него се истури толпа луѓе. Довикувањата стивнуваа, луѓето во прегратки го празнеа перонот. Само тие – Донка и Софка - стоеја на перонот гушнати, стегнати образ до образи, солзи до солзи, тело до тело, издишка до издишка, споени како едно срце и една душа. Стоеја во стегната прегратка и тивко, одвај чујно шепотеа:

-Чедо..

-Мајко...

На перонот само тие, две гушнати жени, стегнати во прегратка и облеани со бакнежи и солзи, кои од лицата ја переа лошата болештина на разделбата што беше нанесена од дивите времиња...

Стигнуваа и одминаа возовите. Толпи луѓе се пречекуваа и се испраќаа. Пероните се полнеа и испразнуваа. Само на еден перон долго останаа две гушнати жени. Гушнати во неразделна прегратка, со нежен, тивок, топол и галежен шепот, мајка и ќерка, полека ја смируваа и ја исцелуваа големата болка...

-Чедо...

-Мајко...

Дали таа голема радост ќе го оттргне мракот што во тие изминати мачни години царуваше на нивните лица?

Заминуваа, одминуваа возовите. Пероните беа преполнети со две гушнати жени...

Беше листопад.

Земјата се уште дишеше со мирисот на полската златна есен. Над позлатата од лисја се уште траеше топлото циганско лето...

Беше листопад и се гледаше крајот на втората година во туѓо...

Софка долго не се радуваше од средбата со мајка и. Ја погоди голема несреќа кога на само два чекори од неа, на самиот свиок од улицата, тежок камион ја удри и не се најде сила да ја подигне, да ја крене на нозе...

# 15

Институтот за протези беше на периферијата на градот  кој не настрада од таканаречените дивански бомбардирања на американските авиони. Најмногу настрадаа прекрасните  палати, музеите и се друго што стоеше, а градено со векови.  Некои велеа дека без причина градот беше уништен, еден од најубавите во Европа. Колата застана пред големата железна врата, каде стоеше вооружен војник. Побара пропусница и откако ја прочита, го пропушти камионот да влезе во дворот. Секаде зеленило, многу цвеќе, чисти патеки. Полека,  накривувајќи на двете нозе, од две сестри придржувана под мишките ја внесоа во една голема сала. На сите ѕидови дрвени справи, скали, ортоми, колички, патерици. И рекоа да седне и да чека.  Не чекаше долго. Во салата за вежбање влезе маж облечен во бел мантил, средно висок, се доближуваше со сигурен чекор и блага насмевка. Се поздрави на германски. Софка ништо не разбра. Климна само со главата што значеше возврат на поздрав. По неколку минути стигна жена- преведувач. На грчки ја праша:

- Зборувате грчки?

- Да, разбирам, ама не зборувам течно.

-Ако, ќе се разбереме. Тука ве донесоа кај познатиот професор-мајстор за правење протези. Од утре ќе почнете со професорот – така го претстави – со земање податоци за досегашното лекување, а потоа, кога ќе бидат готови сите потребни испитувања, ќе почнат и вежбите. За денес толку, појдете со мене за да ве запознам со другите пациенти, да ви ја покажам спалната, трпезаријата, а потоа, откако ќе одморите, ќе одиме во паркот на прошетка каде заедно со професорот кој ќе ви објасни многу работи во врската со вежбите што ве чекаат.

Професорот Вили внимателно го водеше разговорот со Софка.

- Каде живеете во Полска? – ја праша гледајќи ја право в очи.

-Во Вроцлав... во интернат за инвалиди...

-Ви се допаѓа градот?

-Многу. Голем град, со широки и долги улици по кои возат трамваи. Вроцлав е град со многу паркови во кои на пролет најубави и најмиризливи се модриот и белиот јоргован, а најопоен е мирисот на јасминот. Мене најмногу ми се допаѓа една мала улица која навечер е осветлена со фенери на гас. Честопати по таа улица одам до паркот во чија средина има езерце околу кое се посставени дрвени клупи. Милина е да ги дледаш двата лебеди како сложно пливаат. Пролетта во Вроцлав е многу зелена, а есента е златна...

Професорот ја прекина и тивко, со тажен глас, рече:

-Јас сум роден во Вроцлав. Таму пораснав, завршив факултет и станав тоа што сум денес. Живеев во западниот дел на градот. За дома од центарот на градот, кон запад, одев со тамвај по една двонасочна долга улица. Од двете страни растеа диви костени и липи, кои кога расцутуваа ширеа опоен мирис, така што со тој мирис луѓето ги полнеа градите. Скраја од улицата - многу зеленило, голем парк. Некаде пред крајот на долгата улица, лево, па потоа право одев кон мојата улица. Прво одев по старата, калдармисана улица, тоа е таа улица што ја спомнавте, улицата со фенерите... Памтам како еден пристар господин секој ден, по зајдисонце,

качен на велосипед со еден стап на кој имаше запалка, ги запалуваше фенерите. Интимна светлина, мирис на липите, а околината исполнета со непрекинато пеење на птиците. Имаше многу птици и најразлични нивни пеења. Таму беше и мојата куќа. Приземје, два ката и поткровје, сместена во голем двор во кој беа насадени круши, јаболкници и сливи, а од двете страни на патеките – многу ружи...

Професорот од внатрешните џеб извади големо шамивче, ја избриша потта од челото и вратот и по подолго молчење, продолжи.

-Во јуришот на запад Советите го бомбардираа Бреслау кој од германската команда беше прогласен за неосвоива тврдина. Северното предградие на тој голем и прекрасен град што ние го викавме Бреслау, а Полјаците сега го викаат Вроцлав беше уништен од соетските бомбардирања. Од силната пропаганда на германските власти, под принуда и стравот што се ширеше дека Советите грозно се одмаздуваат, јас со семејството го напуштив мојот омилен град, значи ја напуштив вилата од која зедов само неколку алати и инструменти за правење протези и неколку медицински книги. Се друго оставивме и во најстуденото веме на имата пеш одевме на запад. Илјадници смрзнати бегалви од кои многу останувaa на патиштата... Ах, да не заборавам. Ги заборавив клучевите од вилата... Бегавме пеш. Повремено колоната беше напаѓана од советските авиони. Патот не водеше и не доведе тука, во овој град. И така, госпоѓо моја, јас и милиони Германци, со одлука на победниците, станавме бегалци или протерани од сопствената земја каде за нас нема повраок. Промената на живеење во мирно време не е бегство, ама во воени услови, во кои е присутна закана од смртта - тогаш е бегство од сопствената земја, од своите корени. Новите комунистички власти, во Дојчланд Демократише Републик, нас специјалистите одлично не прифатија, работа, куќи, одлични услови за работа и се разбира молчење. Ние тука молчиме за тоа за кого работиме. Ама знаеме кои се тие на кои им правиме и им ги местите протезите и водиме грижа нашите пациенти да се задоволни и да се носат така, како да имаат сосема здрави нозе. Такви нозе им правиме.

Во текот на целиот престој чести беа прошетките и разговорите водени во работилницата, салата за вежбање, а најмногу во паркот, каде за време на долгите прошетки, кои беа програмирани за вежби во природа,

Софка многу се радуваше на новите протези, забрзуваше чекор, се свртуваше, клекнуваше... Добро ги поднесуваше вежбите и во салата и во долгите прошетки во паркот. Тоа и помогна да присвои и еден скромен речник зборови од германскиот јазик. Секој ден се чувствуваше пободра, помалку ја болеше чувството дека е саката. Професорот, Вили, беше задоволен и неговата доверба кон Софка постојано растеше.

Еден ден, на зајдисонце со некаква мала несигурност во гласот, тој ја замоли:

- Кога ќе се вратиш во Бреслау, сега Вроцлав, сакам да ми исполниш една, за мене, голема желба.

- Бидете сигурен, докторе, дека тоа и без молење ќе го направам. Само кажете ми што треба да сторам.

- Да одиш на улица – докторот и го кажа германското име и веднаш потоа рече дека сега сигурно Полјаците го смениле, ама куќата би требало да стои, зашто тој дел на Бреслау не беше бомбардиран.. Ти реков дека е во близина на улицата со ноќните фенери. Ако одиш пред заодот на сонцето, можеби тогаш некој ќе ги запалува. Сврти лево и ќе ја видиши мојата вила. Сигурно е дека некој живее таму. Замоли ги новите стопани нека те пуштат. Ти, колку знам, веќе добро зборуваш полски и ќе се разбереш со нив. Замоли ги да те пуштат за да ја разгледаш, да видиш што има таму... внате, во надвор. Вети ми дека ќе одиш... Ќе ми направиш услуга. Јас бескрајно си ја сакам таа куќа. Секоја ноќ ја сонувам. Татко ми беше архитект и со голема лубов и знаење ја градеше. Мајка ми, професорка во академијата за применети уметности, помагаше. Ветуваш?

- Ветувам, докторе. Се ќе направам и идната година кога, да сме живи и здрави, ќе побарам да ги сменам протезите, се ќе ви кажам. Ќе се погрижам да ја разгледам целата куќа, секоја просторија и ќош. Имајте доверба. Ви благодарам за довербата. Утре ќе отпатувам со возот. Не доаѓајте на станицата за да ме испратите... Од Вроцлав ќе ви се јавам со писмо на мојот јазик, македонскиот. Има тука неколку инвалиди кои се Македонци... Писмото ќе го испратам по мој доверлив пријател, а не по пошта...

Софка се врати во Вроцлав. По неколку денови отиде да ја бара вилата. Квечерината ја најде. Беше осветлена од фенерите и го виде човекот како полека возејќи велосипед, редум ги палеше газиените светилки на фенерите. Пламенчето на фенерите залулано од ветерот час растеше, час се смалуваше и пламенчето во сино

ја осветлуваше улицата,  калдрмата. Се тонеше во сината боја на светлината што се ширеше од ниските улични фенери. Застана настрана и долго гледаше во фенерите.

Утредента, пладнето влезе во дворот. Вратата беше отворено. Чукна на влезната врата од куќата. Отвори ниска, дебела госпоѓа.

-Повелете, која сте и што ви треба...

- Простете, госпоѓо... Јас, шетајќи ја видов оваа убава, прекрасна вила и си реков, оди, влези и види каква е внатре. Се осмелив да ве вознемирам. Простете, почитувана госпоѓо...

-Бронек, дојди, некоја госпоѓа е дојдена и моли да ја види вилата...

На вратата се појави висок, сув, болничав маж,  држејќи на усните бело шамивче. Откако долго и болно се искашла, рече:

-Повелете, госпоѓице, да одиме  – со широк замав ја покани да влезе.

Софка редум ги разгледа просториите во приземјето, првиот, па вториот кат.

-Тука, госпоѓице, во оваа вила – почна да објаснува пан Бронек, живеел угледен германски архитект и лекар ортопед, повеќе познат по правење одлични протези. Како што гледаш тука ништо не е сменето. Истиот мебел, истите кревети, истите слики на ѕидовите. Се е направено со големо знаење. И јас како архитект одлучив тука ништо да не менувам. Не гледам потреба. Ништо не е сменето... Се остана така, како што беше средено од претходите сопственици...

Откако ги разгледаа сите простории, пан Бронек праша:

- И што одлучивте? Ќе ни се придружите заедно да живееме во оваа вила? Имате слобода да си одберете соба по ваш вкус. Ние, со мојата Ела веќе сме стари и понекогаш ќе ни затреба и скромна помош... Верувам дека ќе го имаме задоволството да не услужувате ако затреба... на пример да одете до аптеката да ги купите лековите? Што велите за ова?...

-Со огромно задоволство ќе ви стојам на располагање, почитуван господине. Мене, иако сум тежок инвалид, не ми пречи да прошетам до аптеката или продавницата. Дури и лекарите ми препорачаа да пешачам. Најчесто на работа одам пеш, а ретко со трамвајот...

- Зарем работите?

-Да, во една инвалидска задруга...

- А што работите таму?

-Четки за заби, за алишта, за чевли, папучи...

Пан Бронек ја прекина и ја праша:

-А какво образование имате?

- Никакво. Јас растев во две војни. Во првата како дете на село, а во втората како борец на седумнаесетгодишна возраст... и тешко ранета ме излекуваа полските лекари во една прекрасна болница во која останав две години и таму го научив полскиот јазик... Медицинската сестра многу се грижеше за мене и постојано водевме долги разговори за се околу нас... и ме учеше...

- Убаво го совладавте нашиот јазик...

- Благодарам...

-Да одиме во дворот. И таму се е како порано. Само јаболкниците, крушите  и сливите се постари. Се исуши само црешата. Нова насадивме. И нови ружи насадивме.

- Бронек – се огласи од кујната дебелата госпоѓа, жената на архитектот. - Доста од шетањето, кафето е готово…

Пиејќи го кафето, пан Бронек забележа, велејќи и на Софка дека по акцентот има впечаток дека таа не е Полјакинка.

-Да, господине, јас не сум Полјакинка. Јас сум Македонка и со моето  раскажување како се најдов во Полска, почитуван господине, не би сакала да ви го одземам скапоценото време.

-Добро, нека е така. Јас ќе ве држам за збор кога ќе се видиме наредниот пат, тогаш, госпогице, се ќе ми раскажете. Имам впечаток дека вие сте искрена и добродушна девојка... Тоа ви се гледа од очите, но и од тажниот глас. Само кажете ми еден збор. Од каде сте?

- Од Македонија, од делот што го зеде Грција.

- Значи сте емигрантка? Знам дека таму се водела војна... Сум чула дека во Вроцлав има доста голем број емигранти од Грција. И ние, тука сме емигранти. Емигранти ни се и децата. Постариот син, живее во Велика Британија, градежен инженер, за време на војната пилот - мајор на Кралското воено воздухо-пловство. Помалиот – лекар и тој се борел против Германците, живее во Франција, а ќерката се омажила за болшевички полковник и заедно со него и двете внучиња живее во Одеса. Гледате, ние сме разбиено семејство. Потекнуваме од Лвов, денес во Украина. Лвов, драга госпоѓице, беше срцето на полската наука и култура. Мојот Бронек на Лвовската политехника предаваше архитектура, а јас полски јазик и литература. Специјалност – полскиот романтизам – Мицкјевич, Словацки... Ќе повторам, Лвов беше средиштето на полската научна, културна и интелектуална елита. Врвни имиња во сите науки. Затоа се вели дека Лвов, покрај Краков беше умот на Полска. Варшава? Ништо од тоа. Збирштина на ситни трговци, распојашани аристократи сместени во големи палати градени од просечни италијански архитекти. А Лоџ? Лоџ имаше значење. Беше облекувалната на Русија. Евреите таму развија моќна текстилна индустрија и ја облекуваа Русија со секаков текстил. Меѓу еврејските индустријалци имаше и еден Пољак, кој немаше благородничка титула и грб, ама имаше многу пари. Наместо грб, секаде ја истакнуваше латинската буква „P”. Што значеше дека е од Познањ и дека е Пољак.

Госпоѓа Елжбјета прекина за миг и откако ја избриша сронетата солза, рече:

-Ние, со мојот Бронек, само еднаш во годината одиме во Лвов. На 2 ноември, денот на мртвите. Таму, во најубавите гробишта почиваат нашите родители и предци. Бевме голема и угледна фамилија на лекари, архитекти, инженери, универзитетски професори... Одиме, реков, да ги чистиме гробовите, полагаме убаво есенско цвеќе и палиме свеќи за да има светлина за нивните души и за нашиот спомен и болката за нашиот мил

Лвов. На тој ден не сме таму само ние. Илјадници Полјаци и тој ден Лвов пак е полски, има полска душа, воздишка, болка и тага и се слуша само полскиот говор и тивко, со болка и тага во душите се пеат старите песни... и се фрлат клетви за денот кога Советите не втераа во товарни вагони заедно со стоката и не преселија тука во Вроцлав. Ние, драга госпоѓице, тука се чувствуваме како бегалци, а не како Лвовјаци...

- Ела – се огласи пан Бронек – те молам, не ја заморувај годпоѓицата...

- Ја заморувам, велиш? Не, туку и кажувам зошто денес ние не сме дома, во нашата куќа во Лвов, туку сме оттргнати од таму, откорнати, испадени... Па, нели не протераа, мој мил Бронек?

- Да, тоа е точно – тивко прозбори пан Бронек – ама сега лошо е времето за да се зборува за тоа. Поради таквото зборување некои веќе настрадаа во новиот режим. Сега е време на возвишени пароли, кои се украс на јалови, неостварливи надежи...

- Не, не е така, мој мил Бронек. Неостварливи надежи? Зарем ние, Полјаците, некогаш сме изгубиле надеж? Никогаш, мој мил. Живеевме како што живеевме, ама надеж не губевме. Што не учеа нас нашите стари? Што ги учевме ние нашите деца? А сега што ги учат во училиштата овие новите властодршци? Под кој услов можеш да се запишеш на факултет? Да си член на Сојузот на полската младина, да потекнуваш од пролетерската класа, а не од интелектуалните слоеви ... А во наше време кој беше условот за запишување на факултет? Знаењето, мој мил... Туку, ајде, доста и за ова. Дојдете, пак, госпоѓице. Ќе испечам колач и тоа таков што прстите ќе си ги лижете. Сега тоа ми остана. Да печам колачи, наместо да сум тоа што сум била – универзитетски професор. Сакав и тука, во Вроцлав тоа да бидам, ама ми рекоа дека сега е друго време и таквите како мене се отпадок. Многу истрпивме и ова ќе го истрпиме... Како во изминатите 120 –тина години. Секогаш нашето најголемо оружје, мила гопоѓице, беше нашата не пресушена надеж...

Госпоѓа Ељжбјета, стана и рече:

-Госпоѓице драго ми беше. Дојдете пак. Соба ќе имате кај нас, наместо да живеете во тој работнички интернат. За киријата ќе се договориме. Ние со мојот Бронек заедно веќе стареeме педесет години и сега ретко некој не посетува. До видување и пак дојдете. Ќе испечам колач специјално за вас и за мојот Бронек, кој многу

сака такви колачи да јаде, пиејќи јак индиски чај што ретко го добиваме под тезга... Господ да е со вас, до гледање, мила госпоѓице...

# ТРЕТ ДЕЛ

# 1

Доцна ноќе на вратата од станот на Аргир се слушна тивко чукање. Аргир се нагрна со ноќната наметка и полека до половина ја отвори вратата.

-Облечи се и слези. Долу те чека водачот – прошепоти непознатиот.

Вчудовиден од веста, само тивко и кажа на сопругата кој го чека, набрзина се облече и брзаница, прескокнувајќи скалила, застана пред големата влезна порта на зградата пред која беше паркирана црна валкана кола ВОЛГА. Непознатиот му ја отвори предната десна врата. Влезе и седна до возачот.

-Здраво, другар Аргирис - познат глас. Морници по целото тело. Полека се сврте и со растеперен глас, тивко, испрекинато отпоздрави махинално подигајќи десна рака за војнички поздрав. Зад него седеше тој, водачот, кој се подаде понапред и по вообичаениот разговор, рече:

- Другар Аргирис дојде време сериозно да се зафатиме со животот на нашите политички бегалци. Ние во политбирото одлучивме бегалците да ги прибереме на едно место. Во врска со тоа ги замоливме полските власти да ни доделат едно две или три празни села во крајниот југо-исток на Полска, каде има напуштени села. Другарот Бјерут, претседателот на Полска, изрази согласност. Таму, другар Аргирис ќа прајме колхоз. Значи полските власти ни доделија две села и таму ќе ги собереме пред се твоите славомакедонци. Твоја задача ќе биде нив да ги посетиш во тие земјоделски стопанства и да им ја пренесеш и објасниш целата

работа. Тие тебе ти веруваат. Ние ќе се договориме што и како да им објасниш, а натаму постојано ќе ја имаш помошта на партијата и лично мојата. Оди во станот земи си ги најпотребните работи, на сопругата кажи и дека те викаат по важна партиска задача и дека ќе се вратиш дури по неколку денови.

Тоа што Захаријадис го кажа, Аргир го сфати како најсериозна партиска задача, па дури и како борбена наредба.  Набрзина се врати во станот и, собирајќи ги најпотребните работи во малото и старо куферче, истовремено тивко и раскажуваше на сопругата со кого се виде и каква задача доби и дека ќе го нема извесно време.

Во селата кои Бјерут, полскиот претседател, му ги додели на својот пријател, стигнаа по четири дена. Еден ден се задржаа во Краков, каде откако се избањаа и одморија во хотелот, ги разгледаа неговите знаменитости и рано-наутро тргнаа на пат. По лоши и калливи пратишта вечерта стигнаа во гратчето Устшики Дољне. Таму ги пречекаа членот на грчката комуниситчка организација во Полска и секретарот на околискиот комитет на Полската  Обединета Работничка Партија во придружба на десетина вооружени цивили. Во строго обезбедената сала за вечери за специјални гости во придружба на команадантот на пограничниот воен одред и началниот на околиската удба, седнаа да вечераат. По богатата вечера со печено срниче и унгарски вина, ноќта ја преспаа во гостинскиот апартман на една вила изградена исклучиво од борови трупци. Не појадуваа. Се напија само кафе и по получасовно возење по многу лош локален пат, стигнаа во селото Крошченко и се упатија кон училишната зграда. Тука појадуваа и тргнаа во посета на двете села – Крошченко и отаде нискиот рид, Лисковате. Секаде дрвени, ниски куќи, некои покриени со ламарина, а повеќето со слама. Ѕидани беа и покриени со ќерамиди само многу запоставените училишни згради и зградата на железничката станица. Наоколу борови шуми, огромни ниви легнати долж ниските ридови, обраснати со висока трева. Некогаш, изгледа, плодни ораници. Во дворовите на куѓите закржлавени стебла на јаболкници, круши, цреши, сливи. Глетката оставаше впечаток дека тука некогаш татнеше живот.

Захаријадис го фати Аргира под мишка и откако се оддалечи од придружбата десетина метри, рече:

-Ете тука на твоите славомакедонци и еден доста голем број Грци ќе им отвориме простор за живот. За нов живот. Тука ќе формираме колхоз и ќе го именуваме со надежно име – НОВ ЖИВОТ.

Аргир застана, строго се загледа во очите на водачот и без колебање праша:

-Другар Захаријадис, ова да не биде некој нов Булкес?[56] Зарем тука, во оваа пустелија каде ноќе ѓаволот не вели добра ноќ ќе градиме нов живот? – со насмевка на чудење и разочараност, рече Аргир.

- Да. Тука, другар Аргирис. Тука, другар Аргирис, ние ќе дадеме една голема битка за да го вратиме животот. Работите почнаа. Веќе се формираат бригади од столари и електричари, кои ќе наместат врати и прозорци и ќе спроведат струја и дури потоа ќе ги донесеме тука нашите. Твоја партиска задача сега е, другар, Аргирис, да одиш по колхозите околу Згожелец и да ги убедиш селаните костурски и лерински да го прифатат

---

[56] Булкес- село во Србија  во кое до крајот на втората светска војна живееле Германци, кои во текот на војната им се придружија на нацисстите и поради тоа биле протерани. По договорот во Вваркиза, по чија сила комунистите го предадоа оружјето на властите поддржани со помош на Англичаните, поради теророт и прогонот, неколку илјади истакнати команданти на ЕЛАС и политички активисти на ЕАМ и КПГ пребегнале во Југославија. На почетокот биле населувани во  Струмица, Битола,Прилеп,, Велес и Куманово од каде биле преселени во Тетово во старите касарни. Во тоа исто време во Федерална Македонија преку Бугарија пристигнале голем број протерани Македонци од Егејска Македонија, пред се од Воденско, Кајљарско, Серско, Драмско. Касарните биле испразнети од грчките бегалци и на нивно место биле населени македонските бегалци, наречени Егејци, кои подоцна биле преселени во Војводина. До крјот на 1945 година во Булкес биле населени над пет илјади грчки воени и политички бегалци и доста голем број цивилно население. Во Булкес грчките бегалци со дозвола и помош на југословенските власти формирале грчка општина со своја цивилна администрација, полиција, радиостаница, печатница, основно и средно образование, школа за офицери и подофицери, политички комесари и своја парична валута. Булкес беше расадник на командниот и политичкиот состав на ДАГ. Од Булкес за Грамос, преку Албанија и Југославија, во 1946 година беа префрлувани во Грција првите партизански единици. Кон крајот на 1949 година останатите 1200 лица од Булкес беа префрлени во Чехословачка. Булкес во паметењето на голем број политички бегалци остана запаметен како место на голем број извршени злосторства против неистомислениците.

новото место на живеење. Куќите во кои тие сега живеат, како што ми е речено во Варшава веќе е донесено решение да им бидат доделени на иселените Полјаци од Западна Украина и Белорусија, територии, кои тие ги викаат Креси. Сега да се вратиме во гратчето и со локалните власти да позборуваме за некои работи, што со нивна помош, треба итно да се извршат. По вечерата и преспиената ноќ, ќе се вратиме во Згожелец, каде на земскиот партиски комите на КПГ за Полска ќе му ги објасниме новите задачи, а потоа вие ќе тргнете по колхозозите, кои Полјаците ги викаат Државни земјодрлски стопанства во кои сега живеат и работат нашите политички бегалци. Јасно?

За Аргир, стар комунист и командант на батаљон во Граѓанската војна, сега како обичен работник во една текстилна фарика во Легница, зборот на водачот, устен или напишан, секогаш беше јасен и приман без поговор.

А имаше пред себе голема желба. Долго во ноќта и во секое слободно време учеше полски јазик. Му беше потребен за да се запише во двегодишната гимназија која даваше можност за продолжување на образованието на посебен курс , а од таму на факултет. Сакаше да студира механика. Да биде инжинер. Тоа му беше голема желба и во неа го вложуваше целото свое слободно време. Но, се прекина врвцата на големата желба. По недела дена тргна да ги посетува земјоделските стопанства во кои живееја и работеа бегалците за да им каже и објасни дека наскоро ќе го сменат местото на живеење. По некој ден го посети зејодлското стопанство Кунув каде беа сместени Костурчани и Леринчани. Не му беше прва средба со нив. И тој беше еден од нив – костурско селско дете, воловарче, овчарче и на младешки и возрасни години борец во две дојни. Во текот на војната честопати ги посетуваше нивните села, во нивните куќи наоѓаше леб и вода и постела за спиење, нивни синови и ќерки беа борци во неговиот баталјон и многу од нив засекокаш останаа на боиштата. Се обидуваше да ги теши, да им ја намали болката. И затоа секоја средба со нив му беше тешка, но во срдечните разговори наоѓаше олеснување. На собирот што долго траеше попладнето и до полноќ им објаснуваше дека полските власти доделија две села во кои наскоро ќе бидат преселени. Таму, веќе е

формиран колхоз, убедливо велеше Аргир, каде секој ќе си има своја куќа, со двор, парче земја на која ќе може да сади домати, компир, кромид, па дури и бостан и таканатаму, да чува по неколку кокошки, а во догледно време и по една или две крави, а тие, кои ќе работат во колхозот ќе добиваат редовна државна плата. Ете така, мои мили, секој од вас со својата фамилија ќе си има свое домаќинство... Вишокот од бавчите градините и јајцата ќе може да ги продава на пазарот со гратчето и така ќе заработи некоја пара повќе...

-А ти, Аргире, каде ќе бидеш? – се слушна глас од задните редови.

Аргир се насмевна и рече:

-Таму, во колхозот, заедно со вас...

-На верно?

-Најсигурно!

-А таму, во тој колхоз, ќе има ли менза како тука и јадења од ист казан?

-Не - потврдно рече Аргир. - Таму ќе има ресторан, таверна, клуб, кино-театар и две училишта. Кој од родителите ќе сака од домовите да си ги земе децата и со нив да живеат и учат во колхозот, ќе можат тоа да го сторат. А што се однесува до казанот, него ќе го нема. Секој дома ќе си готви што му се јаде...

Со овие ветувања и уверувања заврши средбата на Аргир со Костурчани и Леринчани сместени и вработени во тоа земјоделското државно стопанство.

# 2

Иљада деветстони и педесет и прва. Есен. Маглива, врнежлива, студена, намртутена и тажна. Дрвјата тукуречи соголени од лисјата. На старата, возобновена железничка станица во Крошченко, изградена во времето на Австро-унгарското царство, цела недела пристигнуваа железнички композиции. Од старите вагони слегуваа бегалците, Македонци и Грци, кои досега живееја и работеа во Државните земјоделски стопанства во околината на Згожелец. Со нив тука ги доселија и Македонците од Државното земјоделско стопанство во Кунув. Дојденците, на грчки, ги пречекуваше бело платно со големи црвени букви оптегнато над влезната врата на железничката станица:

ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ ВО КОЛХОЗОТ НОВ ЖИВОТ.

Бегалците влегуваа во новото место на живеење и работење - напуштените села во крајниот Југо-Исток на Полска, во близина на украинската граница.

Грчката управа двете села ги стопи во едно име - КОЛХОЗ НЕА ЗОИ – КОЛХОЗ НОВ ЖИВОТ. Надлежните полски околиски власти не го прифатија новото име. Во катастарот си останаа старите имиња, а новото го водеа како Spółdzielnia Produkcyjna w Krościeńku – Производна Задруга во Крошченко.

Се празнеа старите железнички вагони. Слегуваа од нив идните колхозници, на перонот се редеа со бовчите, торбите, дисагите и вреќите во кои го носеа тоа што им остана повеќе како спомен, а помалку за потреба. Се редеа  по должината на перонот и чекаат да бидат прозвани. А ги прозиваа по села и број.

Тие од Кунув, како пред години, така, како по албанските патишта, на рамо, на грб, под мишка, во редица, еден зад друг или во толпа зачекорија по калливата калдрма што водеше за селото Лисковате. Од десно и лево високи голи ридови, во подножјето, скраја и подалеку од патот наредени ниски дрвени куќи, покриени со слама. Водичот застана и гледајќи во теферот, гласно викна:

-Митре и Мара, тука ли се?

-Јас сум - рече  Митре.

Неознатиот на парче хартија ги запиша нивните имиња и презиме и, подавајќи им го, со раката покажа пред себе.

- Бројот ви е триесет?

-Така...

- Онаа куќа, таму, гледате? Бележана е со бројот триесет. Таа куќа ви е дадена. Земете си ги работите и нека ви е со среќа.

И отиде бројот триесет до бројот триесет...

И на двајцата раставарувачи водичот им нареди:

-Дај растовари два кревети, два душеци, две перници, четири ќебиња, една масичка, две столчиња, едно котле, две чинии, по две лажици и виљушки. Готово? Ајде, потпиши тука и останете со здравје и среќен долг живот...

Тоа беше целото ново домаќинство додадено до старото, тоа што беше во бовчата, дисагите и стариот ѓум.

А куќата - ниска, само приземје, градена од долги борови трупци, мали прозорци, покрив на две води. Внатре две одаи и кујна со голема печка. Подот од широки рендани штици. Вода – во бунарот ископан во дворот. Во ќошевите лилјаци, а од таванот висеа густи и долги пајажини. Со водени крпи тукуречи го испраа подот, од ќошевите и таванот ги избришаа пајажините, дворот го исчистија од бурјанот...

Цела недела ја пастреа куќата и во неа ја почнаа новата живеачка.

Дека тука имаше живот сведочеа и другите празни куќи, некои без врати и прозорци, подивеаните сливи, јаболкници и цреши, големите ледини кои некогаш можеби беа плодни ниви.

На триесетина метри од куќата – православна црква. Изградена од дебели борови трупци. Пред влезот во дворот, голема порта. Дојдоа некои, рекоа дека се испратени од управата на колхозот. Насилно ја отворија црковната порта и со казми удираа и корнеа икони од ѕидовите и на крај ги откорнаа царските двери и целиот олтар. Големата и двете мали камбани ги симнаа и ги фрлија зад црквата. А дека се беше добро сторено, одобри и пофали секретарот на партиската организација на колхозот. Влезе во црквата, собра неколку икони и кога тргна да си оди, патот му го загради Мара и го прекори:

- Господ Бог ќе ве казни за ова што го сторивте...

Секретарот само за миг застана пред неа и со тивок потсмев и рече:

- Во оваа пустелија нема ниту Бог ниту ѓавол... Оди си и гледај си ја работата...

По неговото заминување, во црквата дотераа стадо овци.

Се пушти глад, дека дома секретарот од иконите искова сандак и во него ја чуваше оцицерската униформа - блузата, панталоните и чизмите. Повремено провeруваше дали молците не ја изедоа. Таму го чуваше

споменот од граѓанската војна што сега го јаде мувлата. По некое време одново го отвораше колку за да се увери дека се е тука и униформата и чизмите и капата и спомените. Врз нив легнуваше сигурниот поглед и надежта дека по налог на партијата пак ќе ги облече. Ги гледаше и главата му беше полна со војна и посакувани победи. Нежно ги допираше и несакана вдишуваше гнил мирис на мувла. Од внатрешноста на сандакот со широко отворени очи зачудено гледаа осакатените светци. Имаат искршени глави, расцепени лица, исечени раменици, чиниш по векови, сега и тука, во колхозот Нов Живот некои нови Римјани го обновија нивното измачување.

Изветрената униформа, партизанските спомени, борбената надеж и големата, неизмерна верба во партијата со болка во душата ги враќаше во сандакот. До наредното проветрување...

Во поголемото село, Крошченко, и таму имаше две православни цркви. Дрвени. Градени од борови трупци. Само шарките и бравите беа од железо. Мајсторска рака со мерак и вера во Бога, со секира и глето ги имаше обработено трупците. Околу црквата – дебели дабови стебла. Високи.Разгранети. Немаше натпис за тоа, кога беше градена црквата. Круговите на напукнатите трупци ги покажуваа долгите години на староста. Рускиот православен крст и камбаната ги симнаа и ги фрлија во трапот. Царските двери ги тргнаа, го снема и олтарот заедно со големите и малите икони. На негово место на дебели  и делкани потпирачи заковаа широки и дебели штици. На местото на олтарот направија сцена. Челниот ѕид од сцената го покрија со црвено платно, во средината обесија голем портрет на Сталин во боја, десно од него, помал портрет на Бјерут и лево - портретот на Захарјадис. Новите светци молчаливо и строго гледаа на своите верници, освен Захарјадис, кој гледаше со таинствена насмевка во која на многу им се чинеше дека им се потсмева. Така, најголемата црква колхозничките и партиските власти, пред се, ја преправија во театар, клуб и кино, кое го нарекоа *“Партизан”*. Името му го напишаа со големи букви на грчки и на полски јазик и високо над него обесија црвено знаме. Пролетерско. Така одлучи управата и нејзиниот претседател, кој никогаш не бил партизан, кој пушка видел, ама пушка не фатил, туку целото време од војната само се врткал во околината на штабовите и таа негова

одлука со радост и одушевеност ја прифатија тие кои навистина беа партизани. И така црквата веќе не беше црква. Еднаш беше театар на чија сцена се поставуваа простачки и будалести скечеви, друг пат концертна сала во која се пееја најмногу партизнски и други борбени песни, а најмногу беше посетувана, кога еднаш неделно стануваше кино. Прикажуваа само советски воени филмови и сите поранешни партизани и се восхитуваа на руската храброст, заборавајќи ја сопствената, докажана во партизанските битки во планините на Грција и Македонија. Кога завршуваше филмот, партискиот секретар се качуваше на бината и откако силно и долго ракоплескаше на што му се придружуваше целата сала, држеше долг говор што често беше прекинуван со пароли за Великиот Сталин, за партијата и нејзиниот водач, за народната власт извикувани по некој ред и список од однапред наговорени луѓе. Во ракоплескањата се мешаа и пароли во чест на помалите водачи и потоа краток говор држеше партискиот секретар и завршуваше со зборовите дека во колхозот сите треба така самопожртвувано да работат, како што самопожртвувано се бореа црвеноармејците, руските, белоруските и украинските партизани. За своите партизани - ништо – ниту збор. Можеби затоа што сега тие беа колхозници, беа облечени во сиви комбинезони, обуени во валкани гумени чизми, наместо во војнички кондури и далеку од своите планини...

Другата црква, онаа западно од селото – ја преиначија во магазин и третата, исто така голема и просторна – во клуб. Иконите ги тргнаа и тие кои стигнаа да прикрадат, од нив си направија сандаци и сандачиња за чување алишта и рафтови на кои наредија иззабени чинии купени во соседната селска задруга Тука се собираа вечерите, играа југ, табла, шах, пушеа ефтини цигари, во долгите разговори се давеа во спомените. Мажите, кои беа сами, дома, во своите села, си беа навикнати да пијат вино и ракија, тука пиеја евтино пиво и скиселено вино направено од компири или јаболка, а најчесто пиеја вотка...

Од клубот си одеа доцна, оставајќи зад себе пот, смрдеа на непрани чорапи и долна облека и така маглосани, легнуваа без да ги собујат валканите гумени чизми и во испарините ја преспиваа ноќта или само дел од ноќта. Честопати се собираа во една куќа и до зори раскажуваа и прераскажуваа за борби, тивко, скришум

ги пцуеја неспособните команданти, фрла отров-збор врз политичките комесари и врз тие кои не ги трпеа, па и тие кои пушка не допреле, а псалваа за јунаштини и големи херојства. Во вотката ја давеа не само тагата и болката, разочарувањето, ами и омразата и злобата.

Тие кои немаа жени, се переа во реката или во поточињата што течеа покрај куќите или црпеа вода од бунарите што претходните домаќини ги имаа ископано во дворовите.

Најчесто другиот дел од ноќта им го одземаа  за да им држат говори и предавања кои најчесто преминуваа во заемни обвинувања и караници, се валкаа и се плукаа со најпогрдни зборови. Тогаш кога најмногу се караа, од некаде им доаѓаше Захарјадис кој со збор и закана ги смируваше страстите, но само дотогаш до кога тој беше таму. Си одеше и одново – валкање и плукање. Бргу до него стигнуваа вестите. Имаше таму тој свои луѓе. И одново доаѓаше и знаеше да ги смири. И да ги подели на непријатели и пријатели на Тито. Тој меѓу нив беше најголемиот лажго, а тие навикнати на неговите лаги и ветувања. Некој прашуваше – што му треба на слепиот? Да прогледа. Што му треба на болниот? Да оздрави. Што му треба на гладниот? Да се најади. Да е сит. Што му треба да голиот? Да е облечен. Е, токму ова Захарјадис им го ветуваше со ист тон и зборови со кои тие самите зборуваа. Седнуваше тој меѓу нив, ги прегрнуваше, ги држеше за рака. А тие како омаѓосани велеа:

- Наш човек е... Од народот е излезен. И народски ни се однесува Да ни живее долго -  велеа и цела ноќ го пцуеја фрлајќи ја вината врз испиената вотка. Научија да ја пијат зашто им се чинеше дека во неа наоѓаа ослободување од насобраната горчина...

Младоста ја оставија по планините, а тука, во оваа туѓа земја, каде ги  зафати друго време кое го носеа некои нови ветрови, револуцијата за која толку многу им зборуваа таму во влажните земјанки, полека се смируваше во нивните добро испрани мозоци и секој ден бледеа сличните пориви. Сега не беа истите во мислите и убедувањата.

Во средината и во новите настани се менуваа, стануваа позрели, па оттука се почесто сами се прочистуваа од идеолошките наслаги и партизанските соништа...

Стануваа луѓе со друга мисла...

# 3

Мара го печека Митре пред вратата и му рече:

-Помина еден човек од долното село и рече да одиш во тоа, како ја велат, управа, одбор ли или комитет. Не рече зошто те бараат.

Митре ги собу валканите гумени чизми, астрана ги фрли влажните чорапи и рече:

-Тие од раководството рекоа дека кој сака може да земе една или две и три крави, кози, овци, кокошки и од платата да дели за да ги засвои. Што велиш ти. Да земеме нешто?

- Да земеме, Митре, ама не крава. Кој ќе ја паси? Земи една коза, молзница. Многу за неа не треба. Ќе ја врзиме во дворот, трева има наоколу колку сакаш. Земи и едно две - три кокошки. Ќе имаме по некое јајце. И немој да заборавиш - задолжително петел... Петел да земеш. Ќе им треба на кокошките, а и нас ќе не радува. Некој голем и млад да е. Опашката да му е  китнеста и гребенот да му е голем, одењето горделиво, а пеењето такво, што кога ќе запее гласот да му се слуша отаде ридовите. Да е таков како нашиот, фудул петел, оној, што ни го изедоа тие кои ни беа на конакување заедно со онаа, како ја викаа? Да не беше Вера? Сигурно таа беше, таа, велам. Ликсурот, што не остави куќа без маменици и постела без вошки... Ни го изедоа петелот, најфудулцијата во целото село. Кога ќе удреше со крилјата, целата прашина ја снемуваше од дворот, па кога ќе запееше, сите, во целото село знаеја чиј петел пушти глас. Така, а не поинаку... Друг не сакам. Ами каде тие голотии најдоа крави, овци, кози и кокошки, та ги даваат по луѓето?

- Е-е-е-е – застенка Митре

- Што тие, што енкаш?

- Такви петли, Маре, какви што сакаш ти, само таму кај нас можат да се испилат...

- Така е... Ами од каде ќе им е толку многу стока? – праша Мара.

- На Полјаците им рекоа дека ние сме селани и треба со селски работи да се фатиме тука и полските власти одобрија и дадоа, како што се зборува, пет милиони од нивните пари. Со тие пари овие денови тие од раководството ќе оделе по сточните пазари и таму ќе ги купувале. Ќе ни ги дале со отплата. Нема да се подарок... А некој, демек за шега, рече дека тоа што комунистите ни го зеле за борбата, тука ќе ни го врателе, ама со отплата...

- Како да не... – подвикна Мара. – Море што влезе во казан од казан не излезе... Тоа што беше твое никогаш нема да е твое...

- А што велиш и една мачка да имаме? Дворот е  полн глувци, а и в куќа влегуваат... За мачка многу не треба, таа сама со глувци ќе се храни...

Утрото на вратата тропна  млад маж. На рамо торба полна со разновиден алат, а в раце држеше кутија. Откако се поздрави со Мара, рече:

-Јас, нино, дојдов да ви ја ставам на ѕидот оваа кутија. На кој ѕид сакаш?

- А што ти се бре чедо тие кутии што ги ставаш по куќите, а? Кажи ми - замоли Мара, покажувајќи со раката на ќошот од одајата - што чудо е ова?

- Тоа чудо, нино, го има во сите куќи.

- Да не се фурни?

- Не се фурни, туку печки, нино. Претходните стопани на нив спиеле. Тука, нино, кога зиме ќе стегне студот, стеблата на буките од студот се цепат, плунката на усните – мраз, а од стреите висат мразулци долги како големи ластагарки. Не дај Бог, да те погоди некој таков мразулец, па на место заклана ќе останеш. Тука, нино, зимата е тешка, долга, студена и ледена. Ќе излезеш по водата во бунарот ќе најдеш мраз, а патиштата –

сите затворени. Со окит ги покрива дрвјата, ги смрзнува траповите, а студот, нино, сече, се пробива низ проѕирките на прозорците и вратите. Водата во бубарот – мраз. А пак на пролет или лето или есен кога ќе заврни, тогаш цели денови знае да грми и да врни. А маглата, нино, тука толку е густа што прстот пред нос не можеш да си го видиш. А кога ќе заведри, така знае да запечи, што од големата гореа земјата се цепи. Такво е ова место, нино... А оваа кутија, нино, што прашуваш, секој ден, прво наутро со песна ќе те буди, а потоа цел ден ќе ти зборува, ќе ти пее, ќе ти свири, ќе ти кажува за работи  што други сакаат ти да ги знаеш... А ако не ти се бендисува нешто, ти тогаш само ова тркалце сврти го лево и кутијата ќе занеми. Така, нино, цел ден кутијата ќе биде со тебе, и како што ти реков, ќе ти зборува, ќе ти пее и ќе ти свири. Токму така, нино, оваа кутија и ќе ти пее и ќе ти свири и можеби и ти заедно со неа ќе запееш и оро ќе свртиш...

-Ти, синко, да им кажеш на тие кои те тераат да ги обесуваш овие кутии, да дај господ, поп да им запее на глава. Види го ти него, кутија ќе ми зборуваа, та ќе ми пее...

# 4

Мара не ги сакаше перниците наполнети со пердуви. Кога добро запролети, ги однесе во дворот, таму ги распара и пердувите ги растури. Ветерот ги повеа и целата околина ја облече во бели пердуви.

Откако Мара од себе ги истресе пердувите, замоли:

-Оди бре Митре и покоси трева. Растурија добро да се исуши. Оди Митре горе, таму до голиот рид и собери чембрица, а јас ќе побарам да наберам ѓозмо и пчелинок. Вчера барав, ама не најдов. Кој знае дали тука тие растат...

-А што ќе правиш со тревата?

-Перниците ќе ги наполнам. Тие со пердувите не ми се по мерак... Зарем си заборавил дека цел живот си го поминал спиејќи на возглавие наполнето со сено? Нашите баби и мајки во возглавијата заедно со сеното или сламата секогаш ставале ѓозмо, пчелинок, невен, босилок и чембрица. Целата куќа мирисаше и никакво животинче не се доближуваше. Ниту пајак, ниту комарец. Ниту болва и вошка таму не се гнездеше. Со тој сладок мирис и сонот беше сладок. Зарем си заборавил?...

Откако ја наполни перницата со сувото пресно сено, во кое додаде ѓозмо, пчелинок, невен, чембрица и босилек, се исправи, се загледа во неа, милно ја погали и глава навали врз неа, тогаш срцето и затрепери, тогаш душата и живна и во мислите и зовреа спомените. Мирисот и шушкањето на таквата перница на Мара и ја стоплуваа душата. Тој мирис и тоа шушкање во ушите и душата го имаше од раѓање.

На такви перници растеше и порасна и невеста бидна и мајка... И тогаш, во деновите и ноќите поминати крај џадето, во влажната земјанка каде чекаа да биде одбиен непријателот, навалуваше глава, го вдишуваше мирисот на сеното и ги слушаше далечните бучења на топовите. И сонуваше соништа поплавени со крвта и со болката на осакатените... Колку ли соништа пресони на таква перница, колку ли солзи пролеа, колку ли ноќи не проспиени протекоа... И тука, во веќе стокмената стара украинска дрвена куќа, навалена на перницата наполнета со сено, мирисот и шушкањето ја потсетуваа на перницата од дома...

Сонуваше и во сонот слушаше само блиски и драги гласови. Едни ја викаа, други молеа... Тој сон секоја ноќ сакаше да го сонува. Само во сонот покрај себе ги имаше своите најблиски. Желба и беше ноќта да е долга и сонот да нема крај. Сонот како да стана дел од неа, дел од секојдневието. Сите тие кои и ги носеше сонот и ја смируваа душата, ја правеа пожива, полесно и биеше срцето, ама од утро до заод ја измачуваше болката на разделбата, а сонот, покрај радоста и носеше и смирување и трошка надеж... и болка... Дење сонот не носеше зборови на олеснување, од засушените усни тешко се одлепуваше зборот, а толку и се сакаше да има само зборови за добра надеж, зборови за топли молитви... сакаше Мара, многу сакаше да сонува само соништа кои ќе ја држат во кругот на најблиските. Кога се будеше перницата и беше накисната од солзи. Во нив имаше и радост, имаше и болештини...

Во тие лоши и погани времиња и деновите и ноќите не само за неа, туку и за сите околу неа, не носеа радости. Писмата секој ден пристигнуваа и вестеа лоши вести. За многу беа очај и безнадежност... И дење и ноќе се собираа и ги оплакуваа најмилите што останаа на боиштата... Велеа дека така му било пишано и на тој што загина во бој и на тој непознат дедо кого завиткан во старо ќебе го фрлија во морето и на тие кои осамени оставаа здравје во туѓа земја. Осамените си одеа без плачот на блиските, без поп и без тажното ѕвонење на камбаната. Нивното име го немаше испишано на дрвен крст и по некое време не се знаеше кој лежи под купчето обраснато со трева; го имаше само во споменот на се уште живите. И тие таму, во македонските планини, и тие – фрлените во морето и тие погребените во туѓа земја, сега и со години ќе бидат дел од

големата болка, тагата и изгорот на искорнатите... Ниту во долгите и топли воздишки никогаш нема да најдат мир.

Тие ќе лачат само болка...

# 5

На падините на ридовите и во дворовите слабо цутеа подивеаните јаболкници и цреши, а во густите борови шуми рано заблеаја срнчињата Се стопија снеговите и од ридовите реки вода се влеваа во траповите. А преку ланската пролет – беше многу студена. Снег врнеше и во април, а мајот, со се празници – прележа во снег. Годинава – мешано време. Претпладне ведро, а по пладнето – од североистокот се надаваа црни облаци, молскавици расечуваа небо и грмежи ја полнеа целата котлина. Небото се отвораше и цела ноќ шуркаше дождот. Ноќите влажни, утрата студени. Задоцнето на север летаа жеравите. Гнездата на птиците се уште беа празни. Тракторите не излегоа на орање. Мраз ја имаше стегнато земјата.

Почетокот на март најавуваше топло време.

Од кутијата обесена во ќошот прозвучи тажен глас:

-Внимание, внимание, великиот водач, другарот Сталин е болен...

Само толку рече кутијата и од тој миг веќе не ечеа песни, туку некаква тажна долго влечена свирба без зборови. По цели денови се зборуваше за Сталин, кој бил, што бил, што сторил, како сторил... само тој и само тој и дека без него не би имало, не би имале... Тука Марија лево го завртуваше тркалцето и кутијата замолкнуваше.

Петтиот ден од месецот, рано, се уште беше мрачно, на вратата чукна Павлевица и праша:

-Маре, Маре мори! Слушнавте ли?

-А што тоа?

-Како, мори, што!!! Сталин умре!

-Уф, кутриот! Каква болест го кутна? Господ нека му ја прости душата... – се прекрсти Мара

-Денес цел свет плаче и жали, Маро…

-Денес плаче, утре ќе се радува ... – дофрли Мара.

Тој ден и наредните денови, до погребот и по погребот, едни плачеа, други се радуваа.

Секој си имаше своја причина за радост или за жалење...

Жалеа и тие од комитетот во колхозот. Врз големото црвено знаме врзаа црна широка панделка и тргнаа да го подигнат пред малиот споменик на Сталин што уште во советско време беше поставен наспроти домот на културата, кој во царско време беше селска крчма. Споменикот го немаше. Партискиот секретар веднаш по телефон се јави во милиционерската станица во градот. Со џип стигнаа двајца милиционери и заедно со германскиот волчјак ја пребараа околината. Со обезглавено тело и скршени раце споменикот на Сталин го најдоа фрлен во реката. На градите му беше напипано: ZBRODNIARZ[57]...

Партискиот секретар на Колхозот Неа Зои изјави дека воопшто не се сомнева во некој од бегалците, туку се сомнева во шоферите – Полјаци кои превезуваа борови трупци до пиланата. Нив ги пријави.

---

[57] Zbrodniarz - злосторник

# 6

Вечерта, на Митре и Мара, им дојдоа комшиите, Павле и Павлевица. Така секогаш, по заодот, во првиот блед мрак се посетуваа. Мара мажите ги почести со по една чашка вотка, а жените со слатко - џем од сливи. И

тука го донесоа и го чуваа домашниот обичај - на мажите чашка вотка, на жените слатко, а шишето не го остави на маса, како што веќе некои навикнаа.

Пламенот од големата лоева свеќа, струјата честопати ја снемуваше, во средните куќи во Лисковате, час се намалуваше, час се зголемуваше и така се зголемуваа или се намалуваа нивните сенки на дрвените ѕидови. Тивок и мек им беше разговорот, ама повеќе се разбираа со молкот. Таму, во молкот, како рој од пчели, секогаш им беа собрани мислите. Во молкот им беше болката за изгубеното. Зборовите небаре броени, стоплени со тешките и долги воздишки. Во нив сето тоа што беше вчера, тоа својствено и најубаво, од најмилото и најдрагото што им го уништи злото. Во очите тага облеана со болката на душите. Повеќе во молк, отколку во зборување им течеше вечерното време во полумрачната одаја. Долги мигови на тишина испрекинувана со воздишки. Намнисувањата им носеа враќање дома и благо олеснување на душите. Им се стоплуваа срцата кога тоа далечно време, времето на младоста, кое никогаш не се враќа, а само споменот го чува, им беше како мелем, живнуваше под сламениот покрив на оваа дрвена украинска хата[58]. Дома, таму де, дома, така велеа, дома, таму во нашата дома - повторуваа и тој збор бескрајно им беше врежан во умот и зборот и секогаш кога го спомнуваа, кај нив будеше долги и тешки воздишки оптоварени со болка, нескротлива тага и призрачна надеж.

Велеа и повторуваа:

- Кога си бевме дома... - и тогаш почнуваше да тече реката на спомените, се одвиткуваше клопчето на животот .

А оваа дома, дрвената украинска хата, никогаш не ја нарекоа дома. Таа дишеше со друга душа, за неа тагуваа други срца, мислеа други умови. Не беше нивна и макарштo секој ден ја пастреа, за неа не најдоа место

[58] Хата – селска куќа изградена од дрвени трупци. Најчесто таквите куќи ги има во Југо-Источна Полска, Белорусија и Украина.

ниту во умот, ниту во срцата, ниту во душите. Не ги знаеја претходните стопани. Не им знаеја ниту име ниту презиме, ниту судбина. Од црквите, сфатија дека беа Рисјани. Ама штом ги нема тука, штом хатите им се празни, веројатно – си велеа – и нив некое лошо ги снајде, дека злото им тропна на врата и ги витоса. Оваа дома, во која сега живеат, беше дома на некои други, можеби откорнати, можеби протерани, можеби иселени и раселени, како нив, ама во оваа дома се чувствуваа туѓи и секој ден и секоја ноќ сакаа, многу сакаа да се вратат во својата дома, во своите ридови и планини, да пијат вода од своите извори, а не од бунарите во дворовите... Тие им беа таа огромна сакана желба која во мигови на очај, фрлаа малку светлина врз мрачните небиднини и им ги топлеа душите... Тие вечерни седенки со мислите ги враќаа дома... таму далеку, далеку, само таму, таму, во нивната дома... Каков и за што да беше и да се водеше разговорот, секогаш завршуваше со зборот – дома... во нашата дома...

Догоруваше свеќата и муабетот привршуваше. Со желби и молитви за добра ноќ, се простуваа од другата страна на прагот, пожелувајќи си ново видување...

Над ридот кривулеста светкавица расече мрак и само миг потоа - грмна.

- Ќе врне, да побрзаме да си одиме – рече Павле и забрза чекор.

- Пак да дојдете... со здравје... – аминуваше Мара и чекаше се додека Павлеви не се стопуваа во мракот.

Кога се сврти за да влезе во малото претсобје, дали виде или само и се пристори како некој да помина и се изгуби зад куќата.

- Митре нешто како човек да видов... ене таму.

- Таму ништо не гледам. Така ти се причини. Влези, не чекај тука.

- Море како да видов човек...

Тукушто почнаа да вечераат, до ушите на Мара допре тивко, одвај чујно тропање на прозорчето. Нагло сврти глава и на џамот забележа подигната дланка. Нозете и се потсекоа. Одвај прибра издишка и со исплашен глас прошепоти:

- Ми... Ми.. Митре... некој е таму - покажа со рака на замагленото прозорче.

Митре ја запали газиената ламба, ја подигна високо над главата и тргна околу куќата да проверува. Ништо не виде и не слушна. Малку налутен се врати, ама смирено и рече на жена си:

- Само така ти се стори... Молчи и не се плаши...

- Море видов, како да беше човек. Не ме гледај така, туку залостија вратата... Не можеш да знаеш што крие мракот...

Митре ја залости вратата и неколкупати провери дали лостот добро се држи. Во тој миг слушна тивко тропање на прозорчето. Запре чекор, полека се сврти, ама ништо не виде. Се врати, ја одлости вратата и, држејќи ја високо над главата газиената ламба, излезе надвор и со одлучен и сигурен глас праша:

- Кој е таму!?

- *Nie bój się pan...*[59] – со молбен глас рече на полски непознатиот. - *Nie bój się pan...* – повтори и подаде раце...

Митре помисли дека е некој питач.

[59] Не се плаши, господине

- Кој си ти? Што бараш? Што ти треба? – прашуваше Митре подговтен за секој неочекуван случај. Ама кога ја доближи ламбата до лицето на непознатиот, во неговите очи виде добродушност, питомост и молба. Со лицето, а најмногу со очите – дојденецот молеше.

– Кој си ти? – пак праша Митре.

Непознатиот на полски и на украински молеше да му дозволат да влезе внатре. Така разбра Митре од тие негови неколку зборови.

Мара стоејќи зад грбот на Митре, сожаливо го гледаше дојденецот. Целиот наводен, тој стоеше пред вратата и со рацете подадени пред себе, молежливо исусти:

- *Nie bójcie się, państwo, ja tutejszy... to mój dom...*[60].- прошепоти, клекна и со растреперените раце го галеше и го бакнуваше прагот... Болно треперење го тресеше неговото тело. Во потресното, задушливо и безутешно липање се топеше болката на неговата душа... Целиот растреперен од големата возбуда, шепотеше со задушлив и одвај проникилив глас:

*– To mój dom... mój dom... Boże dzięki Ci, stoi moja chata... mój dom...*[61]

Вџашени и вчудовидени од глетката, Митре и Мара сторија пат и дојденецот го пуштија в куќи.

А тој крстејќи се, повторуваше:

*– Boże dzięki Ci, stoi moja chata... mój dom* - и чувствуваше како неизмерно смирување и среќа му го полнеше срцето кога го пречекоруваше прагот на својата хата.

---

[60] Господо не се плашете, јас сум тукашен... ова е мојот дом...
[61] Боже, ти благодарам, стои мојот дом...

На непознатиот ова не му беше прво доаѓање, ама му беше прво приближување, прво допирање на прагот по многу години и прво пречекорување и влегување во родната хата. Порано, криејќи се во мракот од страв да не го види некој, само се доближуваше до својата хата, со лицето стегнато во дланките, низ солзливата замагленост ја гледаше својата куќа и цврсто убеден дека се уште стои, олеснет од натрапливата болка на тагата, со некакво чудно олеснување на душата одеше на гробишта. Од гробовите ја откорнуваше засушената трева и запалуваше свеќи молејќи се за покој на душите на своите предци и, држејќи го пламенчето во дланките и откако трижди ги бакнуваше крстовите, молкома го снемуваше во мракот. На запустените гробишта мижуркаа малите пламенчиња. Со олеснета болка стегната длабоко во срцето и душата, на патеките што само нему му беа познати, во густиот мрак го фаќаше долгиот пат за север. Кришум се преместуваше од воз во воз, честопати пеш прегазуваше патишта, криејќи се од луѓето. Се враќаше во таа песоклива и рамна земја, во несаканата и омразена куќа во која го сместија властите. Не ги сакаше нејзините ѕидови градени со црвени тули, ниту покривот од сива ламарина, ниту прозорците со двојни стакла. За него таа куќа секогаш беше туѓа и студена. До болка тагуваше по својата дрвена хата во Лисковате, каде се му беше најмило, а таму на северот – несакано, недраго, омразено и туѓо...

Володимир се враќаше на север, носејќи ја благата радост, смиреноста на душата и чувството на благодарност кон Бога и кон тие непознати дојденци кои во неговата хата внесоа мир, топлина и светлина.

И кога, по смртта на Сталин, подувнаа потопли повеви и пориви на ветерот во кои тешко ама полека се топеше омразата и злото и во возовите проверките беа се поретки, тогаш Володимир со воз, патувајќи цел ден и цела ноќ, в зори се охрабри да чукне на прозорчето.

**О**д неговото тивко и лелекаво зборување, Митре и Мара ги доловија сличните зборови – ја, тукашен, мој, дом. Ги разбраа зборовите, а најмногу тивкото, потресното, болно и неутешно липање, галежното допирање и галење на прагот, бакнувањето на вратата и ѕидовите и православното крстење... Разбраа дека така

можат да прават само тие, кои некогаш го изгубија и по големи патила и несреќи – иако за кратко, го најдоа и влегоа во својот дом...

По вечерата - леб, сирење, кромид и сол, Митре и Мара, доловувајќи многу полски и украински зборови слични на македонските, со душите стегнати од болка, повремено бришејќи насолзени очи и длабоко воздивнувајќи, ја слушаа приказната на дојденецот кој рече дека се вика Володимир и дека е Украинец.[62]

- Денот беше 28 април 1947 година. Утрото, не беше добро разденето – со растреперен глас прозбори Володимир – целото село беше опколено од војска. Војниците се стрчаа, влегоа во куќата и со викотници и пцости наредија да се пакуваме. Рекоа: имате само два часа да соберете се што ви е потребно и потоа надвор, сите на собир. На џадето беа поставени воени камиони. Дојдоа други војници и рекоа – имате само дваесет минути и надвор. Што да собереш прво? За толку кратко време може само душата да се собере. Имот во куќата, во шталите стока – два коња, ждребе, три крави, теле, во дворот запрежна кола на четири тркала. Успеавме нешто да товариме на колата, војската дозволуваше да земеме само 25 килограми од куќниот имот и, терајќи ги пред нас коњите и стоката – насока железничка станица, триесет километри долг пат. Таму – вагони за стока. Во нив – и луѓе и стока, коњи, говеда, кокошки, овци, кози и долго патување. Не знаевме каде. Не чуваше војската, која на попатните станици ни делеше по малку храна и вода. Колку за да не умреме од глад и жед. Денови и ноќи траеше патувањето во засмрдените вагони. Далеку од нашите места не растоварија на рамница. Многу не изорана песоклива земја и борови шуми. Не распоредија во празни куќи во кои од некои Пољаци, демобилизирани војници, на кои државата им додели куќи и земја, ни рекоа дека порано во нив живееја

[62] Станува збор за Операцијата “Wisła” – пацификациска акција од воен карактер извршена во годините 1947-1950 против Украинската Востаничка Армија и организацијата на Украинските Националисти кои дејствуваа на државната територија на Република Полска. Акцијата опфаќаше масовно и присилно иселување на цивилното украинско население од територијата на Југо-Источна Полска и преселување на таканаречените Ziemie Odzyskane (Вратени Земји), до 1945 година населени од Германци, кои според договорот во Јалта и беа одземени на Германија и присоединети кон Полска. Вкупно масовно и присилно беа иселени 150.000 Украинци на кои државата трајно им ги зеде имотите.

Германци. Дознавме дека и нив, Германците, ги протераа. Куќи ни доделија, ама не и работа. Со месеци работевме кај Пољаците само за парче леб. На секој чекор не нарекуваа непријатели и не омаловажуваа, ни бранеа да се викаме Украинци, да се собираме на молитва. Оние пописмените ги одделија од нас, поповите ги тргнаа, ни бранеа да се посетуваме, а камо да мислиме на нашите родни места. Слава му на Бога останавме живи... – тешко воздивна Володимир и трипати се прекрсти. – Има многу да се кажува, ама засега толку од мене. Можеби во некои други времиња - повеќе.

Володимир со дланката избриша натежната солза, се налакти на масата и тивко рече:

-Во оваа куќа сум се родил.... тука ми се корените.... тука пораснав, тука донесов невеста, тука ми се родија децата. А таму горе, на гробиштата ми се дедо и баба и нивните родители, таму се мајка и татко. Ќе одам свеќа да запалам, да има малку светлина за нивните души... А пред тоа, можам ли малку да ја разгледам куќата? Во оваа одаја имаше полици на кои беа наредени книги. Беа останати од дедо. Тој не тераше да читаме. И на украински ги читавме книгите на Иван Франко, на Тарас Шевченко, Лесја Украинка, на руски го читавме Мицкјевич и руски книги од многу руски писатели. А дедо најмногу читаше црковни книги. Беа дебели, со дрвени корици и рачно пишувани... Гледам дека сега нема ниту една книга... Дедо велеше дека беа пишувани со кирилско писмо и дека го измислиле некои светци, кои се викале Кирил и Методиј и дека тоа писмо до украинските земји дошло од далечните јужни краишта...

- Куќата ја најдовме празна – го пресече Мара. – Сосема празна, запустена, мувлосана и секаде висеа пајажини... беше гнездо на лилјаци... Со денови ја чистевме, а книги, што велиш, не најдовме...

- Од тие книги – продолжи Володимир – учевме за Украина. Во книгите пишуваше дека ја поробувале Татари, Турци, Руси, Пољаци, Германци... Со омраза сите многу не сакаа, а ние најмногу ги мразевме... Од Украина Татарите и Турците одведуваа девојки за нивните хареми. И да ви кажам дека една Украинка на турскиот султан, како ли му беше името, не ми текнува, му родила многу султанчиња, а тие кога замомчувале меѓу себе се труеле или се убивале со остри ками или се давеле со свилени шамии само затоа кој да биде прв султан... Така... Крв украинска, руска, татарска, турска, полска, германска и каква ли уште не има испиено

украинската земја... и широката река Днепар, ревејќи и стенкајќи, многу украинска крв одлеа во Црното Море...

Володимир прекина, се сврти кон прозорчето, и покажувајќи со раката, рече:

-А таму – таму се простира мојот имот, моите ниви. Од оној до овој трап и до горе, до ридот, лево и десно. Кога дојдоа болшевиците на власт, ни го собраа целиот бериќет и фати голем глад и од глад умреа неброени. *Голодомор*[63] ја покри Украина. Ми ја зедоа земјата. Сите селани не пикнаа во тој нивен колхоз. И стопаните и мрзливците и неранимајковците. И никој асално не работеше. Тешко и со голема мака истрајавме. Останавме живи. Единствено место каде можевме да најдеме нешто за јадење беа скришум собираните зрна во колхозните ниви. Ноќе, под светлината на месечината, иако знаевме дека тоа беше казниво, ги собиравме[64]. Кога заврши големата војна, Советите и Полјаците со договор се согласија да извршат размена на земјата. Така се најдовме во Полска. И мир немавме. Украинските националисти, така ги викаа тие кои со оружје посакаа да прават голема Украина и на оваа страна се биеја со Советите и Полјаците и на таа се биеја со Чехословаците. Ја изгубија војната. Победниците нив ги столчија, а нас не откорнаа и...

Му секна гласот. Со дланките го покри лицето. Се чинеше дека од секоја негова издишка и по секој изречен збор капка по капка се излеваше чемерот и болката.

---

[63] *Голодомор*- украински – дословно: истоштување со глад.

Во раскажувањето на Володимир станува збор за вештачки предизвиканиот глад од советските власти во екот на принудната колективизација во Советскиот Сојуз. Во периодот 1932-1933 на територијата на Украина, според разни извори, од глад умреле околу 7, а во другите делови на СССР-околу 3 милиони луѓе. Голодомор (гладомор) се смета за една од најтрагичните катастрофи во украинската историја и понекогаш е нарекуван *Украински геноцид* или *Украински холокауст.* Со декрет број 1310/98 на претседателот Леонид Кучма, Холодомор е прогласен за национален празник - *День пам'яті жертв голодоморів* – Ден за паметење на жртвите на гладоморот.

[64] По наредба на Сталин, Молотов и Каганович изготвиле декрет за заштита на општествената сопственост, честопати нарекуван закон за петте класови, со кој, тој, кој ќе скинел толкав број класови, бил казнуван со смрт или 10 години во логор. Врз основа на тој декрет биле казнети над 125 илјади лица.

Во одајата завладеа молк.

Наместо зборови - тешки воздишки.

Очите на Митре и Мара - тажно загледани некаде далеку, многу, многу далеку... Во грлата – грутка, стежнати солзи во очите – разбудените спомени им разјадуваат души и отвораат не исцелени рани - молкома, занемено го слушаат очајничкиот глас на Украинецот и гласот на своите премрежија...

Јадот за изгубеното не им даваше умир, измамничките пароли што неретко ги слушаа од кутиите обесени на ѕидот, ги чувствуваа како јаже стегнато на вратот. И сега, тука, во оваа котлина што честопати тонеше во маглата, им зборуваа за некои нови победи, а тие, Мара и Митре и стотиците други како нив, не заборавија кога за победата, понекогаш и со закана, им се бараше да даваат од житата, гравот и леќата, брашното и благотата, покривачите и перниците, кошулите, фанелите и ракавиците, волната и преденото, виљушките и лажиците, чиниите и чашите, на секои десет овци по три и повеќе, едниот или двата волови и задолжително коњот... И така за таа ветувана победа им останаа празни амбарите, каците, трлата, нивите недоорани и куќите празни. Добиваа ливче во кое пишуваше, дека кога ќе дојде победата, тогаш народната власт се, до влакно, ќе им врати... А пред тоа? Пред тоа? Пред тоа – најболното. Им ги собраа големите и после нив и малите чеда. За нив не им дадоа ливче. Останаа куќите празни и занемеа дворовите, занемеа селските сокаци и вигните; занемеа и зурлите и гајдите и тапаните занемеа и камбаните занемеа... И секој миг исполнет со страв, чекање, плач и несигурност голема  и изгор уште поголем...

Не дојде победата, туку... големиот и крвав пораз кој по крстоносни патеки, и долги патишта и раздруми ги донесе во оваа украинска хата...

Седеа неподвижни и чемреeја потопени во мислите во кои копнежот длабоко ги имаше впиено своите канци.

Цело време, се додека траеше раскажувањето на Володимир, Украинецот, кој скришум дојде од многу далеку само за да види дали се уште стои неговата хата – тие со мислите ги изодуваа сите патишта и веќе со мислата беа во својот дом...

Таму секогаш ги носеше безмерната и безутешна тага која е неискажлива со збор...

-Господ да ве благослови, мили луѓе – го прекина молкот Володимир. - Благодарност за лебот, сирењето, кромидот и солта. Во овие безутешни времиња ништо послатко не сум јадел... Господ Бог да ви даде долг живот и многу здравје... Мили и драги, цел живот, додека Господ не ме повика, ќе се молам за вас... – рече Володимир, трипати се прекрсти и трипати ниско се поклони...

На одење, Володимир застана пред вратата каде еден до друг стоеја Митре и Мара, ниско, до земи се поклони, трипати православно се прекрсти и замоли:

- Добри луѓе, Господ Бог нека ве награди, благодарам за добрината и, молам, заедно со... – не дорече. Се врати во големата одаја. Отиде до ќошот и од таму откина парче штица. Трипати се прекрсти и од мрачната камара извади нешто завиткано во дебела шајачна крпа целата покриена со прашина. Полека, како од пелени да одвиваше новороденче, ја оддипли крпата, пак се прекрсти и кога се сврти, Митре и Мара видоа дека во растреперените раце држеше мала икона на Богородица. Володимир полека и нежно ја издува прашината, се прекрсти, ја бакна запрашената и зачадена икона и со занемена молба во насолзените очи, дорече:

- Заедно со Богородица чувајте ми ја хатата, мојот дом...

Замина ноќе.

Во хатата ја остави својата душа и болка, а со себе понесе искра од надежта и вербата дека некогаш тука ќе се врати...

Мара воздивна и жаловито рече:

-Кутриот ми тој... и ние кутрите... кутрите ние, кои во туѓо место и во туѓа куќа сме како плева извеана од ветерот...

Иконата ја ставија во истиот ќош.

Митре, кандилцето што пред некој ден го најде во ѓубрето расфрлено пред црквата, откако до белина го исчисти, го наполни со масло, на парче од ламарина вдена фитил и го стави пред иконата. Во растреперената рака се скрши шкорчето од кибрит. Мара смирувачки му шепна:

- Пополека и понежно удри...

- Знам - глуво одекна гласот на Митре и при вториот обид шкорчето пламна. Полека, со згрчено дишење го доближи пламенчето до фитилот, го помрдна лево и десно, го подигна, со друго шкорче го подмачка со масло. Бледото пламенче, разлулано, немоќно се навалуваше, легнуваше, полека трепетливо растеше, се набабруваше, порaснуваше, го пробиваше мракот и кога се извиши, ја растури темнината и разлеа светлина пред лицето на Богородица.

Во одајата питомо се разлеваше топла светлина. На ѕидот големи пораснаа сенките на Митре  и Мара чии срца со утеха ги полнеше пламенчето од малото кандилце.

Душите на Митре и Мара, со топлина ги обвиваше светлината и ги потхрануваше со бодрост. Двајцата занемено стоеја пред пламенчето загледани во натажените очи на Богородица. Молкум се молеа, вткајувајќи ги во молитвите сите насобрани и пред светото лице до сега  недоискажаните желби за добрина.

- Богородице златна – одвај чујно се молеше Мара - отвори ни ги и осветли ни ги патиштата... – долго, тивко, шепотливо, со умот, со срцето и душата шепотеше целата вдадена во молитвата – врати не дома...

Согоруваше фитилот. Се смалуваа сенките и се стопуваа во мракот преполнет со молитви.

Утрото, по појадокот, откако Мара се крена од масата, тивко, тукуречи шепотливо му рече на Митре:

-Митре, дури сега ми текна... Оној Украинецот, знаеш, вчера, на заминување ми шепна: - Стрино, замоли го – рече – панот[65], ако може нека ја искоси тревата на гробиштата. Кутриот, многу молежливо рече дека ќе здивнат душите кога ќе ги огрее сонце. Ајде, Митре, оди и купи една коса. Искоси ја тревата... за да им олесни на душите, Митре, да здивнат и Божја и сонцева топлина и светлина да ги огрее... Оди, оди Митре...

Над дрвената хата, рамна височинка. Бурјан и трева над колена. Ваму-таму искривен, искршен православен крст, скршена надгробна плоча...

Заборавени, напуштени гробишта...

Чија болка легнала тука? Чиј изгор?...

-А дали тоа што секој ден одиш таму и палиш свеќа, дали ти дава утеха?.. .- праша Митре.

-Не... само ми ја зголемува болката и тагата... затоа што болно и тажно е да гледаш напуштени, заборавени гробишта... тоа е така како да си ги заборавил тие, кои тука си ги оставил...

На украинските гробишта во Лисковате освен плочата што ја остави Володимир немаше други надгробни плочи и крстови.

Со искршени надгробни плочи и православни крстови полн беше најблискиот трап. На гробиштата само една нагробна плоча оставена врз сувата трева. Нема белег за тоа каде имаше гробови. И врз гробиштата се истури злото на времето - бесот, гневот и одмаздата. Тука имаше победници и поразени. И едните и другите зад себе оставија пустош. Гол рид обраснат со бурјан и шипови. Над камбанаријата ветерот го нишаше

[65] Панот – на полски: pan - господин

искривениот православен крст, на кој понекогаш кацнуваше гавран и од таму од високото гракаше. Над пустошот гракањето растураше болна тага.

Црна осама околу и над светото место.

## 7

- Митре, Митре, бре, разбуди се. Некој тропа на врата.

- Станувај, Маре. Павле дојде и моли да одиш. Павлевица...

- Оф, слатката, и дојде часот.

Мара набрзина облекувајќи се, без збор да изусти, затрча на кај Павлеви. Од таму се врати доцна попладнето и радосно рече:

- Машко е... Павлевица е добра и Павле е среќен...

- Да им е живо и здраво - рече Митре и трипати се прекрси.

Вечерта Мара отиде да ја види леунката, која на свет донесе трето дете, покрај двете што ги гледаше само на слики. Беа во дом во Унгарија. Мара седна до неа и долго се загледа во нејзините очи во кои виреeше радост и среќа. Се наведна над роденчето, му го допре челото, молејќи се во духот да расте здраво и кога ќе порасне да посее семе на добра надеж...

Во Лисковате се роди дете – ново семе во туѓа земја. Дали ќе пушти корен, тука, каде веќе почна да зрее нов живот, ќе порасне ли тука и ќе процути или еден ден ќе фати други предели?

По четириесеттиот ден од раѓањето, со денови хатата на павлеви беше полна со гости, кои им носеа повеница и ја споделуваа нивната радост.

А пред тоа и потоа честопати се собираа во една куќа. Тука ги обновуваа домашните адети иако несвојствено им беше во тие дрвени куќи зашто веќе знаеја дека домаќините беа протерани и растурени таму каде порано се зборуваше и стопанисуваше немски, без право не само да се вратат во своите огништа, ами и да не мислат на нив.

Дали си личат?

Дали нешто ги поврзува?

Што?!

Некои не издржаа во Крошченко и Лисковате. Се прибраа во градовите и таму изучија занаети, во фабриките ја шиеја и крпеа живеачката, станаа градски граѓани, работници, пролетери, ама во душите си останаа селани и тврдокорно траеја во своите адети кои љубоморно ги чуваа. Рацете не им одвикнаа од мотиката и ралото и затоа туѓото го прифаќаа површински и тоа толку, колку што им беше потребно кај полските соседи да не бидат немили и недраги.  А други, пак, полека ги голташе средината, па оттука двапати славеа Велигден. А тие кои остаснаа во Крошченко и во Лисковате ги обновуваа домашните адети, во ливадите, нивите и ридовите, тивко, колку за душа и спомен си ги пееја своите песни, во долгите зимски ноќи се прибираа на седенки кои личеа, а не беа исти како оние дома... ама ги враќаа во родното огниште. Спомените им ја олеснуваа тагата и душевната болка, ги враќаа дома и ги правеа да  се чувствуваат и да бидат свои.

Во напуштените и ограбени украински хати по години болсна светлина, одново прозвучи човечки глас и над сламените покриви зачади чад.

Живнаа дворовите, ливадите, нивите. Таа зелена котлина која со години дремеше мрѓу запустените ридови иниви без своите стопани, живна со трудот и потта на бегалците, Македонци и Грци –кои не ја засакаа оваа непозната ридска и зафрлена земја; не ги засакаа зелените борови шуми и полјанките на кои пасеа срни; окото им се радуваше кога во бранови ветерот ги лулаше набабрените класје на житата, од градите тажна воздишка се откинуваше кога на ридовите се истураше блеење и одѕвонување на клопотарци...

Не се  приврзаа кон оваа земја. Не ја чувствуваа своја. Знаеја дека некои други многу ја сакаат, дека болно тагуваат по неа, дека ја сонуваат, дека многу сакаат да и се вратат и одново со истата љубов, мака и пот да ја ораат, од неа со радост и за среќа да го собираат плодот, тука да умираат, тука да почиваат, да ја топлат со својата душа и срце и да ја чувствуваат нејзината топлина како тогаш, кога по неа чекореа, кога клекнуваа врз неа, кога на неа легнуваа, кога на оваа земја се раѓаа и за неа умираа... Тука го поминуваа и тука го завршуваа

својот измачен и настрадан век... Кога клекнуваа, кога легнуваа, кога одеа и чекореа, во неа се гледаа себе, во неа го чуваа своето минато, во неа го чекаа новиот ден и својата сетнина, но, некој, посилен поинаку посака...

Имаа ли право на избор?!!!

# 8

Привршуваше летото. Децата кои родителите си ги донесоа од Романија, Унгарија и Чехословачка, а некои и од Југославија, ги запишаа за на училиште. А учител во Крошченко, за да ги учи македонски – немало. Партискиот секретар на пат го сретна Томе Фарцаловски – Фарцалата го викаа – и му рече:

- Ти, другар Томе, треба да си даскал – учител, сакам да речам.

- А што треба да се знае за да се биде учител? – шеговито праша Томе. Чекорот секогаш му беше разигран и во очите секогаш имаше магла.

Велеше – тоа ми е вотката.

- Па доволно е да знаеш да читаш и малку да пишуваш... и да пееш, народни, а најмногу борбени песни...

- Е, ако е само толку, тогаш подобар од мене нема да најдеш – потврдно врати Томе.

И така Томе, Фарцалата, селскиот момок од мали нозе, а во ДАГ помошник на готвачот, би даскал.

Томе убаво пееше и покрај народните знаеше и многу борбени и револуционерни песни. Покрај читањето и реткото пишување, Томе децата ги учеше и пеење. Море *Изгреј зора на слободата, Во борба во борба македонски народе, А бре Македонче* - се што се пееше таму во Вардарската Македонија за време на војната со Бугарите и потоа на Грамос и Вичо, се, додека некој некаде на некој собир не рече дека тие песни се Титови песни и престанаа да се пеат по партиска наредба, а се` беше земено од песнарката на Коста Рацин, што ја беше украл од библиотеката на болницата во Катланово, кога таму беше на лекување по загубената битка за Воден. Дали од завист или од некоја друга болештина, а во тоа време најголема болештина беше да те оцрнат како приврзаник на Тито, некој го наклевети во колхозниот партиски комитет и на Томе му ја затворија училишната врата и му го дадоа коњскиот огламник.

Не се пожали. Задоволен беше зашто платата сега му беше поголема...

# 9

Пред легнување, Митре триејќи си ги нозете, тивко и молежливо и рече на Мара:

- Маре некако тешко спијам. Ноќе ми мрзнат нозете. Ми студи. Те молам, исплети ми чорапи...

Мара седна до него, се налакти  на неговите колена и се пожали:

- Немам ниту предено, ниту игли, Митре. Денес би почнала да плетам ако би имала предено и игли...

Митре нежно ја прегрна, и го бакна челото  и рече:

- Утре во гратчето е пазарен ден. Ќе одам и на пазар ќе купам и предено и игли.

- Ако не најдеш предено, тогаш купи волна и да ми направиш фурка и вретено со не многу тешко прешленце. За ден - два ќе ја исперам, со прсти ќе ја извлачам, во кадела ќе ја соберам и на фурка ќе ја испредам – со блага насмевка се пофали Мара.

Доцна попладне Митре се врати од пазарење и пред нозете на мара фрли вреќа полна со бела волна. Мара ја истури волната на подот, од купот зеде неколку грстови и ја протри во дланките.

-Добра е и ако е груба и потна, ќе ја потопам во зовриена вода, а потоа добро ќе ја исперам во потокот. Добра е – повтори -  ама не е како нашата – мека и пувкава... Нашата волна, Митре... - не доречe. Гласот и го скрши длабока воздишка и заедно со неа мислата и полета некаде далеку. Со ракавот ја тргна нависната солза и праша: - А игли, Митре, игли те прашувам, дали ми донесе?

- Целиот пазар го пребарав, ама игли не најдов. Соседот, Павле, кој беше со мене, ми рече дека игли за плетење можат да се направат и од обична жица, како таа што виси на плетот. Колку ти требаат?

- Пет за чорапи, а за нешто друго, како за шал или фанела – само две, ама големи...

Утредента Мара во дворот распали оган и на пирустија го стави ѓумот до горе наполнет со вода. Мара со дебела прачка ја вадеше зовриената волна и ја развлекуваше на старото ќебе за да  ја развее ветерот потната овча миризба и да ја подгрее сонцето. Под пирустијата дофрли нови суварки. Се распали огнот, пламени го лижат ѓумот и во него водата полека почна да врие. Клокоти и врие водата во ѓумот и во градите, во срцето и во главата на Мара нешто клокоти, клокоти и врие и врие...

Митре го донесе дрвеното корито што пред некој ден го најде фрлено во бурјанот, со вода го исчисти од гнилата трева и лисјата залепени на дното и во него ја сместиуваше жешката волната. Потоа полека, одмерено истураше зовриена вода врз волната, а Мара со дрвената лопатка ја мешаше, ја превртуваше, подигнуваше, ја

спушташе, силно удираше со лопатката и така неколкупати очистена и омекната, грст по грст ја распоредија на плетот. Мара се тргна настрана и, бришејќи раце со престилката, задоволно рече:

-Сега нека се цеди... до утре ќе се исуши. Со прсти и низ прсти ќе ја извлачам, а потоа ќе ја собереме во кадели и на фурка...

Наредниот ден Митре го пребара густежот од лески и дренки и дома донесе дренова прачка на чиј врв имаше три гранки. Со чакијата ја истружи кората, страничните чатали ги потсече долги на педа, средниот на две и на него набоди кадела.

-Ете, ова ти е фурката... – рече и задоволен и ја подаде на Мара. – Еве ти Маре, фурка. На, земи ја.

- Добра е, ама малку потсечи ја, долга ми е. Каделата треба да ми е рамно пред очите. Сечи, до тука сечи. Доста, не треба повеќе. Дај сега да почнам.

Мара ја стави фурката под левата мишка, ја притегна со лакотот и задоволна рече:

-Ај со здравје и Господ да е на помош – се прекрсти Мара и со двата прсти од левата рака повлече тенок прамен волна од каделата, а со трите прсти од десната лесно го заврти вретеното. Не и успеа да го задржи, и падна во скутот. Одново заврти и пак вретеното и падна во скутот. Одвикнаа прстите да предат. Одамна фурката ја немаше под нејзината мишка. Додека траеше војната фурката и вретеното ги покриваше прашина во мрачниот килер. Тогаш немаше ниту предење, ниту ткаење. И тоа што од волната беше останато набрзина се плетеше во чорапи и фанели и се даваше за таа ветувана слобода за која селаните повеќе беа на ридовите и планините каде копаа ровови и градеа бункери, отколку во нивите, бавчите и бачилата. Одвикнаа прстите од предење. Во тоа лошо време на таван или во килерите беа фрлени фурките, вретената и разбоите. Не и одеше, ама и не очајуваше. Се премести на другата страна на одајата, подалеку од прозорчето низ кое ридот веќе ја имаше фрлено сенката. Фурката посилно ја стегна под левата мишка, навлажи прсти од усните, повлече прамен волна од каделата, го засучи и со прстите од десната рака стегнати во светото тројство, го заврти вретеното. Тргна. Полека влечеше од каделата прамен по прамен од волната, го вртеше вретеното и конецот се сучеше и се навиваше на прешлето.

Мачно и тешко воздивна Мара и некаква чудна радост се појави во нејзините очи и колку повеќе растеше и се навиваше конецот, толку повеќе предењето ја враќаше дома, ја враќаше во тие тивки доцни есенски и долги зимски вечери, кога кај неа или кај соседите се собираа жените и под светлината на газиената ламба или боринката влачеа, предеа, плетеа... и ненаметливо, од срце и душа редум се редеа и се нижеа една по друга тие незаборавни песни кои беа и радост, и тага, и жал и надеж... Ечеа *,,Мори чупи Костурчанки", ,,Твоите очи, Лено, мори'', ,,Не русај, прусај, пред мене, мори лепа'', ,,Една невеста калеша'', ,,Ај да бегаме, мори, Васе'', ,,Огреала месечина'', Биљбило ми пее по росата'', ,,Кинисала Милка за вода да оди'', ,,Изникнало цвеќе во момини дворови", ,,Три години севде", ,, Мори Јано, бела Јано", ,,Зора се зори'', ,,Бог да бие, Тино, мори'', ,,Разболела се, Калина'', ,,Горо ле, горо зелена", ,,Катинка болна легнала", ,,Череша од корен се корнеше", ,,Не се бели, Маре мори, не се црви", ,,Пијан гредам од града", ,,Извор вода извираше", ,,Стани моме да заиграш", ,,Учи ме мајко, карај ме", ,,Отвори ми, бело Ленче"...,* а момците кои ги задеваа девојките најмногу ја пееја *''Кој ти ги даде, море, тие црни очи.. ".*

Во долгите зимски вечери, на заедничките седенки, ечеа тие песни и не само тие...

Така тогаш, таму, дома, со песна почнуваше вечерата и со песна заспиваше ноќта.

Заедно со предењето оджививеаја, зазвучија во нејзината душа и срце тие драги и незаборавни напеви; ги пееше во духот и и се чинеше дека со нив се наполни целата украинска хата и дека низ полуотвореното прозорче излетаа во дворот, во градината и бавчите и звучеа така, како таму, дома... Влечеше Мара бел прамен волна од каделата, го сучеше и го навиваше на вретеното и заедно со него и тивкото певливо мрморење...

Сучеше Мара и белиот конец се навиваше, се береше во клопче над прешленот и заедно со него упорно и натрапливо, како во некаква сива и далечна замагленост се одвиваше нитката на спомените.

Со навлажнети прсти ја замазнуваше волната и меко, кротко влечеше од каделата. Посилно, ама и нежно го завртуваше вретеното и заедно со вртежот одново и одново дотекуваа, зазвучуваа тие драги, тие незаборавни домашни напеви...

*„Отвори ми, бело Ленче”...* – пееја во нејзината душа дамнешни гласови...

*„Кој ти ги даде, море, тие црни очи”...?!!!-* ја оживуваше духот омилената песна...

Посилно заврти Мара вретено и во тој вртеж завртија сред село *Невестинското, Бајрачето, Левото, Женското, Пушченото* и се слушна грмежот на тапаните и пискливите зурли и гарнети што ечеа и се ширеа отаде ридовите...

Предадена на предењето се потсети Мара и на тие драги, незаборавни мигови кога предејќи, на мајките децата им заспиваа – на едни во скутот, на други во лулката лесно нишана со нога. Заспиваа под шумолењето на вретеното и тивко пеените песни. Пораснаа тие, милите, созреаја за мажачка и женачка се сторија, ама пред олтар за венчавање не стигнаа... Ги собраа ноќе и ноќе ги однесоа некаде во густите шуми, во високите и карпести планини и од таму во бој... Дома остана болката, стравот, неизвесноста и долгото чекање на мајките. И неодминливо на усните и стежна прашањето - ами сега, каде сега се тие?... Каде ги одвеа лошото?...

Под трите прсти на Мара вртеше вретеното и го собираше не само белиот конец, туку и сето тоа што и остана како спомен, се навиваше и одвиваше времето изминато, клето, црно, морничаво и злокобно...

Се вртеше вретеното и собираше конец... и одвиваше мисли, одвиваше спомени за времето кое и премина во прегор...

На вретеното навиваше Мара бел конец, во душата одвиваше Мара чемери... и во мигот, кога горчина голема ја догоре, Мара сал за кратко го прекина предењето и многу длабоко, тивко, колку душа и срце да смири, откина воздив:

- Така беше...

Откако ја испреди волната, фурката и вретеното Мара ги врза со конец и ги смести во ќошот. Преденото го собра во две големи клопчиња и наредниот ден почна да плети. Не брзаше. Времето беше во нејзините раце. Плеталото секој ден растеше и легнуваше во нејзиниот скут. Мислите ја враќаа во протеченото време...

Плетеше Мара смирено, а секој нафрлен котелец и беше молба, болка, воздив, клетва, желба, чемер, копање по спомените, молитва...

Плетеше Мара и секој котелец беше солза исцедена од болка. Плетеше Мара и натфрлуваше котелец до котелец и колку котелци натфрлуваше, толку тивки и длабоки, побожни и срдечни, тажни и жалосни воздиви и се откинуваа од нејзините гради... Срдечно воздивнуваше Мара за нешто што беше сега, за нешто што одамна беше и за многу други нешта што никогаш нема да се вратат... Длабоко, до болка, воздивнуваше Мара за многу нешта... за сите тие нешта кои беа таму... дома... и кои тука, во Лисковате, во таа сиромашна хата на тој украински искореник, Володимир, беа нејзино катадневие...

Нафрлуваше Мара котелец и секој котелец беше топла и покорна, страсна и занесна молитва кон Бога за покој на душите на тие кои останаа незнајни во македонските планини, за измачените и мачените во голите и суви острови и затвори, за осакатените, за искоренатите и за тие кои останаа на патиштата што водеа во туѓо.

Нафрлуваше, Мара, и дали и се пристори дека некој и шепна – нафрли, Маре, и еден котелец за покој на душата на непознатиот дедо кого од бродот мртов го фрлија в море.

Нафрлуваше Мара котелец по котелец и секој котелец беше жешка, усвитена желба за спас од несреќи и зло и за одврзување од канџите на неумирената болка. И наредниот нанижан котелец беше тивок, длабок, побожен и тажен воздив и заглушувачки лелек... Котелец до котелец, молитва до молитва, болка до болка, желба до желба, воздив до воздив, лелек до лелек во душата, клетви, стравови, немири, копнежи, смиренија, молба до молба - нанижани на иглите и притиснати од неовенатите спомени кои живнуваа и гмечеа, тлееја како

жарчиња во спуза, топлеа и гребеа таму каде најмногу боли, удираа на оптегнатата струна на минатото и како надојдена и нескротена река – копаа и длабеа.

Плетеше Мара и како што на иглите, котелците се нижеа, така во нејзините мисли се нижеа со име, презиме и прекар добрите и лошите луѓе, се нижеа добрите и лошите времиња, одекнуваа песните свадбарски, жетварски, лозарски, молитвените и колнежните мисли.

Се нижеа и деновите и годините што останаа зад неа. Нафрлуваше Мара котелец  и секој котелец - човек, име, куќа, песна, оро, рид, ливада, лозје, молитва за добро, за здравје, за покој на душите, молитва за светлина. Плетеше Мара и на  иглите нижејќи котелци, ги нижеше имињата на местата околу селото и со умот си велише:

- Долу, под селото е шупурка, таа голема чешма што ги вадеше сите бавчи и градини; натаму Ботковец, Ветричав костен, Големата Стена, Гошово, Дамко, Делје, Жачка, Жериште, Крлевица, Копадина, Мацанка, Петковец, Срненива, Чезмуле, Шекарица, Шемељка, Студеник, Почивалото  и многу други кои луѓето од власта  што дојдоа од Костур, со тефтери и моливи в раце, ги изодија и мислеа какво ново име да им дадат ним и на Мраморчето што извира од цепнатината на големата мраморна карпа.

Многу имиња изнададоа, ама старите од срцето, душата и умот никоја рака не успеа да ги избрише. - *Ανωνυμο*[66] - запишаа - да се вика Мраморчето и така запишаа во тефтерите, а за другите ќе дошле, рекоа, друг ден. Дошле. И одново умниците умувале што име да им дадат на ливадите, на шумите, нивите, ридовите, изворите, чешмите, траповите, вировите, патиштата, патеките, ветровите и на кучиињата кои цел ден ги лаеја... Некои ги крстија, а за многу напишаа: ***ανωνυμο – безимено*** и пред да заминат на поповите, даскалите и кметовите им оставија налог имиња да измислат за ората и песните, приказните, пословиците, гатанките, за

[66] Ανωνυμο (грчки) - анонимо – без име

ангелите и светците, за ветровите и дождовите, а новородените задолжително да ги крстат со имиња на нивните богови и божици и учените во писмото... за да бидат божествени и умни како тие...

Тогаш многу имиња изнададоа, додаваат и сега...

Шепотеше Мара и со шепотот на секој котелец што го нижеше на иглите му го даваше името на местото кое во сите времиња се пренесуваше од колено на колено... запаметено од прадедо и дедо и пренесено на внуците...

Котелец до котелец – име до име, тогаш и сега исто во срцето, душата и умот... секогаш исто и секогаш само едно...

- Шепотиш, Маре, ами за што шепотиш?

-За нашите места, Митре... име му давам на секој котелец... шепотам и во шепотот на котелците им ги давам имињата на нашите места...

Плетеше Мара... Нафрлува котелец до котелец и заедно со котелците  на иглите одново и одново нижи молитви, желби, молби, болки, воздиви, чемери, тага, жалење... Сите гласови од тоа време и тагата и чемерот од сега, во котелците ги нижи Мара..

Плетеше Мара и во плеталото ја нижеше и својата и туѓата тага, која имаше почеток, а крај нема и брег нема на кој би се задржала, за која дно нема во кое би потонела, безмерна и нескротена, неискажлива и безутешна, неизразлива и разјадувачка, ни лек ни мелем за неа нема и затоа непрестајно боли...

Мара го нафрли последниот котелец, трижди го врза конецот, на колено го посла чорапот, го погали, со дланката го стопли и, воздивнувајќи, дали од мака или од радост, рече:

- Митре, еве ти ги чорапите. Со здравје да ги носиш. А ако ми донесеш повеќе волна и фанела ќе ти исплетам... Само долги игли купи ми. А предивото, Митре, не е како нашето, меко и топло... не е, велам, како нашето... Нашето, Митре... – не дорече.

Зборот и се скрши на усните.

Солзи и го замрачија виделото...

А за тоа што боли во мислите, душата, срцето, надежта и тагата – дали има лек?...

Ќе прегорат ли болката?

## 10

Мара ја прегази педесеттата, ама ликот велеше дека векувањето и беше подолго. Видливи беа брчките околу очите и на челото што и ги набележа времето – невреме. Од товарот што го носеше по заминувањето на домаќинот на печалба во Америка, лицето се повеќе и венеше. Врз нејзиниот грб легнаа сите грижи за децата, ќерката и синот, нивите, стоката, куќата. Не успеваше сама да ги изврши сите работи, па затоа за орање и жнеење, како и за чување на стоката, најмуваше момоци и селски аргати, на кои за извршената работа им даваше од прибраниот бериќет. Чековите што ги праќаше Митре ги држеше врзани во крпче и ги чуваше во камарчето зад иконата на Богородица. Таму се собираа во купче, како што се собираа и годините поминати без Митре, без неговата топлина и прегратка. Во камарчето чековите не зборуваа, не топлеа, не галеа, не гушкаа, лежеа тие таму неми и глуви за болката што ја доживуваше во миговите кога во долгите непреспани ноќи врз нејзиното срце осаменоста легнуваше и ја гнетеше со неискажливо голема тежина. Таму, во мракот на камарчето, беа осамени, како што беше осамена и Мара кога ја совладуваа поривите на бескрајната тага.

Митре и се врати на Мара една година по доаѓањето на власт на генералот Метаксас. Во банката ги смени чековите и купчето пари и го даде на Мара, која на чување ги стави во истото камарче, кое сега веќе беше полно, ама затоа кај неа не се пополнија празнините што ги создаде големата и долга разделба со Митре. Неговото враќање беше враќање на радоста, што значеше нов живот, иако не траеше долго. Дојдоа полицајци од градот и врзан го одведоа. Во судницата му пресудија заточение под сомневање дека таму, во Америка, одел на собирите на кои се бараше автономна Македонија. И така, Митре, осуден како автономист, опасен за државата, одлежа две години, кршејќи и пренесувајќи камења на еден од сувите острови во Егејското Море. А парите, што мирисаа на пот истурена при градењето на долгата железница во Америка, собираа прашина и чмрееја во тоа скришно место во малото одајче, како што чмрееше Митре на тој остров – карпа, од кој никој не можеше да избега. Во предвечерието на војната со Италија, Митре се врати дома. Во селото вриеше од војска. Ден по враќањето, во име на владата му врачија налог ангарија да работи при градење на бетонски

бункер. Не се противеше. Му рекоа дека токму тој бункер и стотиците други кои селаните од Костурско и Леринско што со ангарија ги изградија по должината на грчко-албанската граница ќе помогне да биде спасена земјата. Но, не бидна така. Големата радост на грчката војска од победата над Италијанците заврши во албанската земја, надвор од Корча. Загрме глас дека од север Грција ја нападнаа Германците и Бугарите. По неколку денови во селото стигнаа Италијанците. Бункерите ги минираа и ги дигнаа во воздух, а на селаните им рекоа – седете си мирно, вратете ги пушките што грчката војска бегајќи, по нивите, патиштата и крстопатите ги фрли, а вие сте ги собрале. Колку за очи среде селото, се собра купче пушки, а се друго, лесни и тешки митралези, многу пушки, сандаци со муниција - во темелите на плевните и куќите, во скривниците ископани во шумите и под карпите... за да затребат. Затребаа, а најмногу кога комунистите ја почнаа граѓанската. Митре од темелите ги откопа десетте пушки, трите лесни митралези и двата сандаци со фишеци, ноќта ги одмасти, ги товари на коњот и отиде да ги однесе таму, каде скришум го собираа оружјето за новите борби и победи. Дома се врати без коњ. На ливче му напишаа дека по победата ќе му го врати народната власт. И од тогаш за многу работи му даваа на Митре слични потврди, кои Мара врзани во крпче ги ставаше во мрачното камарче зад иконата на Богородица. Чемреења таму заедно со парите, кои веќе немаше каде да ги трошат.

# 11

На една од вечерите, мажите собрани кај Митре, имаа врзано разговор за тоа што се случуваше во колхозот.

- Слушнав – рече Митре - дека Лазо тука ќе градел куќа?

- Така нешто се слуша... Јас – рече Михаил, иако нешто заштедив, тука куќа не би градел. Таму, во нашето место една куќа изградив, ја урнаа, ја пеплосаа, немост посадија околу, само темелите тлеат под бурјанот, шипот и трнот. Во туѓа земја нема да градам друга, зашто во мојата душа нема да има место за нова, бидејќи во неа споменот и болката постојано ќе бидат живи... Таква болка не ми треба...

Завладеа молк. Тишината ја прекина Павле, врзувајќи го скинатиот конец од вчерашната средба.

-Така ние – продолжи тој - останавме без раководство, да не речам обезглавени... Костурчани не останаа обезглавени само еднаш. Останаа обезглавени и по Илинденското востание. Вистина е. Удри вотанието, Костуско гореше, а главешините ги снема. Како? За ова по многу години зборува Пандо Кљашев со зборови запишани од Милетич и објавени во Софија во 1925 година. Таму е зазапишано дека тој, Пандо, вели дека кога гореа костурските села, тој испратил во Битола околу 800 жени за да се жалат кај конзулите. Жените не биле примени од конзулите, ги пресретнал само англискиот конзул, кој двапати ги фотографирал. Толку помош од странците. А во исто време Пандо на 17 октомври, си спомнува Пандо, заедно со Чакаларов и со сестрата на Чакаларов и со околу 20 други души ја поминаа грчката граница десно од селото Велемиш. Чакаларов, си спомнува Пандо, беше облечен во влашка облека. Поминавме, вели во спомените Пандо, качени на пајтон по Трикала. Момчињата Грците ги уапсија и по две недели ги пуштија, а тие преку Варна стигнаа во Софија. Јас и Чакаларов, вели Пандо понатаму, поминавме по Арта – Лезвос - Корфу-Триест- Фиума и стигнавме во Белград. На 8 ноември јас, вели Пандо, стигнав во Софија и на 10 ноември 1903 во Софија стигна и Чекаларов. А сега некој ќе ме праша – зошто ни го кажуваш ова? Ви го кажувам за да знаете како водачите најдоа покрив во Софија, а обезглавеното Костурско остана под голо небо и со турската сабја над вратот. Така тие, водачите, се спасија. Така и сега водачите уапсени во Бурели и испратени во Москва, најдоа засолниште во советските логори, од сликите не ми личат на советските логораши, туку тоа е друга приказна. Така Костурско по трет пат остана без глава. И, ете, сега, во оваа пустелија, на која и вдахнавме малку живот, тој, водачот, заедно со своите верници, сака да ни измисли нови водачи, значи да ни стави нови глави. А ние, тука, врескаме кој беше крив и

зошто. А во таа кривица и во тоа зошто сами не се гледаме? Водачи ни требаат, а не празноглавци носени од таканаречени наши пријатели. Меѓу нас има многу празноглавци кои сакаат да се војводи. Ете, така нашите водачи без пајтон, брод и воз 1945 година преку ридишта, трапови, шуми, беспаќа се сместија во Скопје и Битола, а Костурчани, Леринчани и Воденчани останаа на милоста и немилоста на новите грчки власти. Таму се караа, се делеа, се клеветеа, а потоа пак по истите шуми, трапови, ридишта и беспаќа се вратија и во екот на најтешките бојови се поделија – едните, таму во Преспа останаа на столче пред водачот како славомакедонци, кој многу им ветуваше, а кога одеа во Скопје, на столче пред Колишевски,, беа Македонци. А тие, пак, кои се сместија во Скопје, пиејќи горко кафе во кефеаната на хотелот МАКЕДОНИЈА, на Захаријадис му праќаа пораки дека лаже и го поучуваа како да ја води војната.. Така беше или не беше така?

- Може и така да се рече, ама сега, кога ние сме во емиграција другарот Захарјадис, сега, кога ние сме во емиграција, цело време мисли како да се организираме за...

Разговорот го прекина гласот на Мара, која застана во полуотворената врата и налутено извика:

-Името да му се сотре... што побрзо до пеколот да стаса... Тој, ли, непрокопсаникот, тој ли, кој не запусти и не донесе во оваа пустелија... Тфу!

-Не вели така, Маро... Тој за нас е најдобар бранител... Зарем не гледаш дека дојде тука од Букурешт, а можеби и од подалеку за да ни направи борбена, револуционерна организација која ќе не спасува од Тито и од Колишевски, а ти, ти како некој непријател, го напаѓаш... Не зборувај така. Човекот се грижи за нас, секогаш прашува како сме...

- И дали се уште сме живи... нели? – го прекина Мара. - Така де, се виде што ни направи и си го видовме алот и среќата – не попушташе Мара – туку ти и сите вие сега подобро можеби ќе биде да смените муабет, да си зборувате за некои повредни работи... Што туку само дробите Сталин, па Сталин, Никос па Никос, Тито па Тито... Тие си ги ваѓаат очите, ние останавме слепи... Така ести или не ести така?

- Грешиш, Маро...

- Како да не, јас грешам, а ти си во право... – не се предаваше Мара. – А затоа, што рече, да примиме некој тука од тие кои дојдоа на тој, како рече?...

- Конгресот...

- Е, тоа, конгресот... Нема да примам. Доста ми беа три години што примав и хранев и поев, и перев и чистев вошки и нечистотии... Види ги ти... ќе ми правеле нова, како рече?

-Организација, Маро, ем борбена, ем револуцинерна, Маро, а  најважно е тоа што ќе биде нова и тоа револуционерна, разбираш?

- А што ќе прави таа нова органнизација? Да не почне некој нов почеток? Со кого и против кого? Многу ли останавме? Или од нас што постанавме ниту трага ниту прашина да не остане? Борбена... револуционерна... тфу, да ти се посерам во зборот...

- Од почеток не, ама од таму каде запра и ќе продолжи да се бори со Колишевската банда и тие кои таму во Скопје си направија некој клуб на Егејците и дење и ноќе ја клеветат нашата партија и другарот ...

- Доста – подвикна Мара.  - Ако добро разбрав сега ќе ги саскате нашите против нашите? Значи мене против моите роднини кои живеат таму? Нели? Види го ти него, ќе ми дроби тука дека ќе правеле револуционерна организација за да не свртат еден против друг? Брат со брата да не се трпи? Брат со брат да се клевети? За кого ќе ја прават таа ја организација? И како рече дека ќе се вика?

- Илинден и тоа со големи букви, Маро...

- Ами, зарем Илинден не е и нивен? Ќе сте го делеле Илинден? Гоце и Груев, Даме и Сандански и сите Илинденци од Илинденците. Кутри, татко, во гроб ќе се превртува. И не само тој, туку и сите кои... – се раскина гласот на Мара, со црната шамија го покри лицето и залипа...

Во одајата завладеа молк. Очи вчудовидено свртени, челата збрчкани, усните растреперени. Мракот на тишината го скрши Мара:

- За себе, ами за кој друг – плачливо се одгласи Мара- ќе си прават организација и тоа револуционерна и за да биде измамата поголема, ќе ја викаат Илинден, а ние кои останавме треба да бидеме грбот.... Не, тоа не треба да помине. Јас, Мара, простата и полуписмена жена, ви велам дека за себе ќе ја прават, а измамените пак ние ќе бидеме. Не им беше доста тоа што го направија, сега им дојде ќеф нова да прават. Рече дека веќе се дојдени?

- Дојдени се и тоа од Чехословачка 36, од Унгарија 36, од Бугарија 3, од Романија 30 и од Полска 80. Сите поранешни активисти и членови на партијата. Многу од нив сместивме во школото, каде во училниците ставивме железни кревети, како овие, вашите, а тие, да не речам, поголемите, поважните, рековме да ги сместиме по куќи. Па си реков ај и кај вас да сместиме двајца. Да не бидете заборавени од честа. Топло е тука, чисто, убаво се е спастрено. Ќе бидат задоволни.

- Да не си рекол уште еднаш. Јас такви, в куќи не прибирам. Доста беше и доста е! Цели три години таквите подлизурковци не јадеа и тие и вошките што ни ги носеа и ни ги оставаа. Види го ти него, чест ќе ни било.

-А ти , Митре, што велиш? Ќе примите двајца?

- Па, Павле, веќе ти е речено. Не примаме.

- Пази да не погрешиш. Партијата знае што да прави со..

- Со таквите како нас, нели? Ќе не прогласи за народни непријатели и некаде ќе не прати, нели? – Митре ширум ја отвори вратата и рече: - Павле сега добро ќе сториш ако си одиш... од тука е излезот...

На излегување, Павле се сврти и заканувачки потсети:

- Времињата не се променети, Митре, иако сме далеку од дома. Тие така, како што беа таму, така се и тука... Јас, само најискрено, за твое добро, Митре, дојдов сигурен дека си останал таков, каков што си бил. Никогаш не си откажувал да ја помагаш борбата... Ме разбираш, нели?

- Подобро е, ич да не разбере... – се огласи Мара.

Павле стоејќи од другата страна на прагот, и се обрати на Мара

- Ајде, Маро, ти си најдобрата домакинка. Вразуми го овој инаетчија чиј збор, а и твојот, го сфаќам само како шега. Види таму добро да ја стокмиш одајата за двајца, а утре дојдете долу, во Крошченко. Другарот Захарјадис ќе држи збор. Сите треба да го слушнеме што ќе ни кажи за новите борби...

Митре го испрати до кривината на патот, без да му подаде рака на збогување, тивко му рече:

- Прибери се, Павле и не влегувај во вреќата на лагата. Никакви револуции нема да имаа... Добро ти рече Мара – пак ние ќе бидеме измамените...

На конакување не примија делегати од конгресот и на собирот не отидоа. Кутијата од која ги слушнаа првите ликувања, паролите и ракоплескањата, ја исклучија... Не слушнаа што рече и што порача водачот на големиот собир пред црквата над чија врата заборавија да го тргнат православниот крст чии рамена чиниш ги покажуваа различните, недоодени и погрешни патишта...

Вечерта, два дена по завршувањето на конгресот, кај Митре пак се собраа соседите. Тие кои не слушнаа што пренесоа радио-кутиите, беа желни да слушнат од тие кои од своите соседи кои беа на собирот, а и од тие, кои од радио-кутиите слушнаа што беше речено и што беше одлучено на конгресот.

- Ете – муабетот го почна Киро. – Ни направија конгрес. Бев на тој нивен конгрес. Седев малку по настрана и гледав и слушав. Милиот, драгиот, умниот, долго зборуваше за досегашните борби и за идните што

не чекаат, ама ниту еднаш не спомна народ. Не само тој, туку и тие кои му одобруваа, кои го фалеа. Никој. Народ никој не спомна ни ту на почетокот, ниту во средината ниту на крајот од својот долг говор. А народ бевме, нели. Бевме народ и тоа таков во кој тој и тие околу него, додека се водеше војната дадовме се и залак од уста делевме, се колнеа... Треба ли да ве потсетам на тоа што го кажаа и запишаа, а потоа бргу го избришаа? Кога најмногу им требавме, тогаш едногласно прифатија, запишаа и прогласија дека *,,Во Северна Грција македонскиот (славомакедонскиот) народ даде се за борбата и се бори со сеопшт хероизам и само пожртвуваност со што предизвикува восхит. Не треба да постои никакво сомнение дека како резултат на победата на Демократската армија на Грција и на народната револуција македонскиот народ целосно ќе се здобие со национално возобновување така, како што самиот тоа го сака и за да го добие, денес ја жртвува својата крв...''*.[67] Да, тогаш бевме народ зашто даавме се за борбата и за да бидеме народ требаше да продолжиме да битисуваме, жртвувајќи ја својата крв. И натаму им требаше нашата крв. На Захарјадис таа голема лага не му излезе на добро. Го подбраа и своите, тие со кои ги делеше преспанските пештери и тие од Белград и Скопје, а најмногу тие од Атина кои кратко ги прашуваа грчките комунисти во затворите и логорите дали се согласни со таа резолуција и доколку вела дека се соласни, тогаш беа прогласувани за велепредавници и без судење добиваа куршум в чело. Тогаш и најблиските му свртија грб и затоа само некој месец потоа паролата ја смени со друга и така пак ги излажа и своите и нашите... А народот кој го повикуваше на бој и му се восхитуваше, по неколку месеци, како плод на сите изгубени битки, го разнебиди и го растури, меѓу луѓето преку своите послушници посеа омраза, злоба, клевети... И пак ќе речам - на конгесот никој не спомна народ, туку само синдрофи ќе синдрофисес значи другари и другарки и се така како да сакаше да рече, ете, јас, сега само јас се грижам за вас и неколку околу мене, синдрофи ќе синдрофвисес славомакедонес ќе славомакедонисес, кои среќно и безгрижно живеете во народните републики и еве сега, за да не мислите дека сте заборавени, ви правам организација, ем славо-македонска ем револуционерна... И така најмилиот и најумниот наш син одново си ги прибра под своите закрила своите најверни остатоци и сите заедно со него се

[67] Дел од резолуцијата донесена во јјнуари 1949 година во с.Нививи, Преспе.

собраа во оваа пустелија за да прават нова револуционерна организација на славомакедонците кои го мразат Тито и заедно со него да ги мразат сите кои не го мразат Тито и така поделени меѓусебно да се мразат и да се клеветат. Така, мили мои, сега нема народ, има само синдрофи ќе синдрофисес, другари и другарки, а утре некоја будала сите нив ќе ги нарече граѓани и граѓанки, значи безимени и безименки... Така продолжуваат да си го играат ѓаволското оро на злото што одамна го почнаа. Народ, јазик и писмо криво име е што остоиме, тврдејќи дека некој не создал, та затоа со партиска директива направија некој нов јазик и сега со конгресот можеби ќе посакаат да направат некои нови славомакедонци од тие кои останаа живи та сакати. Секаде не има, се растуривме држави, по градовите, паланките, во некои села и веќе на гробиштата во туѓите земји. Се повеќе се нашите најмили кои, веќе лежат во гробиштата на Полска, Унгарија, Романија, Чехословачка, Југославија и отаде големите пустини, до оној далечен Ташкент земајќи ја со себе и големата надеж за враќање дома... Не е само тој злосторник, туку и тие се злосторници кои одат по трагите на злосторникот и злосторникот го слушаат и му се поклонуваат. И нема да ми е чудно ако утре некоја будала, ќе рече, еј вие таму, каде и да сте, ние утре ќе ви дадеме и јазик и име и нација и држава со еден убав договор, во кој вие нема да бидете тоа што сте, нема да сте тоа што сакате да сте, туку ќе бидете тоа што ние ќе сакаме да сте... Во времињата што истекоа и можеби во тие што ќе дојдат, не бележеа и ќе не бележат со договори. Ете, тоа ти е тоа и кој ме разбра, ме разбра, а кој не ме разбра, нека чита договори во кој духот народен е претворен во разделница, злоба, омраза, клевета, поткупливост и предавства. Злобните велат дека така беше и така е сега... Народ... Имаше народ кој крвавел и од себе се давал, се до срамниот пораз. А поразот за да се оправда, сега крив им станал народот кој со својата саможртва предизвикувал восхит и... и потоа не беше народ, туку нешто измислено од некој... и најдоа од родот наш алајќи кои како порано ги перат нивните валканици. Кого донесоа на тој конгрес? Алајќи донесоа, слични на оние од времето на фанариотските попови и даскали. Кој е крвникот и кој е неговата жртва синдрофи ќе синдрофисес, другари и другарки... Судбината си ја ставивме на неговата тезга, што се вика комунистичка партија на Грција. Се фалат дека нивното дело е непобедено, здраво, ама нашето е победено и здробено како непотребна стомна. Сега се обидуваат таа здробена стомна да ја лепат. Ете тоа ти е таа нова организација што ја

нарекоа Илинден и тоа со големи букви и славомакедонска та револуционерна. Со големи букви за тоа што играта, ми се чини, е голема. А таа игра се вика голема делба. Наша делба. Македонска. За името се работи. Немаш име, не постоиш... на нишан е нашето име. Што постои без име? Што се слави без име? Што се сади без име? Што преминува во бесмртноста и се овековечува без име? На конгресот беше и зборуваше и Полјакот кој е одговорен за македонските и грчките деца. Во секоја реченица, му беше името... Чекај да го отворам тефтерчето. Го имам запишано неговото име и некои делови од неговиот говор. Ете, Копичињски... не, не е така. Еве најдов. Копчињски, рекоа дека има бор, а тој, висок и ќелав, се исправи зад говорницата и вака зборуваше на полски, а јас од преводот што го правеше еден младинец, запишав во тефтерчето. Нема да ви читам се, туку најважното, според мене. Еве вака тој Копчињски, така рекоа дека се вика, вака зборуваше:

*-Користејќи ја можноста, би сакал, другари, да ги споделам со вас искуствата и забелешките во врска со воспитувањето на македонските деца и младинци во Народна Полска. Македонската младина заедно со грчката и полската, учи и се воспитува за свесни борци за мир и социјализам. Учејќи, мисли на ослободувањето на Македонија...*

-Слушнавте? Да повторам – *македонската младина мисли на ослободувањето на Македонија...* – Така рече Полјакот. Гласно. Сите тоа сме го слушнавме. Во тој миг во салата настана мртва тишина, а потоа се слушна шумолење, кашлање, еден, кој седеше до мене ми шепна – загази ќелавиот, утре некој ќе го влече за уши. – Не стигнав да запишан што рече натаму. Начулив уши и слушав. Заборавив да запишувам. Полјакот прекина и гледаше во салата. Шумолењето престана и тој вака велеше: *-Македонскиот учител, исто како и грчкиот и полскиот, кај младината ја внушува љубовта кон татковината и кон националната култура. Меѓутоа, досега немаме доволен број соодветни учебници, лектири и научни помагала. Наша желба, стремеж и цел, другари, е македонските деца да ги воспитуваме во духот на македонскиот патриотизам. Младината сака да ја знае историјата на Македонија. Па нели Македонија има прекрасна страница на ослободително-*

*револуционерни борби во своето минато. Би било добро во рацете на младите да се најде учебник за историјата на Македонија.*

– Полјакот пак прекина зашто во салата пак се слушна шум, некакво кашлање на негодување. Еве што уште запишав во моето тефтерче од говорот на Полјакот:

- *Не е можно да се сака родната земја ако не се познава нејзината историја и географија... Во училишната работа ни недостигаат граматика, правопис и лектира на македонски јазик. Без овие помошни средства не може да се учи мајчиниот јазик. Учењето на македонскиот јазик без овие учебници е губење време за учениците и за учителите...* – поучуваше Полјакот од говорницата. Го слушав со зината уста и затоа не успеав се да запишам. Ама не го пропуштив и ова:

- *Ни требаат* – рече - *10 македонски воспитувачки во градинките и 15 воспитувачи во детските домови. Уште полоша е состојбата со македонските учители. Ни недоста-суваат најмалку 2 квалификувани учители. Нема кој да ги учи на македонски јазик децата во повисоките одделенија и нема кој да ги подучува неквалификуваните учители. Пребарајте ги, другари, вашите кадри, можеби меѓу нив ќе најдете барем двајца квалификувани учители...*

- А што се тоа некфаликувани учители?
- Тоа се не учени учители...
- *А каде*- гласно праша Полјакот - *да се најдат барем двајца учени учители?*

Во тој миг ми дојде мислата да довикнам: - Партијата задолжително ќе ги најде меѓу своите кадри... Знае таа какви да најде... Ќе најде... како што најде такви со кои сега прави револуционерна организација и за срамота ја нарекуваат Илинден. А бе Илинден беше на сите Македонци, а тие нив ги поделија на Македонци и на Славомакедонци... Првите измислени од Тито, а вторите од КПГ. Нема што. Ја почнаа старата песна и си играат некое ново оро тие синдрофи ќе синдрофисес, другари и другарки, денес, а утре можеби само граѓани и

граѓанки, безимени и безименки... Така., мои мили и заблудени, конгресот заврши со такви резолуции, кои во готово ги донесоа од Букурешт напишани на грчки и преведени на славомакедонски  со аминување од драгиот и милиот водач... Долги беа ракоплескањата, паролите, радоста од големите и нови ветувања... Јас, да ви ја кажам вистината, се обидов да му пријдам на Полјакот за да му кажам дека сум трогнат од неговиот говор, ама службите ме спречија...

# 12

Во тесното купе, со дрвени седишта, во студениот железнички вагон, остаток од времето на австро-унгарското царство, по завршениот конгрес, се враќаа во Варшава полските претставници на конгресот, Лукашевич од Централниот комитет на Полската обединета работничка партија и Копчињски од министерството за просвета.

Првите десетина километри, поминати со бавното влечење и честото свирење на сирената на  старата парна локомотива, им поминаа во некакво натегнато, студено молчење. На лицата одраз на тукуречи две непреспани ноќи кои оставаа и белег на тоа, дека во себе ги средуваа впечатоците од престојот во Крошченко и учеството на конгресот.

-Не сум сигурен – прв се огласи Лукашевич – дали е добро тоа што учествувавме на тој конгрес и дали некои ваши мисли, пан Копчињски, добронамерно беа прифатени. Кога зборувавте за тоа дека македонските деца ги воспитувате во духот на македонскиот патриотизам и за богатата историја на Македонија, на лицата на тие, кои седеа во првиот ред, забележав горчливо незадоволство. Сигурен сум дека не го одобруваа вашето говорење. Вие, пан Копчињски, им зборувавте за Македонци, а сите кои говореа велеа Славомакедонци. Која е разликата? И која е целта на тој конгрес? Јас, пан Копчињски, со мене носам копија од телеграмата што нивниот партиски водач, Захаријадис, ја испратил до Централниот комитет на нашата партија. Еве што пишува:

*„Драги другари, на 5 март 1952 година ќе се одржи конгрес на Славомакедонците што се наоѓаат во народните републики за да одлучи за распуштање на организацијата НОФ, која беше формирана по предлог на Титовите агенти и формирање на нова национално-ослободителна организација на Славомакедоците „ИЛИНДЕН”. Ве молиме да одобрите конгресот да се одржи во Вашата земја, во новиот колхоз каде се наоѓа најголемиот број Славомакедонци. Доколку се согласите конгресот да се одржи во Вашата земја, ќе дојдат 80-100 делегати од други држави, кои ќе учествуваат на конгресот и ќе останат 10 дена. Од вашата земја на конгресот ќе учествуваат 80 делегати. Ве молмие да не известите во врска со изнесеното. 2 јануари 1952 година. Со другарски поздрави за ЦК на КПГ, Н. Захаријадис, с.р.”*

- Јасно е напишано во телеграмата која е целта на конгресот. Искрено да ви кажам, пан Копчињски, за мене тоа е некаква валкана работа и се прашувам зошто се валкаме ние во неа? Јас на другарите во Централниот комитет им реков дека ако дозволиме кај нас да се одржи таков конгрес и со такви наведени цели, тогаш и Грција и Југославија ќе не обвинат дека дозволуваме формирање организации кои од нашата територија ќе дејствуваат против нив. И ете ти протестни писма, дипломатски распавии, а можеби и расправа во Обединетите нации. На Запад само уште тоа му треба... И знаете што ми рече една главоња? –Вие, другар, Лукашевич, грешите. Прво - знаеме дека другарот Захарјадис е близок со другарот Сталин, а најмногу е близок со другарот Берија... А во тоа друштво е и нашиот Бјерут. Тоа имајте го на ум, другар Лукашевич. Се разбира замолкнав. Во

грлото запек. Си реков можеби во моментот молкот е најдобар другар. А вас, сигурен сум дека некои од нашиот централен комитет ќе ве товарат со неодговорност и политичка незрелост за барањата што ги изнесовте во врска со македонскиот јазик, историја, традиција и некои други работи... Знам дека вие ќе се оправдувате, воспитувајќи ги децата во духот на нивниот патриотизам, користејќи ги најдобрите медагошки методи и дека како многу искусен педагог децата ги воспитувате според слободољубивите традиции и вредности... да бидат македон-ски патриоти и да ја сакаат Македонија... Така ли? Јас, пан Копчињски, поинаку ја разбирам работата со тие бегалци. Ние Полјаците во минатото имавме големо разбирање за бегалците. Такви сме и сега. Наместо да им создаваме можности да се организираат во некои револуционерни и ослободителни организации, јас би се заложил да се организираат во здружение во кое би ги негувале своите народни и национални адети, своите народни песни, ора и вера, така, како што ние Полјаците во времето кога сме биле распарчени како држава повеќе од сто години, со помош на народните, националните адети, образованието, културата и верата не само што си ја сочувавме, туку и си ја зацврстивме таа *nasza polska narodowa tożsamość...*[68]. Здужение им треба преку кое ќе си останат свои.Така ќе си останат со своите адети и национална свест... Не можев да се изначудам на тие празни говори и пароли истресувани од тој куп *półgłówki*[69] донесени од таканаречените земји на народната демократија, кои најгрлесто му се нафрлија на американскиот империјализам, а најмногу на Тито. И наместо да се заложат да ги искористат сите можности што им се на располагање за да учат, да совладуваат знаења, професии, зашто инаку ќе се претопат во масата на пообразованата и покултурна средина, тие упорно загазуваат во своето трагично минато наметнато од други... Знаете, пан Копчињски, јас просто ги сожалувам... Кутрите, ги собраа во таа пустелија за да прават револуционерна и ослободителна организација, зашто така посака тој, кој, да не се лажеме, ги дотера до тука. Постојано ми се врти во главата мислата дека ним најмногу им е потребно здружение низ кое ќе ги негуваат своите адети, обичаи, песни, ора и вера и така ќе си останат свои, со свое име...

[68] Nasza polska narodowa tożsamość – Нашиот полски национален идентитет
[69] Półgłówki - будалетинки

-Така, пан Лукашевич. Сега се што се прави е само лоша и матна бура. Ќе ја одвее ветерот и во таа ведрина ние, полските педагози, ќе си ја продолжиме нашата работа. Јас сум во право, пан Лукашевич и готов сум да ги прифатам лошите последици...

- Дај, Боже, да сте во право, ама таму, високо, во Варшава, сигурно некои ќе речат - другар, Копчињски, воспитувајте, ама немојте да ја заборавите политиката... Тоа е тоа, пан Копчињски – политиката. И токму таа таму на конгресот беше најприсутна. Никој не ви ракоплескаше кога им зборувавте за проблемите во врска со воспитувањето и образованието на децата во духот на македонскиот патриотизам. Молчеа. Кај некои забележав изненадување и вчудовиденост, кај други гледање во таванот, како да очекуваа од таму да грмне и да ги замолкне тие ваши за нив богохулни барања. Ама кога на крајот извикавте неколку пароли за водачот и партијата, сите беа на нога... Нели? Грмна салата и ми се чинеше дека тој грмеж ги стопи вашите надежи...

-Токму така. И тогаш и сега ми е непријатно.

- Да. Токму тоа, паролите за водачот ја обележаа и ја заокружија целта. Но дали времето ќе ја оправда?

Возот полека се влечеше во мракот. Пан Копчињски и другарот Лукашевич не ја преспаа ноќта. Во долга расправа и размислувања зората ги пречека во Краков. Другарот Лукашевич со брзиот воз пладнето стигна во Варшава и право од железничката станица отиде во седиштето на централниот комитет. Во една од канцелариите дури на свечерување го заврши пишувањето на извештајот за конгресот во Крошченко.

Пан Копчињски, преку Вроцлав, наредниот ден, утрото слезе на железничката станица во Згожелец. Не отиде на појадок, туку право во својата канцеларија каде, откако сфари и испи два филџани јако кафе, го почна пишувањето на недовршениот извештај за состојбите во Државниот воспитен центар.

# 13

- Мијале, бре, оди кај Ристовци и прашај што е таа врева за одење дома? Се зборува дека оној Попопада или Попоз...

- Папагос, мајко, Папагос...

- Нека е така Папагос... велат дека дал право за враќање дома... Оди и распрашај се. Да не го пропуштиме денот... Време е да си одиме... Се зборува дека се прават некои списоци на тие кои сакаат да си одат ... оди, распрашај се... Тука беше Крсто и рече, дека од брат му, кој е во Канада, доби писмо и му пишува дека многу пуштија од островските логори и од затворите и тие се вратиле дома. Изгледа дале некое помилување... можеби и за нас ќе има нешто слично? Оди распрашај се. Доста сме се заседнале тука, време е да си одиме дома... Слушнав дека некои си ги собираат работите...

Михаил не веруваше дека е можна таква работа. Се колебаше, ама настојувањата на баба Стојна не престануваа, а и таа вест се повеќе сешираше меѓу луѓето.

- Се распраша, се распрашуваа луѓето, некои си ги собираа работите...

На пат кон управата го сретна Лазо и го праша дали слушнал дека Папагос даде амнестија.

- Така се зборува, Мијале. Папагос даде делумна амнестија. Луѓето се запишуваат, од банките ги подигаат заштедите, се впуштија по продавниците да купуваат алишта, кебиња, перници, разни најпотребни лати за домаќинството... А ти каде така?
- До управата. Таму белки повеќе знаат, нели?

Во управата на колхозот вриеше од љубопитни. Михаил се проби до вратата на Караникас и кога пушти рака за да ја отвори вратата, до него допре глас на караница.

-Што си запнал бре Караникас, со тоа титови агенти и не знаеш да престанеш? А знаеш ли ти, дека јас цели две години ги поминав во костурските и преспанските села – му се зададе на Караникас стариот партизан, Сотиракис. - Знаеш ли ти во тоа време чиј леб јас јадев?! Во чија постела спиев? А знаеш ли ти дека жената што си ја наклеветил ме носеше на своите рамена кога бев ранет, по пат ме хранеше и поеше и ме тешеше и ме молеше да издржам? Кого бре ти, руфјанос[70] низаеден, денес клеветиш? Заради тоа што неумни луѓе не водеа, сега ќе им судиме на тие чесни и предани селани и селанки. Тфу! Нели тука заедно со нив работиме, го делиме трудот на нашата пот, заедно се радуваме и тагуваме, се посетуваме, се дружиме? Срамота. Зарем сево ова ти пречи? Ти пречи тоа дека сакаме да си го најдеме мирот по се што досега ни се случи? Со нив, бре Караникас, ние живееме, а ти не делиш, од нив правиш непријатели... Зарем, ти, кој седеше цело време во Преспа, не си го слушнал нивниот глас, не си запаметил дека тие таму не хранеа, не лекуваа, не тешеа, нивните постели ни ги дадоа? Караникас, ти и тие околу тебе и над тебе, станувате нивни непријатели и наши, непријатели на чесните борци. Си одам. Тука веќе во оваа реа повеќе не соседи.

Од канцеларијата излезе непознатиот и брзо го снема.

Караникас, видно налутен, го пречекори прагот на вратата и гласно праша:

---

[70] Ρουφιανος (грчки) – подлец,

-Што барате, та сте се собрале тука, а?

Михаил исчекори пред толпата и рече:

-Слушнавме дека Папагос даде амнестија. Дали е вистина, другар Караникас?

-Вистина е... па што!

- Значи си одиме дома! – извика Михаил.

- Не! Не сите. Денес дојде човек од партијата и пренесе дека ќе има враќање само тогаш, кога во Грција ќе биде воспоставена народна демократија и на власт ќе дојде пролетаријатот. Сега, луѓе, седете си мирно, гледајте си ја тука работата, а за тоа, кога ќе има враќање, ќе одлучи високото партиско раководство.

Така на луѓето јасното им стана многу мрачно...

Михаил се врати во хатата и на неколкуте луѓе, кои со нетрпение го чекаа, им рече:

-Отидов во управата. Таму плева од луѓе. Излезе Караникас и објави дека партијата ќе решавала кој ќе се враќа. Рече дека во Грција се уште нема демократија, а кога ќе дошла демократијата, тогаш сите заедно во спални вагони ќе си одиме и таму ќе не пречекале со музика и цвеќе. Рече дека масовно и со крената глава сите ќе сме се вратиле. Партијата дозволува сега во Грција да се вратат само жените чии мажи се во Австралија, Америка и Канада, а од таму да си одат кај своите мажи... Така одлучи и така рече партијата...

- Тоа ќе рече дека нема да си одат во своите места?
- Така некако... така оди играта... Голема е таа играта и добро смислена, како сите досегашни игри во кои не тераа да играме...

Неколку дена подоцна баба Стојна го повика Михаил и го замоли:

-Тргни ја, бре Мијале, таа кутија од ѕидот. Само зборуваат и зворуваат. Оди кај Митре и Мара за да видиш каква кутија си купија. Си го слушаат само тоа што им е по ќеф. Ќе свртат тркалце лево или десно и ете ти наше зборување, наши песни. Прашај каде ја купија , па и ти купи една таква кутија која ќе ни пее наши песни...

Михаил, внукот на баба Стојна гласно се насмеа, па рече:

-Таа кутија, бабо, се вика радио.

- Ти, чедо Мијале, не ми се потсмевај, туку послушај што ти велам и оди кај Митре и Мара. Доста ми е да слушам нешто што не разбирам. Купи го ти тоа, како што го рече, а оваа кутија фрлија во трапот.

Михаил вечерта ги посети Митре и Мара. На крајот од посетата, рече:

-Јас дојдов со една молба да ми кажете каде сте го купиле радиото.

-Во градот, ама треба прво да го порачаш.

Дури по дваесетина денови Михаил го донеше радиото и ја научи баба Стојна како да го врти тркалцето, а кутијата од ѕидот ја тргна, се што имаше внатре извади и празна ја обеси на старата круша. Во неа ноќе спиеја птиците, а дење се криеја од дождот.

А баба Стојна, која не ги испушташе иглите и преденото, секој ден, плетејќи, го вклучуваше радиото и знаесливо ги слушаше од дома добро познатите и омилени песни што ечеа од радиото и цело време одобруваше и даваше совети.

*Тој што ми прстен подари,*

*Низ него да се пробива*
*Низ него да се пробива…*

Одајата се наполна со песната, а баба Стојна плетејќи го чорапот и целата внесена во песната, што гласно ечеше од радиото, прашуваше:

-Ами кај ти беа очите, мори пуста, зарем не си го видела?

*Тој што ми даде јаболко*
*Зелен да биде до гроба...*

- Бре, бре лоша, бре лоша ем погана...

*Тој што ми прстен подари*
*Низ него да се пробива*
*Низ него да се пробива*

- Што ти е крив човекот, мори лоша?

*Тој што ме мене целивна*
*Дај ми го мајко. Дај ми го...*

-Е, тоа де... ами како поинаку? – заклучуваше и продолжуваше да слуша.

Баба Стојна се радуваше кога ги слушаше песните што како девојка ги пееше со друшките кога се собираа на плетење, влачење, на дробење пченка... Неминовно таму беа и селските беќари. Весело беше...

Песните ги будеа нејзините спомени, се постелуваа и легнуваа во нејзиниот скут, ја враќаа дома, ја шетаа по зелените ливади...

Малку мигови на радост, многу мигови на тага...

# 14

Во полу мрачната одаја во една од пред некој ден стокмена дрвена куќа во Крошченко, сместија петмина довчерашни пациенти од болницата 250. По испишувањето од болницата научиле трактори да тераат и како такви ги испратија во колхозот НОВ ЖИВОТ. Такво име им напишаа на пропусниците и патниот налог. Сите разговори – во врска со војната и нивните доживувања се водеа по работното време кое завршуваше некаде пред полноќ. Најразговорлив беше Трајче. Под пораснатата коса над десното уво имаше голема лузна и во средината црвена дамка. Во болницата 250 му го извадија парчето железо од минофрлачка граната и еден куршум длабоко заоден во левата плешка.

Зборува Трајче за војната, понекогаш толку многу и долго молчи, што на другите им се чини дека спие. Ама не. Одеднаш се фаќа за лузната над левото уво, полека ја трие, се згрчува и вели:

-Нас, довчерашните борци - војници, навикнати на строга дисциплина и војување, сега инвалиди, не пратија по државните земјоделски стопанства не за да работиме, туку да ги убедуваме тие кутри наши селани дека не ја изгубивме војната, туку мируваме со пушките крај нога. Какви пушки, бре? Знаете ли каде се тие пушки? Во магазините на албанската војска. Таму се. А гласно лажат, дека пушките се на мирување крај нога... Ни рекоа, како што сега ги викаат- колхозниците, да ги заштитиме од тешките временски услови и за да им биде потопло со нашите раскажувања за победите, демек, ќе им го дигаме духот. Кутрите тие, а уште по кутри

ние. Наместо тоа, ние ги потсетуваме на лошото и злото што сите не снајде. Правиме растур во нивните мисли, срца и души. Со леснотија катадневно омаловажувани, понижувани и навредувани како титови агенти, сега во времето кога престанаа да крвават, а кога беа најбарани за жртва, тогаш беа најмногу пофалувани и возвишувани. Сега – за тоа не си потребен, ама им требаш за да го оправдаат злото. Без нас, Македонците, Захарјадис со својата полуписмена банда, а да знаете дека тоа негово цело политбиро било составено од маџири[71], и тој бил маџир, а во најголемиот број од командниот дел поставил полуписмени Власи и Маџири. Кој од високите команданти не беше Влав или Маџир? Ништо не би можел да стори во војната без нас, момчињата и девојките од Македонија. Без нас не би одбранил ниту едно мало ритче, а камо ли два месеци да го држи во оган и пламен целиот Грамос. Ние, бре, се боревме еден против десет, па и еден против дваесет. Ние, бевме неговата сила, неговиот прв чекор во борбата и неговиот грб во одбраната, ние бевме неговата тупаница, а не тие – ναφτεργατες[72], белосветските синови на сиромашните работници од бродоградилиштата и доковите, за кои ни велеше дека се најборбениот дел на пролетаријатот, а ние, не знаејќи дури што е тоа пролетаријат, му верувавме. Прашавме ли некогаш? Не. Никогаш. Само верувавме на збор. Ни велеше - тие се пролетери, дека пролетерите се тие кои прават револуции, а селаните, значи ние, сме нивна резерва. Кутрите кога видоа шуми, уплав ги фати. Итромани, картаџии, лажговци, курвари, пробисвети, малку писмени и снаодливи, за разлика од нас, се испикаа по штабовите, во позадинските служби, како и тие кои од Румели и Тесалија, сега тука се испикани во канцеларии. Ги нема во фабриките, ги нема и во колхозите. Мераклиски живот си вртат низ полските градови, мамејќи ги Полјачките дека тие, таму во Грција, терале париска мода, а свињите ги хранеле со портокали иако дневна храна најчесто им беше бајатиот леб, кромидот и маслинките. А

[71] Маџир – мухаџир- арапски збор – со значење: бегалец, доселеник. Маџир- маџири, Македонците ги викале доселените грчките христијани кои по грчко - турската војна (1919-1922) според договорот во Лозана (1923) беше извршена размена на населението меѓу Турција и Грција. Во Егејска Македонија беа населени околу 600 илјади со што се промени етничкиот состав. Во времето 1945-1946 маџирите во Костурско во времето на така наречениот бел терор (1945-1946) се запаметени како масовни учесници во пљачкосувањето на македонските села и тероризирањето на Македонците.

[72] Ναφτεργατες – пристанишни и бродски работници

тој, нашиот најсакан, најмил, најумен, најголем син, мил, кроток, и сега ни е лек, мелем за рани... Велат, веројатно неговите најблиски соработници, а всушност, најголеми негови непријатели дека немал завршено дури и основно, бидејќи со татко му, трговскиот претставник на фирми за трговија со тутун, детските и момческите години ги поминал под покривот на многу градови. Живеел како дете и во Скопје. Лесно се фрла својата вина врз туѓ грб. Требаше некој да биде оправдан. Врвот – никогаш не е крив. Врвот праќаше таканаречени инструктори. Тие лагата да ја прават вистина. Се уште не можам да разберам зошто толку многу омраза се сееше, па и сега тоа се прави? И ние и сега жнееме неслога. Во тие мали штабови на партиски послушници своите поранешни соборци и нивните родители, сите таканаречени Славомакедонци, ги нарекоа агенти. Молчеа и трпеа. Никој не крена глас. Гневот сокриен длабоко во себе, го држеа силно, како што со ѓем се држи нескротениот коњ, а мојот командант Пандо Којната, го набедија дека го напушти Лисец и му стокмија столче за воен суд. А јас мислам дека тој добро стори кога со целиот штаб на единаесеттата дивизија го напушти Лисец. Да, така беше иако наредбата беше ниту чекор назад. Составот на дивизијата тукуречи целиот од наши момчиња и девојки. Се костурски, леринcки и воденски момчиња и девојки. Биеја авионите, топовите. Ридот и бункерите – пепел. Специјалците, тие што ги викаа локации[73], на чекор од ридот. Ние се браневме и гиневме. Голема сила не биеше. Фронтот скршен. Таа голема сила сега уште посмртно не биеше. Нивната пешадија – плева. Напаѓаа во бранови. Мислам дека Пандо не сакаше сите да изгинеме. Тој сигурно процени дека нема никакви можности да го задржиме Лисец и затоа нареди отстапување, повлекување. Претпочиташе да оди на воен суд отколку на својата совест да ги носи непотребните жртви. Не му требаше слава. Му требаа животите на момчињата и девојките. За дезертер го прогласија тие кои ги изгубија битките за Воден, Саботско и Лерин. Битката за Вичо траеше се на се само три дена. Останатите два дена беше чистење. Броење на убиените и заробените, Се на се пет дена и беа потребни на владината војска да пеплоса се што скоро половина година селаните од Костурско и Леринско од Вичо направија тврдина. Ама таа тврдина ја урна голема сила. Пепел бункерите. Нови бомби донесоа Американците. Јабана рововите, јабана бункерите. Нашите позиции една

[73] Лохи оринон катадромон – чети за ридско-планинско војување

по друга паѓаа. Голема војска не биеше. Велеа подоцна дека не бија толку и толку авиони, толку топови, толку минофрлачи, толку тенкови и толку. Кој можеше на тој мал простор да издржи пред толкава сила? Ако сум жив тоа само благодарение на наредбата за повлекување. А таму во Бурели, таму во Албанија, тие, кои најмногу беа криви на Пандо му ја стокмија клупата за судење. Некој се охрабри и рече – ако му судите на нашиот командант, тогаш треба на сите да ни судите само затоа што останавме живи.. живи сме благодарение на Пандо. И да ви кажам... Кога ги гледам сите овие гадости што ни се прават, почнувам да размислувам за тоа што е тоа за кое сега најмногу жалам? Зошто сум останал жив... зошто таму не изгорев под напалмот, зошто не ме убиле?....

*Та опла парапода*. Пушките до нога. Какви опла, бре, кога уште на границата не разоружаа Албанците, ни ги собраа пушките, останавме голи без нив, навкнати три години со нив да спиеме, сонуваме, мислиме....

Сите, скоро без исклучок, сите ние бевме привrзаници на Захарјадис. Таа приврзаност кон него ни ја внушуваа од деца. Сега кога го нема и лесно е да се фрла по него камен и кал. Кој би бил јунак кој би се осмелил лош збор да рече за него? Бевме како хипнотизирани кога го изговаравме неговото име и лудувавме од радост кога го гледавме. Како Германците кои беа вљубени во Хитлер или како Русите и сите Кавкасци и Азјати и комунисти во светот во таткото на народите, Великиот Сталин, се се пишуваше само со големи букви... А и таму во Југославија се најде ли јунак да рече лош збор против Тито? Сите тие името и славата си ги штитеа со помош на логори. Таму не ги превоспитуваа туку... А нас, по налог на партијата и на тие наши недоделкани цепеници, до пред прогласувањето на резолуцијата на тоа проклето ИНФОРМБИРО[74], не тераа

[74] ИНФОРМБИРО – Информативно биро на комунистичките и работничките партии. Една од најважните институции на блокот земји кои беа под советско влијание. Неговата генеза треба да се бара во влошените односи меѓу САД и неговите западни сојузници и СССР. На Сталин му беше потребна потесна координација и контрола на активностите во државните организми припадници на источниот блок под влијание на СССР. Оттука во Москва беше донесена одлука да се одржи состанок на високи комунистички претставници на СССР,Југославија, Бугарија, Унгарија, Романија, Чехословачка, Полска, Франција и Италија. Состанокот се одржа на 22-27 септември 1947 година во Шкларска Поремба, во Западна Полска. На почетокот седиштето на централата се наоѓаше во

Тито да го славиме, а по прогласувањето, не тераа да го мразиме, да го пцуеме и да го валкаме со највалкани зборови... И добивме вратка. Со некадарници влеговме во војна и со некадарници изгубивме војна. Тито ни ти бил крив, нели? Зошто грчките партизани, тие наши соборци не ги нарекоа титоисти, значи непријатели, туку нас, само нас Македонците? Ете, така тие тоа... Ќе почекаш да ги снема и тогаш стануваш храбар и почнуваш да ги мразиш... Ги мразиш како да се живи зашто мртви ништо не ти можат... Чудни сме ние луѓето, нели?... А затоа, за јазикот и азбуката... Тито е само сламката за која се фаќаат за да ја скријат намерата да го уништат јазикот. Ќе правеле славо-македонски, егејски јазик и азбука според руските и бугарските граматики и со тоа ќе отвореле фронт против титоизмот... како да не. Еј, овци ни заедни, чукнете се по лејките... Отвораат фронт против нас, против нас Македонците. Штом ни го искоренат јазикот, ќе не искоренат и нас... Удрија, луѓе, тие удрија по јазикот, по писмото, а јас ќе речам удрија по нас, како таму, во Грција. Која е разликата? Таму со закон и присила, тука со партиски решенија, партиска дисциплина, значи послушност или, да не речам – пониско главата, посвиткан рбетот... па тие, кои не водеа први прифатија дека се Славомакедонци. Рекоа така одлучи партијата. Кога беа на видување и поклонение кај Захрјадис, беа Славомакедонци, кога беа кај Колишевски, тогаш беа Македонци. Добро им беше кога седеа на две столчиња... Напошавме исорија на најцрната страна. Во неа одгооврни нема.

- И ти во тоа веруваш?

-Дали верувам? Сакам и тоа многу сакам да верувам, па дури и се надевам.

-Не можеш бре со луѓе воспитувани во три три држави, нити село да изградиш, а камо ли држава. И со уште еден куп дојденци, куп од секакви муцки, кои те клепаат по рамо, а со тоа ти ја цицаат земјата не како

---

Белград, но по недоразбирањата меѓу Тито и Сталин, беше пренесено во Букурешт. Официјално Информбирото беше ликвидирано дури во 1956, кога веќе практично немаше потреба од неговото постоење. Комунистичката партија на Грција ја прифати резолуцијата што придонесе до остро заладување на односите со Југославија, а за поразот на комунистите во граѓанската војна, КПГ ја обвини Југославија. Македонското раководство и голем број активисти и поединци беа прогласени како агенти на Тито.

трговци, туку како шпиони и агенти. Лошо велам? Тука се е насобрано и убаво и грдо, а никој добро не ти мисли. Сите многу ни ветуваа, а залогот за тоа е – дајте крв. А најмногу тие тоа ти го бараат за кои велиш дека ти се најголеми пријатели, своето пријателство можат да ти го потврдат со некои нови напалм бомби или со нешто шолошо. А полошо е лагата...

-Ги собра тој сите кои му веруаа во тоа Бурели и ги стави на столче.

-Море требаше под бесилка!

-Ги прогласи за виновни и за шпиони, демек тие се криви за поразот.

-А што требаше да му речат?

-Требаше в лице, пред очи, да го плукнат, па да му речат - не ние, туку ти и твоите сте криви за поразот. Ние целиот наш народ го дигнавме на нога. Ако за поразот нас не обвинуваш, тогаш го обвинуваш нашиот народ кој од себе се даде. Тој е жртвата на поразот, а ти виновниот.

-Абе тие ќе беа обесени, ако така би рекле! Еден по еден ќе ги стрелаше или ќе ги обесеше.

-Па така требаше да постапи. Така тие ќе си го спасеа образот и ќе си го сочуваа достоинството, а не да молчат. А ние ќе ги славевме. Во некое таму идно време и споменици ќе им подигневме.

-Ајде, ре... Споменици на такви, кои седеа на две столчиња. Послушни во Преспа и послушни во Скопје. На такви споменици? И што сторија кога ги пуштија на слобода од логорите во СССР? Ги собраа во Алма-Ата во Казахстан, наместо да се растурат меѓу бегалците во источните земји и цело време се караа и се договараа како што поскоро да се вратат во Скопје. Се зборува дека, кога Хрушчов беше на посета во Алма-Ата, се договорија да му достават писмо со барање да им дозволи да се вратат во Југославија. Напишаа писмо и ја пуштија Уранија, тогаш најмлада меѓу нив да се растрча и од толпата да вика: - Товаришч Хруштов,

пожалујста вазмите ето писмо. Ми југославските комунитисти и позвољте нам уехат в Југославију. Хрушчов им ја удоволи молбата. И пак ќе речам, наместо да се растурат меѓу луѓето што ги растурија по источните земји и да станат нивна глава, како во војната и пред тоа, тие се вратија во Југославија и станаа поголеми Југословени. А Павле, кутриот,[75] на тие Југословени им рекол отворено: - Другари, ние тој народ го дигнавме според ветувањата на КПГ, која сега се распаѓа, а главниот, мислам водачот, веќе го носи ѓаволот. Па затоа мислам дека е најдобро ние да се распоредиме по државите каде се нашите и последни да се врартиме во Скопје. Рекол човекот и станал нивен крвен неистоимисленик. Море непријател. И продолжија да се караат и со своите неистомисленици, кои добро заседнале во Скопје. Само што крв не течеше, а меѓусебните обвинувања и клевети беа на дневен ред и на наекој добро му одеа од рака. Така со нив ние си останавме без глава, обезглавени.

-Е, еј, бре, а бре, шутраци, кој сега ним ќе им поверува, а? Нашинците по земјите каде што се сега, проучија и научија и нешто сфатија дека си имаа работа со неписмени или полуписмени, како некои од нас, со завршено или незавршено четврто одделение, со завршена или недовршена гимназија или учителска школа, па некој и со факултет, им поверуваа не неписмени, ама затоа харизматични големци. Бре недовршени попови станале сила, обични механилари станале мозок, а за Захаријадис, пак велат за него, дека никогаш како ученик зад клупа не седнал, ама затоа бил добар ученик кај Сталин и најдобар кај Лаврентија Берија. Знаете кој беше Берија, нели? И сите станаа силни, недопрени. А западњаците тераа со ум. Додаваа и одземаа, множеа и делеа, врзуваа и одврзуваа и тоа со голем ќар. Само ние – секогаш будалаци. Кој стигнуваше побрзо да ни подаде валкана рака, него го прифаќавме. Еј, што ми сте чудни. Правда барате. А бре, не се занесувајте. Барате правда. Правдата, бре, лежи во рацете на посилниот. Тој одредува што е и што не е правда. Тој, силниот ја пишува правдата и, кога му е потребно, тој ја брише... Договори тој пишува, договори тој брише и тогаш ако му пречиш, ќе те згази. Тој е тој, а ти си никој или некој само ако му станеш послушник или алајка, без разлика. А сега, кога го

[75] Станува збор за Павле Раковски, еден од поранешен организатори и член на главниот одбор на НОВ

нема милиот и умниот, ние како зајаци играме околу мртов лав. Него го нема и мислиме дека дојде времето на нашиот глас. Силниот, бре, будали, врзува и одврзува. Можам уште многу така да зборувам, ама ако се појави некој друг насилник, дали и тогаш гласот ќе ми биде ваков како сега или ќе ми секне, а мислата ќе ми смрзне во мозокот. Не е туку така речено – најмногу да се плашиш од човекот. Од човекот велат се плашат и најголемите ѕверови. А знаете зошто? Затоа што човекот мисли и со мислата убива, значи со мислата прави се што ќе посака. Велат дека само Господ не греши. А јас мислам дека  греши, се разбира не секогаш, ама еднаш згрешил. И тој грев не може да му се прости. Ете, зошто. Погрешил Господ тогаш кога создал нешто на свој лик и го нарекол човек кого го затворил во еден логор, што го нарекол рај. А ма за да не му биде досадно и да не е осамен во тој логор каде имале секакви убавини и јастија и едно дрво од кое му забранил да не го јаде неговиот плод. Така, тате  Господе рекол создадениот. Ама дали од сожалување или од некоја друга причина, Господ на човекот му исекол едно ребро и од него му направил нешто што го нарекол жена на која и рекол да му биде верна и да не го наговара и тера да прави лоши работи. И се било добро до тогаш, до кога неверната, ја послушала змијата која на таа негова добра душа, му дала да гризне од јаболкото. Господ кога тоа го видел, се налутил та го викнал и налутено го прашал – нели сум ти рекол бре абдал да не јадеш јаболка? А ти што си направил? Не си ме послушал. Затоа ај сиктер од рајот, непослушнику низаеден. И така за непослушност божјиот човек бил протеран од рајот. Со времето кое растело во епохи, векови и години, од тој непослушник се родиле многу луѓе, на чие чело најчесто застанувале такви кои барале да имаат многу послушници со чија помош создавале свои рајови, во кои добро живееле, а таму жените не ги слушаа и најмногу ги казнуваа со тоа што спиеле со туѓи жени, а непошлушниците ги затворале во други рајови кои се викале логори и во кои немало јастија. Во тие рајови затворале илјадиници, море милиони непослушници. И од голема желба за власт, се рабира нудена за добра услуга и од страна на странци, не знам дали таму ги јаделе живи, ама се зборува дека една бабичка пред некое време во сон видела  и утрото на селаните им претскажала дека во една мала земја, денес поделена на три рајови, во едно село ќе се роди еден кој кога ќе дојде до моќ, тогаш ќе создаде свој рај во кој своите малу бројни непослушни сонародници нема да ги праќа во некој рај, туку живи ќе ги јаде. Така

претскажала бабичката... Не дај Боже пак нешто слично да се згреши... Мислам дека не реков нешто лошо туку само предупредив – мои човечиња, мои бумбарчиња, црвчиња, бубачки и други животни што лазат, немојте многу да трескате за некои договори, закони, прописи. Силниот ги пиши, силниот ги бриши... А вотка во шишето ни капка. Дај, види таму под перницата да не лежи нешто. Ај, наполни ја чашката, ако сакате да ви кажам и нешто повеќе. Нели сега сум најумниот од вас? А вотката, ви велам, е како партијата. Ќе те издигне, а потоа ќе те кутне. И партијата, ако си послушник, ќе те издигне, а ако станеш непослушник, тогаш ќе те кутне и ќе се најдеш во некој рај... Е, море Адаме, море Адаме... што ти требаше да се излажеш и да го изедеш тоа пусто јаболко... Види, види, за едно јаболко да бидеш протеран од рајот и да се најдеш пред закана дека некој си таму кој се готви да биде голема власт веќе најави дека ако не го слушаш, тогаш жив ќе те изеде... Ете, некако вакви будалаштини ми доаѓаат на ум... И да ви кажам, јас дури и кога не спијам сонувам само огнови, огнови, огнови, оган до оган, пламен до пламен висок во кој горат цели ридови. Во сон гледам како гореше Аљавица, Краставец (Грците го прекрстија - Псорјарика), Чарно, Голио Каменик. Огновите беа огнови на победата, се разбира не на нашата победа, нивната. За нивната победа беа големите огнови. Огнови на радост за нашиот пораз. Легнати на албанската земја, на чекор од границата, гледавме како горат планинските врвови. Гореа врвовите, гореа и нашите души. Во тие огнови гореше и изгоре нашата верба. И ние горевме. Гореше и изгоре нашата надеж...

- А токму во Бурели каде не собраа, таму со денови, на собири, не убедуваа дека не сме поразени, туку само пушките на готово ги ставивме крај нога... Кои пушки, бре. Та нели уште на граница ни ги зедоа Албанците? Кои пушки ставивме крај нога? Таа ли која никогаш никој од тие кои не водеа, не ја зел в рака? Кои пушки, бре? Зарем заборавија дека на самоти граница албанските офицери ни наредуваа да ги фрламе во купот. Така, штом стапивме на нивна земја – пушките, целото оружје што го носевме – го фрлавме во купови те пиштоли, пушки, автомати, митралези, минофрлачи... Заедно со нив и нашите солзи и пцости и болка за изгубеното и срамот за поразот... Ни велеа да не губиме надеж, состојбата штом се среди, штом се смири, тогаш одново ќе и сме биле потребни на партијата... Таа знае што треба и како да се прави и кога... Вербата велеа, да

не се губи. Три години не переа со таа  верба, три години никој од нас како да немаше мозок во главата, туку вода што ја матеа како ќе им текне.. Само разбирам. И пикнати таму далеку, на северот, во гнилите бараки-касарни во Бурели, клеветејќи НОФ и АФЖ за предавство, всушност сите нас не наклеветија за такви, а КОЕМ[76] ниту го спомнаа. Тоа лудо чедо сами си го родија и тивко го оставија само да се уништи. Ја сокрија и големата измама. Едногласно на тој нивен Петти пленум што го одржаа во селото Нивици, едногласно прифатија и запишаа запишаа  во таа резолуција, а претходната ја знаете, нели, а само по еден месец бргу се откажаа, ја премпишаа на друга хартија и со друг молив, а ние пак им поверувавме. Сега, кога на таа измама помислувам, кога се обидувам да се олеснам од тоа ветување, ми се чини дека се уште некој ми се потсмева и ме плука... Мене, а не лајното. А знаете ли зошто го премолчаа КОЕМ? Затоа што сами го создадоа и сами го заборавија. Се истопери човекот и без срам ни рече дека Демократската армија не е победена, дека не претрпевме пораз и дека пушката само ја ставивме до нога. За мене, бре, тоа постојано лигавење дека не претрпевме пораз, туку само пушката ја ставивме крај нога, е жива рана, отворена и загноена. Таа е крик на нашиот пораз. Таа е рана во срцето, во душата и сега таа рана ја носиме во душите... Поразот и ова битисување во калта, е рана на животот... Чисто. Во главата – чисто. Ни бараа да веруваме. Во што?... Ноќе кога се будам, се  ми се чини дека ги слушам врисоците и лелеците на осакатените момчиња и моми, во ушите ми удираат трештењата на  топовските гранати и гласовите на очајот... Викаат, молат, а јас да помогнам не можам. Сонувам... Слушам гласови и се плашам очи да отворам. Отворив ли, тогаш гледам осакатени моми, лица без очи,тела без нозе и раце, крв врз камењата и карпите, распарчени  стебла на буки и пламен и оган. Во мене се се корни. Ме боли таа голема лага, дека ние ќе победиме... Кого бре ќе победиш? Кого? Па  ние бре со боревме со Америка!!! Па нели ни велеа дека се бориме против англо-американскиот империјализам? А знаеја ли што е тоа американски империјализам? Кој бре досега ја победил Америка? Зарем ние парталковците, босите и гладните, со старите италијански и германски автомати и чешките топови од пред првата светска војна, ние, кои

[76] КОЕМ – Комунистичка Организација на Егејска Македонија – формирана од КПГ во  март 1949 година во преспанското село Нивици.

умиравме и од глад и од студ? Ние ли ќе сме ја победиле Америка? Ние селанчињата што не хранеа повеќе со лаги и со трошки од бајат леб? И не престанаа да ја сејат лагата дека не не победија, бидејќи пушката сме ја ставиле крај нога таму некаде скришно во албанската земја. Море не кутнаа, бре, не столчија, не сомлеа. Само што уште не ни послаа смртна постела... Кога, бре ќе научиме да мислиме?! И сега што? Во долго кованата парола за братство и единство, плетена со нашата крв, нашите рани, нашето жртвување и нашата послушност и глупост, сега врз сето тоа легна острата секира на недовербата, омразата, кодошлукот, поделбите... Време е за будење, време е да се тргне велот од лицето на заспаната нација...

- Со што, бре, ќе ја разбудиш оваа нација?
- Со образование. Со сплотеност. Со една мисла. Со труд...
- Тоа, братко, се само пароли.
- Нам ни треба обнова на мозокот и душите. Мора од нас да се откорне ропската душа, во жилите да се приточе нова крв, од главите да се избриши долго натрупуваната прашина, која на мозокот ќе му даде моќ на самостојно мислење. Сакам да кажам – нам ни треба преродба. Таа ни треба. Од корен. Дружење, пријателтво, соработка со сите, ама без услови. Да си бидеме свои на своето. Дозволивме со валкани прсти да ни чепкаат во се. Не Македонци, туку славомакедонци, измисени сте и јазикот ви е измислен и нацијата ви е вештачки создадена од Тито, кој им стана коска во грло... Само крвта е ваша, тоа се бараше од нас и со таа резолција. Крв, крв, уште многу крв. Колку повеќе крв, толку поголема измамата. Крв, многу крв му требаше на водачот. Во самопрегорот, во таа сепаленица горевме...

Во долгите ноќи, далеку од дома, во дрвените украински хати, очајнички ја бараа вистината.

А меѓу нив имаше такви кои во секој миг, по наредба, директива или одлука безмилосно го сечеа конецот на надежта, верата, стремежот и копнежот. Тие беа најверните изгубени ангели на партијата...

Скршен глас замре во одајата што тонеше во мувлата, влагата и гнилотијата на подот. Во таа замрачена одаја, му се чинеше дека два гласови тивко лелекаа – неговиот и гласот на душите што допираше од ридовите на

Вичо и Грамос... Во секоја нова ноќ одново ја почнуваа расправата и не само во таа ноќ, туку и во сите наредни, остануваа заложници на гневот, презирот и омразата.

-Сега – се огласи – сега сме далеку од огновите и пламењето и од дома... не делат држави, граници, забрани над кои виси нашата нескротена желба – да се вратиме, ама со маслиново гранче во рацете...

Долг молк.

- Сакал не сакал мое е да признам дека многупати умирав. Умирав од страв кога паѓаше наредба да одиме во напад; умирав од истоштеност од долгите ноќни маршеви; умирав од глад; умирав од студ, умирав од жед, умирав во болниците лекувајќи ги раните, умирав од болка кога гледам како ми умираат другарите од ровот и бункерот и сега умирам од разочараност... Умирам, мајката. Ама се уште сум жив...

Оф! – се откина издишка и одекна како скршена сува гранка. – Во нашата куќа не паметам дали некогаш згасна огнот во оџакот. Тлееше спузата покриена со пепел. Дедо ми велеше дека огнот , па дури и најмалата искра е знак на животот... Дали сега таму во нашите куќи има искри?... Во долгите зимски вечери, мајка ми кога ткаеше, кога влачеше, кога предеше, кога плетеше, секогаш тоа го правеше покрај распалениот оган во огништето. Беше ситна женичка, а на ѕидот нејзината сенка беше голема, огромна за нас децата. Така покрај огнот и пламенот растевме во нејзиниот скут и покрај нејзината сенка. Пораснати не одделија од нејзината сенка од нејзиниот топол скут во кој не галеше. Не собраа, едни во планина, други во државите и мајка остана сама... Остана сама. Во таа самотија упорно и грижливо го чуваше огнот, ја јакнеше вербата и надежта во себе дека ќе и се вратиме. И неа и нас не мелеше времето. Доволно е само за миг да затворам очи, па да се видам мал во скутот на мајка ми во кој никогаш не бев гладен и жеден... Затворам очи, ете вака, и сега што гледам? Ја гледам влажната земјанка и ровот и бункерот на 103 бригада во кој секој ден со многу зборови од кои ниту половината неразбирливи, политичкиот комесар ми внушуваше и ми ја полнеше главата со некоја вера во која најмногу ги повторуваше зборовите – се бориме против англоамериканскиот империјализам. Ме фаќаше дремка, ама ме држеше свесен и буден. Ме обземаше, ме голташе и ме давеше. А во таа полу дремка најчесто и најмногу сонував како седам во скутот на мајка и тоа ми беше најголемата вера што ја блазосував со искрени и

длабоки молитви во душата и умот. Никогаш не ја заборавив топлината што зрачеше од скутот на мајка. А сега кога ме фаќа дремка, очите ми се полни со огнови од Чарно, Голио Каменик и од овие вошки кои ми се потсмеваат, нарекувајќи ме титовец... Останаа нашите мајки со празни скутови и прегратки. Само очите и подадените раце им беа полни со чекање... Чекаа. Чекањето им стана надеж... Кога сум сам тогаш ако само за миг затворам очи, тогаш ги гледам моите другари соборци, момчињата и момите – осакатени – кој без рака или нога, кој со столчена глава, кој со растурен мев... Слушам болни и молежливи гласови за помош... Слушам и дека сме ја изгубиле војната затоа што Тито ја затворил границата. Точно е дека така рекол... И тогаш му се нафрливме и сега го клеветиме... Знаете како поминавме во Воден, Саботско и Лерин, нели? Мене со голем број ранети ме однесоа во Јасеново.... Од таму во Катланово. Болницата преполна. Во еден кревет по двајца. Немаше место за новите ранети. Со воз од Скопје, во товарни вагони – во Берковица, во Бугарија. И тука немаше место. Пак во воз и не растоварија во Синаја, во Романија. Таму кралските палати – болници за нашите ранети. Со уште добро не затворени рани, во воз до Бугарија. Од таму во воз преку Ниш и Скопје до Битола. Таму не чекаа камиони. Југословенски воени камиони. Не товарија и ноќе стигнавме и се растоваривме во преспанското село Раби. Бевме се на се седумстотини души. Колкупати ја пресековме југос-ловенската граница? Како стигнавме во Преспа? Кој не хранеше по пат? Чии лекари и медицински сестри се грижеа за нас? Седумстотини души бевме... И на сите, наредните денови ни велеа дека границата е затворена. Кој тогаш лажеше? Кој и денес лаже? Нашите водачи во тие денови и во деновите на целата граѓанска војна упорно ни наметнуваа масовно слепило... Така беше или не беше така?... Војната заврши? Мајка ми загина од парче авионска бомба при носење ранети. Татко ми се уште е во логорот во Макронисос... и јас, тука, во овој рај наречен Неа Зои – Нов живот... Војната заврши и убеден сум дека Грците никогаш порано не убиле и не измачиле и не осакатиле во логори и затвори илјадници Грци, а посебно се нафрлиле со невидена омраза и злоба кон тие, кои не беа од нивен род... Велам заврши војната, но за кого? Само за миг да затворам очи и тогаш не гледам ништо друго, туку гледам само војна и слушам само викотници, молења. А јас не можам да помогнам... Војна... војна... војна... И кога го возам тракторот, тоа негово тракање ми личи само на долг, многу долг митралески рафал и тогаш посилно

притиснувам со ногата на гасот, се зголемува бучавата и викам – НАПРЕД!!! А тој, лижигазлето, неранимајкото, претседателот на колхозот, оној Гркот, некадарникот од Румели, кога еднаш слушна дека така викам, ми пријде, ме погали по рамо, па речовито ме пофали, велејќи ми – така Трајце, со радост орај... Браво... Викај... Викај гласно... Така ќе градиме социјализам... – Како да не, во оваа пустелија со нашето будалесто викање тој ќе го градел социјализмот... Ебаго, будалата од Румели... Таков денес е светот. Полн со будали. Со сејачи на лудило... Ретки се итрите и умните... Самовљубени викачи и подлизурници – со лопати да ринеш. Колку и да чистиш, никогаш нема да исчистиш толку, колку што тие ќе извалкаат... Таков денес е светот. А кој го води? ...

-А вие да не мислите дека тука не пратија затоа што сме некои големи мајстори за орање со трактори... Пред некој ден, ме викнаа да им кажам колку фативме од нормата. Во канцеларијата немаше никој. Додека чекав да дојдат другарите, случајно, од љубопитство ја отворив фиоката од бирото, а таму дебел коверт. Го отворив и, што мислите, што видов? Нашите имиња и презимиња. До секое презиме напишано: Τιτικος πρακτορας... Титов агент... Што ви е? Презеленавте, а?! Очите ви се ококорија?! Дишете... дишете... подлабоко... созамете се, овни низаедни... И да ве израдувам. Во ковертот не сме само ние. Таму има некои кои се членови на ЦК. Тука, како што пишува ги испратија да го проучуваат аграрното прашање... згрешиле, кутрите, не мислеле исто како Захарјадис и неговите послушници, па за тоа на превоспитување во колхозот НОВ ЖИВОТ... Како нас, будалите... Добро ни велеше Полјакот, а бре, нели ни велеше тој, што туку се пикате по фабриките, по занаетчиските задруги, одете, одете бре, да учите во гимназии и потоа на факултети... Државата плаќа... Ние, пак, тоа и тоа, од селани да станеме работници, демек пролетери, па ете, стигнавме до трактористи... И тоа е добро за неуки, како ние.... Слушнав дека Киро и Мичо веќе учат на универзитет... Металурзи ќе бидат... во челичарници челик ќе прават, со тие огромни фабрики ќе раководат, а ние – трактористи... ушите ми потекоа од тоа тракање на тракторот, калта од чизмите не можеме да ја истресеме, раце извалкани од црно масло одвај бришеме и чекаме ред за да се избањаме во шепи вода што се загрева во ова рѓосано котле или ќе чекаме да дојде пролет, токму пред Велигден, за да се избањаме во реката... Е, море будали... овни низаедни... Не го

послушавме Полјакот таму на курсот за трактористи... Добро ни velеше тој – дечки на учење на универзитети... Учете, дечки, ни велеше. Учењето државата ќе ви го плаќа, а ние, будалите, на тоа му велевме – пријателе ти добро ни велиш, ама нашата партија ни вели и не тера да одиме да работиме во фабриките каде од селани ќе станеме пролетери... Тие, децата, што ги собраа и ги сместија во домови, веќе учат во гимназии и технички школи, некои се при крајот на студирањето. Целиот трошок е на државата, а плаќаат Полјаците, од кои најмногу се работници и некои, како нас, трактористи. Сум слушнал дека само мал број од дечињата, кога им дојдоа родителите од другите држави или отидоа во другите држави, се прибраа кај нив и без ука си останаа, ама работат во фабриките, значи и тие станаа пролетери... Денес или утре ќе им напишам на Киро и Мичо за да ги прашам како им оди уката таму каде учат за да бидат металурзи... за да прават челик во некои големи челичарници...

Долга беше и ноќта и наредните ноќи уште подолги. Вревливи беа ноќите. Ноќи на излевање, како нескротена бура, на матнините, на измамите, подлостите. Ноќи на излевање на горчините... ноќи на истресување и прочистување од сите лаги, клевети и подлости...

Неми да бидат за да не им протечува од устата мислата, глуви - за да не го слушаат гласот на разумот, ама не и слепи - за да гледаат како други ги водат во слепило...

-Такви беа и тие наши, демек раководителите. Седеа на две столчиња. Сити, обуени, топло облечени, зборливи и секогаш победници во битките во кои не учествуваа... В недела, како и секоја недела, пак ќе има игранка во таверната. Составот на инструментите – мандолина, виолина, тапанче. Да ја послушаме барем музиката – а таа можеби ќе не потсети на костурските громогласни тапани и пискливите зурли...

Здравјето на Трајче од ден на ден попушташе. Му го зедоа тракторот. Му дадоа тетратка и молив со задача да запишува кој колку изора, колку посеа, колку покоси и кој колку процент фати од одредената норма. Трајче сесрдно запишуваше и секој одминат ден му ја одземаше силата. Снеможен – легна.

Повикаа лекар, кој откако го прегледа, нешто запиша и отсечно рече:

-Во болница.

Другарите трактористи го посетуваа, го бодреа, а Трајче целиот во оган. Оган во очите, оган на челото, образите, оган го гореше Трајче. По две недели, на тракторска приколка, покриен со ќебе, го вратија Трајче во Крошченко.

Колхозниот претседател повика плех музика од гратчето и во тактот на Лениновиот марш, Трајче го испратија на новите гробишта...

# 15

Матно и тешко течеа времињата во Полска. Крошченко и Лисковате не останаа надвор од тоа што се случуваше во целата држава. И таму, во тоа матно време, законот не беше закон, туку закон беа партиските директиви, судија - лагата, а клеветите – начело за унапредување. Крошченко на политичката сцена стана табло на многу клевети, измами, понижувања, тепања во мракот на ноќта заради внесување страв, потчинетост и послушност, имаше и по некој редок обид за давање во некој од напуштените бунари до горе полни со матна и смрдлива вода. А на тоа табло најголема клевета беше некој кој поинаку мислеше, а пред се поради своето национално потекло носеше печат – титов агент. Тоа беше доволно за да му бидат затворени сите патишта за поплатена работа, за пофалба за постигнување повисока норма во работата, за унапредување и учење... Така беше. Здружението на политичките бегалци, за жал, оценката потврдена на свој начин ја праќаше до надлежните полски служби во Варшава каде најчесто не беше одобрувана.

А таквите, кои одбиваа тапа наредба, најчесто скришум, под превезот на мракот го напуштаа колхозот НОВ ЖИВОТ и нов живот бараа во градовите. Таму не се ослободуваа само од окото и прстот на клеветникот, туку и од мувлата и влагата на одамна напуштените украински хати, од калта, од смрдеата на со месеци непраните алишта, од долгите ноќни перења на умот и недоволно платениот вложен труд. Успешно, ама со голем напор, се вклопуваа во полската локална средина со која заеднички ја делеа делничната судбина.

Тука, во Крошченко, имаше и случаи на некои им се губеше трагата и виделината. Најчести беа тие, кои имаа некое поинакво мислење од високо поставените кадри, што беше причина да се отстранат заради тоа што имаа подруго мислење, па како простување на греовите ги праќаа на терен за практично усовршување на партиската работа како можност за пошироко запознавање со проблемите на аграрната политика, а за тоа

најсоодветно место беше Крошченко. Некои од нив завршуваа висејќи на некоја таванска греда или во некој матен бунар. Во тоа време во Крошченко имаше повеќе лаги и клевети и уништување на човечкиот дух, отколку компир и вотка.

По еден од затворените партиски состаноци, претседателот на колхозот, Караникас, го зеде настрана Захарјадис и, шепотејќи, му рече:

-Другар Захарјадис тука во колхозот се повеќе ни се појавува проблемот со Славомакедонците. Не е добро што најголемиот број колхозници се Славомакедонци. Тие се почесто се собираат, пеат на свој јазик, слават семејни и црковни слави и според некои информации што ги имаме имаат купено радиоапарати и скришно го слушаат радио Скопје. Такво радио има купено и Аргирис Ковацис, за кого се сомневам дека ги поддржува титовите агенти...

Захарјадис тивко се насмевна и уште потивко рече:

-Ковацис јас добро го познавам. Добар и храбар борец. Мајор на ДАГ. Заедно со него издејствувавме кај полските власти да се формира овој колхоз. Тврд комунист, со право бара правда, ама имајте го на око... Луѓето се менуваат... А што се однесува до титовите агенти во колхозот, широко отворете очи. Славомакедонците сега се, така да речам обезглавени, без своја организација. Ние во Политбирото веќе размислуваме да им формираме една нова оранизација за разлика од оние титовите, НОФ и АФЖ. Во неа ќе ги собереме сите здрави елементи и ќе ги спротивставиме на оние во Скопје и полека ќе им потпуштаме по некоја мушичка која ќе ги поттикнува на меѓусебни караници... Тие, Славомакедонците, се добри, мирни и кротки... а најдобри се кога се раскарани и разделени и кога им попува некој друг. Никогаш не сум ги почитувал зашто сами не се почитуваат... Имајте го ова на ум и очи од него не спуштајте...

# 16

Притиснат од сознанието дека задругата или како што популарно ја викаа колхозот НОВ ЖИВОТ ја раководат луѓе, кои исклучиво се водат со моќта на партиските директиви и личната алчност, применувајќи прекумерна партиска дисциплина и во многу случаи и физичка сила, постојаното навредување и омаловажување на Македонците со општо прифатеното сомневање дека беа или се титови агенти, при што не

изостануваше и личниот интерес за богатење, Аргир се одлучи својата загриженост исполнета со горчината на отворено видливата неправда и самоволие да ја преточи во писмо до генералниот секретар на партијата.

Таму го гледаше решението за сите злоупотреби.

Заслепен од неограничена доверба и верба кон него дека ако биде информиран за се што се случува во колхозот, беше сигурен дека лично ќе се заземе за промена на состојбите и по партиска линија соодветно ќе бидат казнети виновниците. Ноќе, скришум од другарите во заедничката спална во интернатот на партиската школа, ги бележеше своите размислувања. Своите мисли ги бележеше на ливчиња, кои скоро по цел месец ги преточи во писмо.

Јасно му беше дека секој збор носи одговорност и убеден дека изнесените факти ќе го убедат генералниот соодветно да ги казни одговорните во колхозот, содржината ја пречука на машина за пишување во два примероци и едниот во затворен коверт адресиран лично до генералниот секретар ѝ го даде на секретарката замолувајќи ја да се погрижи што побрзо лично да му биде врачен.

Дали од невнимание или од заборавеност, доцна сфати дека во таквата школа писмата секогаш се цензурирани. Сакаше да се врати, да си го прибере ковертот, ама беше доцна. Секретарката сигурно го предала на личност која беше задолжена да прегледува се што влегува и излегува од партиската школа...

По пат, враќајќи се во интернатот кој не беше далеку од седиштето на ЦК на КПГ во Букурешт, во себе ја повторуваше содржината на писмото:

*“Другар Захаријадис,*

*Долго писмо му напишав на ЦК на КПГ во врска со состојбата што владее во колхозот. Бидејќи вие од било кој друг во партијата сте нај овластениот и уште повеќе нај одговорниот за колхозот, ви пишувам лично вам, затоа што многу добро ме познавате од ДАГ, моето учество и мојот карактер и дотолку повеќе што вие лично ме пративте во колхозот заедно со првите. Во ДАГ вие лично неколкупати ме поканивте во кризните состојби на борбата и ме задолживте да дејствувам во позадината на непријателот (Сињачко) против напад во Мали-Мади во септември 1948, утврдување и командување со Одред на смртта на Бела Вода и на крај со ваша наредба бев поставен за командант на секторот Бигла-Лунѕер во реонот на Вичо во 1949. ''Најстратешка точка на фронтот,, како што лично ми рековте. Во последната битка на Вичо, во август 1949, единствената точка на фронтот која не само што издржа туку го одби непријателот и ги задржа утврдените позиции што е единствен случај во ДАГ, беа единиците во секторот Бигла-Лунѕер. Многу беа честитките, пофалбите и личните подароци што ми ги испративте на фронтот, ги чувам за спомен на мојата самопожртвуваност. Од Вичо каде ме запознавте, не сте ме заборавиле и во странство ме повикавте, ме најдовте, лично вие, другар Захаријадис, и заедно со вашиот придружник Тимјос Брацос, дојдовте во градот Легница во Полска и ме зедовте со вас во колата само со облеката што ја имав на мене, велејќи ми: "Аргире, друга тешка задача те чека, потешка од таа во почетокот на 1946 во Грамос..." тоа се ваши зборови, другар Захаријадис.*

*Поверував дека ќе ме пратите во Грција на специјална задача. Со радост и гордост прифатив, бидејќи партијата пак ме одбра за нови жртвувања и борби. Кога стигнавме во Згожелец ми рековте дека ќе се формира колхоз во една запустена област близу полско – советската граница.*

*Иако бев 90% инвалид, со ортопедски чевли, со железни шини, а во колхозот се бара трчање, пешачење, како во партизани, не ви реков, каде ли ќе одам со такви чевли. Исто така не ви реков дека бев подготвен да студирам на техничкиот факултет во Варшава, не ви реков дека жена ми е пред раѓање и дека во скутот чува тригодишно дете и дека лежи в кревет поради тоа што плодот е паднат ниско...*

*Ми ја дадовте задача и отидов во таа пустелија за да го организирам колхозот. Не помислив на инвалидноста, на студиите, ниту на жена ми која лежеше в кревет и го чекаше второто дете. Во колхозот поминав низ поголеми тешкотии за разлика од почетокот на 1946 година.*

*И покрај жртвувањето и тешкотиите се чувствував горд, бидејќи извршував задачи на партијата, на КПГ. Но кога колхозот почна да се средува, тогаш на готово беа пратени други за да раководат, иако немаа врска со земјоделство, сточарство и слични активности на колхоз. Тимјос Брацос за претседател на колхозот го испративте, по самоубиството на Алекос Ексархос, првиот претседател на колхозот, Теохарис Аристидис, близок на Брацос од Румели, позадинец во ДАГ, кој не знаеше да направи разлика меѓу пченицата и овесот што во колхозот се сееја на многу хектари.*

*Кога во колхозот дојдоа скоро сите политички бегалци кои работеа во колхозите (државни земјоделски стопанства), скоро две илјади луѓе, главно Македонци од Вичо, Преспа и Грамос, во раководството беа поставени тукуречи само луѓе од Румели, пред се луѓе на Т. Брацос, Аристидис Теохарис, претседател, Панос Караникас секретар на партиската организација, кој како што се покажа по професија беше крадец на пчели во Румели. Првата грижа им беше да организираат една група за безбедност, исклучиво под нивна команда, која скришно ја вооружија. Ги излажаа Полјаците, велејќи им дека во колхозот дејствува титова клика - титови агенти. Секој кој би се пожалил за некои неправилности, па и за измачувањата што ги вршеа нивните чувари, беше обвинуван за титов агент. Секој ден десетици луѓе, Македонци, доаѓаа во мојата куќа и плачејќи ми се жалеа дека им се скратени примањата и кога бараа правда, тогаш ги прогласуваа за титови агенти, саботери и слично. Јас се разбира не само што не ги поддржував таквите однесувања, туку отворено, со факти, ги запознавав надлежните, членовите на советот на колхозот и партиската организација. Со негодување ги осудував винов-ниците, сатрапите, расипниците и нивните потчинети. Поаѓав од партиската дисциплина и единството на колхозот и отворено пред органите зборував за неправилностите.*

*Правеа се за да се ослободат од мене, не со некакво обвинување против мене, бидејќи тоа не им успевало, туку со подла интрига, претставувајќи ме пред партијата како недоверлив и неспособен за да бидам испратен во школото на ЦК на КПГ во Романија во траење од две години, каде се подготвуваа кадри за праќање во Грција за да вршат илегална дејност – другар Захаријадис јас поверував дека ме побара ЦК на КПГ за да одам во тоа школо. И покрај тешката инвалидност и болната сопруга, со три мали деца, со куќа – плевна – недовршена, бидејќи јас пред се се интересирав да се средат куќите на другите колхозници. Дојде летото на 1953, оставив сопруга со три мали деца во куќа – плевна, со ветување дека партијата ќе се грижи за моето семејство. Ја оставија беспомошна. Помина една година и летото 1954 од Романија бев вратен во Полска, во колхозот, со пропусница за еден месец за се видам со семејство. Другар Захаријадис, кога дојдов во колхозот по едногодишно отсуство најдоа династичка состојба со веле ага Аристидис. Стотици активисти и тукуречи сите вработени беа осомничени за титови агенти. Целиот технички и друг персонал, вработените во гаражата, трактористите, возачите, кои 90% се Македонци. Ги излажаа Полјаците и го истераа шефот на тракторисите, другарот Илија Благоев, многу способен, за шев поставија еден никаквец од Румели. За титови агенти и непријатели на партијата го обвинија Г. Бунциоти, Андон Гаљов, Љапче, кои беа единствените техничари во колхозот.*

*Полјаците кои јасно ги гледаа тие неправди не сакаат да се мешаат во внатрешните работи на грчката организација и раководството. Кога јас стигнав од Романија во колхозот, на Полјаците им кажав за тоа што се случува и на Аристидис и Харизопулос им реков дека го уништија кремот на активистите, на творците на колхозот.*

*На подол начин ми пратија абер дека сум поддржувач на титоистите и главатар на титовата клика во колхозот и ми се заканија дека ќе ме пријават во партијата, дека ќе ме протераат од партијата и дека ќе ме истераат од партиската школа. Другар Захаријадис ќе ве потсетам на нешто слично што ми се случи во Вичо што вам лично ви е познато. Аминдас – Кацакос команданти на одредите на Вичо, септември 1947*

*година, кога непријателот тргна во напад со се штабот, куририте, готвачките и сл. ги снема, се сокрија во густите шуми и по 14 денови, кога прекина офанзивата, дојдоа во мојот баталјон, единствениот што беше останат во Вичо. За да го оправдаат дезертерството ме нарекоа херој и сл. Тогаш јас отворено ги нареков дезертери, страшливци, растурачи на ДАГ. Наредниот ден ме нарекоа сатрап, анархист, со партизански дух и од мајор ме деградираа во чин десетар.*

*Не верувам, другар Захаријадис дека заборавивте. По ваша наредба во болницата дојде министерот за здравство Петрос Кокалис, ме зеде со отворени ранми и ме донесе во Главниот штаб каде лично ми наредивте да преминам во Сињачко. Тогаш, другар Захаријадис бев оправдан бидејќи го заседов ридот кој други го напуштија. Сега тука во колхозот како да докажам со зборови дека убијците, опортунисти и кариеристи, за непријатели ги обвинуваат чесните и трудољубивите луѓе.*

*Другар Захаријадис со моето почитување кон водачот на партијата, генералниот секретар на ЦК на КПГ, безграничната верба кон него, секогаш бев готов, секој миг да се жртвувам за КПГ. Што се однесува на колхозот, како што ми рековте, таму ќе го собереме целиот Славомакедонски народ за да го заштитиме од тешкотиите во колхозите и затоа:* ***вие малкуте кадри на Славомакедонците кои останавте чесни и верни на партијата да останете покрај нив за да ги штитите****. Така ми рековте.*

*Вашите зборови многу ме убедија да го напуштам патот на кариерата и да останам покрај народот што ме роди, ме воспита и со тој народ се борев цели десет години со пушката в рака за слобода, демократија под раководство на КПГ.*

*Другар Захаријадис пред да стигнат во вашите раце случајните обвинувања против мене од страна на некадарните опортунисти, тврдокорните тирани на прославениот народ на Вичо и на Грамос, однапред изјавувам дека сум готов да се откажам од секоја одговорна работа во партијата ако продолжи прогонството до уништување на Славомакедонците тука во колхозот од луѓето кои со влечење ги донесоа во*

*Албанија во септември 1949 од Јужна Грција по повлекувањето на ДАГ остатоците на Славо-македонските борци на ДАГ од петте баталјони кои беа испратени од Вичо и Кајмакчалан во времето од 1947 до 1948 за да го зајакнат партизанството во Румели. Тие поединци Румелјоти денес раководат со колхозот и кинат и крпат по своја мерка употребувајќи го страшилото на титовата пропаганда за да ја оправдаат својата некадарност.*

*Другар Захаријадис со целата храброст на мислата ви се обраќам бидејќи лично ме запознавте на Вичо, ама и тука во емиграција. Вие лично пак ме најдовте и ми дадовте задача за го организирам колхозот НОВ ЖИВОТ.*

*Во колхозот, како што рековте, го собравме поголемиот дел од Славомакедонците за да ги заштитиме, а не да ги уништиме тие кои ги дадоа своите деца, кои паднаа на боиштата, кои сите беа мобилизирани, тие кои немаа пушка работеа при утврдувања. Изгубија се од своите домаќинства и сега тука во емиграција наместо заштита како што рековте, се угнетувани.*

*За да го сфатите подобро, другар Захаријадис, тонот на ова пишување, преполнето со негодување, ќе ви изнесам само еден пример од десетиците што ги има во колхозот. Кога од Згожелец беа испратени двајца другари од школото (500) во колхозот, прв Тасос Боцис, втор Наумис Димопулос, капетани во мојот баталјон на Вичо со кои баталјонот секогаш победуваше (беа херојски борци на ДАГ) кога тие стигнаа во колхозот, секретарот на партиската организација П. Караникас на седницата на партиската организација и со писмо до ЦК соопшти – доаѓаат титовци да ги имате на ум...*

*Категорички изјавувам, другар Захаријадис, ако едни вакви јунаци на ДАГ, ама и сите другари Славомакедонци кои ги поставија темелите на колхозот се карактеризираат како титови агенти, тогаш таквиот јас сум првиот, а ако нашето жртвување во ДАГ не е доволно, тогаш дозволете го нашето целосно уништување тука во емиграција. Првата година од моето отсуство од колхозот, кога бев во школото на ЦК*

*на КПГ, тука најдов луѓе кои дивјачки тепаа, како што беа истепани Д. Дукетис, Вајос, некои можеби помалку, ама многу беа измачувани.*

*Во врска со овие настани јас зборував со соодветни лица во колхозот и тие на одреден начин ми се заканија дека ќе ме пријават на партијата... Другарите од полското раководство длабоко се огорчени поради ваквите настани и се вознемирени дали поради тоа ќе опстане колхозот.*

*Затоа се обраќам до ЦК на КПГ со повеќе детали во ова подолго писмо, но довербата во вашиот лик, како генерален секретар на ЦК КПГ и вашата лична одговорност што ја имате во однос на колхозот, ви пишувам лично. Да ургирате што побрзо бидејќи се уништуваат темелите на колхозот кое е изградено врз пожртвуваните коски на првоиот претседател Алекос Ексарху, агроном. Освен жртвувањето на Ексархос, е истурен пот во тешките услови на градењето. Себе се сметам плод и воспитаник на мојот народ од Вичо и Грамос и како што се жртвував во војната за овој народ и за цела Грција, така и сега, кога партијата ме има покрај себе, барам да го заштитиме другар Захаријадис остатокот од Славомакедонскиот народ кој ние го откорнавме и го пративме во емиграција.*

*Со изрази на почит, Аргирис Ковацис"*[77]

Цела ноќ остана буден. Во главата му вриеја сите зборови што ги имаше напишано и го измачуваше сомнежот и стравот дали добро ќе биде сфатен од генералниот. Па нели со одобрување на генералниот раковдењето на колхозот го презедоа луѓето кои ги обвинува во писмото?

Го препрочита писмото и кога дојде до реченицата ***„барам да го заштитиме другар Захарјадис остатокот од Славомакедонскиот народ кој ние го откорнавме и го пративме во емиграција"***, двапати ја подвлече и почувствува болка и понижување. Ами затоа ли беше целото движење, целата борба, жртвите,

[77] Копија од писмото – во арх. збирка на авторот.

самопрегорот, вербата во ширените идеали за да биде сега спасуван тој остаток? Колку се? Колку ги има растурени по немој каде? Го болеше оваа реченица. Го болеше вистината... До сржта на коските го болеше реченицата во која ја смести не само болката, туку и вистината - ***„барама да го заштитиме другар захарјадис остатокот од Славомакедонскот народ кој ние го оторнамве и го пративме во емиграција...’’***

Знаеше дека ништо не се правеше без негово одобрување. Неговиот збор беше над се.

Над целото лудоло...

Писмото го читаше и го препрочитуваше и при тоа најмногу го вознемируваше последната реченица од писмото. Не го напушташе уверувањето дека наскоро ќе биде повикан и се подлабоко се убедуваше дека не за друго, ама сигурно за последната реченица ќе биде укорен, а можеби и искаран или не дај Господе, обележан како титов агент, а тоа би значело бришење од партијата и фрлање пепел врз сите заслуги. Тоа за него би била најголемата казна. Имаше мигови кога се каеше поради зборовите *ние тој народ го откорнавме и го пративме во емиграција.*

Таа мисла не беше негова. Беше стокмена додека траеја подготовките за одбраната на реонот на Вичо. Тогаш, не едно од бројните советувања во кои се изнесуваше верувањето во конечната победа изразена со паролата *на Вичо непријателот нема да помине,* некој тивко му прошепоти – а што ако непријателот помине? Се тргнаа на страна и соговорникот во доверба му објаснуваше дека е донесена одлука пред да почне непријателскиот напад целото население со се добиток, да ги напушти местата на своето живеење и да се прибере што поблиску до границата со Албанија и дека оваа работа треба да ја извршат само активисти на македонските организации. Зарем така не беше и лани, кога пред битката за Грамос илјадници костурски селани беа преселени во Албанија? Им велеа – бегајте, на непријателот ништо да не му остане, да наиде на изгорена земја, од каде нема да има никаква помош. А непријателот немаше никаква потреба од големата

сиромаштија што војната им ја донесе на македонските селани. Токму тоа му требаше. А помошта која му требаше доаѓаше со претоварените американски бродови, а празната земја им дојде како подарено злато...

***...барам да го заштитиме остатокот од славомакедонскиот народ кој ние го откорнавме и го пративме во емиграција...***

До болка го измачуваше мислата дека тоа се зборови на тешко обвинување.

Кого обвинува?

Себе си?

Партијата?

Генералниот?

Целото движење?

Вербата во некој друг?

Зошто овие луѓе ги откорнавме?

Чиј е ќарот?

Кој го смисли?

И уште се прашуваше:

– Од кого сега да го заштитат остатокот од тој народ што го откорнаа?

И уште се прашуваше:

- Дали остана некој неоткорнат од тој народ и каква судбнина му е стокмена?

Направено е или не е направено зло?

И како да се нарече?

Има ли име?

-Тешки зборови – мислеше и постојано самиот себе се прашуваше: кој згреши? Партијата? Генералниот? Не, партијата не греши, не греши ниту генералниот... Така ги учеа...Тогаш кој? Можеби ние?... Можеби ние згрешивме што прифативме партијата да ни биде заштитник?... Партијата, која беше само во едни раце, да ни биде водител? Можеби ние згрешивме затоа што безгранично поверувавме во сите убедувања и ветувања кои во нас внесуваа верба и будеа надеж? Умот, срцето, духот, телото – се заедно вплотено во една мисла и одлучност и ги имаше дадено на партијата – таа му беше семејство, татковина и надеж и вера. Но сега е скршен, разочаран, празен, изгубен.

Зошто така се случи? – тоа прашање не се одлепуваше од неговаа мисла. Беше заварено длабоко во духот, беше како лузна што не се одлепува од телото...

Се чувствуваше скршен, здробен и фрлен на раздрум...

Се множеа и се преповторуваа прашањата и стравот што нависна над него. А најмногу го измачуваше прашањето: дали да се замолчи или одмолчи злото?

Кон крајот на јуни завршија предавањата и практичните вежби во партиската шпионска школа. Освен една промена долни алишта, еден костим, две кошули и приборот за бричење, немаше што друго да пакува во

старото, изнесено куферче што го имаше купено на пазарчето за стари алишта. Од брзиот воз Букурешт – Варшава, слезе во Катовице и со две менувања на возови во Краков и Жешув, пладнето, по два дена патување, се врати во Крошченко.

На прагот од дрвената украинска хата без трошка радост стоеја жена му и четирите малолетни деца. Не се стрчаа да го пречекаат. Стоеја молчаливи. Во нивните очи и образи не виде радост. Беа тажни. Меѓу нив го немаше цели две години и во тој временски простор како да се прошири јазот на отуѓеноста. Растеа без татковата грижа и топлина. Во другарувањето и во игрите со другите деца, не ја споделуваа детската радост и кога честопати другарчињата ги гледаа во прегратките на своите татковци, тогаш се чувствуваа како напуштени сираци. Дома се враќаа натажени и оптоварени со чувството на осаменоста. Не беа сираци, ама во душите ја носеа болката на сираците и таа се гледаше во нивните очи и образи...

Ноќта не ја преспа во мир. Го измачуваше мислата, а можеби повеќе совеста и безбројните прашања – дали добро стори што партијата и вербата кон неа ги стави над животната сопатничка  и децата? Што му беше поважно и повредно партијата или семејството? Дали долгата разделба не го направи туѓ, не го одлачи од семејството, од другарите-соборци, од пријателите? Како на децата да им ја врати изгубената радост и татковата топлина? Таквите и многу други слични прашања го разјадуваа нанесувајќи му чувство на вина и гризење на совеста. Многу прашања му се вртеа во главата за кои наместо одговор – добиваше болка... Дали во таа и многуте други не преспиени ноќи во неговото подаништво кон партијата и водачот- идол, нешто се смени?

Чекаше. Деновите му изгледаа долги и месеците уште подолги откако се врати од Букурешт. Потајно се надеваше дека додека беше отсутен, нешто се променило во колхозот. Ги најде истите луѓе и истите проблеми. Во себе си велеше, дека ќе има промени откако другарот генерален ќе го добие писмото.  Задолжително ќе има промени. Таквата надеж не го напушташе. Беше убеден дека писмото стигнало до рацете на генералниот, ама

сигурно тој е зафатен со други прашања, поголеми, посериозни.. Стрпливо чекаше и тоа чекање му беше сон. Сигурно ќе стигне писмо со одговор во кој ќе бидат сите решенија... Писмо не стигна... А и таму, во Букурешт, не го оставаше на мир помислата дека ако го сретне генералниот, тогаш во четири очи за се ќе му раскаже.... Не се случи да има средба. Цели две години беше сигурен дека ќе има таква средба и чекаше. Таму, во Букурешт, не дочека да се види со генералниот. Затоа му напиша. Откако се врати чекаше одговор и не губеше надеж дека и лично ќе се сретне. Во разговорите со луѓето од управата покажуваше нервоза, нетрпеливост, вознемиреност, се караше и честопати навраќаше дома да провери дали поштарот не остави писмо. И здравјето му попушти, особено тогаш, кога еден од управата, со кого беше во добри односи, му потшепна – пази. Не му кажа на што да пази, ама го фрли црвецот на сомнежот. По некој ден истиот, кога шетаа крај реката веќе отворено му рече:

- Се подготвува проширен состанок на партиската организација. Ќе има одлуки и една од нив ќе биде предлогот за негово исклучување од партијата, а тоа може да значи и протерување од колхозот. Изминатите месеци на некои веќе нешто такво им се случи.

На ова одговори дека тој не е од тие кои лесно клекнуваат. Времето на неговото надевање дека ќе стигне спасоносниот одговор од генералниот, од цедење премина во течење.

Од Ташкент стигна вест дека таму крваво се степаа членовите на партијата. Голем раскол, поделба во приврзаници и противници на генералниот. Во неговата глава почна да се одмотува клопчето. Сфати дека столчето на генералниот веќе не беше сигурно.

Во меѓувреме во Москва заврши Дваесеттиот конгрес на КПСС.[78] Митот на Сталин падна. Конгресот ги одврза устите, мислата се ослободи и реките потекоа.

---

[78] КПСС – Комунистичка Партија на Советскиот Сојуз.

Наредните месеци во кои бурно тргна реката на големите промени, му ги донесоа и одговорите не само на прашањата во врска со состојбите во колхозот, ами и многу пошироко и подалеку.

Реши да се сврти на другата страна. Отпатува во Варшава. Побара да го прими другарката Пташевска задолжена за односите меѓу полската и грчката партија. По долгиот разговор, Пташевска на крајот кратко му рече:

-Во Полска нема да има партиска организација на грчката комунистичка партија. Кој сака да е член на партијата, тука е полската партија. Така ќе расчистиме и со Крошченко...

А во меѓувреме Хрушчов ја почна десталинизацијата...

Полска вриеше...

На 24 октомври 1956 година на трибината поставена на Плоштадот на Победата, во центарот на Варшава, се појави тој, Гомулка[79], популарниот Вјеслав, како што го викаа Пољаците. Мал беше плоштадот за да ги собери сите кои сакаа да го слушнат уверени во тоа, дека ќе им каже нешто што одамна го очекуваа. Во настанатата тишина грмна гласот на Гомулка:

- *Другари! Граѓани! Работен народ на Престолнината! Ве поздравувам во името на Централниот комитет на Полската Обединета Работничка Партија, кој на својата последна пленарна седница кормилото на партијата го стави во рацете на новото раководство...*

Стоилјаден народ на плоштадот на Победета во Варшава и други триесет и нешто милиони низ цела Полска, работници, интелектуалци, младинци, воени ветерани од сите фронтови на војните, стуткани еден до друг, со одушевување и исполнети со долго очекуваните надежни бранови за нешто подобро, го слушаа

[79] Władysław Gomułka (Владислав Гомулка, 6 февруари 1905-1 септември 1982) – полски комунистички политичар.

долгиот говор на Гомулка, кој што туку беше пуштен од затвор и веднаш избран за нов прв партиски секретар. Замреа фабричките хали, универзитетските сали, училиштата, ресторантите, кафеаните, на отворени пруги застанаа возовите, во становите цели семејства со здржан здив го слушаа радиопреносот. Улиците беа празни. До сите допираше тоа што со години самите потајно и со стишен глас си го кажуваа, очекуваа и се надеваа... Тој знаеше што треба да им каже на своите Полјаци за да ги погоди во умот, во срцето, во духот, да им влее надеж и сите кои го слушаа, а најмногу очекуваа да им ја каже горката вистина, да ги охрабри, да им влее доверба и надеж...

*-Во текот на изминатите години* – грмеше гласот на Гомулка - *во животот на Полска се насобра многу зло, омраза и болни разочарувања. Идеите на социјализмот проникнати со духот на слободата за човекот и почитувањето на правата на граѓанинот, во практиката претрпеа длабоки изопачувања. Зборовите не наоѓаа покритие во стварноста. Тешкиот труд на работничката класа и на целиот народ не ги даваше очекуваните плодови. Длабоко верувам, дека тие години бесповратно преминаа во минатото...*

Со здржан здив Полјаците го слушаа и му поверуваа, го славеа во мигот и во наредните неколку години, се колнеа во него, ги повторуваа неговите зборови во кои беше содржана целата вистина која други долго ја премолчуваа и ја криеја.

Истиот ден, Аргир, со вечерниот воз замина од Варшава. Отпатува за Крошченко, веќе решен најотворено да се вклучи во чистењето на валканиот поредок. Најпрвин - мислеше – да се расчистат луѓето. Од нив да почне. Тие го носат злото, а не злото нив. Од врвот до дното. Општо чистење. Не само на луѓето, туку и на политичкото слепило, на таа неразумна, срамна и опасна болест. Во раните часови стигна во Крошченко и на пат за дома, од првите кои му пожелија добре дојде, дозна дека генералниот веќе не е генерален. Наредните денови носеа се повеќе вести за тоа, дека веќе во источниот блок многу генерални веќе не беа генерални.

Во тој зовриен котел се вареше целата земја. Тој ден и наредните денови цела Полска беше на нога...

Во политичкиот речник се појави нов поим: - *полски октомври 1956. Гомулковско отопление. Октомвриско отопление* – прифатено и применето како движење за промена на внатрешната политика поврзана со централната власт и либерализацијата на политичкиот систем, ослободување на политичките и духовните затвореници, десталинизација на земјата и намалени советските стеги. Таа вистина силно одекна во Полска и небаре како зараза ја споплати цела Источна Европа. Прва во поддршката на Полска се огласи Унгарија, чиј силен глас прерасна во унгарска револуција...

Пламна и прокрвари Унгарија.

Слобода - беше крикот на Унгарците, кој не ја спречи омразата и одмаздата да излезат на улиците.

На будимпештанските бандери Унгарците бесеа Унгарци.

Советските тенкови газеа, топовските и митралеските цевки нишанеа во прозорците и балконите и во востаничките редови...

Унгарија во оган.

Запад во лажна поддршка...

Се усвити Истокот...

Вриеше и во Крошченко и Лисковате и во сите други места каде имаше Македонци. Бараа во Полска да имаат свое македонско здружение за што не успеале, ама издејствуваа името Здружение на грчките бегалци во Полска, да добие ново име: Сојуз на политичките бегалци од Грција во Полска, за да се знае дека сите бегалци не беа Грци; бараа и добија во училиштата каде учеа македонските деца да се врати македонската кирилица и македонскиот литературен јазик, а во тоа време во Полска престојуваше Маркос, оној истиот генерал Маркос, кој му се спротивстави на Захаријадис и кој за казна беше отстранет и пратен во СССР, сега

рехабилитиран и вратен во Политбирото на ЦК на КПГ, на собирот на просветните работници во излетничкото место Шкраљска Поремба, изјави дека со одлука на Политбирото на партијата во училиштата се враќа јазикот на кој се студира на универзитетот Кирил и Методиј во Скопје и, не рече како се вика тој јазик. По таа одлука престана печатењето на веќе изготвените учебници и се отстранија од наставата учебниците со вештачкиот јазик печатени од издавачот НЕА ЕЛАДА во Букурешт и со финансиска помош на полското министерство за просвета на македонски литературен јазик и со македонска кирилица во Полска беше изготвен и отпечатен со македонска кирилица и македонски литературен јазик комплет учебници од прво до седмо одделенија и неколку помагала за македонските училишта во Полска и во другите источни земји каде имаше македонски училишта. Во времето на тоа *Гомулковско отопление* се врати македонската кирилица во македонските училишта во Шчечин, Полице, Пјењск, Згожелец, Легница, Вроцлав, Крошченко и Лисковате и беа пуштени во печат учебниците за основното образование изготвени од неуморните бранители на македонштината Коле Симичиев и Пандо Шапкарев со стручно знаење, залагање и голема, самопрегорна помош на пан Вацлав Копчињски..

Некој месец подоцна се отворија и патиштата за послободен прилив на македонски весници, книги и грамофонски плочи со македонски народни песни од Народна Република Македонија. Македонските песни од плочи на делник и празник ечеа низ прозорците и балконите. Минувачите вчудовидени застануваа, слушаа и се прашуваа каква ли е таа музика, таа песна, тој кавал, таа зурла, тој тапан?... Во таа активност најгласна и најбунтовна беше македонската средно школска и студентска младина во Вроцлав и Шчечин.

*Гомулковското отопление* ја зајакна македонштината во Полска со духот што му прилегаше на новото време.

Но со времето ѕвездата на Гомулка ја губеше сјајноста. Поради направените грешки во водењето на стопанството, а можеби и поради нешто друго, што најверојатно дуваше од надвор, Полјаците го замразија.

Гневот пукна денот кога во Полска се зголеми цената на месото и компирот. Градот Гдањск и целото приморје го зафати дотогаш невиден работнички штрајк. Барикади, специјалци, тенкови ги наполнија улиците и плоштадите. Против работничкото незадоволство падна наредба да се употреби сила. Наредбата беше спроведена и од истрелите на специјалците паднаа седумдесет животи и од гневот на народот - падна и Гомулка.

Седумдесетте убиени демонстранти, најмногу работници, ги погребуваа ноќе без присуство на свештеник...

Настана привиден мир што го донесе рудар од Шлезија. И неговата ѕвезда долго не сјаеше на полското небо. Не потраа долго. Подувнаа некои нови ветрови и наближуваше голема бура.

Полска пак зовре.

Во тоа време и ѕвездата на Захаријадис почна да го губи сјајот, ама едно три горини пред тоа, додека се уште партијата ја држеше за врат, побрза да им организира револуционерна организација. Веројтно чувствуваше дека одново ќе му треба лојалноста на Македонците. Му требаше нивната приврзаност, бидејќи неговите високо поставени Маџири и Власи и по некој образовен Грк посебно на политички партиски и воени позициии му ја откажуваа послушноста, а тој веќе чувствуваше дека ќе го седнат на партиското судско столче каде ќе му ги избројат сите направени грешки. Додека имаше моќ партискиот кадар од највисок ранг го подели на провокатори, агенти и успеа да ги натера меѓусебно да се клеветат. Така му појде од рака одредено време да ја држи в раце острата секира под која паѓаа главите на неистомисленициите. Ѕвездата што го водеше во Москва, Белград, Софија, Букурешт, Будимпешта, Тирана, Прага и Варшава ја снема со неговото исфрлување од партијата. Остана сам и сам си го врза јажето на вратот во далечниот сибирски Сургут.

# 17

Во долгите доцни есенски и во зимските студени ноќи тоа менување на состојбите во Полска, кај македонските бегалци, ги отвори незацелените рани. Секој имаше свое објаснување и оцена за поразот и причина да го осуди злото. Тоа зло што остана злосторство без казна. Секој беше обвинител и судија; секој в раце држеше свој клуч со кој беше убеден дека со него ќе ја отвори вистината и ќе ја разоткрие лагата. И колку повеќе се разгоруваа и вжештуваа разговорите за недамнешното минато, кои честопати преминуваа во заемни караници, пцуења и понижувања, толку повеќе се ширеше меѓусебната нетрпеливост и јакнеа делбите и неединството. Грицкаше зајадливиот црвец на сомнежот за се и сешто во сите и во секој одделно. Меѓу нив катадневно завладуваше срамното и нечесно политичко слепило, кое како опасна болест најмногу ги имаше

заразено поранешните активисти, а тоа слепило некој црвливо го поттикнуваше и потхрануваше. Така би и наназад со години. Колку попрости, толку поподатливи на туѓи игри, ветувања и измами. Во таа нивна неслога имаше добри играчи, ветувачи и измамници. Нивен беше ќарот. Секој со свој метар мереше, со свој ум умуваше и само на свој начин ги делкаше тие неделкани трупци. Никој никого не ценеше и никој никого не почитувше. Загрозени од политичкото слепило, немирно и без никакво почитување на личното достоинство, се препираа, се караа, се обвинуваа, се плукаа, делбата се ширеше, омразата ги разјари и некаде проработеа тупаниците.

А конците за таа сиромашна неразумност и слепило ги држеше некој друг и ќарот беше негов и однапред смислен. Не од сега, туку и од подамна. Партијата. Староновите во неа и над неа. Таа го потхрани црвецот кој безмислосно грицкаше, ги испокара луѓето, ги подели на такви, овакви и онакви, а кај некои болеста на идеолошката заслепеност ја засени друга болест - делбите. Таа уште повеќе го продлабочи и го рашири јазот, внесе нова нетрпеливост и неслога. Отвори рани. И тогаш некои грижливо и со умисла мислеа и размислуваа меѓу бегалците да нема делби, туку разнебидување. Грижливо се зафатија за таа игра и работа за која им требаше добар играч. Бара и најдоа. За таа работа го најдоа Аргир Аргиров, поранешен војник на грчката владина војска, заробен од партизаните на ДАГ и заточен во Бугарија во еден логор за заробеници. Таму, тој, Аргир Аргиров, на командата им се претставил како бугарски Македонец од Беломорјето и откако добро бил обработен, службите го пикнале во управата на грчкото здружение во Софија. Од таму му одределе задачи на друго место и патот го однесе во Полска, каде Македоците одбегнувале да примаат услуги од бугарската амбасада во Варшава и отворено се залагале за поголеми врски со Народна Република Македонија и голем број имале поднесено барања за преселување таму. Од оваа ЦК на КПГ на чело со генсекот Колијанис не беше задоволен, па во договор со колегата од Софија, другарот Тодор Живков, се одлучиле македонските бегалци во источно-евроските земји и во Ташкент да ги преселат во Бугарија, каде тие таму би биле само Бугари, а не Македонци. Им беше потребен човек, добро поткован, за да може да ја врши таа работа. Подобар од Аргир

Аргиров[80] не најдоа. Место за живеење му одредија во Вроцлав, каде успеа да се пикне во главната управа на Здружението на политичките бегалци од Грција во Полска. Полека, како што грицка црвецот под кората на дабот, така Аргир Аргиров, трпеливо, како што го имале научено, грицкаше во душите на Македонците. Силно се придржуваше и на пословицата - трпеливоста е владеделка на работите... Не губеше време. Ги посетуваше местата каде имаше поголеми групи. Не ги собираше на едно место. Зборуваше само со поединци и тоа во четири очи. Најчесто дома, на прошетка или во некоја кафеана. Секогаш од околу – како е со здравје, колку заработува, какви му се желбите, каде би сакал да живее. Кога оценуваше дека се податливи, тогаш им носеше бугарски весници и книги, на некои подароци, убедливо им велеше дека тие кои ќе се одлучат да одат во Бугарија, трошиците за пакување на сето тоа што успеале да го спечалат, товарувањето во вагоните и билетите за возот - се на товар на бугарската влада. Покрај ова на соговорниците многу им одговараа ветувањата за работа со добра заработувачка, не станови, туку апартмани, бесплатно лекување во болници и месечни престои во бањски лекувалишта, стипендии за децата и високи пензии за прензионерите. И сонце, топлина, ведрина – се бесплатно, а не дождови, магли, студ и чекање пред продавниците за леб, млеко, месо и парче сувомеснато. А на секој учесник во војните, другарија Тодор Живков ќе им даде двојно поголеми пензии и ордени на борец против капитализма и фашизма.

- И уште нешто ќе ви кажам – Аргиров навалуваше уста до увото на соговорникот - сигурно имате заштедено некоја пара. Ако имате заштеди во полските банки, тие ќе ви бидат сменети преку бугарската банка во однос еден со еден. Значи една злота еден лев. А тие кои веќе отидоа во Југославија, си ги изгубија заштедите. Банките немаат договор. Сакате да одите во Југославија, во Македонија? Одете. И да не мислите дека со отворени прегратки ќе ве пречекаат. Бев јас таму. И знаете што слушнав за тие кои досега таму отидоа? Слушнав најпогрдни зборови од страна на Вардарците. Уплав имаат посеано кај децата. Им велат: биди мирен и послушен ако не сакаш да те дадам на Егејците. А знаете каде ги сместуваат? Во гета, во колиби,

[80] Аргир Аргиров – тоа му бешевистинското име и презиме

во турски анови во чии дворови се врзани волови, магариња и коњи... А за станови или работа да не ви зборувам. Ако некој таму не е сакан, ако некој таму е понижуван со најпогрдни зборови, тоа се тие кои таму отидоа. Одете, па ќе се уверите. Таму нема да сте Македонци, туку Егејци. Добро седечките Егејци ќе ве викаат Егејци, поделени, испокарани, накодошени, омразени, замразени... А во Бугарија, како што ви кажав.

Семето што го посеа, почна да `рти...

Најде такви.

Прв се запиша Лазо, ама пред тоа цели петнаесет денови престојуваше во Бугарија. Покрај Софија, ја посети Варна, Велико Трново, Благоевград и најдолго се задржа во Пловдив каде имаше некои свои далечни роднини доселени тука во 1925 година по силата на договорот Молоф-Кафандарис според кој двете држави, се уште со не зацелени рани од војните се вдадоа во размена на население со цел создавање етнички чисти држави по примерот на Турција и Грција по мало азиската воена катастрофа на Грција во 1922 година. Се преселија во Бугарија каде по две или три семејства ги растурија низ целата држава. Не сакаа да потпишат изјава дека со срце и душа се Бугари...Со месеци се бараа. Некои зажалија и се вдадоа во нови преселби - едни во Југославија, во градовите на Македонија, а други во Грција... Таму коренот ги влечеше, местото ги врзуваше и на лице беа Грци, а во душите и срцата – Македонци... надвор Грци, дома Македонци...

.

# 18

Се будеа и навираа спомените нанижани во долгата врвца на животот, животот што беше тогаш, таму, дома. Сега животот им течеше во надежи како трошки растурени под софра. Низа од болка, воздиви и тага налегнуваше врз возглавието и се се собираше во еден изгор.

Мара галежно навалуваше глава на перницата. На неа нежно постелуваше лице, подзамижуваше очи и со долг издив полека ја совладуваше сонот. Отсега, сал привидно и се чинеше дека сонот и спиењето и беа полесни. И полесно и беше да се држи за мислата и споменот што постојано ја влечеа на патот за дома и во тие мигови на нејзините образи се поретко се појавуваше сенка на радост. Секогаш образите и беа стегнати во болка. Неброените брчки беа неброени болки. Со насолзени очи ги гледаше околните замаглени ридови над кои бавно се движеа на југ сиви облаци. Ридови беа, голи од шума и затревени, а не планини како тие околу селото што секогаш и ги полнеа очите. Ниви, бавчи, борови, дабови, карпи, меѓу нив бистар поток, над нив бели, волнести облаци кои час неподвижни дремеа, мируваа, час се раскинуваа и одново се прибираа и квечерум на зајди сонце гореа во пламен и согоруваа со последните зрачни издишки на сонцето. Седејќи на прагот од главната врата, можеше со часови да ги гледа облаците како одминуваа и се разлеваа на југ и многу, многу и се присакуваше со себе таму да ја однесат и нејзината душа. Така честопати мислеше и мислите, крстејќи се, со топол и молбен глас ги праќаше до Бога...

Митре честопати седнуваше покрај неа и гледајќи ја умилно, и велеше:

-Маре моја, многу тага гледам во твоите очи... многу ти се тажни очите... моја Маре... Како да не се тоа тие твои очи кои секогаш беа полни со некаква чудна, невообичаено привлечна насмевка, која секогаш ме исполнуваше со радост... И таа твоја блага насмевка, а сега некако е полна со горчина, секогаш насмевката ти се гледаше во очите, усните, лицето, со насмевката секаде отвораше ведрина, насмевката ти болскаше во очите, фаќаше за срце, ти, Маре, секогаш имаше расцутена насмевка и секогаш ми се чинеше дека со таа мила насмевка сите болештини ги олеснуваше, ведрина внесуваше, лошите ветрови во мојата душа ги смируваше, горките мисли ми ги спитомуваше, болките ми ги олеснуваше, твојата насмевка ме грееше, ме топлеше, кога те гледав насмеана... Насмевни се, Маре, насмевни се, мила...

Очите на Мара со секој изминат ден се повеќе тонеа во болка... Нешто од внатре ја разјадуваше. Ја гореше голема треска и ја цедеше и сушеше некоја мачнина и болештина. Се топеше пред очите на Митре, кој не се делеше од неа ниту за миг. Со својата топла дланка и ја бришеше студената пот од заладеното чело и бледите образи, ја поеше со чаеви од шумски и ливадски билки, и ја галеше веќе посивената и разретчена коса, ја топлеше во својата прегратка...

Неколку дена траеше големата треска кај Мара и остави видливо бледило на нејзиното лице. Кога топло грееше сонцето, тогаш Митре ја изнесуваше пред куќата, нозете и ги завиткуваше со топло ќебе, ја дохрануваше со топла супа. Секој ден на Мара полека и се враќаше насмевката.

Навалени еден до друг, Митре и Мара, седнати на дрвениот, подгниен праг и со поглед истурен во спротивниот рид, молчеа, воздивнуваа.

Молкот го скрши Мара.

-Знаеш, Митре, многу би сакала, така си мислам, како некогаш, да ти донесам вода од чешмата во Петковец и од Клета Фора, во тоа малечкото стомне од кое најслатко си пиел навален врз дебелото стебло на стариот даб. И тогаш и сега си велам, дека под таа дебела сенка секоја голтка ти беше најслатка. Паметам како

полека и со каква наслада ја пиеше таа студена вода од стомнето и како воздивнуваше. Слатка ти беше водата, нели? А сега знаеш што би сакала? – Мара длабоко воздивна и рече засркнато: - Би сакала, Митре, да ти ги донесам сите мириси од нашите ливади и бавчи, така би сакала, Митре, да ти донесам и малку птичјо пеење од нашите славеи... Паметиш ли, како наутро и вечерта, кацнат на врв од највисоката гранка на црешата, во пеење се занесуваше славејот? А ти, ми даваше знак со раката, да не се движам, море да не дишам додека славејот пееше. Пееше, милиот, пееше, за миг прекинуваше и чекаше, чекаше, кутриот, да му се одгласи неговата најмила...

Мара навали глава на рамото на Митре и подзатвори очи. Се занесе во младешките изливи и воздиви за времето кога него го немаше дома, кога целата љубов кон него ја внесе во грижата за децата и земјата ја ораше така, куќата за да е полна со бериќет... Течеше времето без него, ама приврзаноста кон него никогаш не истече... И сега, така навалена на неговото рамо, тивко му шепотеше за себе и за него и за болештините на луѓето кои тука, во украинските хати во молк и чекање со долги воздиви и молитви ги лекуваа не исцелените рани на душите и ги оплакуваа своите најблиски...

Спомените се постелуваа и налегнуваа врз топлото и тврдо рамо на Митре... Тивко, кротко, како со молитва пред Богородица, Мара го одмотуваше клопчето на времето од заедничкото живеење, а и на времињата од тие пусти и долги разделби во кои деновите и ноќите како на црна бројаница беа нанижани болките, воздивите и тагите на долгите и надежните чекања. Само за миг прекинуваше и, набирајќи воздух, посилно се пригушнуваше и целата топла издишка ја разлеваше врз Митре и молежливо шепотеше:

-Паметиш Митре...

Митре без да чека да го заврши прашањето, загледан далеку пред себе, во неизмерната и од тука невидлива далнина, што се шираше на југ, одговараше:

-Аха...

- А денес рано си излегол... Каде си бил?
- Горе...
- Каде горе?
- На врв - ридот...
- Ами што си барал таму?
- Отидов, Маре, да видам како изгрева сонцето. И останав таму долго за да видам како заоѓа сонцето. Откако сме дојдени тука, никогаш не сум видел изгрев, па ниту заод на сонцето. Високите ридови му стојат на пат. Тука сме како во котел. Зарем не си забележала дека одеднаш сонцето од високо ни паѓа во дворот? Одамна не сум видел како изгрева сонцето. Не сум видел и како заоѓа. Виси тоа над нас меѓу овие два ридови и одеднаш го снемува зад ридот...

Со прекини и кажуваше како брзаше, како  одењето пругоре му го спречуваа големите тревишта, како утринската запурнина му го пресечуваше дишењето.

Се уште траеше мракот кога стигна на врвот. Свртен на исток стоеше и не чекаше долго. Далечното бледило мрзеливо преминуваше во руменило и само по неколку мигови таму, далеку, небото се зарумени и кратко потоа, го облеа распалена црвена позлата која полека преминуваше во руменина. Над далечните ширни полиња и ниви се распостелуваше утринската светлина. Зениците на Митре се наполнија со сонце. Првпат, откако заседнал во Лисковате, опколено со високите ридови, денот го пречека со изгревот на сонцето, кој ја немаше истата топлина и радоста што секогаш ја носи почетокот на новиот ден. Изгревот не му заличи на оној таму... дома... И небото, иако денес ведро и сино, ја немаше таа ведрина и синило како небото во родното место... Испушти Митре длабок и тажен воздив, се сврти и прудолу по стрмната удолница пушти долг чекор. Големата сенка на ридот се намалуваше и замагленaта котлина се полнеше со сонце.

Двајцата, Митре и Мара, како некогаш загледани во полната месечина и млечниот пат на ѕвездите, во молк и топли воздишки ја спомнуваа својата младост. Гушнати како некогаш, заедно idстареат во туѓо седнати на прагот на старата дрвена украинска хата.

-Паметиш – прошепоти Мара.

-Аха- тивко воздивна Митре...

Изблик на тага, болка, тешко воздржливи издишки  и таа, Мара, од младини до сега, целата потонета во неговите очи, целата стегната во неговата топла прегратка.

Тишина. Во бурјанот и понатака стружеа штурците. Мара малку се оддели од прегратката на Митре и тивко, со болка во гласот, рече:

-Павлеви и уште некои други од Романија и Унгарија си ги прибраа децата. А што мислиш ти, Митре, да си ги прибереме и ние?

- Добро би било да сме сите заедно. Ама да ги прашаме дали ќе сакаат да дојдат тука. Доне во Букурешт учи за инженер, а Славка во Прага за лекарка. Што велиш да им го скратиме учењето?

- Ами и тука можат да учат.

- Како тие на Павлеви и на другите? И тие таму во Унгарија и во Романија учеа, ама штом дојдоа тука, престанаа да учат. Таму јазик научија, тука неми ќе бидат. Со кој јазик, бре, Маре, тие тука ќе учат? Отидоа таму во големите градови на Полска, ги запишаа на истите школи и универзитети, ама сами се отпишаа. Не им оди уката. Јазикот е пречката, разбираш?

- Разбирам, ама јас многу сакам да сум со децата, Митре. Многу време помина без нив. Пораснаа без нас и ние стареeме без нив... нека дојдат...

- Ќе им напишам да дојдат тогаш, кога ќе имаат прекин во учењето. Нека поседат тука со нас и кога ќе им дојде времето за учење, тогаш да одат таму да учат каде што почнаа. Тие, Маре, бројат нагоре, а ние надолу... Разбра?

- Доста, бре, со тоа разбра та разбра - подвикна Мара – та не сум ти јас некоја заостаната, па да не разбирам. Добро. Ај, нека е така. Нека учат, а ти утре да им напишеш да дојдат на гости... Така, на гости да ни дојдат и по некоја година, да дај Господ мил, со внучиња на гости да ни доаѓаат...

Наближуваше крајот на годината. За Бадник и за Нова Година на Митре и Мара на гости им дојдоа Доне и Славка.

Мара, оптоварена со големата радост и возбуда, секаде ја имаше. Сите празнини во хатата беа исполнети со неа и со нејзината радост и среќа. Насмевката не и се симнуваше од лицето и очите и болскаа со среќа невидена во овие години на тешките и долги разделби.

Митре, во дворот ја ковеше софрата со штиците што пред некој ден ги купи и цели денови ги рендаше и ги ковеше. Мазна да е софрата. Така му рече Мара чија голема желба беше се дотогаш, до кога децата ќе бидат заедно со нив, да обедуваат и вечераат на софра. Сите заедно да седат скрснозе околу софрата.. Како дома...

Бадник.

Околу софрата седнати сите – Мара, Митре, Доне, Славка. Во куп родители и рожби. Со нив ги нема бројните роднини. Некои загинаа и тукуречи сите се растурени во незнаните земји.

Молк.

Мислите се подалеку од украинската хата.

Од софрата Мара ја подигна тепсијата со попар-никот и излезе во дворот. Полнеше шепа и фрлаше и зборуваше така, како дома, кога од балконот фрлаше полна шепа попарник за Господ, за домаќинот, за децата, здравје, за стоката, за нивите, ливадите, лозјата, за бериќет...

Седнати околу софрата, така, како пред години кога и на делници и на празници седнуваа, молкум јадеа со мислите потонати во времето кое сега го пробудија...

Од соседната одаја Мара го донесе ѓумот и го наполни бокалот со вино направено од црна рибизла. Митре редум ги наполни чашите, ја подигна својата и со растреперен глас и насолзени очи, рече:

-На здравје и за многу години...и... – сакаше уште нешто да рече, ама гласот му секна во грлото.

Мара му ја погали растреперената рака, закану-вачки подигна прст и го искара:

-Немој сега, плачко низаеден, тука пред децата... Ајде, напиј се уште една, ќе ти помине....

Доне, за да го смени расположението, праша:

-А ѓумот, мајко, гледам до тука си го донела?

Од дете го паметеше. Не еднаш го полнеше со вода од изворчето. Не еднаш пиејќи од него, ја гасеше жедта.

Мара се загледа во ѓумот, од грлото до долу почна да го гали и тивко прошепоти:

-Го чувам... синко... - не дорече. Одврза црна шамија и во неа ги сокри очите. Тивкото липање и ги растресе рамената.

Од сите, кои седеа околу софрата, ѓумот беше најстар. Митре го гледаше со нажалени очи и без престан во главата му се вртеше мислата:

-Дали овој стар ѓум, на кој не му се знае староста и клучот што на свилена врвца виси на вратот на Мара, ќе бидат единственото наследство од многуте работи што тој ги наследи од старите колена што ќе им го остави на децата???... Што ќе остави зад себе освен овој ѓум и клучот од дома???

Дента, Митре седна меѓу Доне и Славка и врза разговор:
-Кога ќе завршите со учењето, деца, што мислите да правите?
-Да се прибереме некаде, татко.
-Каде?
-Многу наши размислуваат да се преселат во Македонија, во Скопје, Битола, Кумано, Тетово. Таму каде што имаат роднини или каде што ќе им одреди државата. Така јас мислам. Само таму можеме да се прибереме, татко.

-А што мислиш за дома, во нашето место?

-Нашето место, татко, веќе не е наше место. Таму населија Власи. Таму од нашето ништо не остана. И камењата не само од урнатите ѕидови, туку и од темелите ги превртија и ги вградија во своите куќи... Грција нас не не сака... нас не не сака... Можеби ќе не посака ако во неволја и притребаме, како некогаш...

-Ами, бре чендо, кој нас не сака? – праша Мара. - Има ли некој што не сака?

- Засега нека остане така, татко, како што реков. По година дена јас и Славка завршуваме со учењето и тогаш ќе се видиме и ќе решиме. Дотогаш вие тука чувајте се...

- А ти, ќерко, што велиш?

- Тоа што вели Доне, татко...

На испраќање Мара ги предупреди:

-И немојте да брзате со свадбите. Ќе ги правиме, како нашата... Два тапани да бијат и девет свирки да свират. Како на нашата...

На Митре и Мара, како и на сите други како нив, во срцата не им легна оваа земја иако во напуштените и ограбени украински хати по години со нивен труд и пот болсна светлина, над сламените покриви чад задачи, во големата зелена котлина, опкружена со зелени ридови и борови шуми тие донесоа човечки глас, плачење и смеа на деца, школско ѕвонче. Во се што правеа, беше придружувано со многу болка, тага и копнеж кон своето, оставено таму, далеку, многу далеку од тука... А молитвите до Бога ги праќаа од малите икони кои беа расфрлени во бурјанот и од таму собрани, очистени и внесени во хатите, а камбаните и натаму лежеа во трапот покриени со трња... Ораници, ниви посеани со пченица, посадени со компир, зелка и репка. Во слабо ветровитите денови неоженаната пченица со бранови го радуваше окото. И овци на ридовите растураа звуци на клопотарци и крави во рамниците и во куќите мирис на виткан бурек и пита со сирење, кромид и праз печени под сач и топла погача и во лутите студени денови – мирис на џимиринки, слично, ама не исто како дома...

***

Доне и Славка, како и стотици други Костурски, Лерински и Воденски селанчиња во Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, Југославија и Советскиот Сојуз завршија средно и високо образование. Со дипломите в рака се впуштија во бурните води на животот со широко развиени едра.. Тие, инженерите, лекарите, архитектите, економистите, историчарите, наставниците, професорите, писателите, од кои голем број со одбранети магистратури и докторати, како и нивните родители на патот кон родното место наидоа на спуштена гранична рампа.

Засекогаш останаа на патот на невратот, барајќи  нови татковини...

ТАКА БЕШЕ...

Скопје-Долно Дупени-Скопје

март 2017 – октомври 2020

petre.nakovski@gmail.com

# БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Петре Наковски, романсиер и преведувач, е роден на 17.07. 1937 (точен датум на раѓање според црковните книги - 15.06.1936) во с. Крчишта, Костурско, Егејска Македонија. Педагошки Лицеј завршил во Полска, а Филолошки факултет во Скопје. Докторирал на Институтот за политички науки на Вроцлавскиот универзитет во Полска на тема *Македонски деца во Полска 1948-1968*, објавен во Скопје 1987 година.

Бил новинар во *Вечер* и *Нова Македонија.* Работел во Министерството за надворешни работи.

Прв амбасадор на Република Македонија во Република Полска (1995-1999).

Член на Друштвото на писателите на Македонија од 1989 година.

Автор е на повеќе раскази објавени во македонската периодика, како и на книгте: *Постела за чемерните* (1985), *Македонски деца во Полска* 1948-1968 (докторски труд), *И каменот е земја* (1988), *Големата удолница*

(2003), *Големата измама* (2007), *Македонските бегалци во Полска 1948-1975 (избор документи (*2008), *На пат со времето* (2010), *Калина* (2016).

Сите наведени романи се преведени на англиски јазик од познатиот и многу заслужен преведувач на македонската литература на англиски јазик, Ристо Стефов.

Од полски на македонски јазик има преведено и објавено 48 литературни дела и поголем број песни и раскази од македонски автори на полски јазик, како и драмата *Црнила* од Коле Чашуле (поставена на сцена во полскиот град Катовице (1971), Антологија на македонската современа поезија под наслов *Песни од Охрид* објавена во Краков 1974, избор поезија од Раде Силјан *Траги на времето* (2010) и *Прагот на минатото* од Трајан Петровски (2014) објавени во Торуњ од издавачот *Адам Маршалек.*

Добитник е наградите *Златно перо и Кирил Пејчиновиќ* (за преведувачки опус), а во Полска со Златен медал за заслуги за полската култура (1976), со Наградата на ZAiKS (Асоцијација на сите полски автори (1982), Златен орден на командоријата (1999, со овој орден претседателот на Полска ги одликува успешните амбасадори) и медалот BENE MERITO, одликуван од Министерството за надворешни работи на Република Полска за јакнење на соработката меѓу двете држави (2010).

Оженет е со Дитта (Афродита) и е татко на две ќерки, Миленка и Татјана.

Романите на Петре Наковски беа предмет на магистерски труд на Татјана Пеливанова под наслов *Литературата на фактот во романите на Петре Наковски* одбранет на 14 февруари 2014 година пред комкисијата во состав: проф.д-р Венко Андоновски, проф.д-р Кристина Николовска и проф.д-р Весна Мојсовска - Чепишевска, при Универзитетот Кирил и Методиј, а под менторство на проф.д-р Кристина Николовска.